*Број 02-83/1*
*07.03.2019 год.*
*Скопје*

# УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
## Број 1/2019

7 март, 2019 година
Скопје

# СОДРЖИНА

---

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**А) Општествени науки:**


1. Еден наставник во научно-истражувачко поле 514 Туризам и угостителство, област: 51413 Туризмот и културното наследство, 51416 Комуникации во туризмот и 51419 Друго ..........2

2. Еден наставник во научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област: 50321 Банкарство, 50309 Меѓународна економија и 50329 Друго ..........24

3. Еден наставник во научно-истражувачко поле 506 Организациони науки и управување (менаџмент), област: 50613 Деловно комуницирање, 50614 Одлучување и 50624 Друго ..........69

4. Еден наставник во научно-истражувачко поле 507 Политички науки, област 50700 Политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго) и 50710 Друго..........120

5. Еден наставник во научно-истражувачко поле 508 Правни науки, област: 50818 Човекови права и слободи, 50824 Деловно право и 50835 Друго, еден наставник..........158


**B) Техничко-технолошки науки:**


1. Еден наставник во научно-истражувачко поле 220 Сообраќај и транспорт, област 22013 Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување и 22014 Друго..........215



**Издавач**
**Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**ЗА ИЗБОР НА**
**д-р Сашко Граматниковски**

ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ 514 ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО, ОБЛАСТ: 51413 ТУРИЗМОТ И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, 51416 КОМУНИКАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И 51419 ДРУГО

СОДРЖИНА


1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ........2
2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ........3
3. ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ........4
3.1. Магистерски труд........4
3.2. Докторска дисертација........4
4. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ........5
4.1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации........5
4.2. Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство........5
4.3. Останати научни трудови........7
5. ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ........8
5.1. Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија и по вид слични списанија и публикации........8
5.2. Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство........15
5.3. Приказ и оценка на останати научни трудови........22
Учество во научни проекти........23
6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ........24
1.1. Оценка на севкупната наставна дејност........24
7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА........25

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија" на 16-17.02.2019 година, во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријави само д-р Сашко Граматниковски, за звање доцент по група предмети од областа на туризмот.

Во пријавата за конкурсот, кандидатот ги достави сите потребни документи според условите на конкурсот и соодветните прописи.

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот на туризам на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје одржана на 25.02.2019, определена е рецензентска комисија во состав:

- Д-р Слободан Ивановиќ, редовен професор на Универзитет во Ријека, Факултет за менаџмент во туризмот и угостителството, претседател
- Д-р Ристо Мијалов, редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Природно математички факултет во Скопје, Институт за географија
- Д-р Аце Миленковски, редовен професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Оваа Комисија доби задача да напише рецензија во врска со изборот за наставник во наставно-научно звање доцент во научно-истражувачко поле: 514 туризам и угостителство, област: 51413 туризмот и културното наследство, 51416 комуникации во туризмот и 51419 друго.

Во својство на членови на Комисијата го прифативме именувањето. Откако ја прегледавме пријавата и приложената документација и после анализа на научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, а врз основа на член 112 став 1 алинеја 7, член 164, член 166 став 1, член 171, член 172, член 173 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. број 82/2018), го поднесуваме следниот

## ИЗВЕШТАЈ
## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот д-р Сашко Граматниковски е роден 14.01.1975 година во Скопје. Основно образование завршил во 1989 година, а средно образование во 1993 година (насока информатички техничар). На Природно-математичкиот факултет (насока Етнологија) се запишува во 1995 година, а основни студии завршува во 1999 година со просечен успех 9,54. Постдипломски студии запишува на ПМФ, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (насока Географски аспекти на планирање на туризмот). Магистрира во 2007 година на тема „Компаративни вредности на туризмот помеѓу југоисточниот дел на Големото и источниот дел на Малото Преспанско Езеро". Докторира во 2010 година на Универзитетот во Нови Сад на тема „Туристичката валоризација на Македонскиот дел на Преспанското Езеро".

Од 2006 година е избран за помлад асистент по група предмети од туризмолошко – географските дисциплини на Факултетот за туризам во Скопје и во 2007 година за асистент по група предмети од туризмолошките дисциплини, како асистент на Факултетот за туризам - Скопје. Во 2011 година е избран за доцент по група предмети од областа на туризмот.

На Факултетот за туризам ангажиран е на следните предмети:

***На додипломски студии:***

- Туризам, принципи и практика
- Културно наследство
- Туризам и транспорт
- Туристички дестинации

***На последипломски студии:***

- Менаџмент на авиокомпании
- Менаџмент на храна и пијалоци

## ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

***Магистерски труд***

Сашко Граматниковски во 2007 година на Природно-Математичкиот Факултет при Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје во склоп на последипломските студии на насоката Географски аспекти на планирање на туризмот, го одбрани магистерскиот труд со наслов „Компаративни вредности на туризмот помеѓу југоисточниот дел на Големото и источниот дел на Малото Преспанско Езеро", под менторство на Проф. Д-р Никола Панов и се стекна со звање магистер по географски науки – туризмолог.

Комисијата за одбрана на магистерскиот труд беше во состав: претседател, проф. Д-р Ристо Мијалов, Институт за географија на ПМФ, Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје, проф. Д-р Михајло Зиков, Институт за географија на ПМФ, Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје и проф. Д-р Благоја Марковски, Институт за географија на ПМФ, Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје.

***Докторска дисертација***

Сашко Граматниковски во 2010 година на Универзитетот во Нови Сад докторира на тема „Туристичка валоризација на Македонскиот дел на Преспанското Езеро", под менторство на проф. д-р Саша Кицошев, редовен професор на Универзитетот во Нови Сад на Природно-математичкиот факултет, Департман за географија, туризам и хотелиерство.

Комисијата за изработка и одбрана на докторската дисертација работеше во состав: претседател проф. д-р Лазар Лазиќ, проф. д-р Аце Миленковски и доц. Д-р Драгослав Павиќ.

Со одбрана на докторската дисертација, кандидатот се стекна со титула **доктор на науки од областа на туризмот.**

Од досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научниот интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Прво со магистарскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирал својата истражувачка ориентација кон проучување на географските аспекти на планирањето на туризмот, а особено неговата улога и значење во функција на туризмот, каде

посебно се специјализирал во областа на туристичката валоризација во Р. Македонија.

## ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

***Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации***

1. **Sashko Gramatnikovski**, Aleksandra Stoilkovska, Gordana Serafimovic, Business communication in function of improving the organizational culture of the company, UTMS Journal of Economics, Vol. 6, Number 2, December 2015 (EBSCO)
2. Daliborka Blazeska, Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski,** The quality of the tourist destination a key factor for increasing their attractiveness, UTMS Journal of Economics, Vol. 6, Number 2, December 2015 (EBSCO)
3. Aleksandra Stoilkovska, Natasha Ristovska, **Sashko Gramatnikovski**, Innovative Business Models a Factor for Competitive Advantage of the Companies, UTMS Journal of economics, Volume 6, Number 1, June 2015 (EBSCO)
4. Zoran Strezovski, **Sashko Gramatnikovski**, The Festivals as a Tool On Ohrid Tourism Destination Branding, UTMS Journal of economics, Volume 4, Number 3, 2013 (EBSCO)
5. Mijalche Gjorgievski, **Sashko Gramatnikovski**, Dejan Nakovski, Geographic Positions as a Determination of Tourism Development of Gevgelija Region, UTMS Journal of economics, Volume 4, Number 1, 2013 (EBSCO)

***Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство***

1. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski,** Dejan Nakovski, The Role of Cultural and Historical Heritage in Tourism Development of the Maleshevo Mountains, Singidunum International Tourism Conference SITCON, Belgrade, September 2016, pp155-160;
2. Daliborka Blazeska, **Sashko Gramatnikovski,** Andreja Mackic, Important Components That Affect the Image of the Company for Achieving Competitive Advantage, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia
3. **Sashko Gramatnikovski,** Andreja Mackic, Goran Apostolovski, Sustainable Tourism Development Concept for the Natural Park of Canyon Matka, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia

4. Konstantin Angelovski, **Sashko Gramatnikovski,** Ljupka Naumovska, Events as an Optimal Mechanism for Promoting Tourist Potential in Developing Countries, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia
5. Mijalche Gjorgievski, Dejan Nakovski, **Sashko Gramatnikovski**, Spatial Dispersion of Tourist Attendance in National Park Mavrovo, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia
6. **Sashko Gramatnikovski**, Milojica Vedran, Drpic Daniel, Perspective of Health Tourism Development of Rural Croatia, 3$^{rd}$ International Scientific Symposium on Economy of Eastern Croatia-Vision and Growth, May 22-24, 2014, Osijek, Croatia
7. Zoran Strezovski, **Sashko Gramatnikovski,** E-marketing in Function of Establishing Ohrid as a Tourist Destination Abroad, Sinteza 2014 - Impact of the Internet on Business Activities in Serbia and Worldwide, Singidunum University International Conference, April 2014, Belgrade
8. Aleksandra Stoilkovska, **Sashko Gramatnikovski**, Konstantin Angelovski, Increasing The Company`s Efficiency Via Supply Chain Management, XII International Scientific Conference Management and Engineering’14, Sozopol, Bulgaria, 23-26.06.2014
9. Ace Milenkovski, Zoran Strezovski, **Sashko Gramatnikovski**, International Tourism Fairs as a Tool for Promotion the Country as a Tourist Destination, “Employment, Education and Entrepreneurship – EEE2013”, Belgrade, Serbia, October 16$^{th}$-18$^{th}$, Second International Conference 10/2013, pp 330;
10. Konstantin Angelovski, **Sashko Gramatnikovski**, Dimitar Iliev, Organization of Sport Competitions as a Basis for the Development of Sports Tourism, Third International Scientific Congress “ICON BEST 2013”, Skopje, R. Macedonia, October 5th 2013
11. **Sashko Gramatnikovski**, Zoran Strezovski, Vera Boshkovska, The Role of the Public Relations for Creation Brand of the Festival, Third International Scientific Congress “ICON BEST 2013”, Skopje, R. Macedonia, October 5th 2013
12. **Sashko Gramatnikovski,** The Impact of Corporate Social Responsibility on Long-Term Success of Tourism Organizations, International Conference “Contemporary Trends in Tourism and Hospitality, CTTH 2013 - Peace, Culture and Tourism”, Novi Sad, Serbia, September 26$^{th}$ – 27$^{th}$ 2013, pp 52;
13. **Sashko Gramatnikovski,** Marjana T. Gjeorgjieva, Nikola Gjeorgjiev, Tourism During Recessions: Threats and Opportunities, Second International Scientific Congress “The Influence of Tourism on Economic Development”, Skopje, R. Macedonia, April 27$^{th}$ - 29$^{th}$ 2011, pp 117;
14. **Sashko Gramatnikovski,** Nikola Gjeorgjiev, Marjana T. Gjeorgjieva, Sources of Innovation in Tourism, Second International Scientific Congress “The Influence of Tourism on Economic Development”, Skopje, R. Macedonia, April 27$^{th}$ - 29$^{th}$ 2011, pp 101;

15. Nikola Gjeorgjiev, **Sashko Gramatnikovski,** E-Tourism: Key Applications, Second International Scientific Congress “The Influence of Tourism on Economic Development”, Skopje, R. Macedonia, April 27th - 29th 2011, pp 136;
16. **Sashko Gramatnikovski**, Comparative Possibilities of the Development of tourism in the valleys of Stara River (R. Greece) and the Brajchino River (R. Macedonia), Second Geographers Congress “Towards Europe”, Novi Sad, Serbia, September 10th -11th 2010, pp 121;
17. **Sashko Gramatnikovski**, Aleksandra Stoilkovska, Sasho Kozhuharov, Zakynthos – Causes of Improved Interest Among Macedonian Tourists, First International Sientific Congress of UTMS, Skopje, R. Makedonia, 2009, pp161-170;
18. **Sashko Gramatnikovski**, Development of Tourism Along the Valley of Braychinska River, Proceedings of the 1st Symposium on the Faculty of Tourism in Skopje, Skopje, Republic of Macedonia 2008;
19. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski**, Perspective of the development of the small city hotels, VII International Scientific Symposium ”Hotel House 2008” , Zlatibor, R. Serbia, 15- 17 May 2008, pp 119;
20. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski**, Staff Training and Accomplishment in Tourism – Contemporary Needs, Sandanski, R. Bulgaria 2008;
21. **Sashko Gramatnikovski**, Comparative Values of Tourism between the Southeastern part of the Grand and East of the Small Prespa Lake, Proceedings of the XXX Symposium on Tourism, (Lerin) Florina, R. Greece 2007;
22. Vlado Timovski, **Sashko Gramatnikovski**, Confessional structure of the population of the Republic of Macedonia and the views of some religious communities for the introduction of religious education in schools, Proceedings of the 2nd Congress of geographers of the Republic of Macedonia, 2000;

***Останати научни трудови***

1. Sasko Gramatnikovski, Rural Tourism in the Region of Prespa Lake, *Hungarian Geographical Bulletin 3/2010, Budapest, pp. 23-32;*

2. Sasko Gramatnikovski, Touristic Infrastructure in the Vicinity of Prespa Lake, *Hungarian Geographical Bulletin 2/2010, Budapest, pp. 16-22;*

3. Sasko Gramatnikovski, Perspective of Tourism Development of the Prespa Lake, *Tourism and Economy, Rhodes, Greece, pp. 69-75;*

4. Sasko Gramatnikovski, Tourist Potential of the Prespa Lake, *Tourism and Economy, Rhodes, Greece, pp. 60-68;*

5. Sasko Gramatnikovski, Confessional structure of Asia, Geographical considerations.35, 2000;

## ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира посебно земајки го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

***Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија и по вид слични списанија и публикации***

**Магистерски труд**
Сашко Граматниковски, Компаративни вредности на туризмот помеѓу југоисточниот дел на Големото и источниот дел на Малото Преспанско Езеро, ПМФ, УКИМ, Скопје, 2007

Покрај воведот предметот целите и задачите магистерскиот труд се состои од десет логично поврзани целини.

Во **првиот дел** се објаснува **географска положба и сообраќајна поврзаност на** просторот што е предмет на проучување на овој труд, кој се наоѓа во границите на две држави, Република Македонија и Република Грција. Бидејќи двата дела (во двете држави) се интегрирани во една природно-географска целина, а тоа е Преспанската Котлина, во проучувањето ќе бидат третирани како единствен простор, посебно гледано од природно–географски аспект. Во општествено-економските услови постојат разлики во двата дела, како последица на различниот општествен и историско-политички развој, кој се одразил и на степенот на развој на туризмот. Оттука и покрај поставената цел, овој простор во проучувањето да се третира како единствен и да се споредуваат двата дела преку исти параметри, тоа не може да се реализира.

Во **вториот** дел е објаснета туристичко-географска положба и опфатени се положбата во однос на емитивните подрачја, положба во однос на главните сообраќајни правци положбата во однос на останатите туристички просторни целини, положбата во однос на останатите туристички мотиви. Главната поента на овој дел е дека покрај туристичките просторни целини многу значајно е и постоењето на богатство на туристички мотиви во нив, кои се ноѓаат во непосредна близина на едно туристичко подрачје. Туристичките просторни целини во непосредна околина на Преспанската Котлина изобилуваат со многу туристички мотиви од повеќе видови, како од природно така и културно-историско потекло.

Во **третиот** дел објаснети се природно-географски карактеристики како фактор за развој на туризмот, овој дел изобилува со статистички податоци во подолг временски период за климатските услови и состојбите во областа, како и за облачноста, инсолацијата, релативната влажност на воздухот и магла. Хидрографски карактеристики, Преспанско езеро, Речна мрежа, Био-географски карактеристики, Пејзажно-амбиентални карактеристики.

Во **четвртиот дел** опфатени се антропогените карактеристики како фактор за туристичка валоризација. Како антопогени карактеристики земени се Културно-историските споменици, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Македонија, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Грција, Манифестации, Етно-социјални појави.

Во **петиот дел** Социо-географски карактеристики, се земени во предвид населбите и нивните основни карактеристики и населението и неговите основни карактеристики. Заклучокот од овој дел е дека во проучуваниот простор на Преспанската котлина спаѓаат 17 села. Од нив во делот на Р. Македонија се 8 села, а во делот од Р. Грција 9 села. Едно од нив, селото Опаа е раселено пред Првата светска војна, поради поплавувањата настанати со покачување на нивото на Малото Преспанско Езеро. Најголем дел од селата лежи на излезот од речните долини, во рамницата, а помал дел се наоѓаат до бреговите на езерата. Тоа е селото Ахил, кое се наоѓа на истоимениот остров, а другите две крајбрежни села се Нивици во Р. Грција и Наколец во Р. Македонија.

Во **шестиот дел** материјална база за развој на туризмот, се истакнува **значењето** за развојот на туризмот во одреден простор покрај природните услови и културно-историското богатство, како основни фактори, значајна улога има и материјалната база која овозможува наведените услови да можат да се искористуваат. Во материјалната база спаѓаат: сместувачките капацитети, сообраќајната, водостопанската, комуналната, здравствената инфраструктура и друго.

Во **седмиот дел** оценка на квалитетот на туристичката понуда се обработува начинот на  анализа и оценка на квалитетот на туристичката понуда преку т.н. SWOT анализа. Анализата ги опфаќа четирите основни карактеристики кои се важни за да се добие комплетна слика за тоа што е предмет на проучување и истите се детално обработени во овој дел.

Во **осмиот дел** облици на туристичкиот промет објаснети се езерскиот туризам, селскиот туризам, манастирскиот туризам, манифестациониот туризам. Во овој дел објаснет е туристичкиот промет, во делот на Преспанската Котлина што е предмет на проучување, во сегашниот степен на развој на туризмот се базира исклучиво на езерскиот туризам. Заклучоците на овој дел се дека покрај езерскиот туризам во зачеток се селскиот, манастирскиот и манифестациониот туризам.

**Деветиот дел,** зонирање и туристичко-рекреативни локалитети**,** обработени се туристичкиот локалитет „Крани”, туристичкиот локалитет „Сливница”, туристичкиот локалитет „Штрбово”, туристичкиот локалитет „Наколец”, туристичкиот локалитет „Долно Дупени”, туристичкиот локалитет „Раби”, туристичкиот локалитет „Нивици”, туристичкиот локалитет „Марушица”, туристичкиот локалитет „Бели Водје”, туристичкиот локалитет „Попли-Штрково”, Островите Голем Град и Ахил, како посебни туристички локалитети.
Во **десеттиот дел** перспективи за развој на туризмот  се наведува дека во македонскиот дел не постојат никакви строги норми во однос на квалитетот и архитектонскиот стил, нема никакви кредити ниту за стамбени ниту за туристички објекти. Затоа и покрај добрите природни одлики има стагнирање во развојот на туризмот во нашиот, македонски простор. Освен инвестициите во

југословенското време во локалитетот „Крани” други инвестиции немало. Како резултат на тоа, тука по селата се наоѓаат по некоја мизерна кафана или продавница за основни намирници, додека во грчкиот дел има не само современо уредени таверни туку и релативно голем број на помали современо уредени хотели. Исто така голем е и бројот на специјално опремени соби за издавање за чии стандарди води контрола државата, бидејќи и таа финансира преку кредити.

**Научниот придонес на магистерскиот труд** се состои во теоретско-истражувачките вредности. Кандидатот користејки релевантна литература, соодветни научно истражувачки методи и теренски истражувања констатира дека целокупната општествена заедница треба да завземе водечко место во водењето на туристичката политика преку координирање на голем број активности за водење активна туристичка пропаганда кон земјите кои можат да бидат потрошувачи на нашата понуда.

**Личниот придонес** се гледа во тоа што авторот преку стручна и научна анализа ги зема во предвид сите релевантни показатели од областа на компаративните вредности на туризмот.

## Докторска дисертација

Сашко Граматниковски, „Туристичка валоризација на Македонскиот дел на Преспанското Езеро“, Универзитетот во Нови Сад, 2010.
Покрај воведот, предметот, целите и задачите дисертацијата има дванаесет логично поврзани поглавја.

Во **првото поглавје** се прикажува географската положба и сообраќајната поврзаност на истражуваната територија за да се согледаат конекциите на регионот и достапноста на истиот за формулирање на препораки и препознавање можности за истражување.

Во **вториот дел** е објаснета туристичко-географска положба и опфатени се положбата во однос на емитивните подрачја, положба во однос на главните сообраќајни правци положбата во однос на останатите туристички просторни целини, положбата во однос на останатите туристички мотиви. Главната поента на овој дел е дека покрај туристичките просторни целини многу значајно е и постоењето на богатство на туристички мотиви во нив, кои се ноѓаат во непосредна близина на едно туристичко подрачје. Туристичките просторни целини во непосредна околина на Преспанската Котлина изобилуваат со многу туристички мотиви од повеќе видови, како од природно така и културно-историско потекло.

Во **третиот дел** објаснети се природно-географски карактеристики како фактор за развој на туризмот, овој дел изобилува со статистички податоци во подолг временски период за климатските услови и состојбите во областа, како и за облачноста, инсолацијата, релативната влажност на воздухот и магла. Хидрографски карактеристики, Преспанско езеро, Речна мрежа, Био-географски карактеристики, Пејзажно-амбиентални карактеристики.

Во **четвртиот дел** опфатени се антропогените карактеристики како фактор за туристичка валоризација. Како антопогени карактеристики земени се Културно-историските споменици, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Македонија, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Грција, Манифестации, Етно-социјални појави.

Во **петиот дел** објаснета е туристичката валоризација на социо-географските карактеристики како и нивните главни карактеристики. Исто така овој дел врши дескрипција на населението и неговите карактеристики.

Во **шестиот дел** материјална база за развој на туризмот, се истакнува значењето за развојот на туризмот во одреден простор покрај природните услови и културно-историското богатство, како основни фактори, значајна улога има и материјалната база која овозможува наведените услови да можат да се искористуваат. Во материјалната база спаѓаат: сместувачките капацитети, сообраќајната, водостопанската, комуналната, здравствената инфраструктура и друго.

Во **седмиот дел** опфатена е заштитата на животната средина и културно историското наследство како предуслов за развој на туризмот од една страна и заштитата како можност за долгорочна одржливост.

Во **осмиот дел** валоризација на туристичките облици објаснети се езерскиот туризам, селскиот туризам, манастирскиот туризам, манифестациониот туризам. Во овој дел објаснет е туристичкиот промет, во делот на Преспанската Котлина што е предмет на проучување, во сегашниот степен на развој на туризмот се базира исклучиво на езерскиот туризам. Заклучоците на овој дел се дека покрај езерскиот туризам во зачеток се селскиот, манастирскиот и манифестациониот туризам. Овој дел ги опфаќа и резиденцијалниот туризам како и останатите форми на туризмот.

**Деветиот дел** туристички промет како индикатор за туристичкиот развој ја следи динамиката на развојот движењето на туристите и реализираните аранжмани.

**Десеттиот дел,** зонирање и туристичко-рекреативни локалитети**,** обработени се туристичкиот локалитет „Крани”, туристичкиот локалитет „Сливница”, туристичкиот локалитет „Штрбово”, туристичкиот локалитет „Наколец”, туристичкиот локалитет „Долно Дупени”, туристичкиот локалитет „Претор”, туристичкиот локалитет „Асамати”, туристичкиот локалитет „Марушица”, туристичкиот локалитет „Сирхан”, туристичкиот локалитет „Отешево и Царина”, туристичкиот локалитет „Стење”, туристичкиот локалитет „Коњско”, Островот Голем Град, како посебена туристички локалитет.

Во **единаесетиот дел** од докторската дизертација формулирана е оценка за квалитетот на туристичката понуда.

Во **дванаесетиот дел** перспективи за развој на туризмот се наведува дека во македонскиот дел не постојат никакви строги норми во однос на квалитетот и архитектонскиот стил, нема никакви кредити ниту за стамбени ниту за

туристички објекти. Затоа и покрај добрите природни одлики има стагнирање во развојот на туризмот во нашиот, македонски простор.

**Научниот придонес на докторската дисертација:** Комисијата смета дека докторската дисертација на кандидатот Сашко Граматниковски преставува актуелна тема во областа на туристичко-географската проблематика. Тоа произлегува од фактот што дисертацијата има соодветна научно-истражувачка заснованост и е обработена според најсовремени методолошки поставки и методи својствени за оваа проблематика. Кандидатот успеал преку соодветни методи и критериуми да ги валоризира туристичките локалитети. Особен научен придонес се огледува во фактот што во трудот е формулирана оценка за квалитетот на туристичката понуда, како и препораки за подобрување на состојбите како во подрачјето кое е предмет на истражување така и за целата територија.

**Личниот придонес** на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира сите релевантни аспекти од обработената проблематика.

1. **Sashko Gramatnikovski**, Aleksandra Stoilkovska, Gordana Serafimovic, Business communication in function of improving the organizational culture of the company, UTMS Journal of Economics, Vol. 6, Number 2, December 2015 (EBSCO)

Трудот претставува акционо истражување спроведено во функција на докажување на поврзаноста на ефективната комуникација со организациската култура. Ако имаме во предвид дека секојдневно комуницираме секаде каде што се наоѓаме, па вклучително на тоа и на работните места тогаш ќе заклучиме дека комуницирањето е дел од нашето секојдневно однесување. Токму во него се гледаат нашите навики, норми, ставови и вредносни системи, оние кои сме ги прифатиле и според нив го манифестираме нашето однесување. Препознавањето на организациската култура во тие рамки е предизвикот кој го прифати овој труд и претставува успешен обид на докажување на поврзаноста на деловната комуникација со организациската култура.
Истражувањето е спроведено со вкупно 282 испитаници од првите десет организации на листата најдобри 200 за 2013 година во Република Македонија. Истото ја потврди генералната хипотеза за поврзаност на деловното комуницирање со организациската култура.
**Научниот придонес** се состои од потврдување на значењето на ефективната комуникација врз процесот на создавање на уникатна организациска структура и унапредување на начинот на водење на организациите.
**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 30% и се состои во анализирање на образовниот систем и сите останати формални и неформални организации во кои поединецот делувал, комуницирал и делувале на неговото однесување.

2. Daliborka Blazeska, Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski,** The quality of the tourist destination a key factor for increasing their attractiveness, UTMS Journal of Economics, Vol. 6, Number 2, December 2015 (EBSCO)

Во овој научен труд се образложува квалитетот на туристичките дестинации кој е значаен предуслов за зголемување на атрактивноста. Во трудот се нагласува дека Република Македонија е потребно да обрне внимание на квалитетот на сопствените туристичките дестинации. Во трудот се дефинира и врската помеѓу факторите на атрактивност на дестинацијата и постигнувањето на конкурентност. Се нагласува дека за да може да биде конкурентна на глобалниот пазар, туристичката дестинација мора да биде иновативна и континуирано да бара нови компаративни предности. Таквите конкурентски предности и овозможуваат на туристичката дестинација стабилен и долгорочен одржлив развој.

Во овој труд посебен акцент се става на следење на квалитетот на дестинацијата на туризмот со постојано анкетирање на туристите (домашни и странски) во врска со најважните сегменти на квалитетот на туристичкиот производ кој тие го користат, со цел да се согледа задоволството или евентуалното незедоволство за да можат да се превземат конкретни стратегии за идниот период. За истражувањето во трудот користена е методата на испитување со анкета, Во анкетирањето на туристите се обрнува внимание на комуникацијата која претходи на доаѓањето, пристапноста кон нашата земја и туристичките дестинации, сместувањето, храната итн. Добиените реултати јасно го потврдуваат незадоволство од патната инфраструктура и сигнализацијата, цената на услугите и условите за престојот, како и дополнителните атракции кои биле очекувани да се добијат.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатите научниот придонес се однесува на укажување на елементите кои се значајни за зголемување на атрактивноста на туристичките дестинации. Тука пред сѐ се мисли на зголемување на квалитетот, комуникацијата со клиентите, како и визуелниот изглед на дестинацијата која дава придонес за позитивно доживување на неа.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 30% и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за креирање на успешен имиџ кој ќе продонесе до градење на бренд.

3. Aleksandra Stoilkovska, Natasha Ristovska, **Sashko Gramatnikovski**, Innovative Business Models a Factor for Competitive Advantage of the Companies, UTMS Journal of economics, Volume 6, Number 1, June 2015 (EBSCO)

Целта на овој труд е да обезбеди разбирање на влијанието на бизнис моделот и неговата иновативност врз зголемување на конкурентноста на компаниите. Истражувањето се фокусира на иновациите и креативноста како клучни аспекти во делувањето на современите организации во денешното динамичко и турбулентно окружување.

Се објаснува концептуалната рамка на бизнис моделот како уникатен начин на креирање на вредност за потрошувачите. Во трудот се елаборираат новите иновативни бизнис модели преку понуда на нови или различни бенефиции од примена на постојниот асортиман на производи и услуги, креирајќи понуда на вредности за потрошувачите на нов и неконвенционален начин. Истражувањето

се фокусира на потребата од воведување на иновативни практики, дизајнирање иновативни бизнис модели и нивната успешна имплементација во контекст на креирање и одржување на конкурентска предност и обезбедување на континуиран развој на македонските компании. Со резултатите од истражувањето се потврдува поставената хипотеза.

**Научниот придонес** на трудот се однесува на анализата на состојбата на бизнис климата во Република Македонија преку идентификување на нивото на иновативност и креативност во најуспешните компании во земјата за 2012 година. Се обезбедува позитивен пример на имплементација на проекти во контекст на иновативни бизнис модели кои им обезбедиле на овие компании да бидат во групата на најконкурентни бизниси во земјата.

**Личен научен придонес** на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, потенцирајќи го зголеменото значење на промените и иновациите во сите подрачја на делување на компаниите во насока на утврдување на нивната стратегиска позиција на пазарот.

4. Zoran Strezovski, **Sashko Gramatnikovski**, The Festivals as a Tool On Ohrid Tourism Destination Branding, UTMS Journal of economics, Volume 4, Number 3, 2013 (EBSCO)

Целта на овој труд е да се обработат фестивалите во југозападниот дел на Република Македонија, поконкретно градот Охрид. Извршено е емпириско истражување на влијанието на фестивалот Охридско лето врз брендирањето на градот Охрид како туристичка дестинација. Нејзината улога за привлекување на странски туристи и улогата на општината Охрид да се користи како средство за привлекување на повеќе странски туристи. Охридско лето како член на Европската асоцијација на фестивали, е најважниот фестивал, не само во Охрид, туку и во целата држава. Фестивалот има за цел да ги промовира најзначајните достигнувања на уметниците од земјава и од странство, но, исто така, е привлечен фактор за странски туристи да го посетат градот Охрид и регионот во текот на летниот период. Тој се одржува од 12 јули до 20 август секоја година. Општина Охрид треба да го вгради фестивалот Охридско лето во промотивните материјали и активности, како и да создаде и промовира нови фестивали во овој регион.

**Научниот придонес** се однесува на докажувањето дека фестивалите имаат силно влијание за една дестинација при привлекувањето на странски туристи. Некои градови се нарекуваат фестивал градови и можат да привлечат повеќе од еден милион посетители годишно.

**Личниот придонес** се состои во истражувањето, кое што е спроведено на примерок од 150 странски посетители на Охридско лето, за времетраење на фестивалот од 12 јули до 20 август 2010 година.

5. Mijalche Gjorgievski, **Sashko Gramatnikovski**, Dejan Nakovski, Geographic Positions as a Determination of Tourism Development of Gevgelija Region, UTMS Journal of economics, Volume 4, Number 1, 2013 (EBSCO)

Овој труд се концентрира на Гевгелија, нејзината географска положба и нејзината улога во развојот на коцкање во туризмот. Алеутскиот туризам како посебна форма на туризмот, за некои светски познати туристички дестинации е главната форма на туризам. Во некои од нив, како што во Лас Вегас и Монте Карло, алеутскиот туризам беше основна форма на туризмот, што уште повеќе со текот на времето иницираше на брз економски развој и благодарение токму на овој вид на туризам, денес се едни од најпосетените туристички дестинации. Гевгелија со своите казина, во комбинација со други фактори кои влијаат на развојот на коцкарскот туризам, особено географска положба, имаат одлични можности за поголем развој што денес е во почетна фаза и во иднина со еволуцијата на туристичка дестинација, Гевгелија може стана позната и посакувана туристичка дестинација.

**Научниот придонес** на трудот се состои во одредување на географската позиција на просторот за конкретниот вид на туризам кој може да се применува во идното планирање на туризмот во просторот од страна на сите заинтересирани страни, од локално па до национално ниво.

**Личен придонес:** Обезбедување на статистистички податоци од сместувачките капацитети во просторот на Гевгелија и нивна обработка и анализа.

### *5.2. Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство*

1. Daliborka Blazeska, **Sashko Gramatnikovski**, Andreja Mackic, Important Components That Affect the Image of the Company for Achieving Competitive Advantage, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia

Во овој научен труд се образложува градењето и зајакнувањето на имиџот во јавноста која станува една од основните стратегии на компаниите, затоа што за потрошувачите поголема вредност имаат оние компании кои се подобро позиционирани на пазарот. Од тука во трудот произлегува клучното прашање – како да се изгради добар имиџ на една компанија? Кои се клучни компоненти за градење на добар имиџ. Во трудот се обработени значајните компоненти кои влијаат на имиџот на компанијата. За таа цел во трудот направено е истражување со кое се потврдува дека имиџот на компанијата го создаваат производите или услугите, локацијата, клиентите, атмосферата, постпродажните услуги и промотивните активности.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатите научниот придонес се однесува на укажување на значајните компоненти за градење на имиџот на компанијата како што се локацијата, просторот и функционалноста на компанијата, атмосферата во компанијата, услугата од персоналот, квалитетот и асортиманот на производите и промотивните активности. Доколку една компанија ги задоволува сите овие критериуми и фактори тогаш сигурно за брзо време таа ќе има безброј потрошувачи кои ќе и бидат лојални, а со тоа ќе ја постигне нејзината цел, да стане успешен бренд.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за креирање на успешен имиџ кој ќе продонесе до градење на бренд.

2. **Sashko Gramatnikovski,** Andreja Mackic, Goran Apostolovski, Sustainable Tourism Development Concept for the Natural Park of Canyon Matka, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia

Целта на пишување на овој труд е кањонот Матка кој што има одлични природни и антропогени карактеристики кои многи слабо се истражени во областа на туризмот. Се обработува и концептотот на одржлив развој во туризмот кој што подразбира интензивирање на туризмот како стопанска гранка, но притоа да се почитува заштитата на животната средина, како и да се создадат услови за живот и работа на локалното население во туристичката дестинација, а истовремено да им се излезе во пресрет на барањата на туристите. Меѓутоа со тоа што кањонот преставува заштитено подрачје во согласност со Законот за заштита на природата постои голем потенцијал за одржлив развој во туризмот. Тоа значи дека туристичката дејност нема да ги загрозува ресурсите врз кој се темели, и тие ќе останат за следните генерации. Одржливиот развој во туризмот ќе ги намали несогласувањата што настануваат помеѓу туристичкото стопанство и посетителите од една страна и животната средина и локалното население од друга страна.

**Научен придонес:** Индикаторите за влијанието на туризмот врз животната средина многу тешко може да се идентификуваат, бидејќи влијанијата на туризмот се комплексни и зависат од специфичноста на даден простор или регион. Светската туристичка организација (UNWTO) има прифатено 11 категории на индикатори кои што може да дадат релевантни оцени за одржливиот развој во туризмот. Користењето на дел од овие индикатори ни овозможи да дадеме квалитетна оценка  дали Кањонот Матка и неговата непосредна околина имаат услови за одржлив развој во туризмот.

**Личен придонес:** Користењето на индикаторите од Светската туристичка организација и нивно аплицирање врз Кањонот Матка, како и соодветна анализа на добиените резултати.

3. Konstantin Angelovski, **Sasko Gramatnikovski**, Ljupka Naumovska: Events as an optimal mechanism for promoting tourist potential in developing countries, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia;

Предмет на истражување на овој научен труд е актуелноста и важноста на настаните во градењето на маркетинг стратегии и планирањето на ефикасни комуникациски миксови. Имено, токму поради потребата за индивидуализиран и персонализиран пристап во современите маркетинг комуникации, настаните како маркетинг алатка дозволуваат брендот на интерактивен и непосреден начин да комуницира со својата публика. Важноста на оваа алатка, е особено изразена во туризмот кој пак како индустриска гранка е стожер за економскиот развој на земјите во развој како што е Македонија.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на поврзаноста на маректинг комуникациите преку алатката настани и туризмот како развојна гранка. Прецизно е елаборирана состојбата на туризмот во Македонија како и динамичноста на тој пазар и повеќекратната улога што ја исполнува во услови на економска развој. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на маркетинг во туризмот и дава голем придонес за успешното работење на компаните во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 50% бидејќи се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира како треба да се донесуваат одлуки од страна на компаниите. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот и туризмот, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за да се донесат успешни одлики.

4. Mijalche Gjorgievski, Dejan Nakovski, **Sashko Gramatnikovski**, Spatial Dispersion of Tourist Attendance in National Park Mavrovo, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management", University of Tourism and Management in Skopje, 09-11 of October 2015, Skopje, Republic of Macedonia

Овој труд го обработува просторот на Националниот Парк „Маврово“, кој се наоѓа во западниот дел на Република Македонија и истиот припаѓа во Мавровско-Дебарскиот туристички регион. Националниот Парк „Маврово“се одликува со богато и разновидно природно богатсво кое претставува важен, но исто така и основен туристички ресурс на просторот. Покрај тоа има бројни атрактивни пејсажни и амбиентални туристички вредности, кои заедно со културно-историското наследство ја збогатуваат туристичката понуда на паркот. Туристичката вредност на Националниот Парк е збогатена и

комплетирана со бројните сместувачки капацитети и соодветната туристичка инфраструктура која е изградена со цел да одговори на туристичките потреби на туристите. На основа на туристичките ресурси кои се одликуваат со мошне атрактивни атрибути, туризмот во просторот на Националниот Парк „Мврово“ има долга традиција и претставува многу важна (основна) стопанска дејност во регионот, која има значајно учество во однос на вкупното туристичко движење во Република Македонија. Според Просторниот план на Република Македонија Националниот Парк „Маврово“ има национално и меѓународно туристичко значење. Поради тоа авторите сметаат дека е неопходно да се проектира туристичкиот развој на просторот кој ќе овозможи подобрување на конкурентноста на пребирливиот туристички пазар, за да се задржи туристичкото значење на регионот. За таа цел авторите проекцијата ја прават преку примена на SWOT анализа, направена на основа на досегашните состојби во однос на туристички развој и на основ на концептите за одржлив туристички развој. Со ваков пристап треба да се овозможи одржливо туристичко стопанисување кое на просторот на Националниот Парка „Маврово“ќе му овозможи зголемен општ стопански развој чиј што носител ќе биде туризмот.

**Научниот придонес** се состои во примена на просторно планските методи и активности со кои се прави просторна организација на туристичкото движење со сите свои показатели во просторот на Националниот Парк „Маврово“. Резултатите добиени од анализата може да имаат своја применливост во туристичкото планирање на останатите простори кои се под заштита.

**Личен придонес:** Обезбедување на статististички податоци во просторот за Националниот Парк „Маврово“ и нивна обработка и анализа.

5. Aleksandra Stoilkovska, **Sashko Gramatnikovski**, Konstantin Angelovski, Increasing The Company`s Efficiency Via Supply Chain Management, XII International Scientific Conference Management and Engineering’14, Sozopol, Bulgaria, 23-26.06.2014

Во услови на глобализација се јавува зголемен конкурентност на пазарот. Критериумите за опстој и развој на компаниите се поизострени. Еден од начините за зголемување на ефикасноста на пазарот и унапредување на конкурентската предност на компанијата е менаџментот на снабдувачки синџири. Се работи за низа координирани процеси на дизајнирање, креирање и доставување на производите до потрошувачите. Значи, менаџирањето со снабдувачки синџири е процес на планирање, спроведување и контрола на: набавка, одржување, складирање, транспорт, информација и продажба со единствена цел - нивно подобрување.

**Научната вредност** на трудот се состои во акционото истражување кое имаше за цел да добие податоци за тоа колку во Република Македонија се употребува менаџментот на снабдувачки синџири и колку вработените се свесни за неговото значење како и улогата која тие лично ја имаат во тој процес. Со трудот се докажа поврзаноста на имплементацијата и примената на менаџментот на синџирите на набавка со намалените трошоци во организацијата и зголемувањето на конкурентската предност.

**Личен придонес** се состои во спроведувањето на анкетата и тоа со анкетен прашалник по пат на on-line web questioner. Анкетирани се претставници од 74 различни, по големина, компании, со најразлични дејности, од приватен и државен сектор.

6. Sashko Gramatnikovski, Comparative Possibilities of the Development of tourism in the valleys of Stara River (R. Greece) and the Brajchino River (R. Macedonia), Second Geographers Congress "Towards Europe", Novi Sad, Serbia, September 10th -11th 2010, pp 121;
7.

Основна цел беше да се изврши валоризација на туристичките вредности на двата дела како една целина, но истовремено да се изврши и нивна компарација за да се види како влијаеле различните општествено-економски услови и државните политики за развој на туризмот. Во трудот се анализирани основните природно-географски фактори и констатирано е дека тие главно се поволни во двата дела, со одредени локални разлики кои битно не ги менуваат условите. Но, сепак останува како негативен фактор затвореноста на границата помеѓу овие два дела, што ја спречува комуникацијата и ја намалува туристичката вредност на двете територии.

**Научниот придонес** се огледа во тоа што од проучувањата е констатирано дека природно-географските услови немаат посебно влијание за раличен развој на туризмот во овој простор. Тие во проучуваниот простор претставуваат една целина и како таква може да има позитивно влијание за развојот на туризмот.

**Личниот придонес** е голем бидејќи авторот извлекува релевантни заклучоци од истражувањето во областите на кои истиот се однесува.

8. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski,** Perspective of the development of the small city hotels, VII International Scientific Symposium "Hotel House 2008" , Zlatibor, R. Serbia, 15- 17 May 2008, pp 11;

Сразмерно со сместувачките капацитети на малите градски хотели своите приоритети во развојот треба да ги насочат кон содржината и квалитетот. При ова првенствено треба да се води сметка за оние елементи како што се слабостите на големите хотели за да се види со каква понуда можат тие да настапат за привлекување на гости кои неможе да бидат услужени од страна на големите хотели. Трудот ја образложува потребата од квалификуван љубезен персонал, добра услуга и удобност на малите хотели.

**Научниот придонес** се однесува на класификацијата на малите урбани хотели, нивната типологија и можностите за нивно унапредување. Резултатите од анализата од трудот имаат апликативна вредност за развојот на хотелиерството во урбаните простори.

**Личниот придонес** на авторот е 40% и се однесува на квантитативната анализа и обработка на податоците релевантни за истражувањето.

9. Ace Milenkovski, Sashko Gramatnikovski, Staff Training and Accomplishment in Tourism – Contemporary Needs, Sandanski, R. Bulgaria 2008;

Трудот ја обработува потребата од обучен кадар во туризмот како и достигнувањата во тој поглед. Заклучоците од трудот се дека има потребата од научно-образовни институции во областа на туризмот кои од основа ќе го испитаат овој феномен и врз основа на новите знаења ќе вршат едукација на туристички кадри. Самиот процес на подготовка и реализација на кадри за потребата на туристичкото стопанство наложува постојано усовршување во склад со секојдневните промени на туристичките потреби.

**Научниот придонес** на трудот е содржан во деталната разработка на пробвлематиката и извлекувањето на заклучоци што е потребно во насока на подобрување на состојбите во туризмот, во однос на кадарот вработен во оваа секторска гранка.

**Личниот придонес** на коавторот е од големо значење, бидејќи авторите услеале успеале да ги разработат и анализираат состојбите со кадарот во туризмот.

10. Sashko Gramatnikovski, Development of Tourism Along the Valley of Braychinska River, Proceedings of the 1st Symposium on the Faculty of tourism in Skopje, Skopje, Republic of Macedonia 2008

Трудот ги обработува алтернативните форми на туризмот преку туризмот во просторот што е предмет на проучување како составен дел на Преспанската Котлина неможе да се издвои од вкупните природно-географски процеси што делувале на нејзиниот постанок и обликување, затоа последиците од тие процеси ќе ги разгледаме во склоп на Преспанската Котлина. Трудот го обработува регионот на планината Баба со врвот Пелистер изобилува со многу интересни релјефни форми од флувијално и глацијално потекло. Морфолошките форми, изобилството на вода, богатството со шуми и тревни површини како и влијанието на големата надморска височина се главните одлики коишто ги прилекуваат туристите.

**Научниот придонес** е во тоа што трудот извлекува заклучоци дека во планирањето и инвестирањето во овој простор за туристички цели потребно е да не се запостави демографскиот фактор. Без негова здрава основа неможе да се очекува напредок и во туризмот. Тие меѓусебно треба да се помагаат за да има економски напредок. Лошата демографска структура треба да се подобри благовремено, за да може да се вклучи работната сила која бега од овој простор, барајќи егзистенција надвор од него.

**Личниот придонес** е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира карактеристиките на алтернативните форми на туризмот.

11. **Sasko Gramatnikovski, Aleksandra Stoilkovska, Saso Kozuharov**, Zakynthos – Causes of Improved Interest Among Macedonian Tourists, First International Sientific Congress of UTMS, Skopje, R. Macedonia, 2009, pp161-170;

Светскиот економски развој диктира забрзана динамика во сите сфери на животот. Таквите услови силно влијаат на човекот и брзо го истоштуваат, затоа нему му е потребен одмор и рекреација. Тие потреби човекот организирано ги добива преку туризмот. Што значи, парелелно со современиот организациски, економски и технолошки развој мора да се развива и усовршува туристичката дејност со цел да ги искористат сите атрактивни туристички мотиви.

Поаѓајќи од овие поставки, се налага потребата секаде каде постојат такви интересни мотиви тие да се валоризираат. Во нашата област што беше предмет на проучување, се констатираа многу туристички мотиви кои можат да се понудат изменацираат на туристичкиот пазар. Тие претежно се природни, но и културно-историски.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на авторите научниот придонес се гледа во научното преставување на поставениот проблем во трудот. Имено, во трудот се јасно поставени причините за намален развој на туризмот во определениот локалитет и покрај неговите интересни туристички мотиви, а истовремено се предлага решение за проблемот преку паралелен организациски, економски и технолошки развој на локалитетот кој мора континуирано да се усовршува со цел да ги искористат сите атрактивни туристички мотиви.
Труд третира актуелна тема во областа на менаџментот и дава значаен придонес за успешното работење на организациските тимови и организациите во целост.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 33% бидејки се работи за научен труд во кој секој од авторите го има разработено трудот од сопствен аспект. Така што разработене е проблемот од туристички менаџерски, но и од економски аспект. Сите овие три видувања прават една единствена компатибилна содржина и предлагаат решенија за проблемот на истражување поставен во трудот.

12. Sashko Gramatnikovski, Comparative Values of Tourism between the Southeastern part of the Grand and East of the Small Prespa Lake, Proceedings of the XXX Symposium on Tourism, (Lerin) Florina, R. Greece 2007

Целта на овој труд беше да се изврши валоризација на туристичките вредности на двата дела како една целина, но истовремено да се изврши и нивна компарација за да се види како влијаеле различните општествено-економски услови и државните политики за развој на туризмот. Во трудот се анализирани основните природно-географски фактори и констатирано е дека тие главно се поволни во двата дела, со одредени локални разлики кои битно не ги менуваат условите. Но, сепак останува како негативен фактор затвореноста на границата помеѓу овие два дела, што ја спречува комуникацијата и ја намалува туристичката вредност на двете територии.

**Научниот придонес** се огледа во тоа што од проучувањата е констатирано дека природно-географските услови немаат посебно влијание за раличен развој на туризмот во овој простор. Тие во проучуваниот простор претставуваат една целина и како таква може да има позитивно влијание за развојот на туризмот.

**Личниот придонес** е голем бидејќи авторот извлекува релевантни заклучоци од истражувањето во областите на кои истиот се однесува.

13. Vlado Timovski, **Sashko Gramatnikovski**, Confessional structure of the population of the Republic of Macedonia and the views of some religious communities for the introduction of religious education in schools, Proceedings of the 2nd Congress of geographers of the Republic of Macedonia, 2000;

Во овој труд се прави анализа на структурата на конфесионалната припадност на жителите на Република Македонија и се прави осврт на мислењето на верските заедници кои фигурираат во Македонија во однос на воведувањето на веронаука во училиштата. Се анализира зашто е потребно воведувањето на верското образование и како тоа ќе помогне во надминувањето на различностите што ги носи религијата.
**Научниот придонес** се состои од сублимирање и анализа на активностите на верските заедници на полето на образованието во Република Македонија.
**Личниот придонес** се однесува на организација на статистичките податоци за конфесионалната припадност, како и истражувањето на мислењето на верските заедници.

### *5.3. Приказ и оценка на останати научни трудови*

1. Sasko Gramatnikovski, Rural Tourism in the Region of Prespa Lake, *Hungarian Geographical Bulletin 3/2010, Budapest, pp. 23-32;*

Трудот ја обработува проблематиката на развојот на туризмот во регионот на Преспанското езеро, поконкретно се осврнува на руралниот туризам и можностите за развој на истиот.
**Научниот придонес** на трудот се согледува преку научното истражување, испитување кое овозможува согледување на состојбите со руралниот туризам во испитуваниот регион. Теоретски прецизно се елаборирани потребите за развој на туризмот и можностите кои ги нуди руралниот туризам.
**Личниот придонес** Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира состојбите со руралниот туризам во регионот на Преспанското Езеро.

2. Sasko Gramatnikovski, Touristic Infrastructure in the Vicinity of Prespa Lake, *Hungarian Geographical Bulletin 2/2010, Budapest, pp. 16-22;*

Трудот ја обработува проблематиката на развојот на туризмот во регионот на Преспанското езеро, поконкретно се осврнува на инфраструктурата како најголем проблем и кочничар на развојот на туризмот генерално во Р. Македонија.

**Научниот придонес** на трудот се согледува преку научното истражување, испитување кое овозможува согледување на состојбите во испитуваниот регион. Теоретски прецизно се елаборирани потребите за развој на туризмот.
**Личниот придонес** Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира состојбите со инфраструктурата во регионот на Преспанското Езеро.

3. Sasko Gramatnikovski, Perspective of Tourism Development of the Prespa Lake, *Tourism and Economy, Rhodes, Greece, pp. 69-75*

Во овој труд обработени се перспективите за развој на Преспанското езеро и се нагласува дека претежно многу туристички мотиви можат да се понудат на туристичкиот пазар и истите претежно се природни, а потоа и културно-историски. Мотивите доколку првично добро се истражат и согледаат истите можат да бидат добар водич за концепирање на перспективите за развој.
**Научниот придонес** на тудот е дека преку извршениот преглед се формулира оценка за вредноста на овој туристички локалтет и се констатира дека ги исполнува основните норми да биде предмет на понуда на туристичкиот пазар.
**Личниот придонес** на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги детерминира мотивите и перспективите на Преспанското Езеро.

4. Sasko Gramatnikovski, Tourist Potential of the Prespa Lake, *Tourism and Economy, Rhodes, Greece, pp. 60-68;*

Во овој труд обработени се потенцијалите на Преспанското езеро и се нагласува дека претежно многу туристички потенцијали можат да се понудат на туристичкиот пазар и истите претежно се природни, а потоа и културно-историски. Потенцијалите доколку првично добро се истражат и согледаат истите можат да бидат добар водич за концепирање на перспективите за развој.
**Научниот придонес** на трудот е дека преку извршениот преглед се формулира оценка за вредноста на овој туристички локалтет и се констатира дека ги исполнува основните норми да биде предмет на понуда на туристичкиот пазар.
**Личниот придонес** на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги детерминира потенцијалите на Преспанското Езеро.

***Учество во научни проекти***

1. **Учество во проектот „Функционална анализа на центрите за социјална во Република Македонија“, поддржан од Светска банка, се спроведуваше во периодот од јануари 2013 до јуни 2015 година, во сите центри за социјална работа во Република Македонија.**

Основната цел на проектот беше да се унапреди работењето на ЦСР, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно работење, што ќе обезбеди подобри услуги на граѓаните.
Проектот се спроведуваше во три фази:

- Детална анализа на работењето на центрите, процесите на работа и функциите кои ги обавуваат,
- Планови за:

a. Организациска ефикасност,
b. Финансиски менаџмент и буџетирање
c. Менаџмент на човечки ресураи

d. Мониторинг и евалуација
- Имплементација на предложените мерки преку реорганизација на центрите и спроведување на плановите

Во рамките на проектот работев како експерт за организациски развој, што опфаќа работа на анализа на организацијата и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

## 6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Сашко Граматниковски досега бил избран два пати за асистент и тоа во 2006 година за помлад асистент по група предмети од туризмолошко – географски дисциплини на Факултетот за туризам во Скопје и во 2007 година за асистент по група предмети од туризмолошки дисциплини, како асистент на Факултетот за туризам - Скопје.
На Факултетот за туризам ангажиран е на следните предмети:

***На додипломски студии:***

- Туризам, принципи и практика
- Културно наследство
- Туризам и транспорт
- Туристички дестинации

***На последипломски студии:***

- Менаџмент на авиокомпании
- Менаџмент на храна и пијалоци

**Во 2015 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје спроведена е самоевалуација на наставниот кадар**.
Според добиените резултати Доц. д-р Сашко Граматниковски на Факултетот за туризам има постигнато успех од 4.22. Ова покажува дека доцент д-р Сашко Граматниковски има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат овие предмети.

### *1.1. Оценка на севкупната наставна дејност*

Во рамки на наставната активност, д-р Сашко Граматниковски, ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии.
Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано со студентите дел од наставните активности ги изведуваат преку наставни практикуми изразени преку теренски патувања.
Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.
Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Факултетот за туризам.

## 7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на Д-р Сашко Граматниковски, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност и врз основа на лично познавање на кандидатот, ние како Комисија заклучивме дека:

1. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **Д-р Сашко Граматниковски** и неговото работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.

2. Исто така врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.

3. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на туризмот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот на туризам на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје**, д-р Сашко Граматниковски** да го избере во звање **доцент за наставник во наставно-научно звање доцент во научно-истражувачко поле: 514 туризам и угостителство, област: 51413 туризмот и културното наследство, 51416 комуникации во туризмот и 51419 друго.**

**Рецензентска комисија:**

1. **Д-р Слободан Ивановиќ, редовен професор на Универзитет во Ријека, Факултет за менаџмент во туризмот и угостителството, претседател, с.р.**
2. **Д-р Ристо Мијалов, редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Природно математички факултет во Скопје, Институт за географија, с.р.**
3. **Д-р Аце Миленковски, редовен професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**
**ЗА ИЗБОР НА**
**доц. д-р ВАЛЕНТИНА АНЃЕЛКОСКА**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**
**ОД научно-истражувачко подрачје ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, научно-истражувачко поле ЕКОНОМСКИ НАУКИ, област БАНКАРСТВО (50321), МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА (50309) и Друго (50329) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

1. Проф д-р Љубе Трпески, редовен професор во пензија, претседател Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
2. Проф. д-р Јулијана Ангеловска, вонреден професор, член Економски факултет,Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
3. Проф д-р Зоран Јолевски, вонреден професор, член, Економски Факултет, Европски универзитет во Скопје

| | |
|---|---|
| | **До Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на** Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **доц. д-р Валентина Анѓелкоска**, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област 50321 Банкарство, 50309 Меѓународна економија и 50329 Друго.

Врз основа на член 112 став 1 алинеја 7 и член 171, 172 и 173 од Законот за високото образование (82/2018), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на седницата одржана на 04.02.2019 година, донесе одлука (бр. 15-6/2 од 04.02.2019) за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Банкарство (50321), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
На седницата одржана на 27.02.2019 година на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со одлука (бр. 15-8/6 од 27.02.2019) **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Банкарство (50321), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329), на

Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. Проф д-р Љубе Трпески, редовен професор во пензија, претседател
Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
2. Проф. д-р Јулијана Ангеловска, вонреден професор, член
Економски факултет,Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
3. Проф д-р Зоран Јолевски, вонреден професор, член, Економски Факултет, Европски универзитет во Скопје

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, во Банкарство (50321), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од 16-17.02.2019 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk);
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: доц. д-р Валентина Анѓелкоска, вработена на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на Конкурсот.
Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот, Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

**И З В Е Ш Т А Ј**

За кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска на Економскиот факултет во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
2. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
3. Доказ за исполнување на условите за референтните научни публикации врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – вонреден професор, пропишани во Законот за Високото образование на

Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) *(Прилог 3),*

4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во вонреден професор *(Прилог 4),*
5. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 5),*
6. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање насловен доцент во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, од област Банкарство (50321), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329), за група предмети од економските дисциплини *(Прилог 7).*

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — доц. д-р Валентина Анѓелкоска

Кандидатот, доц. д-р Валентина Анѓелкоска е е родена на 29 јануари 1976 година во Гостивар. Основно и средно образование завршила во Гостивар со континуиран одличен успех.

Во академската 1994/95 година се запишала на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по што во 1998 година се стекнала со звање дипломиран правник.

Во 2000 година се стекнала со решение од Министерството за правда за овластен судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно.

Во 2001 година го положила и правосудниот испит се стекнала со решение од Министерството за правда за положен правосуден испит.

Во 2007 година се запишала на последипломски студии во полето на организациските науки и менаџмент, област претприемништво на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,63. Во 2011 година со одбрана на магистерски труд со наслов „Менаџментот на промени – клучен фактор за организациска ефикасност“, се стекнала со звање магистер по организациски науки и менаџмент.

По магистрирањето, во 2011 година пријавила тема за докторска дисертација и по нејзината изработка и оцена, докторирала на 08.10.2013 година на Економскиот факултет, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со одбрана на докторската дисертација на тема: “Современи трендови во обезбедување и наплата на побарувањата на банките, со посебен осврт на банките во Република Македонија“, со што се стекнала со звањето доктор на економски науки.

Своето професионално искуство го започнала уште пред дипломирањето, со вработување во реномирана адвокатска канцеларија „Панчевски“ во Скопје, а по дипломирањето, во 1999 година, преминала во компанијата Алкател Македонија како правен советник и советник за човечки ресурси.

По положување на правосудниот испит, професионалната кариера ја продолжила во банкарскиот сектор, со вработување во Секторот за правни работи во ИК Банка АД Скопје (сегашна Халк Банка АД Скопје), каде што потоа е назначена за директор на Дирекцијата за правни и административни работи и човечки ресурси.

Во 2006 година, кариерата ја подолжила во Стопанска банка АД-Скопје, како директор на Дирекцијата за оперативни правни работи во Секторот за правни работи. Во 2008 година, е унапредена во помошник директор на Секторот за правни работи, а истовремено извршува задачи на местото вршител на

должност директор на Секторот за правни работи. Од 2009 до 2016 година била директор на Секторот за правни работи во Стопанска банка Ад -Скопје, активно учествува во работењето на врвниот менаџерски тим на банката, како и во соработката со други банки и институции.
Во јануари 2014 година, избрана е во наставно-научно звање: доцент за група предмети од обласа на економските дисциплини на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Во текот на својот професионален развој, била гостин предавач на повеќе високообразовни институции.
Д-р Валентина Анѓелкоска учествувала на повеќе од 40 научни и стручни собири, конференции, семинари и советувања од областа на економијата и правото во земјата и странство. Таа учествувала во повеќе работни групи во различни министерства и со свои мислења и предлози влијае во носењето на предлог закони и дополнувања на закони од областа на банкарското работење (Закон за извршување, Закон за договорен залог, Закон за стечај, Закон за задолжница, Закон за платен промет, Закон за парнична постапка, Закон за банки, Закон за процена и други).
Доц. д-р Валентина Анѓелкоска била активен член на:

- Правната комисија на Здружението на банките при Стопанска комора во Скопје;
- Управниот одбор на Здружението на правници на Република Македонија;
- Државна комисија за клучни бизнис корисници во Република Македонија на катастарски услуги во Стопанската комора;

Во периодот од февруари 2017 до мај 2018 година била претседател на Здружението на правници на Република Македонија.
Доц. д-р Валентина Анѓелкоска била главен организатор и претседавач на три конференции и две советувања, во организација на Здружението на правници на Република Македонија.
Доц. д-р Валентина Анѓелкоска одлично го владее и активно го користи англискиот јазик со овластување за судски преведувач. одлично го владее и активно го користи српскиот/хрватскиот и бугарскиот јазик. Се служи и со францускиот јазик.
Поседува компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со MS Windows, Microsoft Office пакетот (Microsoft Word, Excell, PowerPoint, Outlook), апликации за поддршка и менаџмент на студиите на Универзиетот, апликации за интернет и социјални мрежи и др.

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:
2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,
2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот и
2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

### 2.1. Досегашни избори на кандидатот во наставно-научни звања

Д-р Валентина Анѓелкоска, на 21 јануари 2014 година, врз основа на Рецензентскиот извештај од 25.12.2013 (Прилог) е избрана за наставник за група предмети од областа на економските дисциплини како Банкарство (50321), Финансии (50326), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во наставно-научно звање насловен доцент (со одлука бр.02-4/1 од 21.01.2014) (Прилог) (Конкурс објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 07-09.12.2013 год.). (Прилог).

## 2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Доц. д-р Валентина Анѓелкоска во својата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент, напишала магистерски труд и докторска дисертација и објавила повеќе трудови во меѓународни научни публикации и во зборници од меѓународни и домашни научни конференции.
Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови и научната дејност, и тоа:
2.2.1. Магистерски труд
2.2.2. Докторска дисетација
2.2.3. Објавени научни трудови
2.2.4. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.5. Други активности во научната дејност

### 2.2.1. Магистерски труд

Доц. д-р Валентина Анѓелкоска во 2007 година се запишала на последипломски студии во полето на организациските науки и менаџмент, област претприемништво на Економскиот институт при Универзитетот Св."Кирил и Методиј" во Скопје. На 14.09.2011 година, пред комисија во состав: проф. д-р Клементина Поповска, проф. д-р дејан Пандев и проф. д-р Васил Поповски во својство на ментор, го одбранила магистерски труд под наслов „Менаџментот на промени-клучен фактор за организациска ефикасност" и се стекнала со звање магистер по организациски науки и менаџмент.
Предмет на истражување во магистерскиот труд претставува менаџментот на промени како предуслов за ефикасност во организацијата. Организациската структура се разгледува како посебна категорија, но и во интеракција со дел од останатите категории кои го сочинуваат функционирањето на компаниите. Влијанието на различните внатрешни и надворешни фактори придонесува до потреба од промена на организациската структура соодветно. За да се дизајнира квалитетна организациска структура или нејзина промена потребно е пред се добро да се познава функционирањето на организацијата, нејзината стратегија, организациска култура итн.
Основната цел на овој труд е да се покаже дека со квалитетна и соодветна промена на организациската структура може успешно, односно ефикасно и ефективно да се одговори на предизвиците кои ги наметнуваат глобалните економски трендови, микро и макро бизнис околината, светските трендови, конкуренцијата, како и потребите на клиентите и самата компанија.

Материјата во магистерскиот труд е изложена во пет тематски поглавја и со заклучоци од резултатите кои се користени во истражувањето.

Во првата глава опишани се општи аспекти на менаџментот и функционирањето на организациите.

Во втората глава опфатена е обработка на организациската стратегија и структура. На почетокот даден е осврт на процесот на планирање и формулирање на стратегијата на ниво на бизнис и на корпоративно ниво, појаснети се и видовите на стратегии и организација на работата. Издвоен е посебен дел за организациската структура и групирањето на работите во функции и сектори преку проучување на функционалната структура, секторските структури, производната, пазарната, географската, хибридната структура и др.

Третото поглавје се однесува на менаџментот на промените. Посебен осврт е даден на организациската промена како клучен сегмент во трудот. Дефинирана е организациската промена, понатака се изложува теоријата на фактори за промена на Левин, еволутивната и револуционерната промена и управувањето со промената. Проучени се и типовите на организациска промена. Образложен е процесот на организациската промена. Дадени се и моделите на промена. Причините за отпор кон промената се исто така проучени во магистерскиот труд. Промената е потребно да се имплементира за што се прикажани и насоките за управување со промената. Опфатена е и организациската трансформација преку трансформациските стратегии, трансформација низ лидерство, управување со транзицијата и капацитетот за трансформација.

Четвртата глава од трудот воведува во организациската култура. Дефинирана е организациската култура и настанокот, нејзиниот развој и компонентите. Во продолжение, даден е осврт на развојот на културата во организацијата и меѓусебна условеност со промените.

Последната глава од трудот претставува емпириско согледување на менаџментот на промени како предуслов за ефикасноста на организацијата. Прикажани се светските трендови на моделите на организациската структура, како и прикажување на состојбите во Република Македонија во поглед на моделите на организациска структура на одредени банки во РМ. Како студија на случај е проучена организациската структура во Стопанска банка АД-Скопје и промената во истата. Даден е приказ на организациската структура на банката до 2009/2010 година. Објаснета е потребата од организациска промена во банката. Настанатата промена се однесува на имплементацијата и дизајнот на таканаречениот нов сервисен модел во банката. Понатака е даден пример со проучување на промените во организациската структура на еден од секторите во банката (Секторот за правни работи) како директно инфлуенциран од настанатата организациска промена во банката. На крајот, се согледани придобивките од ваквата промена на организациската структура на банката.

Заклучните согледување на трудот се изложени во завршното поглавје, каде што, меѓу големиот број конкретни препораки, насоки и заклучоци од трудот, генерално се заклучува дека дека кога настанува промена во организациската структура, која е суштинска и целосна, во тој случај сите сегменти на работењето на компанијата подлегнуваат на процесот на промена. Она што е повпечатливо е дека со промената во организациската структура може да се направат големи промени во организацијата, во опишаниот случај направената промена позитивно влијаеше врз ефективноста и ефикасноста на банката во целост и одделно врз други сегменти во истата

Научниот придонес на магистерскиот труд се состои во теоретско-истражувачките вредности. Кандидатот користејќи релевантна литература, соодветни научно истражувачки методи и лична професионална експертиза, го обработува менаџментот на промени во организациите од повеќе аспекти. Направена е детална анализа на организациските структури на неколку банки од светот и од Република Македонија. Потоа, со обемна студија на случај се анализирани промените во организациската структура и управувањето со промените во една деловна банка во РМ.

### 2.2.2. Докторска дисертација

Доц. д-р Валентина Анѓелкоска на 08.10.2013 година се стекнала со звање Доктор по економски науки, со одбрана на докторска дисертација на Економскиот факултет, на Универзитетот Св.“Кирил и Методиј” во Скопје, на тема: “Современи трендови во обезбедување и наплата на побарувањата на банките, со посебен осврт на банките во Република Македонија“.

Трудот е изработен под менторство на проф. д-р Љубе Трпески, а комисијата за одбрана ја сочинуваа: проф. д-р Михаил Петковски, претседател, проф. д-р Љубе Трпески, ментор, проф. д-р Владимир Филиповски, член, проф. д-р Горан Петревски, член и проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, член.

Предмет на истражување во докторската дисертација се современите трендови во обезбедувањето и наплатата на побарувањата во банките со укажување на потребата од зајакнување на функцијата на наплата на побарувањата и нивно обезбедување. Даден е детален осврт на оваа комплексна и обемна проблематика во банкарското работење, особено во примерот на македонскиот банкарски сектор. Направен е обид да се добие целосна слика на овие сегменти преку анализа на регулативата, институциите, практиката, идентификувањето на проблемите и давање на предлози за подобрување, како и да се проучи поврзаноста на обезбедувањето и наплатата на побарувањата и нивната корелација со кредитниот и правниот ризик.

Во дисертацијата е образложена актуелноста на проблематиката преку разгледување на современите актуелни случувања поврзани со светската економска криза, нејзините ефекти, како и главните организациски промени што ги предизвика кризата кај банките во светот, преку даден осврт на примери на неколку банки од светот и нивна анализа. Понатака е даден осврт на современите трендови во светската литература во делот на обезбедувањето и наплатата на побарувањата, како и на кредитниот ризик.

Понатаму, направена е анализа на обезбедувањето на побарувањата (колатерал) во банките во РМ како нужна претпоставка и основ за наплата на побарувањата. Тука се анализирани обезбедувањата на побарувањата со цел минимизирање на кредитниот ризик, објаснети се спецификите на секој различен вид на обезбедување кое се сретнува кај нас, со анализа на сите опасности и проблеми кои актуелно постојат кај обезбедувањето на побарувањата на банките, при што се дадени и предлози за подобрување. Даден е преглед на класификацијата на побарувањата согласно различната законска и подзаконска регулатива, анализирани по повеќе основи за класификација на обезбедувања на побарувањата. Понатака даден е преглед на законската рамка на секое обезбедување кое најчесто се појавува при кредитирањето со анализа на сите специфики, проблеми и предлози за подобрување и решавање на проблемите како во регулативата, така и во праксата. Направена е анализа на институциите

кои се вклучени со овој процес, со посебен осврт на јавните регистри, како и на проблемите при комуникацијата со овие органи кое произлегува од праксата и други поширoки проблеми кои имаат генеза од минатото, но и од регулативата. Исто така, направена е анализа на клаузулите кои значајно влијаат на правата на банките во процесот на кредитирањето и наплатата на побарувањата, и тоа со осврт на клаузулите од договорите за кредит и други видови на пласмани, преку анализа на клаузулите од договорите за засновање на обезбедувањето, односно нотарските акти. Направено е истражување на дизајнот на системите на контрола на процесот на обезбедување на побарувањата во банките со сите негови елементи и активни учесници, потреби, подобрувања и предлози за понатамошно усовршување.

Направена е многу исцрпна анализа на наплатата на побарувањата, соодветна за обезбедените и необезбедените побарувања. Оваа анализа за наплатата на побарувањата на банките започнува со класификација на видовите на наплата која се базира на можностите што ги овозможуваат обезбедувањата на побарувањата, но и на можностите од законската регулатива. Анализирана е законската рамка преку осврт на најбитните закони според кои се врши наплатата на побарувањата на банките со осврт за можностите, слабостите, како и генезата која довела до сегашната состојба. Дадена е детална анализа на најзначајните надворешни органи и институции пред кои се водат постапките за наплата на побарувањата на банките, при што е направена детална анализа на речиси сите видови постапки кои банките ги водат за наплата на своите побарувања. Во рамките на оваа анализа дадени се битните чекори во постапките, во најголем дел со опфатено времетраење на постапките, како и проблемите во овие постапки со предлози за нивно подобрување. Исто така, направена е анализа и на слабостите и предностите во процесите на наплата на побарувањата на банките и е предложен модел за нивна ефикасна имплементација, во насока на организациска поставеност и комуникација помеѓу различните учесници во процесот во банките.

Испитана е и поврзаноста на обезбедувањето на побарувањата и наплатата, како и нивниот импакт врз кредитниот и правниот ризик на банките. Анализата започнува со поврзување на обезбедувањето и наплатата на побарувањата, поточно за ефектите кои обезбедувањето ги има врз наплатата на побарувањата, со посебни анализи на чекори од постапките како во РМ, така и во регионот. Исто така, направена е анализа на нефункционалните побарувања и резервации за истите во банкарскиот сектор во РМ, но и во банкарскиот сектор во регионот. Понатака, направена е анализа на кредитниот ризик и можностите за негово митигирање, односно на регулативата која се однесува на кредитниот ризик, со посебна компаративна анализа на важечката регулатива, но и на таа што е актуелно донесена.

Претставена е и анализа на правниот и репутацискиот ризик и неговата поврзаност со кредитниот ризик.

Дисертацијата опфаќа и емпириско истражување, поточно анализа на делови од банкарскиот сектор во РМ во делот на организациските структури, со посебен осврт на проблематиката на обезбедувањето, наплатата на побарувањата и кредитниот ризик. Воедно направена е и анализа на организациската поставеност на релевантните организациски делови вклучени во овие процеси на обезбедување и наплата на побарувањата. Претставена е анализа на организациските структури на неколку банки во РМ. Понатака, анализирани се податоци од финансиското работење на трите најголеми банки во РМ во делот на кредитниот ризик, обезбедувањето и наплатата на

побарувањата. Емпириското истражување содржи податоци и за банкарскиот сектор воопшто. Во контекст на анализата направена во трите банки, дисертацијата опфаќа и анализа направена преку интервју за главните специфики кај трите банки во делот на инструментите за обезбедување на пласманите, како и механизмите за наплата. Неизоставно направена е и анализа на организацискиот менаџмент на главните учесници во процесот на наплата на побарувањата кај трите банки, со извесни сегменти и од обезбедувањето на побарувањата. Направено е и резиме од компаративната анализа.
Докторската дисертација завршува со заклучните согледувања во форма на сублимиран преглед на придонесите на дисертацијата, кои произлегуваат од изнесеното во неа. Заклучните согледувања упатуваат на фактот дека оваа проблематика е достојно регулирана, законски и подзаконски. Но, исто така даден е прецизен осврт на сегментите кои не се соодветно регулирани, односно на оние на кои им е потребно подобрување. Покрај ова, даден е и осврт на подобрувањата што треба да ги направат банките во рамките на управувањето со процесите за обезбедување и наплата на побарувањата, како и во делот на управувањето со кредитниот ризик. Во заклучокот е даден осврт на состојбите во банкарскиот сектор во РМ во делот на обезбедувањата и наплатата на побарувањата и соодветно на кредитниот ризик во овој дел, при што е извршена идентификација на главните карактеристични, но и проблематични сегменти (регулаторни и интерни во банките) со предлози и насоки за подобрување.
Научниот придонес на докторската дисертација: Комисијата смета дека докторската дисертација на кандидатот проблемите кои се детектирани во докторската дисертација и предлозите за нивното надминување во повеќе сегменти од банкарското работење може да резултираат со двоен ефект: позитивно да влијаат на минимизирање на кредитниот ризик на банките во делот на обезбедување и наплата на побарувањата и позитивно да влијаат на стимулирање на кредитирањето во РМ, што е од особена важност за подинамичен развоја на економијата. Докторската дисертација претставува значаен придонес на кандидатот во области за кои не постои релевантна литература во македонската научна јавност.

### 2.2.3. Објавени научни трудови

#### 2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, покрај докторската дисертација објавила вкупно 6 научни и стручни трудови.

**а) Референтни научни публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска нема објавено ваков вид на научни трудови пред изборот во звање доцент.

**б) Референтни научни публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**

1. Анѓелкоска, Валентина. 2011. Менаџментот на промени во организациите. *Зборник на трудови на Десеттата меѓународна конференција ЕТАИ 2011, 16-19 септември 2011, Охрид, Македонија.*

2. Stojanova, Sanja and Valentina Angelkoska. 2013. Mobile Commerce: Overview of Different Services and Business Models. *In Proceedings of XI International Conference ETAI 2013, 26-28.09.2013, Ohrid, Macedonia.*

3. Rakovic, Valentin, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2013. Mobile Banking: Legislative and Security Aspects. *In Proceedings of XI International Conference ETAI 2013, 26-28.09.2013, Ohrid, Macedonia.*

**в) Научни публикации објавени во домашни научни списанија или домашни конференции**

1. Бишев, Глигор и Валентина Анѓелкоска. 2012. Проблеми во постапките за извршување кај станбените кредити. *Деловно право - Издание за теорија и практика на правото, год. XIII, број. 26, мај 2012, стр. 107-126, Здружение на правници на РМ, Скопје, Македонија. Пленарно предавање на 66-тата Средба на правници, мај 2012, Охрид, Македонија*

2. Анѓелкоска, Валентина. 2013. Предлози за подобрување на Законот за извршување врз основа на постоечките проблеми од неговата досегашна примена од аспект на наплатата на побарувањата во банките. *Поканет труд на Советување на Комора на извршители на РМ, 13-15.12.2013, Хотел Гранит, Охрид, Македонија.*

**г) Преглед на други објавени стручни трудови**

1. Анѓелкоска, Валентина. 2011. Менаџментот на промени и организациската култура, *Списание Капитал, август 2011, Скопје, Македонија.*

**2.2.3.2. После избор во звање доцент**

**а) Референтни научни публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**

После изборот во звање доцент, д-р Валентина Анѓелкоска објавила 1 референтна научна публикација (научен труд) објавен во во научно списание во

кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор (меѓународно списание).

1. Paunovska, Dafina, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2018. Protection and Promotion of the End Users' Rights of Public Electronic Communication Services in the Republic of Macedonia. *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, Vol. 3, No. 1-2, Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, UKIM Skopje, December 2018.*

**б) Референтни научни публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**

После изборот во звање доцент, д-р Валентина Анѓелкоска објавила 6 референтни научни публикации (научни трудови) објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири (меѓународни научни конференции).

1. Miloshevski, Jovan, Iskra Ivanovska, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2018. Specifics in the Regulation of Different Classes of Over-the-top Services. *In Proceedings of International Congress ENAR 2018, 14-16.11.2018, Alanya, Turkey.*

2. Ivanovska, Iskra, Jovan Miloshevski, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2018. Privacy and Data Protection in Internet of Things Regarding the New EU Regulation. *In Proceedings of VI International Congress ICON BEST 2018, 15.10.2018, Skopje, Macedonia.*

3. Милошевски, Јован, Искра Ивановска, Валентина Анѓелкоска и Александар Ристески. 2018. Потреба од регулација на ОТТ сервисите во светот, Европа и Македонија. *Зборник на трудови на XIV Меѓународна конференција ЕТАИ 2018, 20-22.09.2018, Струга, Македонија.*

4. Ивановска, Искра, Јован Милошевски, Валентина Анѓелкоска и Александар Ристески. 2018. Правни аспекти на Интернетот на нештата и регулативата за заштита на податоци на ЕУ. *Зборник на трудови на XIV Меѓународна конференција ЕТАИ 2018, 20-22.09.2018, Струга, Македонија.*

5. Angelkoska, Valentina and Zoran Ivanovski. 2015. The Role of State Registers and Institutions in Collateral Establishing and Monitoring of the Banks' Claims. *In Proceedings of V International Congress ICON BEST 2016, 08.10.2016, Skopje, Macedonia.*

6. Ivanovski, Zoran, Valentina Angelkoska and Zoran Narashanov. 2016. Macedonian tourism insight through the analysis of stocks returns of quoted tourism companies at MSE. *In Proceedings of International Conference SITCON 2016, 30.09.2016, Belgrade, Serbia.*

**в) Научни публикации објавени во домашно научно списание**

После изборот во звање доцент, д-р Валентина Анѓелкоска објавила 1 научна публикација (научен труд) објавен во домашно научно списание.

1. Анѓелкоска, Валентина. 2015. Екстензивното дејство на хипотеката и проблемите во практиката. *Деловно право, Издание за теорија и практика на правото, Година XVI, бр. 33, Октомври 2015, Здружение на правници на РМ, Скопје, Македонија. Пленарно предавање на 73-тата Средба на правници, 15-17.10.2015, Охрид, Македонија.*

## 2.2.4. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска во наставно-научно звање вонреден професор.

### 2.2.4.1. Пред избор во звање доцент

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, ги издвои следните трудови, посебно земајќи го предвид меѓународниот карактер:

**а) Референтни научни публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Валентина Анѓелкоска нема објавено ваков вид на научни трудови пред изборот во звање доцент.

**б) Референтни научни публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**

1. Анѓелкоска, Валентина. 2011. Менаџментот на промени во организациите. *Зборник на трудови на Десеттата меѓународна конференција ЕТАИ 2011, 16-19 септември 2011, Охрид, Македонија.*

- *Достапност на трудот:* http://etai11.feit.ukim.edu.mk/downloads/Technical_Programme_ETAI-COSY_2011.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а

- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација: L2, M14, G21*

*Опис на трудот*

Во овој труд се разгледува менаџментот на промени како предуслов за ефикасност и ефективност на организациите. Влијанието на различните внатрешни и надворешни фактори придонесува до потреба од соодветна промена на организациската структура. За да се дизајнира квалитетна организациска структура или нејзина промена, потребно е пред сѐ добро да се познава функционирањето на организацијата, нејзината стратегија, организациската култура итн. Основната цел на овој труд е да се покаже дека со квалитетна и соодветна промена на организациската структура може успешно, односно ефикасно и ефективно да се одговори на предизвиците кои ги наметнуваат глобалните економски трендови, микро и макро бизнис околината, конкуренцијата, како и потребите на клиентите и самата организација.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се состои во тоа што во него е анализирана организациската
структура како една динамична категорија. Дефинирани се внатрешните и надворешните фактори кои предизвикуваат различни потреби за промени. Анализиран е процесот на промени како сложен процес кој има за цел да се имплементира јасно определена и дизајнирана промена која понатака би имала позитивен ефект врз работењето и резултатите на организацијата и подобрување на нејзината ефикасност и ефективност. Заклучено е дека менаџментот на промените и справувањето со пречките отпорот кон нив се клучни фактори за успешноста на процесот на промена.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 100%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно менаџментот на промени во организациите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Stojanova, Sanja and Valentina Angelkoska. 2013. Mobile Commerce: Overview of Different Services and Business Models. *In Proceedings of XI International Conference ETAI 2013, 26-28.09.2013, Ohrid, Macedonia.*

- *Достапност на трудот:* http://etai13.feit.ukim.edu.mk/downloads/Programme_ETAI_2013_final.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација: G2, G29, K2, K23*

*Опис на трудот*
Во овој труд се опфатени општите бизнис модели за нудење на услуги на мобилната комерција. Даден е преглед на напредокот на технологијата и стандардизацијата кои ги овозможуваат овие услуги. Исто така, претставени се и законските можности за постоење на мобилна комерција. Разгледаните бизнис модели ги опишуваат меѓусебните односи меѓу различните клучни учесници во екосистемот на мобилна комерција.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот може да се согледа во три дела. Покрај воведот, во прввиот дел, анализирани се технологиите и стандардите кои овозможуваат постоење на платформи за мобилно плаќање и мобилна комерција. Во следниот дел, презентирани се и анализирани повеќе бизнис модели за мобилна комерција, при што е направена и нивна категоризација и класификација. Во третиот дел, анализирана е правната рамка за функционирање на мобилното плаќање и мобилната комерција во Република Македонија. На крај се изложени заклучоците, каде што е утврдено дека имплементирањето на услуги за мобилна комерција и нивното масовно прифаќање е многу сложен процес кој е силно зависен од повеќе фактори, како зрелоста на пазарот, процентот од населението кои користат мобилен телефон и банкарски услуги, бизнис моделот за воспоставување, законските ограничувања, можностите за порамнување, техничката имплементација, безбедноста итн. Овој труд се осврнува на некои од нив овие фактори и дава преглед на најистакнатите услуги за мобилна трговија, како што се мобилни плаќања и мобилно банкарство.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 40%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно мобилното плаќање, мобилното банкарство и регулативата за нив.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. Rakovic, Valentin, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2013. Mobile Banking: Legislative and Security Aspects. *In Proceedings of XI International Conference ETAI 2013, 26-28.09.2013, Ohrid, Macedonia*.

- *Достапност на трудот:* http://etai13.feit.ukim.edu.mk/downloads/Programme_ETAI_2013_final.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација: G2, G29, K2, K24*

*Опис на трудот*

Во овој труд се дискутирани сигурносните недостатоци на сé пораспространетото мобилно банкарство. Опфатени се правните трендови во оваа област. Претставени се вообичаените сигурносни ризици во концептот за мобилно банкарство и предложени се најдобрите пристапи за надминување на сигурносните ризици.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во три дела. Во првиот дел, после воведот, во трудот се анализарани главните карактерситики на мобилното банкарство, и тоа во поглед на технологиите со кое е овозможено, трендовите на нудење на вакви услуги и глобалниот пазар за услуги од мобилно банкарство. Во следниот дел, детално е анализирана законската рамка со која е регулирано мобилното банкарство, при што се дефинирани можностите и ограничувањата кои истата ги наметнува. Третиот дел се осврнува на сигурносните аспекти на мобилнот банкарство, и тоа во поглед на мобилните уреди и апликации, приватноста и заштитата на лилните податоци, ризиците од технологијата на плаќање и управување со сигурносните ризици. Во заклучокот се потенцира високиот степен на слобода кои може да го искусат корисниците на услугите на мобилното банкарство, што претставува комплексен систем во кој значајна улога играат и технолошките, и регулаторните и сигурностите фактори.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 30%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно анализа на регулативата и ризиците во мобилното банкарство.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**в) Научни публикации објавени во домашни научни списанија или домашни конференции**

1. Бишев, Глигор и Валентина Анѓелкоска. 2012. Проблеми во постапките за извршување кај станбените кредити. *Деловно право - Издание за теорија и практика на правото, год. XIII, број. 26, мај 2012, стр. 107-126, Здружение на правници на РМ, Скопје, Македонија. Пленарно предавање на 66-тата Средба на правници, мај 2012, Охрид, Македонија*

- *Достапност на трудот:* http://mla.org.mk/wp-content/uploads/2015/01/Delovno_Pravo_26.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,4 а.а.
- *Објавен во:* Списание со национален уредувачки одбор.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1409-8377
- *Проценет придонес на авторот:* 90 %
- *JEL класификација: G21, K11, K15, K25, R31*

*Опис на трудот*

Овој поканет труд дава преглед на трендовите во станбеното кредитирање во РМ. Опфатени се аспекти на обезбедувањето на кредитите и постапките за присилна наплата на побарувањата. Покажано е дека подобрувањата во регулативата позитивно го стимулираа растот на станбеното кредитирање и на изградени објекти и на објекти во градба. Анализирани се и проблемите во постапките за извршување и заштитување на правата на доверителите. Иако подобрена, заклучено е дека регулативата за оваа област треба дополнително да се подобри, посебно во делот на објеките во градба, што ќе придонесе за уште поголем раст на кредитирањето и раст на гредежниот сектор и на пазарот на недвижности.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се состои во обемната и детална анализа на предметната проблематика, како и во давањето насоки за подобрување и надминување на проблемите кои се појавуваат во пракса. Во овој труд се обработени современите трендови во станбеното кредитирање од страна на банките во Македонија. Анализирани се видовите на банкарски производи за станбено кредитирање согласно потребите на клиентите и можностите што ги нуди регулативата. Покрај анализата на главните карактеристики на овие производи, навлезено е во разработка на начинот и можностите за обезбедување на побарувањата по истите согласно законската регулатива, судската практика и интересот на банките. Понатака, во вториот дел од трудот, детално се разработени и илустрирани проблемите со кои се соочуваат банките како доверители во постапките за извршување врз недвижности впишани во имотен лист, како и врз недвижности во фаза на градба прибележани во лист за предбележување.

Од проблемите наведени за постапките за извршување врз недвижности запишани во имотен лист во катастарот на недвижности, се заклучува дека истите се помалубројни, надминливи, со последици кои се однесуваат на одолговлекување на постапките. Во најголем број од случаите, одолговлекувањето е пропратено со дополнително оптоварување на банките како доверители во насока на потреба од водење на други видови постапки пред други институции во функција на постапките за извршување.

Понатаму, во трудот исто така е анализирано и заклучено дека во постапките за извршување врз недвижности – објекти во градба прибележани во листот за предбележување во катастарот на недвижности, повторно се наидува на истите проблеми како кај постапките за извршување врз недвижности впишани во имотен лист во катастарот на недвижности. Но, дополнително, постојат и разновидни проблеми кои произлегуваат од спецификите на регулативата која го уредува режимот на објектите во градба и земјиштата врз кои се градат истите, како и од карактерот на самиот процес на изградба. Со тек на време, се наидува на нови дилеми и проблеми од причина што праксата во овој домен сега се создава, особено имајќи го предвид фактот дека првиот лист за предбележување беше издаден пред помалку од две години.

Во последниот дел од трудот, се дискутира дека и покрај постоењето на двете категории на проблеми со посебен акцент на објекти во градба прибележани во листот за предбележување во јавната книга, сепак, регулативата што ја опфаќа оваа проблематика, во последните години претрпе значајни промени. Се носи заклучок дека промените се однесуваа на доуредување на оваа проблематика, како и на подобрување на правната сигурност на засегнатите страни. Ова придонесе кон зголемување на обемот на станбеното кредитирање во

банкарскиот сектор. Ваквата состојба позитивно се одразува и на целокупната економија во РМ, а особено во секторот на градежништвото, пазарот на недвижности итн. Но, со цел понатамошно стимулирање на станбеното кредитирање, потребно е надминување на постоечките проблеми преку подобрување на регулативата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 90%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно анализата на трендовите во станбеното кредитирање во РМ, промените на законската регулатива и нивното влијание на растот на кредитирањето и на активностите во градежниот сектор и пазарот на недвижности, проблемите во наплатата на побарувањата и извршувањето врз недвижности – објекти во градба прибележани во листот за предбележување во катастарот на недвижности и извршување врз недвижности впишани во имотен лист во катастарот на недвижности.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Анѓелкоска, Валентина. 2013. Предлози за подобрување на Законот за извршување врз основа на постоечките проблеми од неговата досегашна примена од аспект на наплатата на побарувањата во банките. *Поканет труд на Советување на Комора на извршители на РМ, 13-15.12.2013, Хотел Гранит, Охрид, Македонија.*

- *Достапност на трудот: нема линк за online достпаност на трудот*
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 2,4 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација: G21, K11, K15, K25*

*Опис на трудот*
Во овој поканет труд, детално се образложени голем број предлози за подобрување на Законот за извршување. Наведените предлози се особено значајни за банкарскиот сектор во доменот на наплатата на побарувањата, но и за било кој доверител кој води постапки за извршување. Секогаш најкорисни и воедно најпроверени се предлозите кои доаѓаат токму од практичната примена на законите, во случајов од практичната повеќегодишна примена на Законот за извршување од страна на банките како најголеми доверители во државата. Ваквите предлози можат да доведат до зголемена ефикасност и брзина во извршувањето, кои ќе имаат директен ефект во резултатите од извршувањето, а со тоа и во наплатата на побарувањата.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот може да се согледа во повеќе делови од трудот. После деталните воведни излагања за предметната проблематика на трудот, презентирана е детална анализа на проблемите во постапките за извршување врз

недвижности. Прво се разгледани проблемите кои се појавуваат во постапки за извршување врз недвижности запишани во имотен лист во катастарот на недвижности, каде што се детектирани бројни проблематични ситуации, како на пример, извршување врз имот стекнат во брак, смрт на заложен должник, извршување врз недвижности кои се наоѓаат на неприватизирано земјиште со право на користење итн. Понатаму во овој дел, анализирани се проблемите во постапките за извршување врз недвижности – објекти во градба прибележани во лист за предбележување во катастарот на недвижности, каде што исто така се детектирани бројни проблематични ситуации, како на пример, промени во тек на градба, отстапување од основен проект, одобрение за градба или урбанистички план итн. Во вториот дел од трудот се анализирани проблемите во постапките за извршување врз подвижни предмети. Обработени се случаи кога предметните подвижни предмети се препродадени и се наоѓаат кај нови сопственици - трети лица, одземање на заложени возила кои се наоѓаат во владение на трето лице, проблеми при извршување кај залог на залихи, стекнување заложно право/право на намирување пред лице кое подоцна ќе стекне заложно право итн. Во следните делови од трудот се опфатени карактеристиките и проблемите при извршувањето врз удели, парични побарувања, имотни права, а посебен акцент во овој дел од трудот е ставен на извршувањето врз меница во форма на нотарски акт, каде што се направени исцрпни анализи на проблемите. На крај на трудот, даден е и осврт на постапувањето на заменик-извршителот. Низ целиот труд, покрај анализата на проблемите, наведени се и препораки за нивно надминување, па како генерален заклучок на трудот се истакнува дека секој елемент од погоренаведените преставува предлог за подобрување на Законот за извршување, кој е особено значаен за банкарскиот сектор во доменот на наплатата на побарувањата и како таков, станува значаен за било кој доверител кој води постапки за извршување. Ваквите предлози ќе доведат до зголемена ефикасност и брзина во извршувањето, кои ќе имаат директен ефект во резултатите од извршувањето, а со тоа и во наплатата на побарувањата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 100%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно во анализата на проблемите од примената на Законот за извршување и давање на предлози за негово подобрување.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**г) Преглед на други објавени трудови**

1. Анѓелкоска, Валентина. 2011. Менаџментот на промени и организациската култура, *Списание Капитал, август 2011, Скопје, Македонија.*

- *Достапност на трудот: нема линк за online достпаност на трудот*
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,2 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски

- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација: L2, M14, G21*

*Опис на трудот*
Во овој труд е елабориран процесот на промени во организациите во корелација со организациската култура.

*Придонес на трудот*
Придонесот на трудот се состои во анализата на корелацијата на промените во организациите и организациската култура. Во трудот се дискутирано дека движењето на организацијата или на нејзини одредени сегменти или процеси од сегашната кон некоја идна посакувана состојба го карактеризира менаџментот на промени како предуслов за ефикасност и ефективност во организацијата. Културата се оценува како еден од факторите кои можат значително да ја намалат или зголемат ефикасноста на организацијата, па со тоа станува сериозен фактор на менаџментот на промени.

*Личен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 100%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно управувањето со промените во организациите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**2.2.4.2. После избор во звање доцент**

**а) Референтни научни публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**

1. Paunovska, Dafina, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2018. Protection and Promotion of the End Users' Rights of Public Electronic Communication Services in the Republic of Macedonia. *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, Vol. 3, No. 1-2, Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, UKIM Skopje, December 2018.*

- *Достапност на трудот:* http://jeeit.feit.ukim.edu.mk/index.php/jeeit/article/view/195
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,4 а.а.
- *Објавен во:* Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, индексирано во INIS (International Nuclear Information System).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* In print: ISSN 2545–4250, On line: ISSN 2545–4269
- *Проценет придонес на авторот:* 30 %
- *JEL класификација: K2, K23*

*Опис на трудот*

Во овој труд е обработена проблематика поврзана со заштитата и унапредувањето на правата на крајните корисници на јавни електронски комуникациски услуги во Македонија. Телекомуникациите се една од најбрзо растечките информациски и комуникациски технологии (ИКТ) во светот. Македонија го следи овој тренд и сѐ поголемиот развој на пазарот на електронски комуникациски услуги доведе до иницирање на потреба од поголема заштита на правата на потрошувачите и промовирање на квалитетот на услугите. Поради недостаток на информации за нивните права, корисниците често се предмет на манипулација и злоупотреба од страна на давателите на електронски комуникациски услуги. Корисниците на електронските комуникациски услуги треба да бидат заштитени од неправедни практики на компаниите кои ги обезбедуваат овие услуги. Затоа, ЕУ има специфични политики за заштита на потрошувачите на телекомуникациските услуги, кои вклучуваат право на слободен пристап до услуги и фер цени и заштита на приватноста на личните податоци. Регулаторната рамка на ЕУ за електронски комуникации претставува низа правила што важат во земјите-членки на ЕУ. Тие ја поттикнуваат конкуренцијата, го подобруваат функционирањето на пазарот и ги гарантираат основните права на корисникот. Главната цел е европските потрошувачи да имаат корист од либерализацијата на пазарот која резултира со ниски цени, висок квалитет и иновации во услугите. Истражувањето и резултатите презентирани во овој труд упатуваат на заклучок дека воведувањето на законската регулатива во Македонија и меѓусебната соработка со органите кои се грижат за правата на потрошувачите во областа на електронските комуникации ќе придонесат за побрзи, ефективни правни процедури кои ќе ја зајакнат правната безбедност на потрошувачите.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се состои главно во три дела. Во првиот дел, направена е детална анализа на правната рамка на регулативата за електронските комуникации во Република Македонија, пред сé, Законот за електронски комуникации и неговата усогласеност со директивите на Европската Комисија. Понатаму, анализирани се и другите закони со кои се уредени правата на потрошувачите во овој сектор, а тоа се Законот за заштита на потрошувачите, Законот за заштита на личните податоци, Законот за заштита на конкуренцијата и други. Во овој дел од трудот, даден е осврт на: потребата за одобрување на стандарден претплатнички договор и контролирање на договорот; договорот за приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги; нечесните одредби во претплатничките договори; транспарентноста и објавувањето на информации; преносливоста на броеви и правото на приговор и тужба. За сите овие сегменти, дефинирана е правната основа, важноста од нивното постоење и применување, идентификувани се правата на крајните корисници на услугите (потрошувачите), обврските на давателите на електронски комуникациски услуги и улогата на институциите во заштитата на правата на потрошувачите.

Исто така, детектирани се и прекршочните и казнените механизми за непочитување на правата на крајните корисници. При оваа анализа, направен и е преглед на подобрувањата на предметните закони кои ја регулираат оваа материја во насока на подобрување во заштитата на правата на корисниците. Во вториот дел од трудот, претставени се резултатите од спроведеното истражување и компаративна анализа на поднесени барања за решавање на спорови (приговори) од корисници, за период од 2011-2016, сегментирани по тип на услуги и по оператори. Во овој дел, дадени се неколку графички прикази, од кои може да се увиди вкупниот број на поднесени приговори, нивната распределба по тип на услуга и по оператори, статистика на разрешувањето на приговорите кои се однесувале на услугите на Македонски Телеком и статистика на разрешувањето на приговорите кои се однесувале на услугите на one.Vip. Од резултатите од истражувањето се изведени повеќе заклучоци. Еден од нив е дека во првите години, бројот на поднесени приговори е со растечки тренд, за што авторите гледаат причини во овозможените механизми со законската рамка, но и поради активната кампања на Агенцијата за електронски комуникации за запознавање на корисниците со нивните права и нудење на различни алатки и апликации за информирање на корисниците на електронски комуникациски услуги. Друг важен заклучок е дека голем број од поднесените приговори биле без основа. Понатаму, објаснет е и трендот на намалување на бројот на поднесени приговори како резултат на воспоставувањето на ред во делот на решавање на спорови во овој период и донесувањето на новиот Закон за електронски комуникации во 2014 година, како и подзаконските акти кои ја уредуваат материјата која ги засега крајните корисници. Во третиот дел од трудот, анализирана е улогата на Организацијата за потрошувачи во заштита и унапредување на правата на крајните корисници на јавни електронски комуникациски услуги. Покрај анализата на законската регулатива и начинот на работење на оваа организација, во трудот се дефинирани и неколку совети за потрошувачите со превентивни мерки за избегнување на можни нечесни одредби, а истакнати се и придобивките од членувањето во ваквата организација. На крај на трудот се изведени заклучоците од направените анализи и резултатите од истражувањето.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 30 %, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно заштитата и унапредувањето на правата на крајните корисници на јавни електронски комуникациски услуги во Македонија, анализата на правната рамка со која е регулирана оваа проблематика во Република Македонија и нејзината споредба со европската регулатива, аналзирањето и толкувањето на резултатите од спроведеното истражување за поднесените приговори од крајните корисници на електронски комуникациски услуги, утврдувањето на улогата на организациите на потрошувачите при заштитата на правата на потрошувачите и во изведувањето на генералните заклучоци.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**б) Референтни научни публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што**

**членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**

1. Miloshevski, Jovan, Iskra Ivanovska, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2018. Specifics in the Regulation of Different Classes of Over-the-top Services. *In Proceedings of International Congress ENAR 2018, 14-16.11.2018, Alanya, Turkey.*

- *Достапност на трудот:* http://www.enar2018.com/Conference/PaperSubmission, https://drive.google.com/file/d/1T2svzxwYdYvMatOCf7yNC58XAQutF_-/view
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација: K2, K23; K24; K29*

*Опис на трудот*
Во овој труд, анализирани се спецификите во регулацијата на различни класи на Over-the-top (OTT) услугите. Овие услуги, чие функционирање е овозможено од страна на технолошките предности на паметните телефони, супер брзиот интернет, open source платформите, како и иновативните услуги, функционалноста на технологијата со широк спектар како и многубројните модели за задоволување на бројните барања на корисниците користејќи го нивниот бизнис модел на бесплатност (freemium business model), уживаат сериозна распространетост на телекомуникацискиот пазар и висок степен на секојдневно прифаќање од огромен број на нови корисници. Поради ова, традиционалните телекомуникациски оператори се соочуваат со предизвици и се жалат на недостиг на „еднакви услови“ помеѓу нив и провајдерите на OTT услуги. Услугите на OTT провајдерите се слични, односно исти со електронските комуникациски услуги и според тоа, би требало слично или исто да бидат регулирани. Постојат одредени ставови на засегнатите страни во оваа индустрија според кои регулаторната рамка за електронски комуникации која била развиена и усвоена пред појавата на потребата за регулирање на OTT услугите, не е подобна за воспоставување на еднакви услови на пазарот. Овие ставови особено се потпираат врз фактот дека одредени регулаторни цели и начини на регулирање во регулаторната рамка за електронски комуникации може да не се применливи за OTT услугите без претходна измена или пак воопшто не се применливи.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во неколку дела. Дадена е класификација на OTT услугите според критериумите на телото на европските регулатори на електронски комуникации (Body of European Regulators for Electronic Communications - BEREC), со која, тие се поделени во три класи. Понатаму, анализирани се регулаторните прашања за секоја од трите класи на OTT услуги, со акцент на регулаторната нерамнотежа помеѓу OTT услугите и соодветните електронски комуникациски услуги. При тоа, наведени се и различните критериуми кои треба да се земат предвид во споредбата на OTT

услугите со електронските комуникациски услуги за да може да се оцени дали одредена класа на ОТТ услуги може да биде конкурентна на некоја електронска комуникациска услуга и следствено на тоа, дали и како треба да биде соодветно регулирана. Во трудот е опфатена и анализа на регулативата во поглед на приватноста на корисниците на ОТТ услуги и електронски комуникациски услуги. Во однос на ова, во трудот се констатира дека вообичаена пракса во светот е постоење на утврден и законски одобрен надзор врз мрежите на телеком операторите, што е важна алатка за истрага и гонење кривични сајбер активности и сајбер тероризам, додека пак, таква регулаторна обврска за провајдерите на ОТТ услугите не постои. Во резимето на трудот, се сублимирани заклучоците на трудот, меѓу кои се истакнува дека слабата регулација на ОТТ услугите може да претставува закана за човековите права, но од друга страна, пренагласена и престрога регулација на ОТТ услугите би била премногу ограничувачка во начинот на користење на интернетот како отворена платформа за слободен пристап до информации, што наведува на заклучокот дека е потребно да се обрне големо внимание и иновативен пристап при дизајнирањето на рамката за регулација на ОТТ услугите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 30%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно спецификите во регулативата ОТТ услугите, нивната класификација, конкурентноста со електронските комуникациски услуги, влијанието на регулацијата на ОТТ услугите врз правата на корисниците и носењето на заклучоци за дефинирање на соодветна рамка на регулирање на ОТТ услугите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Ivanovska, Iskra, Jovan Miloshevski, Valentina Angelkoska and Aleksandar Risteski. 2018. Privacy and Data Protection in Internet of Things Regarding the New EU Regulation. *In Proceedings of VI International Congress ICON BEST 2018, 15.10.2018, Skopje, Macedonia.*

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Abstract_book.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација: К2, К23; К24; К29*

*Опис на трудот*
Овој труд се осврнува на заштитата на приватноста и личните податоци на корисниците на современите информациско-комуникациски технологии, кои доживуваат постојан забрзан развој. Со енорнмниот раст на интернетот во изминатите 25-30 години и неговата пенетрација во сите сфери од општеството и економијата, како и појавата на социјалните мрежи и други апликации со

масовна популарност, дополнително се зголеми степенот на глобална поврзаност на луѓето, а со тоа и изложеноста на приватноста и личните податоци на корисниците. Во таа насока, развојот и примената на концептот на интернет на нешта (Internet of Things - IoT), кој предвидува поврзување на глобалната мрежа на милијарди предмети кои ги користиме во нашето секојдневие, ќе овозможи пристап до огромни количини на нови лични податоци за корисниците. Ваквиот технолошки напредок наведува на потребата да се обезбеди и соодветна заштита на приватноста и личните податоци на корисниците. Ваквата ситуација доведе до нов регулаторен пристап за заштита на личните податоци кој имаше за цел да ги прошири постоечките регулативи и да ги подобри практиките за управување со податоци што драстично ќе влијае на Интернет на нештата и на тоа како податоците се собираат, чуваат и заштитуваат во уредите. Доколку се размислува за иднината на бизнисите и компаниите во духот на Интернет на нештата во целост мора да се земат предвид регулативите поврзани со заштитата на податоците со кои тие располагаат. Во овој труд, анализирано е профилирањето на корисниците во интернетот на нештата што претставува главен ризик за приватноста и заштитата на личните податоци на корисниците.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот главно се состои во анализата на профилирањето на корисниците во интернетот на нештата што претставува еден од главните идентификувани ризици за приватноста и заштитата на личните податоци на корисниците. Предметите од човековото опкружување кои ќе бидат поврзани на интернетот на нештата, со бројните сензори, ќе генерираат огромна количина на податоци, а голем дел од нив може да се сметаат како лични податоци на корисниците. До овие податоци, може да имаат пристап разни субјекти (поединци, компании, организации итн.) и да ја загрозат приватноста на корисниците со тоа што ќе ги обработуваат собраните податоци за корисниците со цел да направат нивно профилирање. Затоа, во трудот е анализирана регулативата која треба да обезбеди заштита на личните податоци и приватноста на корисниците. Покрај општиот дел на регулативата кој се однесува на личните податоци воопшто, анализирани се специфичните одредби кои се однесуваат токму на профилирањето. Дискутирано е дека треба да се земе предвид дека поединечната контрола врз личните податоци е практично неизводлива во интернетот на нештата поради карактеристиките на оваа технологија, па затоа во регулативата најважен треба да е принципот на правична обработка кој наметнува обврски на субјектите кои се одговорни за обработка на податоците. Во трудот, потенцирани се правата на корисниците да бидат информирани и да дадат согласност пред да се собираат нивни податоци за цели на профилирање, правото на приговор против профилирањето и други права. Понатаму, дадени се насоки за имплементација на регулативата за профилирање во интернетот на нештата. Во заклучокот на трудот се констатира дека експлоатирањето на личните податоци на корисниците претставува неизбежен сегмент од целокупната IoT идеја, па затоа корисниците треба да бидат свесни за импликациите кои можат да настанат од нивната дадена согласност IoT технологијата да ги собира, обработува и да ги складира нивните лични податоци, иако регулативата наметнува конкретни, прецизни и построги правила на контролорите и обработувачите на податоците.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 30%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно регулативата за заштита на приватноста и личните податоци на корисниците на современите информациско-комуникациски технологии, профилирањето на корисниците, свесноста и правата на корисниците во однос на профилирањето, регулативата која е наметната врз субјектите кои собираат, обработуваат, складираат и контролираат лични податоци од корисниците на IoT.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. Милошевски, Јован, Искра Ивановска, Валентина Анѓелкоска и Александар Ристески. 2018. Потреба од регулација на ОТТ сервисите во светот, Европа и Македонија. *Зборник на трудови на XIV Меѓународна конференција ЕТАИ 2018, 20-22.09.2018, Струга, Македонија.*

- *Достапност на трудот:* http://etai.org.mk/wp-content/uploads/2018/09/ETAI_2018_abstrakti_f_post_web.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација: K2, K23; K24; K29*

*Опис на трудот*

Во овој труд, разгледана е потребата од регулација на т.н. Over-the-top (OTT) услуги, при што, земена е предвид состојбата во светски рамки, во Европа и Македонија. Технолошкиот развој доведе до појава на нови сервиси кои се нудат преку интернет, а со тоа и појава на нови деловни модели за нивно нудење. Појавата на интернет базираните over-the-top (OTT) сервиси е значајна во развојот на информациските и комуникациските технологии, кои пак се од големо значење за корисниците и бизнисот. Растот на пазарот на OTT сервиси ја донесе потребата за дискусија за најдобар и најсоодветен регулаторен пристап кој треба да се воспостави. Во овој труд претставена е потребата од регулација на OTT сервисите. Исто така, прикажан е меѓусебниот однос помеѓу OTT услугите и електронските комуникациски услуги, како и различниот регулаторен третман кој се однесува на нив.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот може да се согледа во анализата на различната регулаторна рамка која постои за традиционалните телеком оператори кои ги нудат традиционалните електронски комуникациски услуги и провајдерите на OTT услуги. Во трудот се сублимирани основните дефиниции, поими и принципи поврзани со современите информациско-комуникациски технологии. Анализирана е регулаторната рамка за електронските комуникациски услуги во светски рамки, но со главен акцент на регулативата во европските рамковни директиви, со кои во најголем дел е усогласена и македонската регулатива. Во

трудот, даден е детален преглед на регулаторните нерамнотежи кои се забележуваат помеѓу телеком операторите и провајдерите на ОТТ услуги од аспект на: регулирање на цените, мрежната неутралност, преносливоста на броеви, потребата од лиценци, постоење на критериуми за квалитетот на услугите, потребата за инвестиција во сопствена инфраструктура, потреба од купување лиценци, географски ограничувања итн. Понатаму, прикажани се и глобалните светски трендови во растот на приходите што може да се забележи и кај електронските комуникациски услуги (стабилен и рамномерен раст) и кај ОТТ услугите (експоненцијален раст). Од дискусијата и заклучоците наведени на крајот од трудот, може да се согледаат и следните придонеси на трудот: констатирано е дека постои светски тренд на зголемена регулација на ОТТ услугите, која што може да биде неопходна заради заштита на правата на корисниците, како што е да се обезбеди заштита на податоците, но некои регулаторни предлози го ставаат во ризик правото на слобода и изразување на корисниците како и на економските, социјалните и културните права на корисниците; заклучено е дека пребрзите одлуки за регулација можат да бидат опасност за корисниците, посебно ако се наруши принципот на мрежна неутралност, кој ја спречува дискриминацијата во протокот на информациите низ интернетот; дискутирано е дека регулаторите не треба да ги сметаат интернет базираните (ОТТ) услуги и телекомуникациските услуги како конкурентни „замени".

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 30%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно анализа на регулативата и генералните економски трендови на електронските комуникациски услуги и интернет-базираните ОТТ услуги, потенцирање на регулаторните нерамнотежи за давателите на двата типа услуги и носењето на заклучоци за потребите од регулирање на ОТТ услугите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. Ивановска, Искра, Јован Милошевски, Валентина Анѓелкоска и Александар Ристески. 2018. Правни аспекти на Интернетот на нештата и регулативата за заштита на податоци на ЕУ. *Зборник на трудови на XIV Меѓународна конференција ЕТАИ 2018, 20-22.09.2018, Струга, Македонија.*

- *Достапност на трудот:* http://etai.org.mk/wp-content/uploads/2018/09/ETAI_2018_abstrakti_f_post_web.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација: K2, K23; K24; K29*

*Опис на трудот*
Во овој труд, анализирани се некои правни аспекти и концептот на интернетот на нештата и примената на европската регулатива за заштита на податоци во

овој сегмент. Интернетот на нештата (Internet of Things - IoT) денес претставува реална фаза на патот кон дигитална трансформација на општеството. Моќта и вредноста на бизнисите и компаниите, почнуваат да зависат од обработката на различни типови на податоци во реално време. Огромниот број на вмрежени уреди кои обработуваат огромен обем на податоци и овозможуваат комуникација помеѓу луѓето и нештата и помеѓу нештата меѓусебно, покрај огромните придобивки за секојдневниот живот, носат и сериозни ризици во поглед на приватноста, личните податоци и безбедноста. Во трудот е анализирана европската регулатива за заштита на податоци (General Data Protection Regulation - GDPR) и нејзината примена при имплементацијата на концептот на интернет на нешта. Имплементацијата и користењето на овој концепт треба да биде во согласност со високите морални човечки принципи и основни вредности од каде произлегува потребата за ревидирање на постојната регулатива.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот може да се согледа главно во анализата на примената на европската регулатива за заштита на податоци (General Data Protection Regulation - GDPR) при имплементацијата на концептот на интернет на нешта. Во трудот е даден опис на концептот на интернетот на нешта (IoT), неговиот технолошки развој и експоненцијален раст, кој се очекува да продолжи, посебно со имплементацијата на новите мобилни мрежи од петта генерација. Во трудот е даден преглед на придобивките кои се очекуваат од IoT, но исто така, потенцирано е дека постојат неколку клучни прашања поврзани со регулирањето на интернетот на нештата: управување, стандардизација и интероперабилност, доверба и безбедност, како и особено значајните прашања поврзани со заштитата на човековите права, правото на приватност и заштитата на личните податоци. Затоа, во трудот е анализирана европската регулатива за заштита на податоци (GDPR), која почна да се применува од мај 2018 година, после подолг процес на нејзино креирање и подготовки за имплементација. Претставен е и алгоритам за утврдување дали некоја организација треба да ја примени европската регулатива за заштита на податоци. Понатаму, во трудот е дискутирано за тоа како новата регулатива ќе влијае во интернетот на нештата, каде што по дефиниција на самиот концепт, се прави собирање и обработка на податоци од корисниците, па затоа, компаниите кои ги користат овие технологии, кои работат или размислуваат за влез во сферата на IoT треба да бидат свесни за промените во европската регулатива кои може да имаат значително влијание врз нивниот бизнис модел и дизајнот на нивните производи, процеси и уреди, бидејќи прекршувањата на GDPR повлекуваат многу повисоки парични казни од претходната законска рамка, што треба да претставува остар поттик за бизнисите да обрнат внимание на нивните стратегии за усогласеност. По направените анализи, во заклучокот на трудот е констатирано дека со стапувањето на сила на GDPR, корисниците можат да бидат поспокојни во однос на тоа дали уживајќи во погодностите на IoT би биле жртви на злоупотреба на нивните лични податоци поради нивно несоодветно собирање, обработување и складирање.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 30%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно правните аспекти и концептот на интернетот на нештата и примената

на европската регулатива за заштита на податоци опсегот и начинот на примена на GPDR во организациите и нивните обврски кон корисниците, примената на GPDR во интернетот на нештата и значењето за крајните корисници.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд* (review).

5. Angelkoska, Valentina and Zoran Ivanovski. 2015. The Role of State Registers and Institutions in Collateral Establishing and Monitoring of the Banks' Claims. *In Proceedings of V International Congress ICON BEST 2016, 08.10.2016, Skopje, Macedonia.*

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Проценет придонес на авторот:* 80%
- *JEL класификација: G2, G21, G38, K25*

*Опис на трудот*
Во овој труд е даден осврт на улогата на државните институции и регистри во процесот на воспоставување и следење на обезбедувањето на побарувањата на банките, кои се клучни за "правно совршено" обезбедување, како и за следната фаза на наплата на побарувањата. Разработени се нивните функции и местото во системот, со акцент на оние активности кои се поврзани со обезбедување и наплатата на побарувањата од банките. Во трудот е даден преглед на најзначајните светски практики во оваа област. Се презентираат и анализираат сите релевантни државни регистри и институции во Република Македонија кои се вклучени во овој процес. Во трудот се детектирани позитивните и негативните аспекти на државните институции и регистри во Република Македонија. На крај се изведени заклучоци и препораки за подобрување на услугите на овие институции и регистри за поефикасно работење и заштита на правата на банките како најголеми доверители.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот може да се согледа во деталната анализа на улогата на поголем број државни институции и регистри во Република Македонија во процесот на обезбедување на побарувањата на банките, како и во процесот на нивна наплата. Во првиот дел од трудот, посочени се трудови и студии, достапни во научната литература, кои укажуваат на важноста од постоењето на ваквите институции и нивното влијание на кредитирањето на банките, квалитетот на обезбедувањето и наплатата на побарувањата. Во согласност со заклучоците од овие трудови кои се направени врз основа на истражувања во повеќе од 100 држави, во овој труд е направена анализа на законската регулатива и улогата на клучните институции и регистри во РМ. Прво е анализирана Агенцијата за катастар на недвижности на РМ. Констатирано е дека банките имаат голема потреба од услугите на Агенцијата за катастар на недвижности, и тоа во делот на обезбедувањето и наплатата на побарувањата, како и во делот на управувањето со имотот. Во трудот е

анализиран процесот на префрлање на интабулационите книги од судовите во Агенцијата за катастар на недвижности и практичните проблеми кои се произлезени од него. Идентификувани се и други тековни проблеми со кои се соочуваат банките во работата со оваа Агенција. Понатаму, во трудот е анализирана улогата на Централниот регистер на РМ за предметната проблематика. Детектирани се документите и податоците кои се добиваат од Централниот регистер, а се од најголема важност за банките во целокупниот процес на кредитирање. Идентификувани се и одредени проблеми во работењето на Централниот регистер и дадени се насоки за нивно надминување, при што, заклучено е дека со секое унапредување на соработката со банките и проширување на можностите за банките, позитивно ќе влијае на кредитирањето на правните лица, а со тоа и на поддршката на целата економија. Во продолжение на трудот, анализиран е Заложниот регистар на РМ и неговата улога во предметната проблематика. Во работата на овој регистар, идентификуван е проблем при делумното бришење на залогот од Заложниот регистар, од причина што Заложниот регистар не го познава поимот делумно бришење на залогот. Тој брише по идентификациски број, а не по предмет. Ова е технички проблем на Заложниот регистар, а не законски. Во согласност со законот, доколку повеќе предмети или побарувања или права се предмет на залог во ист нотарски акт, тие може да се бришат поединечно. Како заклучок, во трудот е даден препорака за надминување на овој технички проблем, за што постои и законска основа. Понатака, прикажана е улогата на Кредитниот регистар, кој претставува регистар на податоци за изложеноста на кредитен ризик на правните и на физичките лица спрема банките и штедилниците. Даден е сублимиран преглед на законската регулатива со која што е регулирано неговото работење и анализирани се главните цели на неговото работење. Како последно, во трудот е анализирана улогата, начинот на работа и услугите на Кредитното биро. Во заклучокот на трудот, потврдена е важноста на институциите со кои банките соработуваат при воспоставување на обезбедувањата, но и при одобрување на кредитите кои се обезбедуваат со тие побарувања. Констатирано е дека е евидентен развојот на институциите во овој сегмент, како со воспоставувањето на новите, така и со модернизацијата на веќе постоечките, што позитивно влијаеше и врз банкарскиот сектор, особено во делот на кредитирањето на правните и физичките лица, иако проблеми сè уште постојат и тие треба да се надминат. Изведен е заклучок дека за одредени видови проверки воопшто нема регистри или нема евиденција достапна за банките, како што се: возилата и другите подвижни предмети, нема регистар на побарувања, права итн. Исто така, нема регистар ни за издадени меници во форма на нотарски акт, а во делот на побарувањата, правата и подвижните предмети, може да се изврши проверка само на веќе заложените во Заложниот регистар, но не и на постоечките.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 80 %, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно законската регулатива, работењето и улогата на државните институции и регистри во процесот на воспоставување и следење на обезбедувањето на побарувањата на банките и во процесот на наплата на побарувањата, акцентирање на позитивните страни од работата на овие институции и регистри и нивното влијание на растот на кредитирањето на физички и правни лица од страна на банките, детектирање на недостатоците во работењето и давање

препораки за нивно надминување, давање предлози за формирање на нови регистри кои дополнително би им овозможиле на банките зголемено кредитирање со намален ризик во процесот на обезбедување и наплата на побарувањата.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. Ivanovski, Zoran, Valentina Angelkoska and Zoran Narashanov. 2016. Macedonian tourism insight through the analysis of stocks returns of quoted tourism companies at MSE. *In Proceedings of International Conference SITCON 2016, 30.09.2016, Belgrade, Serbia.*

- *Достапност на трудот:* https://singipedia.singidunum.ac.rs/izdanje/42439-macedonian-tourism-insight-through-the-analysis-of-stocks-returns-of-quoted-tourism-companies-at-mse
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација: G1, G11, G12*

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да се анализираат стапките на принос и движењето на цените на акциите на компаниите од туристичкиот сектор на македонска берза, во услови кога во земјата има високо ниво на инвестициите и пораст на бројот на туристи од странство. Несомнено дека капиталните проекти влијае на зголемување на атрактивноста на нашата држава и за привлекување на странски туристи. Сепак, се поставува прашањето дали таквите промени влијаат позитивно и на резултатите на котираните компании од секторот туризам на македонскиот пазар на капитал, изразени како пораст на цените на нивните акции. На берзата котираат акции на три комапнии од овој сектор (Македонија турист, Интернационал хотелс и Метропол), од кои една во моментот не се тргува. Трудот се фокусира на утврдување на релацијата помеѓу две акции на котирани туристички комапнии со кои се тргува и македонскиот берзански индекс МБИ-10, врз база на временска серија од 52 недели на дневни вредности на акциите.

*Научен придонес на трудот*
Линеарната регресија и корелационата анализа на двете анализирани акции покажува статистичка значајност на нивните приноси за македонска берза. Наспроти тоа, регресионата анализа не потврдува постоење на статистички значјна релација помеѓу MTUR, MPOL и MBI-10. Преку анализата на дневните приноси на акциите на македонската берза не успеавме да ја потврдиме статистички знајната поврзаност помеѓу растот на туризмот во Република Македонија и цените на акциите на туристичките компании во последните две

години. Резултатите од истражувањето даваат информации чии импликации се корисни за планирањето на туризмот во државата, како и за портфолио менаџментот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со вреднувањето на хартиите од вредност.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**в) Научни публикации објавени во домашни научни списанија или домашни конференции**

1. Анѓелкоска, Валентина. 2015. Екстензивното дејство на хипотеката и проблемите во практиката. *Деловно право, Издание за теорија и практика на правото, Година XVI, бр. 33, Октомври 2015, Здружение на правници на РМ, Скопје, Македонија. Пленарно предавање на 73-тата Средба на правници, 15-17.10.2015, Охрид, Македонија.*

- *Достапност на трудот:* http://mla.org.mk/wp-content/uploads/2015/01/Doc4.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,8 а.а.
- *Објавен во:* Списание со национален уредувачки одбор.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1409-8377
- *Проценет придонес на авторот:* 100 %
- *JEL класификација: G21, K11, K25, K15*

*Опис на трудот*
Во овој труд, детално е анализирано екстензивното дејство на хипотеката, законската регулатива во Република Македонија и регионот и проблемите кои настануваат во практиката во правниот систем во Република Македонија. Иако уште во римското право биле познати поимите за главан ствар, припадок и прирасток, а исто така и начелото дека припадокот ја следи судбината на главната ствар, сепак, во денешната практика, постојат низа проблеми поврзани со екстензивното дејство на хипотеките. Регулативата што ја третира во оваа проблематика е опфатена во повеќе закони, кои се детално анализирани во трудот. Анализирани се и голем број на случаи од судската пракса, но и од праксата на извршителите и Агенцијата за катастар на недвижности при реализација, односно извршување врз основа на засновано заложно право - хипотека врз објекти и земјишта  - припадоци и прирастоци. Опфатени се и интересите на банките како најголеми кредитори. На крај на трудот, дадени се низа конкретни насоки за усогласување на регулативата и практиката и координираност во работењето на релевантните институции и органи во државата.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот може да се согледа во неколку сегменти. Прво, направен е концизен преглед на теоријата и правната наука, каде што се прецизно дефинирани поимите за главна ствар, припадок и прирасток, како и начелата кои се применувале во правниот промет со недвижностите, правата врз нив и другите стварни права кои се применувале уште во римското право. Понатаму, даден е преглед на законската регулатива во неколку европски земји, како што се Германија, Шведска, Словенија и Хрватска. Анализирана е регулативата и во другите поранешни југословенски републики, кои поради потеклото од иста држава, разбирливо, имаат слична регулатива како и Македонија. Во следниот дел од трудот, дадена е детална анализа на повеќе закони кои ја третират оваа проблематика: Законот за сопственост и други стварни права, Законот за извршување, Законот за договорен залог, Законот за градежно земјиште, Законот за домување, Законот за денационализација, Законот за бесправно изградени објекти и други. Во анализата, детектирани се клучните причини за неусогласеност на регулативата, од каде што произлегуваат проблемите во праксата, односно при реализацијата (извршувањето) врз основа на засновано заложно право - хипотека врз објекти и земјишта - припадоци и прирастоци. Практичните проблеми се детално сублимирани во следниот дел од трудот, каде што се земени предвид фактичката состојба, проблемите со регулативата, интересите на заложните доверители, праксата на нотарите и извршителите и праксата во судовите. Констатирано е дека постојат различни ставови и различна пракса. Во следниот дел од трудот, акцентот е ставен на различната судска пракса, што е илустрирано преку детална анализа на 15 судски решенија. Во секој од случаите, детектирани се клучните причини кои довеле до различната судска пракса. За споредба, направена е и кратка анализа на судската пракса и во Хрватска. На крај на овој дел, од анализата на богатата судска практика, која ги третира актуелните прашања опфатени во овој труд, се заклучува дека во судската практика преовладува ставот за екстензивноста на хипотеката на сите припадоци и прирастоци на предметот на хипотека (и објект и земјиште), во услови и кога истите се впишани во катастарот на недвижностите, а и кога не се впишани во катастарот на недвижностите, односно се бесправно изградени објекти, при што главно се повикува на одредбите 15, 230 и 231 од Законот за сопственост за екстензивност на хипотеката на припадоците и прирастоци и неделивоста на залогот сè до целосно намирување на паричното побарување на доверителот, како и на членот 196 од Законот за извршување каде извршителот оправдано и потребно врши попис на бесправно изградените делови во случај на постоење катастарски устроени општини, како во спротивен случај. Покрај овие главни заклучоци, кои произлегуваат од судската практика, произлегуваат и други заклучоци, евидентни од објаснетата судска практика, од каде што може да се заклучи дека нема правна основаност и аргументација за произволното и неусогласеното постапување или непостапување на извршителите. Во следниот дел од трудот, анализирани се проблемите кои се појавуваат во Агенцијата за катастар на недвижности и последиците од нив. На крај, во трудот се дадени низа заклучоци дека основните правни прашања и институти треба соодветно законски да бидат регулирани, односно во краен случај да има воедначена практика. Дадени се и препораки и насоки за подобрување и на регулативата и на практиката, со цел да се постигне координираност во работењето на институциите и органите на државата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот научен придонес на авторот во овој труд, кој изнесува 100%, се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно законската регулатива и праксата во врска со екстензивното дејство на хипотеката, дефинирањето на теоретските поими и начела, компаративната анализа со регулативата во другите држави во Европа и регионот, детектирање на релевантната законската регулатива во Македонија и нејзините недостатоци кои предизвикуваат проблеми во реализацијата на извршувањето на хипотеките, анализа на различни судски практики, идентификација на различни ставови и делување кај извршителите и во Агенцијата за катастар на недвижности, изведување на заклучоци и давање на насоки и предлози за подобрување на регулативата и практиката.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**2.2.5. Други активности во научната дејност**

**2.2.5.1. После избор во звање доцент**

**1. Уредник на научното списание „Деловно право“ – Списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението на правници на РМ и рецензент на трудовите објавени во научното списание „Деловно право“**

Во периодот од февруари 2017 до мај 2018, како претседател на Здружението за правници на РМ, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била уредник на научното списание „Деловно право“ - списание за теорија и практика на правото, издание на Здружението за правници на РМ, кое ужива високо реноме и постигнува голема читаност и влијание. Ова научно списание излегува два пати годишно со тираж од 300 примероци и вообичаено содржи 10 научни труда од врвни теоретичари и практичари во правната област. Трудовите кои се објавуваат во научното списание „Деловно право“ се дел од рефератите изложени на Средбите на правниците.
Во наведениот период, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била главен уредник на следните броеви од научното списание „Деловно право“ - списание за теорија и практика на правото:
- Деловно право (Business Law) бр. 36, год. XVIII, мај 2017
- Деловно право (Business Law) бр. 37, год. XVIII, ноември 2017
- Деловно право (Business Law) бр. 38, год. XIX, мај 2018

Како главен уредник научното списание „Деловно право“, доц. д-р Валентина Анѓелкоска ја креирала содржината на списанието, иницирала и давала предлози за теми на трудовите, обезбедувала квалитетни трудови од врвни предавачи од Македонија, но и од странство, ги селектирала рефератите од соодветните Средби на правниците, вршела рецензија на трудовите пред нивното објавување во списанито, се грижела за навремено објавување на списанието итн.
Во овој период, доц. д-р Валентина Анѓелкоска рецензирала 30 трудови објавени во трите броја на „Деловно право“ наведени погоре.

## 2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат нејзината повеќегодишна активна научна дејност и ја афирмираат д-р Валентина Анѓелкоска како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, опфаќа 15 научни трудови, од кои 7 се објавени пред изборот во звање доцент, а 8 после изборот во звање доцент. Покрај магистерскиот труд и докторската дистертација, во категоријата „Референтни научни публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор", кандидатот има објавено 1 труд после изборот во звање доцент. Во категоријата „Референтни научни публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири", кандидатот има објавено вкупно 9 научни труда (3 труда пред изборот и 6 труда после изборот во звање доцент). Во категоријата „Научни публикации објавени во домашни научни списанија или домашни конференции", кандидатот има објавено вкупно 3 научни труда (2 труда пред изборот и 1 труд после изборот во звање доцент).

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, од областа Банкарство (50321), Финансии (50326), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329).

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на банкарството, меѓународна економија и друго, за која се предлага во наставно-научно звање, како и во други области од економијата и правото. Доц. д-р Валентина Анѓелкоска успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на банкарство, меѓународна економија, деловно и стопанско право, и друго.

Доц. д-р Валентина Анѓелкоска поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека. д-р Валентина Анѓелкоска е квалификувана со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на банкарство, меѓународна економија, деловно и стопанско право и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува,

дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***8 години активна во научно-истражувачката работа;***
- Изработила и одбранила ***докторска дисертација***;
- Објавила вкупно ***1 труд*** во категоријата „Референтни научни публикации објавени во **научно списание** во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има **меѓународен уредувачки одбор**" (после изборот во звање доцент).
- Објавила вкупно **9 научни труда** во категоријата „Референтни научни публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на **меѓународни академски собири**" (3 труда пред изборот и 6 труда после изборот во звање доцент).
- Објавила вкупно **3 научни труда** во категоријата „Научни публикации објавени во **домашни научни списанија** или домашни конференции" (2 труда пред изборот и 1 труд после изборот во звање доцент).
- Била **главен уредник на три броја** од домашно научно списание.
- **Рецензирала 30 научни трудови** објавени во домашно научно списание.
- Научни трудови објавува на **англиски јазик** (7), и на **македонски јазик** (6);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки;
- Активно учествувала со свои трудови на вкупно 7 меѓународни научни конференции (2 одржани во странство и 5 одржани во земјата) и 3 домашни научни конференции, со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на научната мисла и практика во соодветните области.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на доц. д-р Валентина Анѓелкоска по својот опсег, квалитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат економската наука, а особено областа на банкарство, меѓународна економија, деловно и стопанско право и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејзините научни трудови и научен придонес ја афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на економија, област на банкарство, меѓународна економија, деловно и стопанско право и друго.
Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатт ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска во целост е квалификувана за избор во наставно-научно звање вонреден професор за

научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Банкарство (50321), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329), во согласност со условите дефинирани во Член 166 Став 2 од Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018).

## 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 3.1. Наставна дејност

Кандидатот, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, со процесот на спроведена постапка за избор во академско звање, а во согласност со одредбите на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во јануари 2014 година е избрана за насловен доцент на Економскиот Факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (21.01.2014 година, со број на одлука 02-4/1 од 21.01.2014 – на седница на Наставно-научниот совет на Економскиот Факултет, Конкурс објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 7-9.12.2013 год.).

- *Настава на првиот циклус на студии*

Кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје е ангажирана во наставата на првиот циклус на студии на следните предмети:
1. Банкарско работење
2. Меѓународна економија
3. Финансиски систем и фискална економија

- *Настава на вториот циклус на студии*

Кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје е ангажиран во наставата на вториот циклус на студии на следните предмети:
1. Фискален систем на Европска Унија
2. Меѓународна политика на кредитирање
3. Кредитна политика
4. Финансиска теорија и политика

Во рамките на наставно-научната дејност, кандидатот бил активно инволвиран во работа со студентите (предавања и консултации, изработка на семинарски трудови и есеи и останати дополнителни активности поврзани како за наставно-научниот процес на студентите).

Доц. д-р Валентина Анѓелкоска била ментор на 15 дипломски трудови и 5 магистерски работи. Исто така, била член на комисии за одбрана на повеќе од 30 магистерски трудови. Била член на комисии за одбрана на повеќе од 50 дипломски трудови. Покрај на Универзитетот за туризам и менџмент, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била член на комисии за одбрана 5 магистерски трудови на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии.

На помладите наставници и соработници им помага во наставно научниот развој. Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано на студентите им изложува примери од своето практичното искуство, наставните активности се поврзуваат со изведување практична работа, посета на компании и поканети предавачи од компании.
Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите и висока, позитивна оценка од студентската самоевалуација спроведена на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје во 2018 година. По предметот „Меѓународна економија“ е оценета со оценка 4,62.
Во однос на образовната дејност, целовремено активно учествувал во наставните тимови на предметите од областа на економијата. Совесно и квалитетно ги извршувал своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, подобрување на материјалите за учење, консултации со студентите за дипломски, семинарски и стручни трудови, како и подготовка и спроведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети.
Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми. Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувала во комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови, како и ментор на кандидати во изработка на магистерски трудови, како што е наведено погоре.

**3.2. Оценка од самоевалуација**

Во 2018 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Според анализата на резултатите, доц. д-р Валентина Анѓелкоска бил позитивно оценета од самоевалуацијата по предметот „Меѓународна економија“ е оценета со оценка 4,62.

**3.3. Оценка на севкупната наставна дејност**

Во рамки на наставната активност, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.
Во рамките на наставно-научната дејност, кандидатот бил активно инволвиран во работа со студентите (предавања и консултации, изработка на семинарски трудови и есеи и останати дополнителни активности поврзани како за наставно-научниот процес на студентите). Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Доц. д-р Валентина Анѓелкоска била ментор на 15 дипломски трудови и 5 магистерски работи. Исто така, била член на комисии за одбрана на повеќе од 30 магистерски трудови. Била член на комисии за одбрана на повеќе од 50 дипломски трудови. Покрај на Универзитетот за туризам и менџмент, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била член на комисии за одбрана 5 магистерски трудови на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии. На помладите наставници и соработници им помага во наставно научниот развој. Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со изведување на практичната настава.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите и висока позитивна оценка од студентската самоевалуација спроведена на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје во 2018 година. По предметот „Меѓународна економија“ е оценет со оценка 4,62.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Економскиот Факултет, особено по предметите Банкарство, Меѓународна економија, Фискален систем на ЕУ и Политика на кредитирање.

Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на економијата, банкарството, менаџментот и правото и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 4.1. Активности од стручната дејност на кандидатот

Кандидатот, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, како насловен доцент, потоа и како доцент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и како претседател на Здружението на правници на РМ, остварила обемна стручна дејност:

- Главен уредник на стручното списание „Правник“, издание на Здружението на правници на РМ;
- Рецензент на стручните трудови кои се објавуваат во стручното списание „Правник“;
- Рецензент на прилозите кои се објавуваат во стручното списание „Правник“;
- Организатор и претседавач на Средбите на правници, организирани од Здружението на правници на РМ;
- Рецензент на рефератите презентирани на Средбите на правници;

- Организатор на еднодневни стручни советувања, организирани од Здружението на правници на РМ;
- Учество во проект на Здружението на правници на РМ со наслов „Создаваме заедно: Мониторинг и застапување за заедницата”;
- Учество на повеќе од 20 стручни собири, конференции, семинари и советувања од областа на економијата и правото во земјата и странство;
- Учество во повеќе работни групи во различни министерства за носење на предлог закони и дополнувања на закони од областа на банкарското работење (Закон за извршување, Закон за договорен залог, Закон за стечај, Закон за задолжница, Закон за платен промет, Закон за парнична постапка, Закон за банки, Закон за процена и други);
- Член на Правната комисија на Здружението на банките при Стопанска комора во Скопје;
- Член на Управниот одбор на Здружението на правници на Република Македонија;
- Претседател на Здружението на правници на Република Македонија, Претседател на Управниот одбор и Претседател на Собранието на Здружението;
- Член на Државна комисија за клучни бизнис корисници во Република Македонија на катастарски услуги во Стопанската комора.

### 4.1.1 Главен уредник на стручното списание „Правник“, издание на Здружението на правници на РМ, рецензент на стручните трудови и рецензент на прилозите од списанието

Во периодот од февруари 2017 до мај 2018, како претседател на Здружението за правници на РМ, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била уредник на стручното списание „Правник“, издание на Здружението за правници на РМ, кое ужива високо реноме и постигнува голема читаност и влијание. Ова стручно списание излегува еднаш месечно со тираж од 800 примероци и вообичаено содржи 5-6 стручни труда од истакнати теоретичари и практичари во правната област, а има и повеќе редовни прилози: Домашна судска пракса, Странска судска пракса, Специјален прилог и др.

Во наведениот период, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била главен уредник на следните броеви од стручното списание „Правник“:

- Правник бр. 298, февруари 2017
- Правник бр. 299, март 2017
- Правник бр. 300, април 2017
- Правник бр. 301, мај 2017
- Правник бр. 302, јуни 2017
- Правник бр. 303-304, јули-август 2017
- Правник бр. 305, септември 2017
- Правник бр. 306, октомври 2017
- Правник бр. 307, ноември 2017
- Правник бр. 308, декември 2017
- Правник бр. 309, јануари 2018
- Правник бр. 310, февруари 2018
- Правник бр. 311, март 2018

- Правник бр. 312, април 2018
- Правник бр. 313, мај 2018

Како главен уредник на „Правник“, доц. д-р Валентина Анѓелкоска ја креирала и уредувала содржината на списанието, обезбедувала квалитетни трудови од реномирани автори, иницирала и давала предлози за теми кои се обработени во трудовите во списанието, вршела рецензија на трудовите пред нивното објавување, го организирала редовното издавање на списанието итн. Слично како и за стручните трудови, обезбедувала квалитетни содржини и на прилзите во списанието од реномирани автори, иницирала и давала предлози за теми кои се обработени во прилозите во списанието, вршела рецензија на прилозите пред нивното објавување итн.
Во овој период, доц. д-р Валентина Анѓелкоска рецензирала повеќе од 75 стручни трудови и повеќе од 45 прилози објавени во „Правник“.

### 4.1.2 Организатор и претседавач на Средбите на правници, организирани од Здружението на правници на РМ и рецензент на рефератите презентирани на Средбите на правници

Во периодот од февруари 2017 до мај 2018, како претседател на Здружението за правници на РМ, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била главен организатор и претседавач на Средбите на правниците, во организација на Здружението за правници на РМ, кои уживаат високо реноме и посетеност од повеќе од 200 учесници. Средбите се одржуваат два пати годишно во Охрид или Струга. На Средбите на правниците, вообичаено се изложуваат по 12 обемни реферати од врвни теоретичари и практичари од правната област, распоредени во три дена и проследени со голема заинтересираност и плодни дискусии од учесниците.
Во наведениот период, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била главен организатор и претседавач на следните три Средби на правници:

- 76-та Средба на правници, Охрид, 4-6 мај 2017
- 77-ма Средба на правници, Струга, 2-4 ноември 2017
- 78-ма Средба на правници, Охрид, 10-12 мај 2018

Како главен главен организатор и претседавач на Средбите на правници, доц. д-р Валентина Анѓелкоска ја креирала агендата на средбите, обезбедувала квалитетни реферати од врвни предавачи од Македонија, но и од странство, иницирала и давала предлози за теми кои се обработени во рефератите на Средбите, вршела рецензија на рефератите пред нивното излагање, вршела успешна промоција на Средбите и обезбедила значително зголемување на бројот на присутни учесници, го организирала редовното издавање на конференциските материјали, управувала со тимот за организација на Средбите итн.
Во овој период, доц. д-р Валентина Анѓелкоска рецензирала повеќе од 35 реферати изложени на трите Средби на правници наведени погоре.

### 4.1.3 Организатор на еднодневни стручни советувања, организирани од Здружението на правници на РМ

Во периодот од февруари 2017 до мај 2018, како претседател на Здружението за правници на РМ, доц. д-р Валентина Анѓелкоска била главен организатор на две еднодневни советувања, во организација на Здружението за правници на РМ, кои исто така уживаат високо реноме и посетеност од повеќе од 60 учесници. Советувањата се одржуваат два пати годишно во Скопје. На советувањата кои се наменски организирани на една тема, вообичаено се изложуваат по 3-4 реферати од врвни теоретичари и практичари од правната област, распоредени во еден ден и проследени со голема заинтересираност и плодни дискусии од учесниците.
Како главен главен организатор на еднодневните советувања, доц. д-р Валентина Анѓелкоска ја креирала агендата на советувањата, обезбедувала квалитетни реферати од врвни предавачи од Македонија, но и од странство, иницирала и давала предлози за темата на Советувањата, вршела рецензија на рефератите пред нивното излагање, вршела успешна промоција на советувањата, управувала со тимот за организација на советувањата итн.
Во овој период, доц. д-р Валентина Анѓелкоска рецензирала 6 реферати изложени на двете организирани Советувања.

### 4.1.4 Учество во проект со наслов „Создаваме заедно: Мониторинг и застапување за заедницата"

Кандидатот, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, учествувала во проектот со наслов: "Создаваме заедно: Мониторинг и застапување за заедницата".
Фондацијата Конрад Аденауер, во партнерство со Здружение на правници на Р. Македонија и невладината организација АТИНА од Р. Србија го иницираа и го реализираа проектот „Создаваме заедно: Мониторинг и застапување за заедницата", кој е финансиран и подржан од страна на Европска Унија.
Главната цел на проектот е да се подобри позицијата на бегалците и останатите мигранти, особено деца и жени во локалните општини во Р. Македонија и Р. Србија. За време на траењето на проектот Фондацијата Конрад Аденауер, Здружението на правници на Р. Македонија и невладината организација АТИНА од Р. Србија, развија механизми за учество во заедницата за континуирано следење и застапување за спроведување на ефективни политики за интеграција, заштита и услуги за мигранти, особено жени и деца.
Очекуваните резултати од проектот беа: Мрежите за локален мониторинг и застапување да се обучат за следење на локалните политики и практики на заштита во однос на интеграцијата на мигрантите; локални политики и услуги за мигранти, особено жени и деца, да бидат подобрени како и слични иницијативи од страна на здруженија и институции да се имплементираат во Р. Македонија, Р. Србија и во регионот.
Покрај тоа, во рамките на проекот, беа креирани три локални мрежи за унапредување на политиките и услугите на мигрантите почнувајќи од јуни 2017 година. Мрежите функционираат во Скопје, Гевгелија и Куманово и се составени од претставници од граѓански организации, државни институции, центри за социјална работа, локални општини, како и поединци и неформални групи кои работат на полето на спроведувањето на политиките и обезбедувањето на услуги за мигранти на локално ниво.
Главната задача на тиот од Здружениото на правниците беше следење на локалните политики и практики во трите општини. Проектот вклучи и студиска посета во Германија во три градови, Есен, Дортмунд и Берлин и производство

на два документарни филма за подигнување на јавната свест. Направени се и активности за споделување на најдобрите практики од проектот. Проектот е имплементиран во периодот јануари 2017 - декември 2018 година.
Како Претседател на Здружението на правници на РМ, еден од партнерите на проектот, кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска учествувала во тимот за управување со проектот.

### 4.1.5 Други активности од стручната дејност

Со својата стручна работа, доц. д-р Валентина Анѓелкоска дава придонес во подобрување на квалитетот на работа во високото образование, како и севкупниот развој на економијата и правото во Република Македонија. Тоа се гледа од нејзиното учество во стручни и научни тела, како и учеството на домашни и меѓународни конференции.
Доц. д-р Валентина Анѓелкоска е член на Здружението на правници од 1998 година, член на Управниот одбор на Здружението од 2014 година и негов претседател од февруари 2017 до мај 2018 година.
Стручната дејност на доц. д-р Валентина Анѓелкоска се согледува во нејзиното работење во банкарскиот сектор, пишување, објавување и рецензирање на стручни трудови од областа на економијата, граѓанското, финансиското, деловното и стопанското право, но исто така и од менаџментот и организациските науки. Своето искуство од деловниот сектор го пренесува и како предавач на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Пораките кои ги испраќа на предавањата, на многу суптилен начин ги упатува слушателите на размислување како треба да се применуваат ефективно стратегиите за создавање на успешен економист и правник, како и подобар развој на образованието и економијата и правото воопшто.
Доц. д-р Валентина Анѓелкоска учествувала на повеќе од 20 стручни собири, конференции, семинари и советувања од областа на економијата и правото во земјата и странство. Таа учествувала во повеќе работни групи во различни министерства и со свои мислења и предлози влијае во носењето на предлог закони и дополнувања на закони од областа на банкарското работење (Закон за извршување, Закон за договорен залог, Закон за стечај, Закон за задолжница, Закон за платен промет, Закон за парнична постапка, Закон за банки, Закон за процена и други). Доц. д-р Валентина Анѓелкоска била активен член на:

- Правната комисија на Здружението на банките при Стопанска комора во Скопје;
- Управниот одбор на Здружението на правници на Република Македонија;
- Државна комисија за клучни бизнис корисници во Република Македонија на катастарски услуги во Стопанската комора.

Наведените факти ја заокружуваат сликата за кандидатот како активна и стручно определена личност, која мошне успешно своето знаење го пренесува на пошироката стручна јавност од областа на образованието, банкарството и правото. Како стручна и општествено одговорна личност, доц. д-р Валентина Анѓелкоска, со своите активности го поттикнува пошироко стручно опкружување на усовршување и следење на современите трендови во наведените области како едни од најважните економски дејности во државата.

### 4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, доц. д-р Валентина Ангелкоска, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, уредувањето на стручно списание, организирање на конференции и советувања, рецензии на голем број стручни трудови, учество на проекти, учество во бројни комисии и тела, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на современите трендови во банкарството, економијата, правото и управувањето заради унапредување на делувањето на современите организации.

Во своите стручни активности, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на економијата, правото и менаџментот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на неговиот интерес (економија, банкарство, право, менаџмент, лидерство), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот економски развој на државата и успешното менаџирање со организациите и институциите.

## 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на доц. д-р Валентина Анѓелкоска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 166 став 2 од Законот за високото образование на Република Македонија за услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

1. Кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** има објавени седум рецензирани научни труда кои се од соодветната област во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот за избор. Покрај нив, има објавено и уште еден труд во домашно научно списание.
3. Кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** била претходно избрано во наставно-научно звање доцент.
4. Кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** има способност за изведување на високообразовна дејност има позитивна оценка од самоевалуација.
5. Кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
6. Кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
7. Кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** бил ментор на 15 дипломски работи и 5 магистерски трудови, а член на комисија за

одбрана на повеќе од 30 магистерски трудови и член на комисии за одбрана на повеќе од 50 дипломски трудови на Универзитетот за туризам и менаџмент. Била член на комисија за одбрана на 5 магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје“.

8. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
9. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да заклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
10. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на економските дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Економскиот Факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје,** кандидатот **доц. д-р Валентина Анѓелкоска** да го избере во наставно-научно звање **вонреден професор** *во научно-истражувачкото подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Банкарство (50321), Меѓународна економија (50309) и Друго (50329), на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.*

**Рецензентска комисија:**

1. **Проф д-р Љубе Трпески, редовен професор во пензија, претседател Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**
2. **Проф. д-р Јулијана Ангеловска, вонреден професор, член Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, с.р.**
3. **Проф д-р Зоран Јолевски, вонреден професор, член, Економски Факултет, Европски универзитет во Скопје, с.р.**

**Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови и активности на кандидатот доц. д-р Валентина Анѓелкоска**

| **Вид на трудот** | **Пред избор во звање** | **После избор во звање** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **НАУЧНИ ТРУДОВИ** | | | |
| 1. Референтни научни публикации објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор | | 1 | 1 |
| 2. Референтни научни публикации објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири меѓународни - научни конференции | 3 | 6 | 9 |
| 3. Научни публикации објавени во домашни научни списанија или домашни конференции | 2 | 1 | 3 |
| 4. Магистерски труд и докторска дисертација | 2 | | 2 |
| **ВКУПНО ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ** | **7** | **8** | **15** |
| 4. Рецензии на научни трудови | | 30 | 30 |
| **ВКУПНО ОБЈАВЕНИ И РЕЦЕНЗИРАНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ** | **7** | **38** | **45** |
| | | | |
| **СТРУЧНИ ТРУДОВИ** | | | |
| 1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | 1 | | 1 |
| 2. Проекти | | 1 | 1 |
| 3. Рецензии на стручни трудови | | 120 | 120 |
| **ВКУПНО ОБЈАВЕНИ И РЕЦЕНЗИРАНИ СТРУЧНИ ТРУДОВИ И ПРОЕКТИ** | **1** | **121** | **122** |
| | | | |
| **ВКУПНО ОБЈАВЕНИ И РЕЦЕНЗИРАНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ И ПРОЕКТИ** | **8** | **159** | **167** |
| | | | |
| **ДРУГО** | | | |
| Главен уредник на број на научно списание | | 3 | 3 |
| Главен уредник на број на стручно списание | | 15 | 15 |
| Организатор на научни и стручни собири | | 5 | 5 |
| **ВКУПНО** | | **23** | **23** |

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА**

**д-р ВАЛЕНТИНА МУЦУНСКА ПАЛЕВСКА**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

**ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ МЕНАЏМЕНТ, ОБЛАСТ ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ (50613) И ДРУГО (50624) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

1. **Проф. д-р Александра Стоилковска, редовен професор**, претседател Декан на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Македонија
2. **Проф. д-р Виолета Миленковска, редовен професор,** член Факултетот за менаџмент на човечки ресурси,Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Република Македонија
3. **Проф. д-р Константин Петковски, редовен професор,** член Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Технички факултет

| | |
|---|---|
| | **До Наставно-научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент** на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Македонија |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Валентина Муцунска Палевска**, доктор, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Менаџмент, област Односи со јавноста, 50613 Деловно комуницирање и 50624 Друго.

Врз основа на член 112 став 1 алинеја 7 и член 171, 172 и 173 од Законот за високото образование (82/2018),„ Наставно-научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на седницата одржана на 27.02.2019 година, донесе одлука (бр. 16-4/3 од 27.02.2019) за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно истражувачко поле Менаџмент, област Односи со јавноста, 50613

Деловно комуницирање и 50624 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На истата седница, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за
научно истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Менаџмент,
област Односи со јавноста, 50613 Деловно комуницирање и 50624 Друго, на Универзитетот за
туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. **Проф. д-р Александра Стоилковска, редовен професор**, претседател
Декан на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Македонија
2. **Проф. д-р Виолета Миленковска, редовен професор,** член
Факултетот за менаџмент на човечки ресурси,Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Република Македонија
3. **Проф. д-р Константин Петковски, редовен професор,** член
Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, Технички факултет

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Менаџмент, област Односи со јавноста, 50613 Деловно комуницирање и 50624 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:

- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 16-17-ти февруари 2019 година;

- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Валентина Муцунска Палевска, доцент, вработена на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и

- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот, Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

## И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Валентина Муцунска Палевска, доктор, на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
2. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – вонреден професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) *(Прилог 3),* како и
4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во вонреден професор *(Прилог 4),*
5. Потврда за учество во научно-истаржувачки пркет *(Прилог 5),*
6. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6),*
7. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање доцент во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Менаџмент, област Односи со јавноста, Деловно комуницирање (50613) и Друго (50624) *(Прилог 7),*
8. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање доцент *(Прилог 8).*

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Валентина Муцунска Палевска

Кандидатот, доц. д-р Валентина Муцунска Палевска е родена на 09.12.1965 во Штип. Во Берово завршила основно и средно образование со одличен успех во сите одделенија и класови. Во академската 1984 година се запишува на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, група Историја на книжевностите на народите на СФРЈ, а дипломирала на 13.02. 1989 година со просек 7,97. Последипломски студии по Менаџмент во образованието запишува во 2007 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” на Филозофскиот факултет-Институт за педагогија во Скопје, на тема „Улогата на директорот во олеснувањето на процесот на подобрување на работата на училиштето” под менторство на д-р Трајан Гоцевски, каде ги положува сите испити со средна оценка 9.42, при што пред Комисијата во состав: д-р Трајан Гоцевски, д-р Зоран Велковски, д-р Наташа Ангелоска, на 10.11.2009 година успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов „Улогата на директорот во олеснувањето на процесот на подобрување на работата на училиштето“ и се стекнува со звање магистер по менаџмент во образованието. Во 2010 година се запишува на докторски студии на Универзитетот „МЕГАТРЕНД” во Белград, на Факултетот за култура и

медиуми, со избор на тема за докторатот под наслов „Видови етичка самоевалуација во односите со јавноста" под менторство на проф. д-р. Миливоје Павловиќ. Докторатот успешно го одбранила на 14.07.2011 година пред Комисијата во состав: д-р Миливоје Павловиќ, д-р Смиља Ракас, д-р Јасна Јаниќијевиќ, при што се стекнала со називот доктор по комуниколошки науки.

За време на магистерските студии работи како директор во средното училиште на град Скопје „Горги Димитров" во Скопје, се до 2009 година кога се вработува како асистент на Универзитетот за туризам и менаџмент-Скопје.

Кандидатката одлично ги владее и активно ги користи англискиот јазик. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, Access, PowerPoint и Интернет.

Од 2009 ангажирана е како асистент по група на предмети од областа на менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Периодот од 2009 - 2011 е асистент, а во 2011 година е избрана како доцент по група на предмети од областа на односи со јавноста. Во 2012 година е избрана за декан на Факултетот за односи со јавноста на Универзитетот за туризам и менаџмент-Скопје. Функцијата декан ја извршува до 2015 година.

Од 2015 година е ангажирана на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент по група на предмети од областа на односи со јавноста и маркетинг.

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:
2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,
2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и
2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

### 2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Валентина Муцунска Палевска на 09.12.2009 година е избрана во соработничко звање асистент на Факултетот за односи со јавноста во состав на Универзитеттот за туризам и менаџмент во Скопје - Република Македонија (со одлука бр. 02-558/1 од 09.12.2009) (*Прилог1*).

Во 2011 година е избрана како доцент по група на предмети од областа на односи со јавноста. Во 2012 година е избрана за декан на Факултетот за односи со јавноста на Универзитетот за туризам и менаџмент-Скопје. Функцијата декан ја извршува до 2015 година.

Во 2015 година е ангажирана на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент по група на предмети од областа на односи со јавноста и маркетинг.

## 2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Валентина Муцунска Палевска во нејзината научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишала докторска дисертација и објавила 3 со меѓународно призната рецензија, 6 научни трудови во зборници од меѓународни и домашни научни конференции и 3 книги, книга за трета година средно образование девет поглавја, книга за втора година средно образование 10 поглавја и книга за високо образование едно поглавје во книга.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисетација

2.2.2. Објавени научни трудови

2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

2.2.4. Учество во научни проекти

### 2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема: „Видови етичка самоевалуација во односите со јавноста” кандидатот ја одбранил на 14.07.2011 година на Факултетот за култура и медиуми во Белград, универзитет „ Мегатренд” во Белград, пред комисија во состав: проф. д-р Миливоје Павловиќ, претседател (Факултетот за култура и медиуми во Белград), проф. д-р Смиља Ракас, член (редовен професор на Факултетот за деловни студии во Белград), проф. д-р Јасна Јаниќијевиќ, член (редовен професор на Филолошки факултет во Белград), проф. д-р Миливоје Павловиќ, ментор и член (редовен професор на Факултетот за култура и медиуми во Белград).

Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнала со академски степен доктор на комуниколошки науки (PhD).

Докторската дисертација на кандидатот д-р Валентина Муцунска Палевска претставува прво посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на односите со јавноста и видовите на етичка самоевалуација во односите со јавноста, со посебен осврт на улогата, значењето, примената и потребата од етичка самоевалуација на односите со јавноста во Република Македонија и Република Србија. Докторската дисертација содржи вкупно 206 страници, од кои 2 страници отпаѓаат на вовед, 6 страници на заклучок, 6 страници на користена литература (117 библиографски единици) и 14 страници на прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилози, е структуирана во десет глави, логично систематизирани.

Во *воведот* е објаснета актуелноста на проблематиката на видови етичка самоевалуација во односите со јавноста, определен е предметот и целта на истражувањето, утврдени се резултатите и научниот придонес, и поставена е методологијата на истражувањето

Во *првата глава* со наслов Методолошко-хипотетска рамка на истражувањњето се прикажуваат предметот , целите и задачите, научно - истражувачката методологија и прегледот на досегашните истражувања кои се обавени во доменот на оваа проблематика.

Во *втората глава* со наслов Концептот на односите со јавноста кандидатот го објаснува општиот концепт на односите со јавноста, при што се задржува на четири детерминирачки прашања: што означува концептот на односите со јавноста, која е целта на воспоставување на комуникација меѓу субјектите инволвирани во процесот, етичките аспекти на односите со јавноста и процесот на самоевалуација на односите со јавноста. Потоа е даден дијахрониски пресек на почетоците и развојот на односите со јавноста со потенцирање на нивната појава уште од најстарите, древни времиња, па се до средината на 20-от век кога стануваат базична стратегија за успех на компаниите. Во тој контекст се наведуваат ефективните дефиниции на односите со јавноста, проследени со коментар за динстинкцијата од почетокот на практикувањето на оваа професија кога се воспоставувала еднонасочна комуникација на релација компанија-јавност, па се до промената на парадигмата во процесот на практикувањето на односите со јавноста со воспоставување на двонасочна ефективна комуникација на релација компанија-јавност. Како професија, односите со јавноста, се толкувани и од аспект на менаџерска пирамидална хиерархија во која има три нивоа на професионалци за односи со јавноста кои извршуваат различни задачи. Потоа е толкувана разликата на односите со јавноста во однос на маркетингот како управувачка функција и другите функции на управување. Во таа насока е направена динстинкција помеѓу односите со јавноста, маркетингот и новинарството од аспект на разлики и допирни точки. Современите услови на деловното функционирање генерираат потреба од интегриран пристап во комуницирањето кој придонесува за креирање на нова научна дисциплина која ги интегрира сите аспекти на комуницирањето, позната како Интегрирани маркетинг комуникации. Интегрираниот концепт 4C ја потенцира неопходноста од креирање на т.н. едногласна маркетиншка комуникација која е фокусирана на задоволување на потребите, очекувањата и ставовите на клиентите. Особено е нагласена потребата од креирање на ефективна вербална и визуелна порака која ќе допре до разумот, но и до срцата на стејкхолдерите и ќе придонесе за донесување на одлука во врска со декодираната информација. На крајот од ова поглавје се наведени карактеристиките на современите односи со јавноста каде се дава пресек на теориското и практичната примена на односите со јавноста како одделна професија која придонесува за креирање и одржување на корпоративниот кредибилитет и имиџ, градење на партнерски односи со компанијата.

Во *третата глава* со наслов Односите со јавноста и комуникациските системи кандидатот ја обработува поврзаноста на односите со јавноста и комуникациските системи, при што се почнува со објаснување на функцијата на елементите на комуникацискиот процес во контекс на креирањето на пораката, медиумот преку кој се пренесува, бариерите кои можат да се јават, проблемот на декодирање на пораката од страна на рецепиентот на индивидуално, корпорациско и масовно комуницирање со јавноста. Во тој контекст се наведуваат техниките на креирање на квалитетна порака и улогата на вербалната и невербалната комуникација. Потоа се толкува функционирањето на комуникациските системи кои ги собираат, обработуваат, анализираат, складираат информациите, а потоа ги пренесуваат до таргетираната јавност. Јавноста функционира во т.н. затворени или отворени системи. Во затворените системи ентропијата е на високо ниво што значи дека информациите се губат и не стигнуваат до целта. За таа цел од особено значење е ефективна примена на принципите од кибернетиката и информатиката. Во понатамошниот текст се

објаснуваат моделите на отворени системи во односите со јавноста кои се фокусирани на креирање и дистрибуција на информации со цел менување на мислењата, ставовите и потребите на јавноста и на компанијата. Кибернетичкиот пристап во односите со јавноста го објаснува функционирањето на односите со јавноста како сложен систем кој ја користи саморегулацијата во промените на комплексни системи. За практикување на тој принцип потребно е да се знае содржината на комуникацискиот код, истата да се сфаќа како динамичен процес изграден од семантичко-семиолошки знаци. Значењето и матерјализацијата на информацијата се најбитни одредници во комуникацискиот процес во односите со јавноста. Тоа особено се однесува на користење на денотативното, наспрема конотативното значење на зборовите во креирањето на информациите со цел елеминирање на можноста за зјакнување на стереотипите. За надминување на можните грешки во градењето на партнерските односи со јавноста менаџерите треба да креираат програми за комуникација во кои се дефинирани квалитетни комуникациски стратегии во кои целосно е елиминирана можноста за редундантни појави. За таа цел е потребно познавање на спецификите на јавноста и јавното мислење, посебно познавање на стратешката јавност. Во формирањето на мислењата, ставовите и потребите на стратешката јавност големо влијание имаат масовните медиуми што претставува проблем во однос на селективниот приод и идентификување на објективните информации кои ги нудат масовните медиуми. Поради тоа задача на професионалците за односи со јавноста е перманентно следење на реакциите на стратешката јавност во однос на објективно, навремено и целосно информирање.

Во *четвртата глава* со наслов Етички аспекти на односите со јавноста кандидатот ги проучува етичките аспекти на односите со јавноста. Во почетокот на ова поглавје авторот ги дефинира поимите етика и морал, потоа дава дијахрониски преглед на нивната појава, промени низ времето и современите состојби во контекст на односите со јавноста. Акцентот го става на поврзаноста на етиката, моралот и општеството, одговорноста во етичкиот систем, корелацијата помеѓу законските и етичките норми, етичките основи на професионализмот. Во таа насока, авторот го наведува значењето на етичкиот професионализам во односите со јавноста, потенцирајќи ги следниве карактеристики: односите со јавноста ја подобруваат професионалната пракса со тоа што го кодификуваат етичкото однесување, односоте со јавноста го подобруваат однесувањето на организацијата со тоа што ја потенцираат потребата активностите на организацијата да бидат одобрени и прифатени од јавноста, односите со јавноста му служат на јавниот интерес со тоа што овозможува релевантните мислења да можат да бидат презентирани на формуи и да бидат јасни, односите со јавноста ги спречуваат дезинформациите и недоразбирањата, односите со јавноста ја исполнуваат својата општествена одговорност со заложби за општа добросостојба на заедницата.

Во *петата глава* со наслов Генеза на видовите на етичка самоевалуација е обработена генезата на видовите на етичка самоевалуација во врска со промовирањето на организациите како општествено одговорни со примена на етичка саморегулација. Формирањето на ставовите за општествена одговорност преку промоција на корпоративниот имиџ и учество во животот на општествената заедница со поддршка на одредени проекти кои се од витално значење за функционирање на заедницата. Корпоративната одговорност во современата општествена заедница подразбира нагласено етичко однесување на менаџерите и вработените кои дизајнираат едтички кодекс. Но, постоењето на

корпоративен етрички кодекс не подразбира и негова примена па затоа во докторската дисертација се даваат препораки за примена на етичките кодекси. Во тој контекс се анализира работата на медиумите и новинарите и примената на етичкиот кодекс во нивната работа. Особено тоа се однесува на презентирање на објективни информации кои допринесуваат за решавање на општествените проблеми и конфликти. Тоа е во корелација со критичкото морално размислување кое опфаќа дефинирање на ситуацијата според етичките начела, анализа на ситуацијата и донесување на етички суд. Квалитетното морално расудување бара разбирање на концептот на етичката ситуација и филизофските теории на моралот. Понатаму се толкувани синтагмите за дефинирање на етичката ситуација, анализа на етичката ситуација и донесувањето на етички одлуки. При тоа е анализирана теоријата на Аристотел за златна средина, вистината како базична етичка вредност, значењето на етичката вистина, стандардите на етичката вистина, вистината во односите со јавноста, прашањето на интелектуалната искреност.

Во *шестата глава* со наслов Предизвиците на информатичкото општество кандидатот дава информации за предизвиците на информатичкото општество во работењето на професионалците за односи со јавноста. Предмет на интерес е анализа на конвергенцијата на комуникациските медиуми и новите технологии кои револуционерно го променија функционирањето на бизнис заедниците. Тоа посебно доаѓа до израз во интензивниот проток на информации прку електронските медиуми кои на конзументот му нудат достапност и можност за избор. Оттука и промената на парадигмата за улогата на односите со јавноста во светот на масовните медиуми во услови на креирање на нова медиумска платформа. Понатаму предмет на толкување се новите функции на традиционалните медиуми, новото медиумско окружување, односот меѓу етиката и информатиката, виртуелната јавност, интернетот и односите со јавноста, комуникацијата со примена на интернетот, креирање на соопштенија за јавноста, примена на електронската пошта во функционирањето на односите со јавноста, интернет глобални мрежи, интернетот во корелација со другите медиуми.

Во *седмата глава* со наслов Планирање на односите со јавноста е едно од најзначајните, бидејки станува збор за планирање и програмирање на односите со јавноста во глобалното бизнис функционирање. Планирањето на односите со јавноста е можно само ако односите со јавноста се управувачка функција во компаниите. Со планот се постигнува и целта на саморегулација во однос на етичките аспекти на информирањето. Според тоа се доаѓа до заклучок дека планирањето на односите со јавноста се значаен сегмент во согледувањето и предвидувањето на позициите на компанијата во однос на потребните активности за воспоставување и одржување на меѓусебно разбирање и доверба помеѓу компанијата и стратешката јавност на долг временски период. При тоа неопходно е да се применува моделот на истражување кој ги идентификува индикаторите врз база на кои се прави анализа и се крира стратешко планирање на односите со јавноста. По импелентацијата на планот за односи со јавноста следи перманентна евалуација на процесот на импементација и анализа на квалитетот на програмата.

Во *осмата глава* со наслов Видови самоевалуација и етичките стандарди кандидатот ги дефинира и разработува видовите на самоевалуација и етичките стандарди во контекст на етиката и професионализмот во односите со јавноста. Посебно се нагласува потребата од етичкиот професионализам на лицето одговорно за односи со јавноста во соработката со вработените и клиентите. Во

тој контекст авторот дава препораки за потребата од примена на етичките стандарди во донесувањето на одлуки, нагласувајќи ја ефикасноста на Потеровиот модел во донесувањето на етички одлуки.

Во *деветата глава* со наслов Етички кодекси на професионалните здруженија се дадени етичките кодекси на професионални здруженија за односи со јавноста на светско ниво, при што се наведуваат добрите практики во однос на примената на етичките кодекси на тие здруженија. Во контекст на тоа се дадени студии на случаи за добри практики во примената на етичките кодекси во функција на саморегулација во работењето на односите со јавноста.

Во *десетата глава* со наслов Студија на случај кандидатот прави квантитативна и квалитатитна анализа на студија на случај на кодекси на две ПР здруженија од САД и Р. Србија. Во тој контекст е направена систематизација на етичките начела и принципите на самоевалуација на двете здруженија, направена е компаративна анализа по сличности и разлики и генерален модел за примена на етичките начела и принципите на самоевалуација во односите со јавноста.

На крај се дадени заклучни согледувања и резиме на десете поглаваја што ја сочинуваат структурата на докторската дисертација.

*Научен придонес*

Докторската дисертација на кандидатот Валентина Муцунска Палевска обработува актуелна проблематиката која произлегува од фактот што етичката самоевалуација и саморегулација и односите со јавноста се во меѓусебна корелација, посебно од аспект на етичноста и моралноста во однесувањето и постапките како фундаментални карактеристики на односите со јавноста. Во тој контекст се интегрирани теориските и емпириските истражувања за универзалните потреби на воспоставување на меѓусебни односи помеѓу поединци и сегменти од општествената заедница заради задоволување на одредени потреби, интереси, желби. Особено тоа доаѓа до израз во современото глобално општество во кое корелацијата меѓу индивидуите и заедницата се посебно изразени, па оттаму и потребата од перманентно истражување и евалуирање на тие односи ( особено помеѓу организациите и нивите активни стратешки јавности). Во емпириското истражување се поаѓа од фактот дека во организации во кои секторот за односи со јавноста доследно се придржува кон нормите на релевантните етичките кодекси ефектот од работењето на организацијата ќе биде подобар.

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е поврзаноста и меѓузависноста на етичката самоевалуација и односите со јавноста, посебно ставот дека етичноста и моралноста во однесувањето и постапките се клучна карактеристика на односите со јавноста.

Во докторската дисертација кандидатката ги зема во предвид сите неопходни активности и тоа од теоретско-квалитативна изработка (поставување прашања, теорија, дефинирање хипотези), до емпириско-квантитативна разработка на концептите во моделот (операционализирање на концептите во секоја хипотеза, собирање податоци за варијаблите, тестирање на хипотезите, анализа на хипотезите, интерпретација на добиените резултати како и заклучни согледувања).

Научниот придонес во докторската дисертација е особено видлив во констатацијата дека во земјите во Југоисточна Европа во поново време почнува да се афирмира оваа научна дисциплина, аналогно на тоа почнуваат да се формираат и професионални здруженија за односи со јавноста и дека од

оптималниот степен на развојот на односите со јавноста зависи и оптималниот број на видови етичка самоевалуација.

### 2.2.2. Објавени научни трудови

#### 2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Валентина Муцунска Палевска покрај докторската дисертација објавила 9 научни трудови и 1 поглавје во книга.

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

1. Валентина Муцунска Палевска. 2012. „Изазови информатичког друштва и односи с јавношчу„ објавен во број вол. 9 (3) 2012, стр. 317-332, во *„ Мегатренд ревија*“, општествени науки, **EBSCO**

- *Достапност на трудот:* http://megatrendreview.naisbitt.edu.rs/files/pdf/SR/Megatrend%20Revija%20vol%2009-3-2012.pdf -EBSCO.pdf

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1820-3159
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M51

*Опис на трудот*

Во научниот труд, Валентина Муцунска Палевска ја обработува темата поврзана со предизвиците и можностите што ги нуди информатичката технологија во практикувањето на професијата односи со јавноста. Предмет на интерес во овој труд е анализа на актуелните состојби во однос на користењето на информатичката технологија во информирањето на интерната и екстерната јавност како и можноста за креирање или промена на јавното мислење. Особено се потенцира потребата од нови вештини кои се потребни за ефикасна селекција на информациите кои ги нуди интернетот како и можноста за креирање на мултимедијални пораки кои многу повеќе го привлекуваат вниманието на заинтересираната јавност.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на значењето на примената на информатичката технологија во менаџирањето на односите со јавноста. Овој труд е напишан на актуелна тема во областа на односите со јавноста и дава голем придонес за успешното користење на информатичката технологија во процесот на промовирање на работата на организациите во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на меѓузависноста на односите со јавноста и информатичката технологија. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејки го сопственото искуство предлага алатки за ефикасна и ефективна примена на информатичката технологија во менаџирањето на односите со јавноста.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Валентина Муцунска Палевска, **Total quality management as a determinant in creating competitive advantage of educational institutions,** Vol 5, yaur XII, No.2 (2013), 2013-29cm, стр. 209-2018, 315p. „Teacher" International Journal of Education Universiti ,, St. Kliment Ohridski,, Bitola, Faculty of Education-Bitola, **EBSCO**

- *Достапност на трудот:* http://eprints.ugd.edu.mk/7755/1/__ugd.edu.mk_private_UserFiles_despina.sivevska_Desktop_2013_Teacher-pdf-EBSCO.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857- 8888
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M51

*Опис на трудот*

Во трудот, Валентина Муцунска Палевска научно го толкува приодот на целосно управување со квалитетот како детерминанта во креирањето на конкурентската предност на образовните институции, како и нивната ефикасност и ефективност во современите конкурентски услови кога станува неопхода потреба. Динамиката на општествените промени и промените на

пазарот на трудот ги принудуваат образовните институции да се адаптираат и да одговорат на потребите и барањата на променливата конкурентска средина.

Од аспект на актуелните светски образовни трендови, целосното управивање со квалитетот се карактеризира со неколку значајни компоненти. Тоа има глобален карактер, што значи, гледано интегрално се фокусира на повеќе елементи како што се: процесите, ресурсите и резултатите. Резултатите сами по себе не се доволен показател за целосно управување со квалитетот и постигнување на квалитет, туку неопходно се јавува потреба од анализирање на воспитно-образовниот процес и партиципирањето на стејкхолдерите во тој процес. За воспоставување на тој ментален код и професионален процес голема улога има менаџерот на образовната институција кој треба да креира атмосфера и услови кои поттикнуваат соработка, кооперативност и колаборативност, креативност, квалитетна работа и самоевалуација. Во тој контекст е спроведено истражување кое е фокусирано на квалитетот на менаџирање на образовните иституции и квалитетот на имплементираните стратегии на учење и поучување во функција на разбирање на концептот на целосно управување со квалитетот , ефективност и постигнување на стандардите на квалитетна настава.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на примена на стандардите за целосно менаџирање на квалитетот во образовните институции. Во тој контекст авторот дава препораки за значењето на целосното менаџирање на квалитетот во функција на реализација на квалитетна настава во образовните институции.

Овој труд е навистина со актуелна тема во областа на целосно менаџирање на квалитетот и дава голем придонес за успешното менаџирање на квалитетот во образовните организации во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира стандардите за целосно менаџирање на квалитетот. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на целосно менаџирање на квалитетот, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се применат за ефективно менаџирање на квалитетот во бразовните институции во Р. Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. Валентина Муцунска Палевска, Тодор Бадаревски**, Talent Management in function of development of the teamsandincreasingtheir performances**, Faculty of Business Economics and Entreprene Urship, Srbija International Review (2013 No.3-4), **Thomson Reuters**

- *Достапност на трудот:* http://www.vspep.edu.rs/_img/downsekcija/2014/01/internationalreviewbr3-4-2013.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавенво:* Thomson Reuters, Copernikus, Ulibe university, Pecob, Emerging Sources Citation Index (Web of Science)
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2217-9739
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M50

*Опис на трудот*

Во овој труд авторите го третираат проблемот на практикување на талент менаџментот при управувањето со човечките ресурси во компаниите. Основна цел на талент во управувањето е да се осигура дека во процесите на регрутација и селекција ќе бидат одбрани најталентираните и дека менаџерите за човечки ресурси ќе се грижат за идниот развој на постоечките таленти во организацијата. Се анализира потребата компаниите постојано да бидат на високо и одржливо ниво на талент менаџмент преку соодветна постапка за вработување и селекција. Овој начин на селекција на вработените врз основа на талент менаџмент директно влијае на брзината на прилагодување на новиот вработен во работната средина и на работните задачи. Научно и стручно се обработува потребата за оспособување на менаџерите на компаниите да ги идентификуваат талентите што ги имаат вработените со цел сеопфатно да се развие и да се искористат за потребите на компаниите. Ова покажува дека менаџерите мора да се фокусираат на откривање на активности, следење и развој на таленти помеѓу вработените. Тоа е императив за квалитетно доделување на дополнителни работни задачи. Менаџерите мора да ги информираат вработените за начините и можностите за унапредување на талентот што тие го поседуваат. Во исто време, исто така, мора да ги мотивира и поттикне вработените да се приклучат и да бидат активни во развојните програми кои постојат во компаниите за менаџирање на талентите што тие ги поседуваат.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд научниот придонес на кандидатите се гледа во научното преставување на менаџирањето на таленти во контекст на менаџирањето на интелектуалниот капитал. Особено се значајни препораките за ефективна примена на менаџирање на талентот на вработените во функција на корпоративна конкурентска предност.

Овој труд е навистина актуелна тема во областа на талент менаџмент и дава голем придонес за успешното менаџирање на талентите на вработените во организациите во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на талент менаџмент. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџмент на интелектуален капитал, при што користејки го сопственото искуство дава препораки за ефикасен и ефективен талент менаџмент на интелектуалниот капитал во компаниите во Р. Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, и во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Валентина Муцунска Палевска поседува трудови од ваков вид на научни трудови.

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции (а2)**

1. Валентина Муцунска Палевска. 2009. **Фасилитирано лидерств„** *Меѓународен научен конгрес за туризам и менаџмент: „ Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот",* Универзитет за туризам и менаџмент,Скопје, 26-27.09.2009

- *Достапност на трудот:* http://www.utms.edu.mk/.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* Зборник
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100 %
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Кандидатката овој научен труд го презентирала во секцијата за менаџмент. Во трудот, Валентина Муцунска Палевска укажува на ефикасните модели на фасилитирано лидерство во менаџирањето на вработените. Придонесот може да се согледа во дизајнирањето на модели на фасилитирање.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на фасилитираното лидерство како стратегија која влијае во ефективното мотивирање и поттикнување на вработените во постигнување на организациските цели. Овој труд обработува актуелна тема во областа на лидреството и дава голем придонес за успешното работење на организациите во Република Македонија.

*Личен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира како треба да се практикува фасилитираното лидерство во менаџирањето на вработените во компаниите. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на лидерството, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се применат за да се практикува ефективно фасилититано лидерство.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Сашо Кожухаров, Валентина Муцунска Палевска. 2010. **Стилови на лидерство и емоционалната интилигенција во функција на организациската ефикасност**, *EIAT*, Белград, Р. Србија, 2010 год.

- *Достапност на трудот:* http://www.eiat conference.org/OLD/2010/speakers.html.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* Зборник
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудпт*

Овој труд укажува на местото и улогата на стиловите на лидерство и емоционалната интилигенција во менаџирањето на организациите. Лидерските стилови и различните форми на емоционална интилигенција, авторите детално ги анализираат. Притоа, се потенцира важноста од компетентна примена на лидерските стилови и моделите на емоционална интилигенција во функција на организациска ефикасност.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатите научниот придонес се гледа во научното преставување на корелацијата помеѓу фасилитираното лидерство и емоционалната интилигенција како конзистентен елемент во менаџирањето на вработените. Посебно се анализира значењето на емоционалната интилигенција во практикувањето на фасилитираното лидерство Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот и дава голем придонес за успешното работење на компаните во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатите навистина успеале да ги разработат и анализирааат двете битнин компоненти во менаџирањето на човечките ресурси. Личниот придонес на авторите во овој труд се согледува во нивната тесна специјалност во обласа на лидерството, при што користејки го сопственото искуство  предлагаат препораки за ефективно интегрирање на емоционалната интилигенција во фаилитираното лидерство.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. Валентина Муцунска Палевска. 2011. **Менаџментот на знаење како одлучувачки фактор за ефикасно и ефективно работење на корпорациите**, *Меѓународен научен конгрес за туриза и менаџмент, ICON BEST 2011*, Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје, 2011.

- *Достапност на трудот:* http://www. http://iconbest.utms.edu.mk/.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* Зборник на научни трудови
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857- 6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Кандидатката овој научен труд го презентирала во секцијата за менаџмент. Во трудот, Валентина Муцунска Палевска укажува на иновативните трендови во менаџирањето на интелектуалниот капитал во корпорациите, правејќи динстинкција помеѓу семантичката вредност на синтагмите: менаџмент на човечки ресурси, менаџмент на интелектуален капитал, менаџмент на знаење, талент менаџмент.  Научниот придонес може да се согледа во правење на децидна динстинкција помеѓу наведените синтагми и дескрипцијата на значењето на менаџирањето на знаењето.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на менаџментот на знење во менаџирањето на интелектуалниот капитал во организациите. Научниот придонес може да се согледа во правење на децидна динстинкција помеѓу наведените синтагми и дескрипцијата на значењето на менаџирањето на знаењето. Овој труд е навистина актуелна тема во обласа на менаџментот на интелектуалниот капитал и дава голем придонес за успешното менаџирање на знаењето во организациите во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на менаџмент на знаење. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџментот на интелектуален капитал, при што користејќи го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за ефикасно и ефективно менаџирање на знаењето.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. Валентина Муцунска Палевска, 2012. **Етички аспекти односа с јавношчу**, *Годишњак факултета за културу и медије*, бр. 4 год. IV (2012): стр. 193-209, 4/2012, Универзитет Мегатренд, Белград , Р. Србија.

- *Достапност на трудот:* http://www.fpn.bg.ac.rs/godisnjak-fakulteta-politickih-nauka
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во: Годишњак факултета за културу и медије*
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1821-0171
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во научниот труд, Валентина Муцунска Палевска ја обработува темата за етичките аспекти на односите со јавноста, т.е. улогата на етиката во масовните комуникации од аспект на критичкото истражување на нивното функционирање. Влијанието на познавањето на етичките принципи врз однесувањето и практикувањето на професијата односи со јавноста во функција на докажување дека целта на практикувањето на етичките принципи не е целокупната јавност да се согласи со етичките одлуки кои се пласираат во јавноста или кои ќе бидат прифатени од општествената заедница. Целта на практикувањето на етичките принципи во односите со јавноста е една од најпровокативните етички дилеми чија цел е да воспостават рамнотежа помеѓу спротивставените мислења во ситуации во кои „ нема правилен одговор„. Во тој контекст се анализираат современите состојби во однос на етичките основи на професионализмот во односите со јавноста со препорака дека професионализмот треба да се институционализира во насока на градење доверба и стандарди на квалитет помеѓу заинтересираните страни од јавен интерес.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на етичките аспекти на односите со јавноста. Етиката во професионализмот е анализирана од аспект на практикувањето на етичките принципи на професионалците за односи со јавноста Овој труд е навистина актуелна тема во областа на односите со јавноста и дава голем придонес за успешното практикување на етичките принципи во професионалното работење во односите со јавноста.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот научен придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира етичките принципи во односите со јавноста. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за ефикасно и ефективно практикување на етичките принципи во односите со јавноста.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Валентина М. Палевска, 2013. **Функцијата на односите со јавноста во промовирањето и брендирањето накомпании,** *Меѓународна конференција ICON BEST 2013*, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2013
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* Зборник на научни трудови
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN: 1857-6974**
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во научниот труд, Валентина Муцунска Палевска, ја обработува темата за фунцијата на односите со јавноста во промовирањето и брендирањето на компаниите. Авторот прави анализа на информираноста на стратешката јавност за компаниите при што доаѓа до заклучок дека професијата односи со јавноста не е доволно практикувана во компаниите во Р. Македонија. Затоа дава препораки во насока на значењето на односите со јавноста во промовирањето и

брендирањето на компаниите со цел креирање на препознатлив и конкурентен бренд на пазарот.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на фунцијата на односите со јавноста во промовирањето и брендирањето на компаниите. Понатаму дава препораки во насока на значењето на односите со јавноста во промовирањето и брендирањето на компаниите со цел креирање на препознатлив и конкурентен бренд на пазарот.

Овој труд е навистина актуелна тема во областа на односите со јавноста и дава голем придонес за успешното промовирање и брендирање на организациите во Република Македонија.

*Личен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на корпоративно промовирање и брендирање. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за ефективно промовирање и брендирање на компаниите во Р. Македонија

6. Валентина М. Палевска, Агим Рушити, 2013. **Applying effective promotional marketing techniques in the process of creating a competitive advantage for companies**, *University „St. Kliment Ohridski" – Bitola,Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid, XII International Scientific Conference for Service Sector – Ohrid, 3– 5 October 2013.*

*Достапност на трудот:*
http://www.uklo.edu.mk/tabs/view/428ad56ec678644d8c0b1bcc0cfaf2da
*Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
*Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
*Објавен во:* Зборник на научни трудови
*Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
*Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN 1963-5461**
*Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
*Проценет придонес на авторот:* 50%
*JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во трудот, авторите, го обработуваат маркетинг концептот како интегрален дел од корпоративната деловна политика кој е фокусиран на задоволување на потребите, очекувањата и желбите на потрошувачите. Креирањето на тој концепт е обусловен од објективните услови на работењето, од конкуренцијата и од се поголемата улога и значење на потрошувачите во процесот на купување.Од егзактно научен аспект најефективни промотивни техники на пенетрација кои ја подобруваат конкурентската предност и профитабилност на

компаниите се: техника над линијата (ATL), техника под линијата ( BTL), техника низ линијата (TTL). Секоја успешна компанија во својот маркетинг план ги интегрира овие техники. Квалитетот на работењето, односно на производите и услугите кои се нудат мора да биде во согласност со барањата на потрошувачите, а цената да одговара на нивото на пазарната понуда, да биде прифатлива за потрошувачите, да обезбеди покривање на трошоците и остварување на соодветен профит.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на фунцијата на ефективни маркетинг стратегии и алатки во промовирањето и брендирањето на компаниите. Понатаму дава препораки во насока на значењето на промотивните активности во промовирањето и брендирањето на компаниите со цел креирање на препознатлив и конкурентен бренд на пазарот.

Овој труд е навистина актуелна тема во областа на маркетингот и дава голем придонес за успешното промовирање и брендирање на организациите во Република Македонија.

*Личен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на корпоративно промовирање и брендирање. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот, при што користејки го сопственото искуство ги предлага стратегии и алатки за ефективно промовирање и брендирање на компаниите во Р. Македонија.

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

Пред избор во звање доцент

**1.** Валентина Муцунска Палевска, **Фасилитирано лидерство**, Меѓународен научен конгрес за туризам и менаџмент: „ Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот”, Универзитет за туризам и менаџмент,Скопје, 26-27.09.2009

Кандидатката овој научен труд го презентирала во секцијата за менаџмент. Во трудот, Валентина Муцунска Палевска укажува на ефикасните модели на фасилитирано лидерство во менаџирањето на вработените. Придонесот може да се согледа во дизајнирањето на модели на фасилитирање.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на фасилитираното лидерство како стратегија која влијае во ефективното мотивирање и поттикнување на вработените во постигнување на организациските цели. Овој труд обработува актуелна тема во областа на лидреството и дава голем придонес за успешното работење на организациите во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира како треба да се практикува фасилитираното лидерство во менаџирањето на вработените во компаниите. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на лидерството, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се применат за да се практикува ефективно фасилититано лидерство.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти**

**2.** Сашо Кожухаров, Валентина Муцунска Палевска, **Стилови на лидерство и емоционалната интилигенција во функција на организациската ефикасност**, EIAT, Белград, Р. Србија, 2010 год.

Овој труд укажува на местото и улогата на стиловите на лидерство и емоционалната интилигенција во менаџирањето на организациите. Лидерските стилови и различните форми на емоционална интилигенција, авторите детално ги анализираат. Притоа, се потенцира важноста од компетентна примена на лидерските стилови и моделите на емоционална интилигенција во функција на организациска ефикасност.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатите научниот придонес се гледа во научното преставување на корелацијата помеѓу фасилитираното лидерство и емоционалната интилигенција како конзистентен елемент во менаџирањето на вработените. Посебно се анализира значењето на емоционалната интилигенција во практикувањето на фасилитираното лидерство Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот и дава голем придонес за успешното работење на компаните во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатите навистина успеале да ги разработат и анализирааат двете битнин компоненти во менаџирањето на човечките ресурси. Личниот придонес на авторите во овој труд се согледува во нивната тесна специјалност во областа на лидерството, при што користејки го сопственото искуство предлагаат препораки за ефективно интегрирање на емоционалната интилигенција во фаилитираното лидерство.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти**

**в) Учество во научни проекти**

1. Кандидатот д-р Валентина Муцунска Палевска била лидер на научно-истражувачки проект со наслов: „ Проект за модернизација на образованието” (*Прилог*).

2005-2007 МОН, УСАИД,

Основната цел на проектот била да се унапреди образовниот процес во средните училишта во Р. Македонија, преку воспоставување на систем на

ефикасно и ефективно менаџирање на образовните институции, што ќе обезбеди подобри резултати за учениците по завршувањето на средното образование.

Проектот се спроведувал во четири фази:

- Обука за обучувачи за менаџирање на образовни институции
- Креирање на модули за обука на директори на средни училишта
- Обука на директорите на средните училишта во Р. Македонија
- Евалуација на резултатите од реализираната обука и експертска поддршка во процесот на имплементација

Проектот бил инициран и реализиран од Министерство за образование и наука на Р. Македонија и УСАИД. Се спроведувал во временски период од 2 години почнувајќи од мај 2005 година. Истражувањето било реализирано во средните училишта во Р. Македонија со анализа на структурата на организацијата, менаџирање на институциите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

Врз основа на резултатите од реализираниот научно-истражувачки проект се потврдени главните цели на проектот:

– Направена е анализа на нивото на квалитет во менаџирањето на воспитно-образовните институции,
– Утврдени се можностите за подобрување на менаџирањето на воспитно-образовните инститиуции,
– Детерминирани се бенефитите од подобрувањето,
– Обезбедени се обуки на директорите на воспитно-образовните инститиуции.

2. Проект за истражување на добро владеење во образованието во Р. Македонија, СОРОС, 2007

   Проектот бил иницирaн и реализиран од Фондацијата „ Сорос”. Се спроведувал во временски период од 1 година почнувајќи од јуни 2007 година. Истражувањето било реализирано во образовни институции во Р. Македонија.

Основната цел на проектот била да се унапреди образовниот процес во Р. Македонија на сите нивоа на образование, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно менаџирање на образовните институции, што ќе обезбеди подобри резултати за учениците и студентите по завршувањето на одреден степен на образование.

Проектот се спровел во три фази:

- Детална анализа на работењето на образовните институции на сите нивоа, менаџирањето, процесите на работа и методологијата на работа,
- Планови за:

а. Организациска ефикасност,
б. Квалитет на настава
в. Мониторинг и евалуација
- Имплементација на предложените мерки преку реорганизација на сегменти од институците и спроведување на плановите

Во рамките на проектот работела како сертифициран обучувач за менаџирање на образовни институции, што опфаќа работа на анализа на структурата на организацијата, менаџирање на институциите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со знаењето.

3. Проект за сретификација на директори на училишта, МОН, УСАИД, 2006

Проектот бил иницирал и реализиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија во соработка со УСАИД. Се спроведувал во временски период од 2 години почнувајќи од јуни 2006 година. Истражувањето било реализирано во образовни институции во Р. Македонија.

Основната цел на проектот била да се унапреди квалитетот на менаџирање а со тоа и на образовниот процес во средните училишта во Р. Македонија, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно менаџирање на образовните институции, што ќе обезбеди подобри резултати за учениците по завршувањето на средното образование.

Проектот се спровел во три фази:

- Обука на директорите на средните училишта во Р. Македонија
- Евалуација на резултатите од реализираната обука
- Експертска поддршка во процесот на имплементација на стекнатите знаења и компетенции

Во рамките на проектот работела како сертифициран обучувач за менаџирање на образовни институции, што опфаќа работа на анализа на структурата на организацијата, менаџирање на институциите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

4. Проект за образование „Ромаверитас”, СОРОС, Ромаверитас

Проектот бил инициран и реализиран од Фондацијата „ Сорос”. Се спроведувал во временски период од 1 година почнувајќи од април 2007 година. Биле спроведени обуки за унапредување на компетитивноста на Ромите преку проектот на Владата на Р. Македонија: Декада на Ромите.

Основната цел на проектот била да се унапреди компетитивноста на Ромите преку проектот на Владата на Р. Македонија: Декада на Ромите, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно менаџирање на организациите, што ќе обезбеди подобри резултати во работењето.

Проектот се спровел во три фази:

- Обука на претставници од државната администрација
- Евалуација на резултатите од реализираната обука
- Експертска поддршка во процесот на имплементација на стекнатите знаења и компетенции

Во рамките на проектот работела како сертифициран обучувач за менаџирање на организации, што опфаќа работа на анализа на структурата на организацијата, менаџирање на организациите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

**2.2.2.2. После избор во звање доцент**

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

1. Валентина М. Палевска, Агим Рушити. 2014. „Applying effective promotional marketing techniques in the process of creating a competitive advantage for companies„ *University „St. Kliment Ohridski" – Bitola,Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid,* Vol 14, yaur X, Septemvri 20114, стр. 23-38, 315р. „Teacher" International Journal of Education University „ St. Kliment Ohridski„ Bitola, Faculty of Education-Bitola, **EBSCO**

- *Достапност на трудот:*

  http://v1.uklo.edu.mk/files/attachments/HORIZONTI_SERIJA_A14.pdf - EBSCO.pdf

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857- 856X
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M50

*Опис на трудот*

Во трудот, авторите, го обработуваат маркетинг концептот како интегрален дел од корпоративната деловна политика кој е фокусиран на задоволување на потребите, очекувањата и желбите на потрошувачите. Креирањето на тој концепт е обусловен од објективните услови на работењето, од конкуренцијата и од се поголемата улога и значење на потрошувачите во процесот на купување.Од егзактно научен аспект најефективни промотивни техники на пенетрација кои ја подобруваат конкурентската предност и профитабилност на компаниите се: техника над линијата (ATL), техника под линијата ( BTL), техника низ линијата (TTL). Секоја успешна компанија во својот маркетинг план ги интегрира овие техники. Квалитетот на работењето, односно на производите и услугите кои се нудат мора да биде во согласност со барањата на потрошувачите, а цената да одговара на нивото на пазарната понуда, да биде прифатлива за потрошувачите, да обезбеди покривање на трошоците и остварување на соодветен профит.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на фунцијата на ефективни маркетинг стратегии и алатки во промовирањето и брендирањето на компаниите. Понатаму дава препораки во насока на значењето на промотивните активности во промовирањето и брендирањето на компаниите со цел креирање на препознатлив и конкурентен бренд на пазарот.

Овој труд е навистина актуелна тема во областа на маркетингот и дава голем придонес за успешното промовирање и брендирање на организациите во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на корпоративно промовирање и брендирање. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот, при што користејки го сопственото искуство ги предлага стратегии и алатки за ефективно промовирање и брендирање на компаниите во Р. Македонија.

2. Валентина М. Палевска, М. Ѓоргиевски, Д. Наковски, **The role of the event management in creation of competitive advantage,** (impact factor) SYLWAN journal Vol. 158 Issue. 12, 2014, Warszawa, Poland, **Thomson Reuters**

Во трудот, Валентина Муцунска Палевска ги обработува карактеристиките на глобалното информатичко општество кое ја промени парадигмата во менаџментот на евенти. Потенцијалот на пазарот на евенти денес , т.е. апсорционата способност на пазарот на евенти е конкурентен и бара

комплексна иновативност и креативност. Потенцијалот на продажба на евенти е помал во однос на потенцијалот на пазарот на евенти, бидејќи истиот означува продажба на програмите на еден организатор, односно менаџер на евенти.

Менаџерите на евенти можат да влијаат на потенцијалот на пазарот, посебно на потенцијалот на продажба на евенти, во подолг временски период. Во практиката за менаџирањето на евенти, одредувањето на потенцијалот на пазарот и потенцијалот на продажба на евентот претставува голем предизвик. Според тоа, одговорот на овој предизвик подразбира прецизно одредување на видот, типот, програмата на евентот, како и местото, односно времето на оддржување на евентот. Во тој контекст компаниите треба да го подобрат менаџирањето на евентот кој е во функција на креирање и лансирање на конкурентен бренд, примена на ефективни промотивни алатки во медиумите како и примена на интегрирани маркетинг комуникации.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на менаџментот на настани. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот на настани и дава голем придонес за успешното креирање и менаџирање на настани кои ја подобруваат конкурентската предност на организациите во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 35% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на функционирање на менаџментот на настани. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџментот на настани, при што користејки го сопственото искуство ги предлага стратегии и алатки за ефективно креирање и менаџирање на корпоративни настани во Р. Македонија.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти**

3. А. Стоилковска, В. М. Палевска, Ј. Илиева, **Awareness About Mediation as an Alternative Form of Dispute Resolution: Practices in the Republic of Macedonia,** (IJCRSEE) International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education, Vol. 3, No.1, 2015, **EBSCO, Thomson Reuters**

Во трудот, авторите ги обработуваат карактеристиките на медијаторството во контекст на глобалното информатичко општество и ја афирмираат потребата од перманентно следење на иновациите кои се во функција на информирање на јавноста преку понуда на информации, значајни за унапредување и олеснување на бизнис и административните процеси. Во тој контекст во Р. Македонија се промовира медијаторството како алтернативна алатка за решавање на проблеми и спорови без поголеми финансиски импликации. Актуелноста на појавата која се истражува е поврзана со неефикасноста во решавањето на судските спорови во Р. Македонија и дискутабилноста на квалитетот на донесените судски

одлуки. Проблемот се јавува во сегментот на недоволната информираност на јавноста за можноста за решавање на споровите со примена на медијаторството кое го елиминира иницирањето на судски процес. Тоа значи дека треба да се креираат механизми со кои во судската практика спротивставените страни иницијално ќе се насочуваат кон решавање на спорот со примена на медијацијата, ако таа е неуспешна тогаш да се помине на решавање преку судски спор. Неинформираноста не е проблем само за страните кои влегуваат во процесот на преговарање туку и за судската администрација. Базична стратегија во медијацијата е преговарањето на двете спротивставени страни со посредство на неутрален набљудувач/медијатор кој има фасилитаторска улога за олеснување на процесот, поттикнување и креирање на win-win исход. Во трудот научно ја обработуваат постапка за медијација како посебен вид на постапка која по својот карактер е доброволна, ефикасна, ефективна и финансиски прифатлива. Медијацијата е приватна, доверлива и неформална. Процесот на медијација е помалку контрадикторен од судските постапки или арбитражата.Во понатамошниот текст на трудот е креиран модел на медијација во функција на разрешување на конфликтите и управување со конфликтите со примена на интегриран пристап.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на медијаторството како алатка за справување со конфликти и решавање на проблеми. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на деловното преговарање и дава голем придонес за успешното менаџирање на конфликти со примена на медијацијата во функција на менаџирање на конфликти и решавање на проблеми.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 35% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на менаџмент на конфликти со примена на медијација и деловно преговарање. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџмент на конфликти, при што користејки го сопственото искуство предлага модел за менаџирање на конфликти со примена на медијаторство.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти**

4. Valentina M. Palevska, K. Petkovski, A. Blazevski, **The Access of Young People in the Usage of the Internet and Social Networks in Life and in Learning,** International Journal Management&Business Research (IRMBR), Year 2017, Volume 6, Issue 1, Part 2, International Review of Management and Business Research IRMBR has **0.761 and 1.32 Impact Factor** for the year 2014 and 2015 based on International Citation Report (ICR).

Во трудот, авторите обработуваат актуелна тема за современите дигитални процеси кои ја менуваат парадигмата во однос на креирање на когнитивниот, емоционалниот и комуникацискиот код кај младата популација. Дигиталниоте медиуми во 21 век станаа опсесивна комуникацсиска алатка и медиум на младната популација. Во ерата на глобалното информатичко-комуникациско егзистирање се промовира стратегијата на општества базирани на знаења кои перманентно генерираат милионски информации во функција на подобрување на компетитивноста. Во тој контекст во Р. Македонија последната деценија се промовира потребата од обезбедување на ресурси и инфраструктура која ќе обезбеди непречена достапност на интернетот и другите дигитални медиуми за онлајн сервисирање на потребите на граѓаните и бизнис заедницата. Во таа насока е креирана Национална стратегија за развој на информатичкото општество во која интегрален дел е и Е-образование. Тоа ја промени парадигмата во однос на актуализирање на потребата од интегрирање на информатичката технологија на сите нивоа на образование во процесот на стекнување нови знаења во функција на градење на општество базирано на знаења и конкурентска деловна средина. Актуелната состојба во однос на новиот пристап кон користење на информатичката технологија во наставниот процесот на усвојување на знаења не е на задоволително ниво. И покрај реализираните проекти за обука на наставниот кадар за примена на ИКТ во наставата отпорот кон иновациите е неоспорен факт кој ја оневозможува примената на учење базирано на креирање проекти, истражување, генерирање креативи решенија што ќе придонесе за активно вклучување на мадите во процесот на учење во кој тие треба да бидат активен субјект кој користејќи ја инфоматичата технологија во процесот на учење ќе се стекне со комуникациски, информатички и социјални компетенции неопходни за активно и конкурентно вклучување во бизнис заедницата. Имајќи ги во предвид актуелните состојби во овој научен труд **предмет** на истражување е примената на ИКТ во процесот на формирање и учење на младите. **Појава** која се истражува е актуелната состојба кај младите во однос на примената на ИКТ. **Проблем** кој се истражува е носоодветното користење на ИКТ од страна на младите.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на примената на ИКТ во наставата. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на примената на ИКТ во наствата, т.е. во процесот на учење и поучување на учениците и дава голем придонес за прифаќање на потребата од примена на ИКТ во наставата што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на образовниот процес, т.е. на знаењата, вештините и компетенциите на учениците во средните училишта во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 35% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ја разработи и анализира примената на ИКТ во

воспитно-образовниот процес. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на едукацијата, при што користејки го сопственото искуство предлага стратегии и методи за ефикасна примена на ИКТ во наствата во образовните институции во Р. Маккедонија.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти**

5. Валентина Муцунска Палевска, Благица Новковска, **Односот помеѓу ИКТ и економските субјекти во мали земји,** UTMS Journal of Economic, Vol.9, No. 2, 2018.

Во трудот, авторите обработуваат актуелна тема примената на дигиталната инфомациско-комуникациска технологија која ја менува парадигмата во креирањето на когнитивниот и комуникацискиот код на економските субјекти во 21-от век. Таа е доминантна комуникациска и бизнис алатка која влијае на продуктивноста и економскиот развој. Глобалното информатичко-комуникациско окружување ја креира стратегијата на општества базирани на знаења кои перманентно генерираат информации во функција на подобрување на компетитивноста. Потребата од зајакнување на ИКТ инфраструктурата е афирмирана од Европската комисија во 2010 година со креирање на EUROPE 2020 - A strategy for smart, sustainable and inclusive growth – COM (2010) 2020. Целта била Европа да излезе од кризата и да ја подготви економијата на ЕУ за предизвиците на следната деценија. Дигиталната агенда за Европа е една од седумте водечки иницијативи на Европа 2020 стратегијата, во која се дефинирани клучните улоги што овозможуваат користење на информации и комуникациските технологии кои Европа ќе мора да ги примени ако сака да успее во своите амбиции за 2020 година. Целта на оваа Агенда е да се одреди курсот за да се максимизира општествениот и економски потенцијал на ИКТ, особено на интернет како витален медиум на економска и општествена активност: за водење бизнис, работа, играње, комуникација и слободно изразување. Успешната испорака на оваа Агенда ќе поттикне иновации, економскиот раст и подобрување во секојдневниот живот за граѓаните и бизнисите. Со тоа ќе се овозможи пошироко распоредување и поефективно користење на дигиталните технологии. ИКТ секторот е директно одговорен за 5% од европскиот БДП, со пазарна вредност од 660 милијарди евра годишно, но придонесува многу повеќе за севкупниот раст на продуктивноста (20% директно од ИКТ секторот и 30% од инвестиции во ИКТ).

Имајќи ги во предвид актуелните состојби во овој научен труд **предмет** на истражување е примената на ИКТ кај деловните субјекти во мали земји. **Појава** која се истражува е актуелната состојба кај деловните субјекти во мали земји во однос на примената на ИКТ. **Проблем** кој се истражува е носоодветното користење на ИКТ од страна на деловните субјекти во мали земји.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на примената на ИКТ кај деловните субјекти во мали земји. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на примената на ИКТ кај деловните субјекти во мали земји, т.е. во процесот на менаџирање и дава голем придонес за прифаќање на потребата од примена на ИКТ кај деловните субјекти во мали земји што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на работата на деловните субјекти.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 50% бидејќи се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ја разработи и анализира примената на ИКТ од страна на деловните субјекти во мали земји. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на ИКТ, при што користејќи го сопственото искуство предлага стратегии и методи за ефикасна примена на ИКТ кај деловните субјекти во мали земји.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти**

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

1. Валентина Муцунска Палевска, **Менаџментот на знаење како одлучувачки фактор за ефикасно и ефективно работење на корпорациите**, Меѓународен научен конгрес за туриза и менаџмент, ICON BEST 2011, Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје, 2011.

Кандидатката овој научен труд го презентирала во секцијата за менаџмент. Во трудот, Валентина Муцунска Палевска укажува на иновативните трендови во менаџирањето на интелектуалниот капитал во корпорациите, правејќи динстинкција помеѓу семантичката вредност на синтагмите: менаџмент на човечки ресурси, менаџмент на интелектуален капитал, менаџмент на знаење, талент менаџмент. Научниот придонес може да се согледа во правење на децидна динстинкција помеѓу наведените синтагми и дескрипцијата на значењето на менаџирањето на знаењето.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на менаџментот на знаење во менаџирањето на интелектуалниот капитал во организациите. Научниот придонес може да се согледа во правење на децидна динстинкција помеѓу наведените синтагми и дескрипцијата на значењето на менаџирањето на знаењето. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот на интелектуалниот капитал и дава голем придонес за успешното менаџирање на знаењето во организациите во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 100% бидејќи се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на менаџмент на знаење. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџментот на интелектуален капитал, при што користејќи го сопственото искуство

ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за ефикасно и ефективно менаџирање на знаењето.

2. Валентина Муцунска Палевска, **Етички аспекти односа с јавношчу**, Годишњак факултета за културу и медије, год. III (2011): стр. 1-14, 2011,4/2012, Универзитет Мегатренд, Белград , Р. Србија, 2012.

Во научниот труд, Валентина Муцунска Палевска ја обработува темата за етичките аспекти на односите со јавноста, т.е. улогата на етиката во масовните комуникации од аспект на критичкото истражување на нивното функционирање. Влијанието на познавањето на етичките принципи врз однесувањето и практикувањето на професијата односи со јавноста во функција на докажување дека целта на практикувањето на етичките принципи не е целокупната јавност да се согласи со етичките одлуки кои се пласираат во јавноста или кои ќе бидат прифатени од општествената заедница. Целта на практикувањето на етичките принципи во односите со јавноста е една од најпровокативните етички дилеми чија цел е да воспостават рамнотежа помеѓу спротивставените мислења во ситуации во кои „ нема правилен одговор„. Во тој контекст се анализираат современите состојби во однос на етичките основи на професионализмот во односите со јавноста со препорака дека професионализмот треба да се институционализира во насока на градење доверба и стандарди на квалитет помеѓу заинтересираните страни од јавен интерес.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на етичките аспекти на односите со јавноста. Етиката во професионализмот е анализирана од аспект на практикувањето на етичките принципи на професионалците за односи со јавноста Овој труд е навистина актуелна тема во областа на односите со јавноста и дава голем придонес за успешното практикување на етичките принципи во професионалното работење во односите со јавноста.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира етичките принципи во односите со јавноста. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за ефикасно и ефективно практикување на етичките принципи во односите со јавноста.

3. Валентина М. Палевска, **Функцијата на односите со јавноставо промовирањето и брендирањето накомпании,** Меѓународна конференција ICON BEST 2013, Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје

Во научниот труд, Валентина Муцунска Палевска, ја обработува темата за фунцијата на односите со јавноста во промовирањето и брендирањето на компаниите. Авторот прави анализа на информираноста на стратешката јавност за компаниите при што доаѓа до заклучок дека професијата односи со јавноста не е доволно практикувана во компаниите во Р. Македонија. Затоа дава препораки во насока на значењето на односите со јавноста во промовирањето и брендирањето на компаниите со цел креирање на препознатлив и конкурентен бренд на пазарот.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на фунцијата на односите со јавноста во промовирањето и брендирањето на компаниите. Понатаму дава препораки во насока на значењето на

односите со јавноста во промовирањето и брендирањето на компаниите со цел креирање на препознатлив и конкурентен бренд на пазарот.

Овој труд е навистина актуелна тема во областа на односите со јавноста и дава голем придонес за успешното промовирање и брендирање на организациите во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на корпоративно промовирање и брендирање. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за ефективно промовирање и брендирање на компаниите во Р. Македонија

4. Валентина М. Палевска, Агим Рушити, **Applying effective promotional marketing techniques in the process of creating a competitive advantage for companies**, University „St. Kliment Ohridski" – Bitola,Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid, XII International Scientific Conference for Service Sector – Ohrid, 3– 5 October 2013.

Во трудот, авторите, го обработуваат маркетинг концептот како интегрален дел од корпоративната деловна политика кој е фокусиран на задоволување на потребите, очекувањата и желбите на потрошувачите. Креирањето на тој концепт е обусловен од објективните услови на работењето, од конкуренцијата и од се поголемата улога и значење на потрошувачите во процесот на купување.Од егзактно научен аспект најефективни промотивни техники на пенетрација кои ја подобруваат конкурентската предност и профитабилност на компаниите се: техника над линијата (ATL), техника под линијата ( BTL), техника низ линијата (TTL). Секоја успешна компанија во својот маркетинг план ги интегрира овие техники. Квалитетот на работењето, односно на производите и услугите кои се нудат мора да биде во согласност со барањата на потрошувачите, а цената да одговара на нивото на пазарната понуда, да биде прифатлива за потрошувачите, да обезбеди покривање на трошоците и остварување на соодветен профит.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на фунцијата на ефективни маркетинг стратегии и алатки во промовирањето и брендирањето на компаниите. Понатаму дава препораки во насока на значењето на промотивните активности во промовирањето и брендирањето на компаниите со цел креирање на препознатлив и конкурентен бренд на пазарот.

Овој труд е навистина актуелна тема во областа на маркетингот и дава голем придонес за успешното промовирање и брендирање на организациите во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:**Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на корпоративно промовирање и брендирање. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот, при што користејки го сопственото искуство ги предлага стратегии и алатки за ефективно промовирање и брендирање на компаниите во Р. Македонија.

5. Валентина М. Палевска,**Примена на ефективни стратегии на односи со јавноста во креирањето на корпоративната деловна политика**, PILC 2014, PAR International Leadership Conference, Висока пословна школа-Риека, Опатија, Р. Хрватска

Во трудот, Валентина Муцунска Палевска ја толкува и обработува потреба на компаниите од создавање на сектори за односи со јавноста кои ќе бидат менаџирани од компетентини ПР менаџери кои ќе придонесат за успешно промовирање и брендирање на компаниите. Тие се креативната енергија која ги создава препознатливите конкурентски брендови преку кои компаниите го промовираат имиџот, одржуваат корпоративниот кредибилитет и влијаат во подобрување на конкурентската предност. Успешните ПР менаџери треба да ги поседуваат следниве приоритетни компетенции: креативност и комуникативност, планирање и водење на ПР кампања, управување со кризи, вештини на лобирање, способноста за препознавање на потребите и барањата на стејкхолдерите, способност за донесување на одлуки, создавање и одржување на корпоративниот идентитет и репутација. Во остварување на своите цели ПР менаџерите ја користат директната комуникација со стратешката јавност со цел прибирање на информации кои во понатамошниот процес ќе бидат во функција на создавање на престижен и препознатлив бренд. Во достигнувањето на целите, ПР менаџерите треба да ги користат ефикасните и ефективни ПР алатки кои придонесуваат за воспоставување на партнерски однос помеѓу корпорацијата и јавноста, управување со корпорацискиот имиџ и углед како и win-win релација меѓу организацијата и јавноста

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување ПР менаџерите кои треба да ги поседуваат следниве приоритетни компетенции: креативност и комуникативност, планирање и водење на ПР кампања, управување со кризи, вештини на лобирање, способноста за препознавање на потребите и барањата на стејкхолдерите, способност за донесување на одлуки, создавање и одржување на корпоративниот идентитет и репутација Овој труд е навистина актуелна тема во областа на односите со јавноста и дава голем придонес за успешното функционирање на секторите за односи со јавноста и ПР менаџерите во креирањето на деловната политика во организациите во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на функционирање на секторите и професионалците за односи со јавноста. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејки го сопственото искуство ги предлага стратегии и алатки за ефективно креирање на деловната политика на компаниите во Р. Македонија.

6. Валентина М. Палевска, Андријана Наумовска,**The Role of Public Relations in Creating a Corporate Image**, Меѓународна конференција PILC 2014, PAR International Leadership Conference, Висока пословна школа-Риека, Опатија, Р. Хрватска

Во трудот, авторите ги толкуваат односите со јавноста како промотивна алатка која има управувачка функција во која се користи двонасочна комуникација за поврзување на потребите и интересите на некое лице или институција со интересите на јавноста.

Понатаму се обработува значењето на корпоративни комуникации и односи со јавноста,потребата за примена на стандарди во дизајнирање, пишување и креирање на промотивни матерјали, значењето на дигиталните медиуми и интернет сајтови во креирањето на корпоративниот имиџ. Се потенцира значењето на односите со јавноста во креирање на проектираната слика или лице на организацијата во јавноста. Лицата кои работат во ПР мора да го следат јавното мислење за компанијата, како и развој и разбирање на концептот на корпоративна култура (лојалност кон компанијата, задоволство од работата, чувство на припадност и идентификација со компанијата-фактори кои во голема мера влијаат на корпоративната сликата) .

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на ПР менаџерите кои треба да ги поседуваат следниве приоритетни компетенции: креативност и комуникативност, планирање и водење на ПР кампања, управување со кризи, вештини на лобирање, способноста за препознавање на потребите и барањата на стејкхолдерите, способност за донесување на одлуки, создавање и одржување на корпоративниот идентитет и репутација Овој труд е навистина актуелна тема во областа на односите со јавноста и дава голем придонес за успешното функционирање на секторите за односи со јавноста и ПР менаџерите во креирањето на корпоративниот имиџ на организациите во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 50% бидејќи се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на функционирање на секторите и професионалците за односи со јавноста. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејќи го сопственото искуство ги предлага стратегии и алатки за ефективно креирање на корпоративниот имиџ на компаниите во Р. Македонија.

7. Валентина М. Палевска, Наташа Чолаковска,**Information and communication technology, innovative business tool for internal communication**, PILC 2014, PAR

   International Leadership Conference, Висока пословна школа-Риека, Опатија, Р. Хрватска

Во овој труд авторите ја обработуваат темата на примената на информатичката комуникациската технологија во интерната корпоративна комуникација при што посебен предмет на анализа и толкување се видовите на комуникациски алатки кои се недоволно користени за воспоставување на ефективна комуникација. Во тој контекст посебно се укажува на потребата од примена на дијагонална корпоративна комуникација која овозможува навремено, целосно и објективно информирање на сите вработени. При тоа се потенцира и потребата од максимално користење на електронските медиуми во практикувањето на корпоративното комуницирање.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на функцијата на дигиталната технологија во односите со јавноста, пред се во процесот на воспоставување на ефективна комуникација со примена на дигиталната технологија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 50% бидејќи се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира ефикасните дигитални алатки кои ја подобруваат интерната комуникација. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на односите со јавноста, при што користејќи го

сопственото искуство предлага стратегии и алатки за ефективно нтерно комуницирање на вработените во компаниите во Р. Македонија.

8. Мимоза Давковска, Александра Стоилковска, Валентина М. Палевска, **Delevoping Strategic Management Sistem Within the Educational Organizations Towards Securing Higher Quality Management,** XII International Scientifi Conference „Management And Engineering'14".Juni,2014, Sozopol, R. Bugarija

Во овој труд авторите ја обработуваат темата на менаџирање на човечките ресурси во образовните организации кои секојдневно се насочени и фокусирани кон достигнување на професионални цели, реализација на планираните работни задачи и активности во согласност со планот и програмата, според претходно дефинирана образовна мисија и визија на училиште, како и во согласност со планот за развој на училиштето. Негативните појави се посебен предмет на интерес на авторите при што тие како причнина ја наведуваат слабата мотивација за работа, за промени на мислењата, за подобрување на лично или професионално ниво како и за постигнување на лични визии. Тоа е често забележлива слаба движечка сила, што не е доволно за мотивација и за работа на подобрување на интерперсоналните односи на оперативно ниво во училиштето како организација. За конструктивно надминување на постоечките образовни бариери, освен знаење и вештини, исто така потребна е желба и подготвеност за меѓусебно почитување, толеранција, флексибилност, во функција на надминување на чувството дека дека постојат бариери.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на менаџментот на човечки ресурси, влијанието на мотивацијата, мисијата и визијата во постигнувањето на организациските цели.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 35% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на функционирање на менаџментот на човечки ресурси. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџмент на човеки ресурси, при што користејки го сопственото искуство предлага стратегии и алатки за ефективно менаџирање на интелектуалниот капитал во компаниите во Р. Македонија.

9.Mijalce Gjorgievski, Dejan Nakovski, Valentina Mucunska Palevska, **Analysis of the Tourism indicators in Function of Enrichment of the Tourist O Through Manifestations in the Republic of Macedonia**, 4th Biennial International Scientific Congress „ICON BEST" 2015, Ecconomic Analysis of Global Trends in Tourism, Finance, Education, and Management, University of Tourisam and Management in Skopje.

Во трудот, авторите ги обработуваат карактеристиките на туризмот во Република Македонија врз основа на релевантни статистички показатели кои укажуваат на ниско, незадоволително ниво, кое се изразува како по бројот на туристите кои ја посетуваат земјата и од бројот на остварени ноќевања од туристи. Друга карактеристика на туризмот во Република Македонија е неговиот нагласен сезонски карактер, која според авторите се смета за негативна особина. За подобрување на актуелната состојба во туризмот во Република Македонија, потребно е да се подобри и да се збогати туристичката понуда. Според авторите еден од најдобрите начини за подобрување на квалитетот на туристичката понуда е преку актуелизација, промоција и

стратешки менаџмент на настани во функција на туризмот. Целта на овој труд е да се покаже како преку правилна стратегија и менаџмент на настани може значително да се подобри состојбата во областа на туризмот врз основа на сите горенаведени индикатори, особено кога станува збор за сезонската природа на туризмот и да се креира стратегија за  дисперзија на туристички движење надвор од традиционалните туристички дестинации во земјата. Ова води кон размислување дека има потреба од збогатување и проширување на туристичкиот производ со поголемо учество на одредени форми на туризмот. Такви алтернативни авторите гледаат во манифестации - настани, кои со своите специфики треба да придонесат за збогатување на туристичката производ, дисперзија на туристичката понуда во други градови во земјата, за разлика од моменталната концентрација во неколку градови - туристички дестинации, дисперзија на туристички движење или започнување на туристички движење во текот на годината. Од страна на авторите е нагласено големото влијание на менаџментот на настани (В. Šušić и Д Ѓорѓевиќ, 2011) "на светскиот туризам, растечката важност се дава на настанот како туристички производ, што најдобро се манифестира преку новите трендови во туристичкото снабдување во насока на зголемување на интересот за учење за култура, обичаи и традиции од различни земји и области ". Со цел манифестации - настани во Република Македонија да стане голем дел од туристичкиот производ, стратешки менаџмент е неопходно и да се разбира на соодветни ПР - пристап и стратегија.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на менаџментот на настани. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот на настани и дава голем придонес за успешното креирање и менаџирање на настани кој ќе придонесе за подобрување на туристичката индустрија во Република Македонија.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 35% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира системот на функционирање на менаџментот на настани во туризмот. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџментот на настани, при што користејки го сопственото искуство ги предлага стратегии и алатки за ефективно креирање и менаџирање на туристичките дестинации и производи во Р. Маккедонија.

10.Valentina Mucunska Palevska, Mijalce Gjorgievski, Dejan Nakovski, **Application of Effective Tools in the Management of Learning Organization**, International Miltidisciplinary Sientific Conferences on Social Sciences and Arts, Your World of Science & Arts, Albena Resort, Bulgaria, 2015

Во трудот, авторите ги обработуваат актуелните појави во врска со турбулентната глобална бизнис средина во која интензивно се менува парадигмата за управување со организации. Промените иницираат потреба од визионерско и проактивно корпоративно кодирање врз основа на перманентно организациско учење фокусирано на менаџмент на таленти за управување со квалитет, знаење и промени. Искуството на развиените економии во светот покажува дека функционирањето на современите организации не е ефикасно без спроведување на системот за управување со интелектуален капитал.

Ако организацијата сака да стане организација која учи, тогаш тоа мора постојано да инвестира во подобрување на компетенциите на вработените. Овој научен труд се

фокусира на анализа на потребите за обука на менаџери и вработени во организации кои учат. Прашалникот беше дизајниран со цел да се идентификуваат индикатори на ниво на креативност и иновации на менаџерите во јавниот сектор во Република Македонија, процесот на управување со промени, како и нивото на компетенциите и реализација на обуки со цел да се подобрат корпоративните перформанси.

Од особена важност за конкурентска одржливост на компаниите е ефикасно и ефективно менаџирање на организациски промени во функција на модификација на организациските системи со цел подобрување на бизнис процесите во организацијата. Организациски промени претставуваат феномен кој се однесува на континуирано следење на внатрешните и надворешните околности, со цел менување и трансформација на организацијата. Иновациите генерираат оригиналност како додадена вредност со која организациите ќе бидат конкурентни на пазарот. Во овој контекст, од особено значење е семантички разлика помеѓу управување со промени како прилагодување на тековното организациско однесување и управување со иновации како адаптација на организациско однесување. Промените и иновациите се еден од најважните фактори кои ја детерминираат економската стабилност на организацијата и претставуваат конкурентен фактор за одржливоста на пазарот.

Процесот на менување и модернизација на јавната администрација во Република Македонија треба да ја промени парадигма во управувањето со организациите во јавниот сектор. Како сервис на граѓаните, јавната администрација треба да ги следи и имплементира иновативни алатки за навремена и квалитетна услуга. Квалитетот на услугите зависи од квалитетот на управување со организациски промени и знаење, што придонесува за подобрување на компетентноста на вработените. Индикаторите на анкетата покажаа слабост во однос на управувањето со јавната администрација, особено во сегментот на обезбедување на менаџерска поддршка во конкурентен процес на прифаќање, имплементација и институционализација на промените, генерирање на иновации и постојано подобрување на ефикасноста на вработените. Со примена на иновативни алатки за управување се креира нова парадигма на ефикасна и ефективна организација во функција на конкурентна одржливост.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на стратегиите во креирањето на организација која учи. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот на интелектуален капитал и дава голем придонес за успешното креирање и менаџирање на организација која учи што придонесува за одржување на конкурентската позиционираност на организациите.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 35% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира стратегискиот пристап во креирањето и одржувањето на организација кој учи. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџмент на интелектуален капитал, при што користејки го сопственото искуство предлага стратегии ефективно креирање и менаџирање на организации кои учат во организациите во Р. Маккедонија.

11.В. М. Палевска**, Implementation of Effective Strategies in Managing and Evaluating the Performance of Human Resources,** Меѓународна конференција ICON BEST 2016, Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје

Во трудот, авторот ги обработува современи услови на деловно работење во кои компаниите се соочуваат со потребата од имплементација на ефективни стратегии во процесот на управување и евалуирање на ефикасноста на човечките ресурси. Актуелноста на ефективното имплементирање на стратегии за управување и оценување на ефикасноста на човечките ресурси во функција на подобрување на организациските преформанси ја иницира потребата од истражување на компатибилноста на стратегиите со моделите на управување и инструментите кои се користат за евалурање на перформансите на човечките ресурси. Во тој контекст авторот ја потенцира важноста на изборот на стратегиите во процесот на управување на човечките ресурси како и изборот на инструменти со кои ќе се мерат перформансите на вработените. Менаџирањето на човечките ресурси е предизвикувачки, динамичен, креативен и комплексен процес на работење. Креирањето на стратегии за управување и евалуирање на ефикасноста на човечките ресурси е приоритетен предуслов за подобрување на организациските перформанси. Актуелната состојба во компаниите во Р. Македонија укажува на потребата од креирање на нова професионална парадигма за значењето на примената на ефективни стратегии за управување и оценување во функција на ефикасноста на човечки ресурси.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на стратегиите за менаџиранње и мерење на перформансите на човечките ресурси. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот на интелектуален капитал и дава голем придонес за успешното креирање и менаџирање на перформансите на човечките ресурси што придонесува за одржување на конкурентската позиционираност на организациите.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира стратегискиот пристап во менаџирањето и мерењето на перформансите на човечките ресурси. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџмент на интелектуален капитал, при што користејки го сопственото искуство предлага стратегии за ефикасно и ефективно менаџирање и мерење на перформансите на човечките ресурси во организациите во Р. Македонија.

**12.Katerina Mitevska Petrusheva, Blagica Novkovska, Valentina Mucunska Palevska,**

**ETHICS AND MORAL VALUES IN THE CONCEPT OF GLOBAL EDUCATION,** Меѓународна конференција ICON BEST 2018, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

Во трудот, авторот го обработува концептот на глобалното образование, што е многу важно во глобалното општество и глобализацијата на пазарот на трудот. Овие прашања сеуште не се препознаат доволно и нивната примена е сé уште ограничена, особено во областа на високото образование во помалку развиените земји.

Глобалното образование има за цел подготовка на учениците да стекнат основни знаења и информации за актуелните прашања на општествениот, економскиот, политичкиот и културниот живот, што ќе им овозможи да изградат соодветни разбирања, ставови и вештини. Затоа, целта е да ги подготви учениците за глобално, свесно и проактивно учество во локално, како и во глобално опкружување.

Суштината на овој пристап се заснова на етиката и моралните норми и вредности, почитувањето на човековите права, мултикултурализмот, почитувањето на индивидуалноста и различноста во исто време.

Концептот на глобално образование во процесот на високото образование е насочен кон појавата на потребата од негово пошироко вклучување. Во овој труд е направена компаративна анализа на студиски програми, на некои универзитети во Југоисточна Европа (ЈИЕ).

Анализата на трудот го идентификува нивото на посветеност на високообразовните институции во овозможувањето на младите луѓе да ги стекнат потребните знаења и вештини за деловната етика и моралните вредности.

**Научен придонес на трудот:** во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во анализа на посветеност на високообразовните институции во овозможувањето на младите луѓе да ги стекнат потребните знаења и вештини за деловната етика и моралните вредности. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на деловната етика и дава голем придонес креирање и интегрирање на концептот глобално образование за младите луѓе да ги стекнат потребните знаења и вештини за деловната етика и моралните вредности.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 35% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да направи компаративна анализа на студиски програми, на некои универзитети во Југоисточна Европа. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на високото образование, при што користејки го сопственото искуство предлага концепт за интегрирање на предмети од областа на деловната етика во студиските програми во Р. Македонија.

**5.3.** Приказ и оценка на книги

5.3.1. Пред избор во звање доцент

1. Валентина Муцунска Палевска, Наташа Ацевска**, Учебник по македонски јазик и литература** за II година реформирано гимназиско образование за ученици со албански и турски наставен јазик , одобрен од Министерство заобразование инаука на 30.09.2002 г.

Текстот на книгата **Македонски јазик и литература** е наменет првенствено за учениците од втора година реформирано гимназиско образование за ученици со албански и турски наставен јазик што значи дека содржински и методолошки е подреден за таа потреба. Од методолошки аспект, авторите примениле структуралистички метод во обработката на наставните единици со што овој учебник е прв со таков методолошки приод и преставува многу вредно стручно дело кое ќе им користи на учениците во процесот на учење. Книгата е поделена на 6 логички целини и тоа: Наука за јазикот, Фонетика и фонологија, Морфологија и морфосинтакса, Синтакса, Литература.

Во првата целина се обработува историјата на јазикот, предметот и задачите на науката за јазикот, поврзаноста на лингвистиката со другите науки како и историскиот развој на македонскиот јазик со неговите специфики како балкански јазик, карактеристиките на македонскиот јазик од XIV до XVIII век,

функциите на македонскиот народен јазик, јазикот на дамаскините, спецификите на македонскиот јазик во 19 век со изучување на погледите на К. П. Мисирков, К. Пејчиновиќ, Т. Синаитски, Ј. Крчоски и Ј. Х. Константинов Џинот за македонскиот јазик.

Во втората целина се обработува лингвистичката дисциплина морфологија со посебен акцент на поим, видови и функција на морфемата, зброформа, зборовни групи и подгрупи од морфолошки, лексички и семантички аспект.

Во третата целина се обработува лингвистичката дисциплина морфосинтакса, функцијата на сите видови зборови во реченицата.

Во четвртата целина се обработуваат спецификите на просветителството во

Македонија со изучување на најзначајните претставници: Ј. Крчоски, К. Пејчиновиќ, Т. Синаитски, Ј.Х.К. Џинот и појвата на првите печатници.

Во петата целина се обработува лексикологијата како лингвистичка дисциплина, пред се поим за зборот, основните типови на лексички значења на зборовите, речничкиот состав на македонскиот јазик, лексиката според процесот на обновување, според потеклото, формата и сферата на употреба на зборовите. Во тој контекст се обработува и лексикографијата со посебен осврт на поимот и предметот на проучување на лексикографијата, основни типови на речници (лингвистички и енциклопедиски).

Во шестата целина се обработува македонската народна литратура , поделбата на македонската народна литература, епски видови во стих и проза, едноставните форми на лирските видови, лирско-епските видови: романса и балада.

2. Валентина Муцунска Палевска, Наташа Ацевска**: Учебник по македонски јазик и литература** за трета година реформирано гимназиско образование за ученици со македонски наставен јазик, одобрен од Министерството за образование и наука на 23.08.2003.

Текстот на книгата Македонски јазик и литература е наменет првенствено за учениците од трета година гимназиско образование, при што содржински и методолошки е подреден за таа потреба. Од методолошки аспект, авторите примениле структуралистички метод во обработката на наставните единици со што овој учебник е прв со таков методолошки приод и преставува многу вредно стручно дело кое ќе им користи на учениците во процесот на учење. Книгата е поделена на 5 логички целини и тоа : Наука за јазикот, Морфологија и морфосинтакса, Синтакса, Лексикологија, Книжевност

Во првата целина се обработува науката за јазикот, појавата и развојот на јазиците во светот, се проучува динстинкцијата помеѓу јазикот и говорот, јазикот како систем од знаци кој служи за комуникација, критериумите за класификација на јазиците со посебен осврт на класификацијата на македонскиот јазик во семејството на словенските јазици.

Во вториот дел е опфатена појавата на романтизмот во европските култури со анализа на општествено-историскиот контекст како предуслов за појава. Во понатамошниот текст се проучуваат најзначајните претставници на

романтизмот во светската литература, почнувајќи од претставникот на францускиот романтизам Виктор Иго со наратолошка анализа на романот „Клетници” и избор поезија, потоа претставникот на романтизмот во Германија, Ј. В. Гете, со анализа на „Страданијата на младиот Вертер”, претставникот на романтизмот во Англија, Џ. Г. Бајрон, со анализа на „Странствувањата на Чајл Харолд”, романтизмот во американската литература со анализа на избор поезија од Е. А. По, романтизмот во руската литература со анализа на романот „Евгениј Онегин” од А. С. Пушкин и избор поезија од Лермонтов.

Во третиот дел од книгата е разработен историскиот развој на македонскиот јазик со посебен осврт на карактеристиките на македонскиот јазик во втората половина на 19 век, изборот на дијалектната основа на македонскиот стандарден јазик, учебникарската дејност во Македонија во 19 век, јазикот на македонските писатели од 19 век, погледите на К. П. Мсирков за македонскиот јазик, македонскиот јазик меѓу двете светски војни, кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, улогата на Б. Конески во кодификацијата на македонскиот стандарден јазик

Во четвртиот дел е разработен периодот на преродбата и романтизмот во македонската литература, собирачите на македонски народни умотворби, дејноста на Д. Миладинов, анализа на избор од поезијата на Р. Жинзифов, К. Миладинов, анализа на поемата „Сердарот” од Г. Прличев, анализа на драмата „Македонска крвава свадба” од В. Чернодрински.

Во петтиот дел се разработува синтаксата како лингвистичка дисциплина, поим и функција на именски групи на зборови, пои за синтагма, дефинирање на реченицата, видови реченици, функцијата на глаголски и именски прирок во реченицата, директен и индиректен предмет, видови на прилошки определби, местото на интерпункциските знаци во сложени зависни и независни реченици.

Во шестиот дел е разработен реализмот како стилска формација, при што е дадена  анализа на романот „Чичко Горио” од О. Де Балзак, анализа на избор раскази од Н. В. Гогољ, анализаљ на романот „Злосторство и казна” од Достоевски, анализа на романот „Смртта на Иван Илич” од Толстој,

Во седмиот дел од книгата се разработени фразеологизмите и нивната класификација.

Во осмиот дел се разработени карактеристиките на македонската литература меѓу Двете светски војни, анализа на драмата „Чорбаџи Теодос” од В. Иљоски, анализа на драмата „ Печалбари” од А. Панов, анализа на драмата „Парите се отепувачка” од Р. Крле, анализа на поетската збирка „Бели мугри” од К. Рацин, анализа на избор поезија од К. Неделковски.

Во деветиот дел се разработува македонската литература во НОВ и по Втората светска војна со изучување на најзначајните претсавници. Се анализира повеста „Улица” од С. Јаневски, романот „Крпен живот” од С. Попов.

3. Сашо Кожухаров, Сретен Миладиновски, Жанина Кировска, Валентина Муцунска Палевска, Анита Котевска, **Стратегиски менаџмент,** Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2010 год. ISBN 978-608-4593-04-1

Текстот на книгата **Стратегиски менаџмент** е наменет првенствено за студентите од втора година на студии, содржински и методолошки е подреден за таа потреба. Од методолошки аспект, авторите примениле структуралистички метод во обработката на наставните единици со што овој учебник е прв со таков

методолошки приод и преставува многу вредно стручно дело кое во многу ќе им користи на студентите во процесот на учење. Книгата е поделена на 8 логички целини и тоа :

Во првата целина се обработува детерминирањето на стратегискиот менаџмент, процесот на стратегискиот менаџмент, почнувајќи од креирање на организациска мисија и визија. Потоа се обработува значењето на анализата на интерното, екстерното и конкурентското окружување за стратешкото планирање за на крај да се даде модел на стратегиски менаџмент.

Во втората целина се обработува стратегиската деловна политика во насока на креирање на деловната политика како планска одлука. Се парави динсинкција помеѓу деловната политика, стратегија и тактики, контролата и резултатите од имплементацијата на деловната политика.

Во третата целина се обработува планирањето во функција на стратегискиот менаџмент, дефинирање на целите во функција на стратешкото планирање при што се дава модел на ефективно планирање.

Во четвртата целина се обработува водството и мотивацијата како сигнификанти во стратегиското планирање при што се наведуваат дефиниции на водството, се толкуваат стиловите на водство при шти посебно се толкуваат ефективните стилови на водство. Потоа се дефинираат мотивационите теории и се потенцираат ефективните модели на мотивирање на вработените.

Во петата целина се обработува стратегискиот пристап во менаџирањето на нови учиноци, стратешко планирање на нови производи, оцена на планот за развој на нови производи.

Во шестата целина се обработува значењето на примената на стартегиската ориентација, стратегиски пристап во креирањето на одржлива конкурентска предност со посебна обработка на ефикасните и ефективните стратегии за одржлива конкурентска предност.

Во седмата целина се обработува мониторингот и евалуацијата во стратегискиот менаџмент, мониторнингот на ниво на сектор, мониторингот на ниво на развојни проекти како и идентификација на ризикот во спроведувањето на стратегијата.

Во осмата целина се обработуваат меѓународните аспекти на стратегискиот менаџмент, функциите на меѓународниот менаџмент, се идентификуваат околностите за влез на странски пазари, се дефинира концептот на веројатност, се потенцираат ефективните стратегии за влез на меѓународниот пазар.

4. Валентина Муцунска Палевска, Методија Стојановски, Веселинка Иванова, **Теорија на организација**, прирачник, Министерство за образование, Американска агенција за меѓународен развој, 2004.

Овој прирачник ги обработува следните теми:

1. Теорија на организација
2. Лидерски стилови
3. Делегирање
4. Власт, моќ, влијание

5. Валентина Муцунска Палевска, Лили Бошевска: **Комуникациски вештини и односи со јавноста**, прирачник, Министерство за образование и наука, Проект за модернизација на образованието, Е.И.Р.С. акредитиран провајдер од Министерство за образование и наука, Скопје 2007.

Овој прирачник ги обработува следните теми:

1. Теорија на комуникација
2. Стилови на комуницирање
3. Комуникациски вештини
4. Односи со јавноста

5.4. Учество во научни проекти

5.4.2 Пред избор во звање доцент

6. Проект за модернизација на образованието, 2005-2007МОН, УСАИД, Лидер на тимот Г13

Основната цел на проектот беше да се унапреди образовниот процес во средните училишта во Р. Македонија, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно менаџирање на образовните институции, што ќе обезбеди подобри резултати за учениците по завршувањето на средното образование.

Проектот се спроведуваше во четири фази:

- Обука за обучувачи за менаџирање на образовни институции
- Креирање на модули за обука на директори на средни училишта
- Обука на директорите на средните училишта во Р. Македонија
- Евалуација на резултатите од реализираната обука и експертска поддршка во процесот на имплементација

Во рамките на проектот работев како експерт за менаџирање на образовни институции, што опфаќа работа на анализа на структурата на организацијата, менаџирање на институциите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

7. Проект за истражување на добро владеење во образованието во Р. Македонија, СОРОС 2007,

Основната цел на проектот беше да се унапреди образовниот процес во Р. Македонија на сите нивоа на образование, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно менаџирање на образовните институции, што ќе обезбеди подобри резултати за учениците и студентите по завршувањето на одреден степен на образование.

Проектот се спроведуваше во три фази:

- Детална анализа на работењето на образовните институции на сите нивоа, менаџирањето, процесите на работа и методологијата на работа,
- Планови за:
  а. Организациска ефикасност,
  б. Квалитет на настава
  в. Мониторинг и евалуација
- Имплементација на предложените мерки преку реорганизација на сегменти од институците и спроведување на плановите

Во рамките на проектот работев како сертифициран обучувач за менаџирање на образовни институции, што опфаќа работа на анализа на структурата на организацијата, менаџирање на институциите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со знаењето.

8. Проект за сретификација на директори на училишта, МОН, УСАИД, 2006

Основната цел на проектот беше да се унапреди квалитетот на менаџирање а со тоа и на образовниот процес во средните училишта во Р. Македонија, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно менаџирање на образовните институции, што ќе обезбеди подобри резултати за учениците по завршувањето на средното образование.

Проектот се спроведуваше во три фази:

- Обука на директорите на средните училишта во Р. Македонија
- Евалуација на резултатите од реализираната обука
- Експертска поддршка во процесот на имплементација на стекнатите знаења и компетенции

Во рамките на проектот работев како сертифициран обучувач за менаџирање на образовни институции, што опфаќа работа на анализа на структурата на организацијата, менаџирање на институциите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

9. Проект за образование Ромаверитас, СОРОС, Ромаверитас, 2006

Основната цел на проектот беше да се унапреди компетитивноста на Ромите преку проектот на Владата на Р. Македонија: Декада на Ромите, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно менаџирање на организациите, што ќе обезбеди подобри резултати во работењето.

Проектот се спроведуваше во три фази:

- Обука на претставници од државната администрација
- Евалуација на резултатите од реализираната обука
- Експертска поддршка во процесот на имплементација на стекнатите знаења и компетенции

Во рамките на проектот работев како сертифициран обучувач за менаџирање на организации, што опфаќа работа на анализа на структурата на организацијата, менаџирање на организациите и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

### 5.4.3 После избор во звање доцент

1. **Проект:** Импактот од примената на дигиталниот маркетинг во лансирањето и конкурентското позоционирање на брендот, Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје, Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент

Основната цел на проектот е да се да се идентификува нивото на примена на дигиталниот маркетинг во лансирањето на брендот, како и во конкурентското позиционирање на брендот преку воспоставување на систем на ефикасна и ефективна примена на дигиталниот маркетинг што ќе обезбеди подобрување на конкурентноста на компаниите.

Проектот се спроведува во три фази:

- Креирање на тим и инструменти за спроведување на истражувањето
- Спроведување на истражувањето во реперезентативен примерок на компании
- Анализа на добиените резултати од истражувањето и креирање на предлог стратегија за примена на дигиталниот маркетинг во лансирањето и конкурентското позиционирање на брендот.

Во рамките на проектот работам како раководител на методологијата на истражување за примена на дигиталниот маркетинг во лансирањето и конкурентското позиционирање на брендот, што опфаќа работа на креирање на инструменти за спроведување на истражувањето, анализа на резултатите од

истражувањето, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно стратегија за примена на дигиталниот маркетинг, подготовка на модел на примена согласно потребите и спецификите на компаниите. Временска рамка за реализација на проектот е од 15.02.2017 до 31.08.2017

**Самостојни трудови во списанија**

1. Валентина Муцунска Палевска, **Менаџерот во улога на агент на промени во процесот на менаџирање на промените,** МНОГО, Е-весник, Скопје, 2011.

Во списанието МНОГО кое е електронско списание , со рецензија од проф. д-р Александра Стоилковска, Валентина Муцунска Палевска пишува за турбулентното опкружување кое влијае на интензитетот и фреквенцијата на промените кои се случуваат во организациите. Научниот придонес се забележува во предлог алтернативните комбинаторики на улогите на менаџерот во процесот на справување со отпорот кон промените.

2. Валентина Муцунска Палевска, **Како фирмите го менаџираат интелектуалниот капитал,** МНОГО, е-весник, Скопје, 2011.

Во електронското списание МНОГО, со рецензија од проф. д-р Александра Стоилковска, Валентина Муцунска Палевска, пишува за контекстот на менаџерските практики во корпорациите во Македонија, потенцирајќи дека сè уште сме на ниво на иницијални обиди за дизајнирање сектори за менаџирање на интелектуалниот капитал. Тоа е функција што се практикува само од страна на топ-менаџерот. Поради тоа, евидентна и фреквентна е практиката на поставување на некомпетентни кадри на одредени работни места. Препораките на развиените економии во светот се насочени кон потенцирање на фактот дека секоја успешна корпорација мора перманентно да обезбедува и да се екипира со компетентни кадри што ќе можат да одговорат на предизвиците и потребите на променливото окружување и на стејкхолдерите.

**2.** Валентина Муцунска Палевска, **Актуелен модел на транзизионен корпоративен менаџмет**, МНОГО, Е-весник, Скопје, 2010

Во електронското списание МНОГО, со рецензија од проф. д-р Александра Стоилковска, Валентина Муцунска Палевска пишува за актуелните конкурентни услови на развиените економии во кои конкурентската предност се заснива на индивидуалното и организациското знаење. Научниот придонес се забележува во иницирање на размислата за компатибилност на критичките функции на менаџментот на знаење во контекст на корпоративната меморија и дилемата дали компаниите ги менаџираат човечките ресурси или знаењето.

**5.5** Учество на меѓународни научни конференции во странство

5.5.2 Пред избор во доцент

5.5.3 После избор во доцент

5.6 Учество на меѓународни научни конференции во земјата

5.6.2 Пред избор во доцент

5.6.3 После избор во доцент

## 6 НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

### 6.1 Избори во наставно-научни звања

Доц. д-р Валентина Муцунска Палевска досега била избрана еднаш за асистент по група предмети од областа на менаџмент, и тоа како асистент на Факултетот за односи со јавноста, Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје, Република Македонија, Скопје, 2009 година, а потоа и како доцент на Факултетот за односи со јавноста на Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје, Република Македонија, Скопје во 20011 година. Била ангажирана во наставата на првиот и вториот циклус на студии на Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје, и тоа:

**Ангажираност на прв циклус на студии**:

Деловно комуницирање
Менаџмент на човечки ресурси

**Ангажираност на втор циклус на студии**:

Деловно лидерство

Денес е ангажирана во наставата на првиот и вториот циклус на студии на Универзитетот за туризам и менаџмент, на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент и тоа:

**Ангажираност на прв циклус на студии:**

Деловно комуницирање
Менаџмент на квалитет
Деловно одлучување
Корпоративен имиџ
Менаџмент на знаење

**Ангажираност на втор циклус на студии:**

Менаџмент на целосен квалитет
Интегрирани маркетинг комуникации
Менаџмент на промени
Корпоративна одговорност

**Во 2015 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје спроведена е самоевалуација на наставниот кадар**.

Според добиените резултати доц. д-р Валентина Муцунска Палевска на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент по предметот Корпоративен имиџ има постигнато успех од 3.81, на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси по предметот Комуникациски менаџмент има постигната успех од 4.26, по предметот Деловно одлучување 4.74, и по предметот Корпоративен имиџ 4.66, на Факултетот за односи со јавноста по предметот Јавност и јавно мислење има постигнато успех од 4.81, по предметот Реторика 4.87, предметот Стилистика 4.62, по предметот Комуникациски менаџмент 5, по предметот Деловно одлучување 4.96.

Ова покажува дека доцент д-р Валентина Муцунска Палевска има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат овие предмети.

### 6.2 Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, доц. д-р Валентина Муцунска Палевска, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно- научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано со студентите дел од наставните активности ги изведуваат преку наставни практикуми изразени преку теренски патаувања.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент особено по предметите Деловно комуницирање, Менаџмент на квалитет, Деловно одлучување, Корпоративен имиџ, Менаџмент на знаење. Кандидатот исто така во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во маркетингот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

Била ментор на 27 дипломски работи, 19 магистерски труда и член на комисија за изработка и одбрана на 58 магистерски труда.

7. СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

7.1 Рецензии на книги

7.2 Рецензии на трудови во научни списанија

7.3 Рецензии за избор во звања

7.4 Оценка на севкупната стручна дејност

## 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на доц. д-р Валентина Муцунска Палевска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 125 став 3 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

11. Кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.

12. Кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска** има објавени осум научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.

13. Кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска** учество во два научно-истражувачки проекти.

14. Кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска има** придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

15. Кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска има** покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

16. Кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска** била ментор на над 20 дипломски работи, 25 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 100 магистерски трудови.

17. Кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска** има позитивна оценка од самоевалуација.

18. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **доц. д-р Валентина Муцунска Палевска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.

19. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за нејзините постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари,

конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.

20. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од обласа на комуниколошките дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, доц. д-р Валентина Муцунска Палевска** да ја избере во наставно-научно звање **вонреден професор** *во научно-истражувачкото подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Менаџмент, област Односи со јавноста, Деловно комуницирање (50613) и Друго (*50624).

**Рецензентска комисија:**

1. **Проф. д-р Александра Стоилковска, редовен професор**, претседател

Декан на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Македонија, с.р.

2. **Проф. д-р Виолета Миленковска, редовен професор,** член,

Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Република Македонија, с.р.

3. **Проф. д-р Константин Петковски, редовен професор,** член

Декан на Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Технички факултет с.р.

**Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот**

| Тип на трудот | Пред избор во доцент | После избор во доцент | Вкупно |
|---|---|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | / | 6 | 6 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | 2 | 12 | 14 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции | / | / | / |
| 4. Книги | 3 | / | 3 |
| ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ | 5 | 20 | 25 |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>5. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | 1 | 2 | 3 |
| 6. Проекти студии и рецензии<br>7. Прирачници | 7<br>9 | 2 | 18 |
| ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ | 17 | 4 | 21 |
| 8. Други трудови | | | |
| ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ | 22 | 22 | 44 |

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА**
**ЗА ИЗБОР НА**
**д-р АЛЕКСАНДАР ДАШТЕВСКИ**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР од научно истражувачко поле 507 ПОЛИТИЧКИ НАУКИ, област 50700 ПОЛИТИЧКИ НАУКИ (основи, теорија, историја, методологија, друго) и 50710 друго**

**д-р Јован Ананиев, редовен професор**, претседател
редовен професор, декан на Факултетот за правни науки на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип

**д-р Жидас Даскаловски, редовен професор**, член,
Факултет за Безбедност УКЛО Охрид, Република Македонија

**д-р Иван Дамјановски, вонреден професор професор**, член
Професор на Универзитетот„Кирил и Методиј" Скопје, Правен факултет „Јустинијан I" Скопје, Република Македонија.

| | |
|---|---|
| 6 Март 2019 година | **До**<br>Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Александар Даштевски** доцент во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко поле 507 Политички науки, област 50700 (основи, теорија, методологија, историја и друго) и 50710 Друго

Врз основа на и одлука на Универзитетот бр.18/2/3 од 11.02.2019 година за избор во звање, Конкурсот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје објавен во веникот "Нова Македонија" во согласност со Член 172 и 182 од Законот за високо образование (Службен Весник на РМ бр.82/2018) за избор на еден наставник од Научно истражувачко поле 507, област, Политички науки 57000 Политички науки(основи, теорија, историја, методологија и друго и 50710 Друго одржа Наставно-научниот совет на кој го донесе записникот на Наставно-научниот совет број 18-1-2 од 25.02.2019 година Факултетот за претприемачки бизнис,
На истата седница, донесена е одлука број.18-1-3 од 25.02.2019 година за **именување на Рецензентска комисија која давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Политички науки, област Човекови права и слободи, Политички маркетинг и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје- Факултет за претприемачки бизнис во состав:

1. **д-р Јован Ананиев**, редовен професор, претседател на Комисијата, Декан на Факултетот за правни науки, Универзитет “Гоце Делчев” во Штип, Република Македонија
2. **д-р Жидас Даскаловски** редовен професор, член, Факултет за Безбедност УКЛО Охрид, Република Македонија
3. **д-р Иван Дамјановски**, вонреден професор професор, член, Професор на Универзитетот „Кирил и Методиј“ Скопје, Правен факултет „Јустинијан I” Скопје, Република Македонија.

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко поле 507 Политички науки, област 50700 (основи, теорија, методологија, историја и друго) и 50710 Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 16-17. февруари 2019 година
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат од таа област и тоа: д-р Александар Даштевски, доцент, вработен на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

**И З В Е Ш Т А Ј**

За кандидатот д-р Александар Даштевски, доцент, на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

9. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
10. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
11. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во

наставно-научно звање – доцент и вонреден професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија *(Прилог 3)*, како и

12. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент и вонреден професор *(Прилог 4)*,
13. Потврда за учество во научно-истаржувачки прект *(Прилог 5)*,
14. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6)*,
15. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање вонреден професор во научно-истражувачко подрачје за научно-истражувачко поле 507 Политички науки, област 50700 (основи, теорија, методологија, историја и друго) и 50710 Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, *(Прилог 7)*,
16. Одлука од Наставно научен совет на Факултетот за претприемачки бизнис за избор во наставно-научно звање доцент *(Прилог 8)*.

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Александар Даштевски

Кандидатот, доц. д-р Александар Даштевски е роден на 16 Декември 1962 година во Белград. Основно образование завршил во ОУ "Крсте Мисирков" во Куманово. Средно образование завршил во гимназија "Гоце Делчев" во Куманово.. Дипломирал во декември 1988 година на Правниотиот факултет во Скопје при Универзитетот Св."Кирил и Методиј" во Скопје, на Правен факултет- правосудна насока и се стекнал со степенот и стручен назив Дипломиран правник. Во 1992 година положил правосуден испит. Во мај 2010 година завршил постипломски студии на УАКС во Скопје на англиски јазик, од областа на Меѓународни односи и дипломатија. По одбраната на постипломскиот труд „Разлики и сличности помеѓу Меѓународното хуманитарно право и Правото на човекови права„ со просечна оценка 9.4 се стекнал со звање Магистер на науки.
Докторирал на 13.10.2013 година на Универзитетот "Евро Балкан" Институт за општествени и хуманитарни истражувања во Скопје, со одбрана на докторската дисертација на тема: "Универзализмот на човековите права версус културниот релативизам во земјите на Југоисточна Европа„ пред комисија во состав: проф. д-р Звонимир Јанкуловски, проф. д-р Весна Матијашевиќ- Покупец, проф. д-р Митко Панов, доцент д-р Иванка Додовска и доц. д-р Јорданка Галева, под менторство на проф. д-р Звонимир Јанкуловски, со што се стекнал со звањето доктор на политички науки (PhD).

Учествувал на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на политичките и правни науки во земјата и странство. Одлично ги владее и активно ги користи англискиот, а пасивно францускиот јазик. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, PowerPoint, и Интернет.

Од ноември 2011 година, кандидатот, доц. д-р Александар Даштевски бил избран во звање соработник- истражувач на Универзитетот Евро Балкан, овој избор му е потврден во Јули 2012 година во областа на политичките науки на Факултетот за Југоисточна Европа, Институтот за општествени и хуманистички студии на универзитетот Во тој период обавувал настава по предметите Студии на мултикултурализам и биополитика, Нови медиуми и комуникации и други

предмети од политички науки. На 21 Март 2014 во рок од три месеци од огласот за избор во звање е избран во научно звање Доцент на Универзитетот Евро Балкан каде што бил вработен. По изборот изведувал настава по предметите: Меѓународно право, Меѓународни човекови права, Комунистичко минато, Национализмот демократијата во земјите на Југоисточна Европа, Компаративни политички системи. На Универзитетот Американ Колеџ Скопје во текот на 2014 година изведува настава по предметите Меѓународно право, Меѓународна безбедност, Глобализација како и Светската политика и САД. На Унивесзитетот за југоисточна Европа(Штулов) во 2015 година изведувал настава на постдипломски студии по предметите Меѓународно приватно право и Меѓународно стопанско право.

Во февруари 2016 година е е вработен на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, каде што е повторно избран во звање доцент за група предмети од областа на политичките дисциплини на 01.06 2016 година повторно избран во наставно-научно звање доцент по група предмети од областа на поитички и економски дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на политичките науки и на полето на организациските науки и управувањето.

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:
2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,
2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и
2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

### 2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

М-р Александар Даштевски на 14.11.2011 година е избран во соработничко звање соработник-истражувач на Институтот за општествени и хуманистички науки Евро Балкан- Оддел за последипломски студии - Република Македонија (со одлука бр. 05.12-786 од 12.12.2011) (*Прилог*).

М-р Александар Даштевски на 08.07.2012 година повторно е избран во соработничко звање сорабитник истражувач на Факултетот за југоисточна европа и на Институтот за општествени и хуманистички истражувања од областа на политичките науки при Универзитет Евро Балкан (со одлука бр. 07.01/8/56 од 08.07.2012) (*Прилог*)

Д-р Александар Даштевски на 21.03. 2014 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 04.03.2014 (Прилог) е избран во звање доцент од областа на политичките науки (со одлука бр. 16-52/9 од 21.03.2014) (*Прилог*).

Д-р Александар Даштевски на 10.06.2016 година врз основа на Рецензентскиот извештај е избрана за наставник за група предмети од областа на политичките дисциплини Човековите права и слободи, 50323 Политички маркетонг и 50329 Друго) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во наставно-научно звање доцент (со одлука бр.02-115/2 од 01.06.2016) (*Прилог*).

**2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот**

Д-р Александар Дашевски во неговата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишал докторска дисертација и објавил 4 научни трудови во меѓународни научни публикации.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:
2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

**2.2.1. Докторска дисертација**

Докторската дисертација на тема: "Универзализмот на човековите права версус културниот реладивизам во земјите на Југоисточна Европа„ кандидатот ја одбранил на 13.10.2013 година на Универзитет Евро Балкан, Институт за општествени и хуманистички истражувања во Скопје, пред комисија во состав: доц. д-р Јорданка Галева претседател (Правен факултет Јустинијан 1 во Скопје), проф. д-р Звонимир Јанкуловски, ментор и член (Универзитет Американ Колеџ Скопје, Правен факултет), проф. д-р Митко Панов, член (Институт за национална историја Скопје), проф. д-р Весна Матијашевиќ Покупец, и член (Универзитет Евро Балкан во Скопје), и доц. д-р Иванка Додовска, член (Правен факултет јустинијан 1 во Скопје).

Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнал со академски степен доктор на политички науки (PhD).
Истражувањето потврди дека културниот опстанок, разноликостите и просперитетот не се пречка во имплементирањето на универзалните стандарди на човековите права и дека културниот релативизам го балансира процесот на глобализација, кој рапидно го еродира традиционалниот поим за сувереност, за внатрешна јурисдикција на државите и на културната автономија на народите. Канализирањето на културните разноликости на државите на ЈИЕ во градењето на нивните политики на човековите права не значи неспоредливост и исклучивост на културните вредности на овој простор – дека тие се единствени за народите и не може да бидат споредувани меѓусебно – туку, напротив, дека културните вредности се преклопувале и се надополнувале меѓу различните

народи со определени специфики што мора да бидат дел од политиките на човековите права на овие држави.

Предмет на докторскава дисертација беше да ги истражи политиките на човековите права во дел од државите на Балканот (Албанија, Бугарија, Македонија, Србија и Косово) и колку овие политики го имаат акомодирано културниот релативизам при нивното аплицирање во рамките на политичките системи. Поточно, колку овие политики се флексибилни во почитувањето и заштитата на културните разноликости и интегритет на припадниците на различни културни групи кои живеат во државите на ЈИЕ и дали тие се генератор за хомогенизирање на културите и креатор на идентитетските проблеми со кои се соочува регионот.

Низ компаративна анализа на политиките на државите Албанија, Бугарија, Македонија, Србија и Косово се согледаni разликите во политичките системи, идеологијата, историските традиции, културната разноликост и средствата и начините низ кои се имплемтираат нивните политики на човековите права.

Човековите права подигнати на ниво на универзални вредности се еднакво применливи за сите, без оглед на разликите во нивните култури и начинот како овие култури го акомодираат концептот на правата. Универзалниот карактер на правата е потврден со Виенската декалрација за правата (1993) и е наметнат како основна обврска за владите во светот во почитувањето и во промоцијата на правата. Притоа, принципот на недискриминација во уживањето на правата е промовиран во *jus cogens* норма на меѓународното право. Со тоа се исклучува можноста правата да бидат ограничени поради културните разноликости на определени групи во општеството.

Сепак, сè повеќе нараснува консензусот околу интерпретацијата на универзалноста на концептот на правата низ почитувањето на културните разноликости на народите во светот. Во таа насока е и Декларацијата за културните разноликости на УНЕСКО од 2001 година, низ која се афирмира почитувањето на културните разноликости, толеранцијата, дијалогот и соработката во услови на заемна доверба и разбирање меѓу народите како предуслов за мир и за безбедност во светот. Одбраната на културните посебности е етички императив за секој народ, нераскинливо врзан за човековото достоинство. Но, културниот релативизам во интерпретирањето на концептот на правата не смее да го легитимира насилното и недомократско владеење во државите. Напротив, треба да го засили напорот на државите взао почитување на правата на малцинските и ранливи групи во општеството.

Акомодирањето на културниот релативизам во универзалноста на концептот на човековите права е одговор и на сè поширениот страв дека процесот на глобализација ќе ги обедини луѓето и културите во еден нов глобален, мултикултурен свет, генерирајќи тензии, конфузии и конфликти во приспособувањето и акомодирањето во тој нов вид културен плурализам.

Во воведниот дел се поснавува основа дека, иако универзализмот и културниот релативизам се во корелација и меѓусебна зависност, за односот помеѓу нив многу ретко се дискутира и очигледно малку се пишува за тоа. Поради тоа, тешко се наоѓа материјал во кој се разработува тој однос, а особено важноста на нивната меѓузависност посебно во прифаќањето и следењето на концептот на универзализмот во почитувањето на човековите права како општоприфатен концепт. Затоа се наметнува потребата да се истражи и да се објасни овој однос, но пред си да се објаснат поимите и како доаѓа до нивното создавање, со цел да ја разбереме нивната заемност и меѓусебното влијание во следењето и имплементирањето на концептот за човековите права.

Во првиот дел „Потекло и развој на идејата за човековите права„ се зборува дека тоа се права што некој ги има само затоа што е човек. Нив ги имаат сите човечки суштества, независно од правата и должностите што поединците можат (или не можат) да ги имаат како граѓани, членови на семејствата, работници или како припадници на која било јавна или приватна организација или здружение. Тие се универзални права. Сите човечки суштества ги имаат истите човекови права подеднакво и неотуѓиво.
Човековата природа, којашто претставува извор на човековите права, се заснова врз моралното сфаќање на човековите можности. Таа укажува на она што човековите суштества можат да станат, а не она што биле историски, или што се во некоја научно определена смисла. Тие се базираат на сфаќањето за животот како достоинствен и кој по природа им одговара на човечките суштества. Доколку правата определени со теоријата на човековата природа што стои зад нив, се имплементираат и се стават во сила, тие би требало да помогнат во создавањето личност што ќе биде достојна за таков живот. Ефикасна имплементација на човековите права, на тој начин, личи на себеисполнувачко морално пророштво.

Во точка 1 е опишан предисторискиот и античкиот париод, каде што многу историски текстови содржат поим за универзализам со алтруистички упатства кон хуманизмот. Во точка 2 се зборува за периодот на инквизиција кога човековите права доживеале најголема стагнација, Кога сепак е донесена Магна карта и во тој период Тома Аквински повторно пишува за природните права. Точката три го објаснува периодот на просбетлувањето и неговиот најзначаен представник Џон Лок, кој во своето дело Два трактата за владата Природната состојба има природен закон да владее со неа, кој го обврзува секого, а умот ги учи сите кои ќе побараат од него, кој е тој закон. Бидејќи сите се еднакви и независни никој не треба да ги повредува животот, здравјето, слободата или поседите на другиот.Во точка 4 се објаснува Американската декларација за независност, која е изработена од Томас Џеферсон врз основа на англискиот Bill of Rights и претставуваат положба за кореспонденција со есенцијалните карактеристики на пазарната економија што ја создава буржоазијата. Конечно точка 5 ја обработува француската револуција. Тешките услови за живеење во тоавреме довеле до размислувањата за промени и за донесување определени документи што требало да претставуваат минимални стандарди за цивилизирано однесување, пред си на владетелите во тоа време. Сепак, политичката состојба, развојот на општеството и свеста во тоа време не го дозволувале тоа. Затоа, постепено овие документи станувалеоснова за модерниот развој на човековите права.
Во вториот дел се зборува за меѓународна заштита на човековите права. Така во точка 1 се обработува таа заштита по првата светска војна. Во точка два се зборува за заштита во рамките на Обединетите нации, а во точка 2.2 се објазнува заштитата според Повелбата на Обединетите нации. Во точка 2.3 детално се објаснува универзалната декларација на човековите права, чија правна димензија се дефинира во точката 2.4. Во точката 2.5 се образложени Пактовите за човековите права кои се на второ место по значење и имаат договорна основа, доколку земјата членка ги преземе. Во точка 2.6 се зборува за другите најважни договори за човековите права. Точка 3 ги обработува регионалните системи за заштита.
Во третиот дел се зборува за влијание на новите концепти на светската политика врз човековите права. Во таа смисла глобализацијата може да се дефинира како општествен процес во кој географските ограничувања во поглед на

општествените и културните односи исчезнуваат и во кој луѓето си повеќе стануваат свесни дека ги снемува.

Во четвртиот дел се зборува за универзализмот наспроти културниот релативизам во почитувањето на човековите права. При подготвувањето на меѓународните документи за човековите права, како што се Повелбата на Обединетите нации, а особено Универзалната декларација за човековите права, се водело сметка пред си за културните и за религиозните традиции,како нивни составен дел. Без тие вредности не би била возможна нивната имплементација. Во точка еден се објаснува поимот култура поимот „култура“ во најширока смисла може да се сфати како заедничка култура на сите западни демократии, што би значело дека сите тие имаат заедничка модерна, урбана, секуларно индустријализирана цивилизација, спротивно на феудалниот, земјоделскиот и теократскиот свет на нивните предци. Во точка 2 се зборува за разликата помеѓу култура и културен релативизам. Поимот култура е непосредно поврзан со културниот релативизам кој се анализира во антропологијата. Според денешните сфаќања, таа е дисциплина која се

занимава со проучување на физичкиот, културниот, социјалниот и лингвистичкиот развој на луѓето од предисториското време до денес. Различните култури, во временски периоди, се разбирани различно од одделни народи. Нешто што е целосно прифатливо за една цивилизација, може да биденеприфатливо за друга. Точка 3 ги обработува културните разноликости. Тие имаат сериозно значење за уважувањето и почитувањето на различни култури во светот. на 2 ноември 2001 година, на 31. Сесија на Генералната конференција на УНЕСКО, во Париз е усвоена Универзалната декларација за културна разноликост. Се смета дека почитувањето на културната разноликост придонесува за достоинство на секој поединец, група или заедница. Првата и слободите не се остваруваат во вакуум, туку се вградени во поширок социјален контекст. Сите права и слободи имаат културна димензија која учествува во нивната ефектива примена. ВО точка 4 се обработува културната диминзија на човековите права и културните права. Тоа се две различни категории. Конечно во точка 5 се зборува за дебатата за универзализмот наспроти културниот релативизам. постои обврска во меѓународното право за почитување на културните идентитети на луѓето и на нивните локални традиции и обичаи. Во секој случај, да се каже дека културните идентитети треба да се почитуваат, не значи дека на меѓународните човекови права им недостасува суштинска основа.

Во петтиот дел се зборува за југоисточна европа меѓу универзализмот и културниот релативизам. Балканот, како дел од Југоисточна Европа, отсекогаш бил место на кое се случувале судири на цивилизации, на култури, на обичаи и религии.Точка еден го објаснува влијанието на трансформацијата на политичките системи врз степенот на почитувањето на човековите права во ЈИЕ. Точка два зборува за правната рамкам на меѓународните стандарди на човековите права во ЈИЕ, додека точка 3 за влијание на културниот релативизам врз определени човекови права со културна димензија и културните права во ЈИЕ

*Квалитативната анализа* ги подврдува наводите во докторската дисертација, направени со интервјуа во Албанија, Бугарија, Македонија, Србија и Косово.

Во Заклучокот се содржани крајните согледувања Иако постои широка дебата за универзализмот наспроти културниот релативизам на кој од нив треба да му се посвети поголемо внимание, теоријата си повеќе е согласна дека прифаќањето

на идејата за универзалноста и целите на различноста не ги доведуваат во прашање апликативноста и валидноста на нормите за човекови права.
Меѓународната заедница мора да ги третира човековите права глобално, на фер и еднаков начин, врз еднаква основа и со еднаков акцент. Значењето на националните и на регионалните посебности, и различните историски, културни и религиозни особености мора да се земат предвид, независно од политичките, економските и културните системи на државите при промовирањето на заштита на сите човекови права и основни слободи.
Она што посебно доаѓа до израз при анализа на состојбите како сериозен проблем во овие земји е произволното однесување кое доведува до дискриминација. Произволноста постои во секој поглед како третман на едно лице или засебна група,супериорна или инфериорна спрема другите, засновани врз арбитрарни критериуми, како што се раса, боја на кожата, пол, јазик вероисповед, политичко убедување или национално и социјално потекло.

*Научниот придонес на докторската дисертација* „Културниот релативизам версус универзализмот на човековите права во политиките на земјите на ЈИЕ„ Универзитет „Евро- Балкан„ Скопје, се состои во тоа што односот помеѓу универзализмот на човековите права и културниот релативизам во овој труд е добро обработен и сега постои солидна литература за оваа материја за која предходно ретко се истражува во регионот но и во светот. Истражен е и објаснет овој однос, но пред се објаснети се поимите и како доаѓа до нивното создавање, со цел да ја разбереме нивната заемност и меѓусебното влијание во следењето и имплементирањето на концептот за човековите права.
Иако постои широка дебата за универзализмот наспроти културниот релативизам на кој од нив треба да му се посвети поголемо внимание, теоријата се повеќе е согласна дека прифаќањето на идејата за универзалноста и целите на различноста не ги доведуваат во прашање апликативноста и валидноста на нормите за човекови права.
Она што не е спорно е дека меѓународните стандарди за почитување на човековите права се прифатени во земјите на југоисточна европа. Но, евидентно е дека постои посебност во нивното почитување како израз на кутурниот релативизам, кој е различен во овие земји од оној во Западна Европа. Тие историски, културни, религиозни и обичајни традиции оставиле големо влијание врз овој регион. Затоа не може да се каже дека нивото на меѓународните стандарди е исто со она во западните земји, или во кој било друг дел од светот. Истражувањето покажува дека има механизми кои можат да се употребат во регионот и пошироко за да се делува на хармонизацијата на меѓународните стандарди, во определен временски период.

### 2.2.2. Објавени научни трудови

#### 2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент,
д-р Александар Даштевски покрај докторската дисертација објавил 7 научни трудови

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

1. Aleksandar Dashtevski, Correlation and interdependence of universalism and cultural relativism, Published at Macedonian Political Science Forum, e- proceeding of papers, Number 5 September 2015, EBSCO Publishing.
2. Aleksandar Dashtevski, "The influence of liberal capitalism to the development of religious fundamentalism", Religion and Religious Fundamentalism in the 21-st Century, Political Thought, year 13, No 51, Konrad Adenauer Stiftung, IDSCS

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

1. Александар Даштевски, FOURTH ANNUAL INTERNATIONAL CONFERENCE ON EUROPEAN INTEGRATION, EUROPE IN CRISIS: THREATS AND OPPORTUNITIES, Skopje, Macedonia 29th May 2009, UACS PAPER: EU Enlargement and Ffinancial Crisis
2. Александар Даштевски „EU Enlargement as a Precondition for European Stability", Published at Conference proceedings from the 5-th Annual International Conference on European Integration, 2010, UACS
3. Александар Даштевски „Universalism versus Cultural Relativism in the Observance of Human Rights", Published at Conrerence proceedings Promoting Human Rights Recent Developments International Scientific Conference, September 2013, MIT University
4. Александар Даштевски „Impacts of the New Concepts of the World Politics on Political systems and Cultural Identities", Published at Conference proceedings on the First International Scientific Conference of the topic "Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia" University Euro- Balkan, Skopje from the December 2013.

**2.2.2.2. После избор во звање доцент**

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

После изборот во звање доцент, д-р Александар Даштевски
објавил научни трудови.

1. Александар Даштевски, Потекло и развој на човековите права, Published at Macedonian Political Science Forum, e- proceeding of papers, Number 6, 18.01.2016, EBSCO Publishing
2. Aleksandar Dashtevski, Jana Ilieva, "International Framework for Dealing with Hate Speech ", Journal of International Relations, Faculty of international relations,

University of Economics in Bratislava, 2017 Volume XV., Issue 4, Pages 358 – 370. ISSN 1336-1562 (print), ISSN 1339-2751 (online)EBSCO
3. Jana Ilieva, Aleksandar Dashtevski, Natasha Ristovska "EU Enlargement and financial crisis" International Journal of Academic, USA Research in Business and Social Sciences, Vol. 7, No. 1 (pp. 153-163), January 2017 (EBSCO).
4. Aleksandar Dashtevski "The UN Charter as a Basis for Developement of Human Rights "University Aleksandar Dubcek, Trencin, Slovakia, 2017
5. Aleksandar Dashtevski, Jana Ilieva, "PROMOTING GENDER EQUALITY TROUGH EQUAL LIFE STANDARD IN EU COUNTRIES", For consideration by the UTMS Journal of Economics EBSCO Publishing, June 2018
6. J. Ilieva, A. Dashtevski, F. Kokotovic, "Economic sanctions in international law" For consideration by the UTMS Journal of Economics EBSCO Publishing, November 2018

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

После изборот во звање доцент, д-р Александар Даштевски објавил 7 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. Aleksandar Dashtevski, "Tradition, customs and mentality as a bases for discrimination" in the part of the SEE countries, Published at Conference proceedings on the Second International Scientific Conference of the topic "Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia"**:** 2014 Euro- Balkan University.
2. Aleksandar Dashtevski "Overcoming the Problems in the Area of Discrimination", University of Tourism and Management Skopje 2015 ICON BEST, 4-th Bienal International Sciefic Congress, Skopje October 2015

3.Aleksandar Dashtevski, Filip Petrovski „Protection of Human rights of Migrants and refugees against discriminations according to international and domestic regulation", UTMS, November 2016, ICON BEST

4. Aleksandar Dashtevski "Different Approaches to Respecting Human Rights", Conference

POLITICAL SCIENCE FORUM VOL.7 No.1. Alexander Dupcek, University od Trencin, Slovakia 2018

5. K. Petkovski, A Dashtevski, J. Dukoski, Facilitated Leadership in Security Services as a Factor for More Efficient Management with Crisis Situation, The 6-th Biennial International Scientific Congress, Icon Best 2018

6. A. Dashtevski, G. Grncharovski, "Ethics, Morality and Human Rights" The 6-th Biennial International Scientific Congress, Icon Best 2018.

7. A. Dashtevski, G. Grncharovski," Tackling Multiculturalism or Strenghtening Subcultures- The Macedonian Case" 16-th International Conference on Social Sciences, November 2018, Paris, Index Copernicus, DOI (Base of Thomson Roiters) etc.

**2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот**

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Александар Даштевски во наставно-научно звање доцент.

**2.2.3.1. Пред избор во звање доцент**

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

a) **Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци.**

1. Aleksandar Dashtevski, Correlation and interdependence of universalism and cultural relativism, Published at Macedonian Political Science Forum, e-proceeding of papers, Number 5 September 2015, EBSCO Publishing.

- *Достапност на трудот:* http://mfpskopje.wix.com/ e-zbornik , EBSCO Publishing ISSN 1857-9167
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 a.a.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-9167
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 1 автор)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација*

Опис на трудот

Со овој труд авторот објаснува дека меѓузависноста помеѓу универзализнот на човековите права и културниот релативизам е нераскинлива и без неа не може соодветно да се примени концептот на почитување на правата. Специфичностите кои ги има секоја земја членка на Обединетие Нации мора да се земат во предвид и да се имплементираат не само во легислативата, туку и во спроведувањето на таа легислатива во пракса. Доколку не се земе во предвид културниот релативизам, може да изостанат резултати во концептот на почитување на правата. Но, имплементирањето на културните разлики, во секоја земја или регион не би требало да представува проблем за државите, а секако и за меѓународните организации. Поради тоа резултатите на овој концепт ќе бидат многу подобри ако секогаш се зема во предвид меѓузависноста помеѓу универзализмот на човекови права и културниот релатицвизам

Научен придонес на трудот
Научен придонес на трудот претставува потенцирањето на улогата и значењето на меѓузависноста на универзализмот и културниот релативизам во почитувањето на човековите права. Со трудот сака да се истакне дека ова прашање често се запоставува иако е од големо значање за концептот на човековите права, како водечки во светскиот поредок, посебно во некои области од светот кои имаат специфична култура, која ако не се земе во предвид тој концепт не би бил успешен
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на човековите права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за развој на овој концепт, особено во регионот на балканот, каде доминира специфична култура, која се разликува од другите подрачја во Европа иако се смета дека во овој регион тие се движат во добра насока.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Aleksandar Dashtevski, “The influence of liberal capitalism to the development of religious fundamentalism”, Religion and Religious Fundamentalism in the 21-st Century, Political Thought, year 13, No 51, Konrad Adenauer Stiftung, IDSCS

- *Достапност на трудот:* http://www.kas.de/macedonia
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1.1 а.а.
- *Објавен во:* Political Thought, Konrad Adenauer, год.13 бр.51 УДК 32
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 1 автор)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:*

Опис на трудот
Во рамките на овој труд авторот се обидува да не приближи то сознанијата како доаѓа до религиозниот фундаментализам. На тој начин ќе може да се дојде до сознанија за фундаментализмот воопшто, кој авторот го поврзува со исламскиот фундаментализам. Тој зема замав кон крајот на педесетите години, кога на средниот исток се појавуваат Нации- држави кои се секуларни. Од движење кое почнало како борба за докажување на хуманизмот во муслиманската историја, тоа се претвора во тероризам од огромни размери, со огромен број на жртви , пред се кај цивилното население. Ваквиот радикализам често е поврзани со национализам, но и со економската економската криза, која предизвикува невработеноет на младото работоспособно население, од кое се регрутира сила за предизвикување на конфликти. Во последно време, за тоа придонесуваат демографската рамнотеже и демографската експанзија, кои наместо да ги стабилизираат уште повеќе ги потикнуваат конфликтите.

Научен придонес на трудот

Научен придонес на трудот претставува нагласување на основата врз која се заснова исламскиот фундаментализам пред се, но и тоа дека фундаментализмот во било која форма представува потенцијална сериозна опасност. Насилствата предизвикани од оваа модерна форма на тероризам сеуште постојат и мора да се најде начин како да престанат варварските постапки, кои представуваат срам за степенот на цивилизацијата на светот денес. Авторот предлага решение за сузбивање на фундаментализмот со намалување на притисокот од страна на западниот свет за принудно прифаќање на вредностите на либералниот капитализам со целосно почитување на културните и религиозните вредности на сите општества.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на компаративна анализа која представува теоретска основа за одредена материја, во кое истражување се дава идеја за изнаоѓање на решение на проблемот, на кое секако ќе треба да продолжи да се работи.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

***б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)***

1. Александар Даштевски, FOURTH ANNUAL INTERNATIONAL CONFERENCE ON EUROPEAN INTEGRATION, EUROPE IN CRISIS: THREATS AND OPPORTUNITIES, Skopje, Macedonia 29th May 2009, UACS PAPER: EU Enlargement and Ffinancial Crisis
    - Достапност на трудот:
    - Вид на трудот (категорија): оригинален труд
    - Опсег на трудот:
    - Објавен во:
    - Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
    - Трудот е каталошки евидентиран:
    - Бодување на бројот на автори на трудот:
    - Проценет придонес на авторот:
    - Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
    - JEL класификација:

Опис на трудот

Во трудот се обработува материјата за глобалната економија која се соочува со финансиска криза што ги вклучува банкарските системи, берзите и протокот на кредити. Се бараат заеднички стратегии за решавање на проблемите, европските институции ги координираат националните одговори и даваат препораки за подобрување на финансискиот систем. Историското проширување на Европската Унија е економски и политички успех, но рецесијата претставува

предизвик за единството на блокот. Сепак, проширувањето служи како сидро на стабилност и двигател на демократијата и владеењето на правото во Европа.Економската должничка криза покажува дека падот на бруто производот во семјите кандидатки за ЕУ се должи и на тоа. Дури дека падот е помал во овие земји одколку во земјите членки. Единствен услов би требал да биде исполнувањето на копенхашките критериуми за влез во ЕУ. Само на тој начин Европа може да биде целосна, безбедна и економски стабилна.

Научен придонес на трудот :
Научен придонес на трудот е дека не треба да застане процесот на проширување се додека не се обедини цела Европа во ЕУ, без оглед на финансиската или било каква друга криза. ЕУ не смее да дозволи кризата што се случила поради недостатоците на сегашниот финансиски проблем да стане изговор за забавување или запирање на процесот на проширување на ЕУ. Во овој контекст проширувањето на ЕУ кон Источна Европа беше клучен фактор за економска конкурентност и зајакнување на политичката стабилност, демократијата и владеењето на правото низ цела Европа. Проширувањето на ЕУ носи просперитет за сите земји без исклучок.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на теоретските основи на предметот на истражување проширувањето на Европската Унија и влијанието на финансиската криза во тој процес. Рецензентската комисија го прифаќа ставот кои овој научен труд како прегледен труд (review).

2. Александар Даштевски „EU Enlargement as a Precondition for European Stability”, Published at Conference proceedings from the 5-th Annual International Conference on European Integration, 2010, UACS
   - Достапност на трудот:
   - Вид на трудот (категорија): оригинален труд
   - Опсег на трудот:
   - Објавен во:
   - Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
   - Трудот е каталошки евидентиран:
   - Бодување на бројот на автори на трудот:
   - Проценет придонес на авторот:
   - Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
   - JEL класификација:

Опис на трудот
Во трудот е обработена основната идеја за просперитет на Европската унија односно стабилноста во цела Европа, слободниот пазар, отворениот пазар и слободна размена на луѓе, стоки и капитал. За постигнување на таа цел, Европската унија мора да го заврши процесот на проширување, кој го опфаќа целиот континент. Тоа е единствениот начин да се стане стабилна и силна политичка територија, како лидер на демократијата и владеењето на правото. Проширување води кон големи економски и политички придобивки за двете страни. Економски, проширувањето води кон зголемување на животниот стандард во новите земји-членки, а создавање на услови извозот и

инвестициските можности за старите. Иако, некои од земјите на ЕУ беа против проширувањето на ЕУ пред Лисабонскиот договор да стапи на сила, официјалниот став на ЕУ за проширувањето дека тоа мора да продолжи како најважен единствен политички инструмент на располагање за постабилен и попросперитетен континент.

Научен придонес на трудот

Научен придонес на трудот е што тој докажува дека основната идеја од која се тргнало пред формирањето на ЕУ, меѓусебната економска и политичка соработка мора да се заокружи до крај. Доколку сите земји на европскиот континент не станат членки на ЕУ, нема да може да се оствари целосна економска и политичка стабилност на континентот, но и целосна безбедност, која придонесува за зацврстување на првите два услови. Затоа и покрај проблемите што постојат внатре во ЕУ не треба да се доведува во прашање проширувањето, бидејќи тоа е во интерес на целиот континент. Без него нема да има целосен просперитет, напротив може да се доведе во прашање и стабилноста на најразвиените земји. Затоа, земјите членки не само што треба да бидат заинтересирани за проширувањето, туку треба да помогнат на земјите кандидати што побрзо да ги исполнат условите за прием.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на компаративна анализа која представува теоретска основа за одредена материја, во кое истражување се утврдува дека постои потреба за обединет континент кој ќе биде економски и политички постабилен, што тоа е во интерес на двете страни, обезбедува поголема сигурност и безбедност на сите земји во Европа.Рецензентската комисија го прифаќа овој научен труд и го оцениле како прегледен труд (review).

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. Александар Даштевски „Universalism versus Cultural Relativism in the Observance of Human Rights”, Published at Conrerence proceedings Promoting Human Rights Recent Developments International Scientific Conference, September 2013, MIT University
    - Достапност на трудот:
    - Вид на трудот (категорија): оригинален труд
    - Опсег на трудот:
    - Објавен во:
    - Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
    - Трудот е каталошки евидентиран:
    - Бодување на бројот на автори на трудот:
    - Проценет придонес на авторот:
    - Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
    - JEL класификација:

Опис на трудот

Во трудот предметот на истражување се Човековите права како гаранција на културната разновидност, и на тој начин одбрана на културната разновидност како етички императив неразделен од почитување на човековото достоинство.

Со унапредувањето на човековите права во последниве децении, се намалува јазот помеѓу нив и нивните културни димензии, особено земајќи ги во предвид принципите на недискриминација, еднаквост, рамноправност на половите и меѓукултурниот дијалог. Културниот релативизам води кон тоа, сите земји во светот да имаат посебни карактеристики во спроведувањето на концептот на човековите права како специфичен за секој од нив поединечно. Културен релативизам е толку силен во одредени региони, така што концептот за човекови права не се спроведува, иако секаде има напори за неговото спроведување.

Научен придонес на трудот
Научен придонес кон трудот е воведување на нова домензија во разгледување на човековите права, а тоа е културниот релативизам. Тој се разликува во секоја држава или во секој регион и треба при почитување на човековите права да се тргнува од посебноста на културите, за да се постигне подобар резултат во сите земји во светот. Во спротивно може да дојде до отфрлање на целиот концепт за човековите права, кој е прифатен во сите држави, како дел од новиот светски поредок заснован на Организацијата на обединетите нации. Доказ за значењето на културниот релативизам е дека насекаде во светот почнува да му се обрнува се поголемо внимание, бидејќи тој не е спротивен на универзализмот на основните човекови праава и слободи, туку напротив се надополнува со него.

Личен научен придонес
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на компаративна анализа која претставува теоретска основа за одредена материја, во кое истражување се утврдува дека постои потреба за разгледување на човековите права заедно со културниот релативизам на определени подрачја, поради нивно поефикасно остварување.

Александар Даштевски „Impacts of the New Concepts of the World Politics on Political systems and Cultural Identities", Published at Conference proceedings on the First International Scientific Conference of the topic "Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia" University Euro- Balkan, Skopje from the December 2013.

- Достапност на трудот:
- Вид на трудот (категорија): оригинален труд
- Опсег на трудот:
- Објавен во:
- Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
- Трудот е каталошки евидентиран:
- Бодување на бројот на автори на трудот:
- Проценет придонес на авторот:
- Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
- JEL класификација:

Опис на трудот

Во трудот предметот на истражување се Човековите права како гаранција на културната разновидност, и на тој начин одбрана на културната разновидност како етички императив неразделен од почитување на човековото достоинство. Со унапредувањето на човековите права во последниве децении, се намалува јазот помеѓу нив и нивните културни димензии, особено земајќи ги во предвид принципите на недискриминација, еднаквост, рамноправност на половите и меѓукултурниот дијалог. Културниот релативизам води кон тоа, сите земји во светот да имаат посебни карактеристики во спроведувањето на концептот на човековите права како специфичен за секој од нив поединечно. Културен релативизам е толку силен во одредени региони, така што концептот за човекови права не се спроведува, иако секаде има напори за неговото спроведување.

Научен придонес на трудот

Научен придонес кон трудот е воведување на нова домензија во разгледување на човековите права, а тоа е културниот релативизам. Тој се разликува во секоја држава или во секој регион и треба при почитување на човековите права да се тргнува од посебноста на културите, за да се постигне подобар резултат во сите земји во светот. Во спротивно може да дојде до отфрлање на целиот концепт за човековите права, кој е прифатен во сите држави, како дел од новиот светски поредок заснован на Организацијата на обединетите нации. Доказ за значењето на културниот релативизам е дека насекаде во светот почнува да му се обрнува се поголемо внимание, бидејќи тој не е спротивен на универзализмот на основните човекови праава и слободи, туку напротив се надополнува со него.

Личен научен придонес

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на компаративна анализа која представува теоретска основа за одредена материја, во кое истражување се утврдува дека постои потреба за разгледување на човековите права заедно со културниот релативизам на определени подрачја, поради нивно поефикасно остварување.

Рецензентската комисија го прифаќа на овој научен труд и го оцениле како прегледен труд (review).

**2.2.3.2. После избор во звање доцент**

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

1.Александар Даштевски, Потекло и развој на човековите права, Published at Macedonian Political Science Forum, e- proceeding of papers, Number 6, 18.01.2016, EBSCO Publishing

- Достапност на трудот: http://mfpskopje.wix.com/ e-zbornik , EBSCO Publishing ISSN 1857-9167
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 1 автор)

- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:*

Опис на трудот

Во рамките на овој труд авторот прави обид да докаже дека човековите права се поврзани со идеите на хуманизмот од предисторијата до денес. Од ведските списи во Индија преку Вавилон и Стара Грција, доминирале слични идеи за хуманото однесување на луѓето, едни спрема другите. Тоа продолжува и во религиските списи. Во стариот и новиот завет но и во куранот и другите светски религии. Подоцна истите идеи се употребуваат во револуциите за ослободување од тиранијата. Прв пат се направила збирка за почитување на правата во 1215 година во Англија, која иако не направила значително влијание во тоа време, послужила како водилка за сите други кодификација на правата на човекот, од Англиската збирка “The Bill of Rights,” која била пример за Американската декларација за независност па до Француската револуција. Иако овие кодекси дале значителен придонес за човештвото, сепак продолжил апсолутизмот и национализмот кои ги предизвикале Првата и Втората светска војна, со огромен број на човечки жртви. Со оглед дека тоа морало да запре и дека не одговара на степенот на цивилизација на светот, дотогашните искуства придонеле за една нова збирка во која се користени сите дотогашни искуства а тоа е Универзалната декларација за човековите права, донесена од ООН на 10 Декември 1948 година , која до ден денес е основен документ за почитување на човековите права и фундаментални слободи.

Научен придонес на трудот

Научен придонес на трудот претставува нагласување на основата на која се заснова основниот документ на човековите права, на кој се заснова денешниот светски поредок. Покрај тоа, почитувањето на овие права, без оглед на тоа дали се кодифицирани или не води кон едно хармонизирано општество, каде што нема да има потреба од никакви интервенции, доколку сите луѓе ги прифатат меѓународните стандарди, како вообичаена навика.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на историска анализа која представува теоретска основа за одредена материја која не е доволно проучувана, а е од исклучителна важност за оваа област. *Рецензентската комисија го прифаќа овој научен труд і го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Aleksandar Dashtevski, Jana Ilieva, “International Framework for Dealing with Hate Speech “, Journal of International Relations, Faculty of international relations, University of Economics in Bratislava, 2017 Volume XV, Issue 4, Pages 358 – 370. ISSN 1336-1562 (print), ISSN 1339-2751 (online)EBSCO

- Достапност на трудот: Journal of International Relations
- Вид на трудот (категорија): оригинален труд
- Опсег на трудот: 1.1, а.а
- Објавен во: EBSCO Publishing
- Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
- Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 1336-1562
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100% (2 автори)
- Проценет придонес на авторот: 50%

- Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
- JEL класификација:

Опис на трудот
Во овој труд се обработува многу распространетото прашање на говорот на омраза. Тој представува грубо кршење на меѓународната аксиома на меѓународните човекови права, својственото достоинство и еднаквост на секоја индивидуа. Прашање е како да се најде начин за санкционирање на говорот на омраза, а тоа да не представува загрозување на слободата на говор. Линијата помеѓу овие две категории може да биде многу тенка. Од друга страна говорот на омраза може да навлезе и во криминал од омраза, на што исто така мора да се реагира предпазливо. Во трудот се разгледани документите на Обединетите нации кои упатуваат на превенција и казнување на говорот на омраза. Обработени се членовите на Европската Конвенција за човековите права и нејзините протоколи во превенција и казнуцање на говорот на омраза. Во трудот се дадени неколку примери од Европскиот суд за човекови права, за да го доближат проблемот на говор на омраза. Обработени се и другите европски договори и меѓународни стандарди. Со оглед дека се повеќе се расплламтува говорот на омраза, посебна улога за негова превенција мора да одиграат и телата за еднаквост, но и за електронски комуникации со оглед дека тој најмногу се шири преку социјалните мрежи. Тоа треба да се стори преку едукација и медиумски маркетинг, кои ќе се одвиваат перманентно

Научен придонес на трудот
Анализите покажуваат дека легислативата во областа на говорот на омраза не е јасна. Често социјалните мрежи остануваат надвор од законското регулирање, а таквите ситуации прават кофузија помеѓу институциите кој треба да донесе одлука во конкретниот случај. Понатаму поставени се резерви на одредени одредби на меѓународните документи, кои ги ограничуваат државите да дејствуваат, поради слободата на говор. Ова значи дека државите треба понатаму да работат и да направат попрецизна регулатива во оваа област, која ќе биде појасна од постоечката.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на родовите права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, *Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд*

3. Aleksandar Dashtevski, The Un Charter As a Basis for Development of Human Rights, Political Science, Volume 5 No. 2, December 2016, Trencin
- *Достапност на трудот:* Volume 5 No. 2,
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* Index Coper
- *Јазик на кој е напишан трудот: Англиски*
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1338-6859

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 1 автор)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација*

Опис на трудот
Со овој труд авторот објаснува дека скоро никој не посветува внимание на улогата на Повелбата на Обединетите нации во почитувањето на човековите права. Се смета дека основен документ на Обединетите нации е Универзалните права, како Пактовите за граѓанските и политички права и за економски,, социјални и културниправа. Но основата на почитувањето на човековите права лежи во Повелбата на Обединетите нации со самото нејзино усвојување. Во самиот Член 1 од Повелбата се декларирани еднакви права за сите луѓе и загарантирани фундаментални слободи, како гаранција за зачувување на мирот во светот и колективната безбедност. Во понатамошниот текст на трудот се разработени другите членови на повелбата, кои представуваат основа за промоција и остварување на овие права насекаде во светот. Со оглед на тоа дека сите држави членки ја потпишале Повелбата, тие имаат правна обврска да ги почитуваат нејзините одредби.

Научен придонес на трудот*:*
Научен придонес на трудот претставува анализа на Повелбата на обединетите нации од аспект на почитување на човековите права и основни слободи. Може да се каже дека Повелбата е основен извор на меѓународното право во повеќе области но со неа солидно се уредуваат и човековите права, а сите држави членки на Организацијата на обединетите нации што ја потпишале се обврзани да ја почитуваат. Врз однова на неа се донесени и сите други меѓународни докумени) резолуции, декларации договори и друго. Ова прашање е многу важно и поради тоа што на него не му се посветувало доволно внимание во минатото, иако има исклучителна важност во меѓународното право

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на меѓународното право и човековите права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика со која се дава значаен придонес на ова прашање, *Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review)*

4. **Ilieva, Jana**, Aleksandar Dashtevski and Natasha Ristovska. 2017. EU Enlargement and Financial Crisis, *International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences* 7 (1): 153-163. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://hrmars.com/hrmars_papers/EU_Enlargement_and_Financial_Crisis.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци RePEc,

UlrichWeb (Global Serial Directory) USA, Index Copernicus Poland, EBSCO Host, USA.

- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2222-6990
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* K33, F50

Опис на трудот

Во трудот се обработува финаската криза со која се соочи глобалната економија, а која ги вклучи банкарските системи, берзите и кредитниот тек. Барајќи заеднички стратегии за решавање на тешкотиите, европските институции ги координираа националните одговори и даваа препораки за подобрување на финансискиот систем. Проширувањето на ЕУ не е официјално поврзано со кризата, па запирањето на процесот на проширување и воведувањето нови бариери во Европа не е опција. Во овој труд анализата се базира на податоците и ситуациите забележани во извештајот на Европската комисија. Поделени се интересите и приговорите за натамошно проширување во земјите-членки, како што се Франција и Германија, исто така се толкуваат. Анализата на истражувањето покажува дека ЕУ земјите кандидати имаат прогресија во економскиот раст во време на финансиската криза, што не е случај со некои од земјите-членки на ЕУ. Затоа, проширувањето на ЕУ треба да продолжи како важна политика која ќе обезбеди просперитет во Европа.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот се состои во тоа што се дава појасна слика за земјите апликанти, кандидати за членство и преговарачи кои чекори ги презвемале и кои треба да ги превземат за влез во ЕУ. Во истражувањето се открива дека поради економската криза од 2008 година БДП на земјите-членки на ЕУ опаѓа, додека на не-ЕУ членките опфатени во трудот, расте. Тоа е индикација дека Брегзит не се случува случајно бидејќи трудот е работен непосредно пред референдумот во Велика Британија, а објавен е по завршувањето на истиот.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на теоретските основи на предметот на истражување проширувањето на Европската Унија и влијанието на финансиската криза во тој процес..

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

5.Aleksandar Dashtevski, Jana Ilieva, R. Popova Koskarova,"Promoting Gender Equality Trought Equal Life Standard in EU Contries", Published in UTMS Journal of Economics, Volume 9 Number 1, June 2018, EBSCO Publishing

- *Достапност на трудот:* Journal of Economics, Volume IX, 1/2018

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот: Англиски*
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857/6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација К:38*

Опис на трудот
Достигнувањата на еднакви можмости за жените и мажите обезбедуваат нивно еднакво учество во јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во примената на правата, како и еднакви придобивки од постигнатите резултати. Иако тоа се сеожте отворени прашања во обласста од обласста на родова еднаквост може да се каже дека имаат успешен напредок. Најважни делови за да успее еднаквоста во оваа област се: економското зајакнување како основа за еднаквоста на половите, Принципот на еднакви плати врз основа на еднаква регулатива во ЕУ и превенција на сите видови на доскриминација. Овие услови сериозно придонесуваат да се намали разликата помеѓу половите. Еднаквиот третман помеѓу жената и мажот мора да биде осигуран. Тоа треба да се оствари како резултат на мерките преземени од страна на државните власти, преку интервенција на државните институции со правни мерки, но исто така со зајакнување на еманципацијата на двата пола.

Научен придонес на трудот:

Научниот придонес на трудот се состои во тоа што се потенцираат веќе застапените мерки за обезбедување на рамноправноста помеѓу мажот и жената. Преку Европската регулатива се објаснова како да се постигне поголема економска независност, како главен фактор за нееднаквоста на половите. Понатаму суптилните начини кои ќе се спроведат преку административни мерки ќе придонесат до изедначување на платите, особено во приватниот сектор каде што тие се поголеми но и во јавниот каде што веќе доаѓа до изедначување на двата пола. Секако искоренување на сите облици на дискриминацијата подеднакво ќе придонесе за разликите кои постојат, со тоа што ќе ги искорени поранешните навики и начини на однесување.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на меѓународното право, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, *Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6.Aleksandar Dashtevski, Jana Ilieva, F. Kokotovic, Economic Sanctions in International Law, Published in UTMS Journal of Economics, Volume 9 Number 2, December 2018, EBSCO Publishing
• Достапност на трудот: Journal of Economics, Volume IX, 2/2018 • Вид на трудот (категорија): прегледен труд (review)
• Опсег на трудот: 1,2 а.а.

• Објавен во: EBSCO
• Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
• Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 1857/6974
• Бодување на бројот на автори на трудот: 30% (до 3 автори) • Проценет придонес на авторот: 30%
• JEL класификација К:32, F51

Опис на трудот
Со овој труд авторот објаснува дека економските санкции се дефинираатсо меѓународното право, кое е основа за нивното понатамошно надоградување со договори и други правни или политички инструменти, со цел да се постигне консензус по одредени прашања. Непочитување на меѓународното право за уредување на прашања кои го нарушуваат меѓународниот поредок и доведуваат до несакани и недозволени резултати, можат сериозно да го загрозат мирот во светот или во одредени региони. Од друга страна ваквите економски санкции, често можат да помогнат да се избегнат ситуации на воени конфликти или воени интервенции, иако се доведува во прашање нивниот ефект врз загрозување на населението во некоја држава, кое не е виновно за постапките што ги преземала таа. Целта на економските санкции е да се избегнат одредени недозволени постапки на државите кон кои се воведуваат, на начин што ќе се примени оваа алтернативна метода, наместо друга, за да доведе до подобрување на состојбите поради кои тие се воведени. Економските санкции можат да се воспоставaт колективно на глобално ниво или од страна на некоја држава или повеќе држави кои дејствувааат заеднички.

Научен придонес на трудот: Научен придонес на трудот претставува анализа на прописите со кои се регулираат економските санкции. Како еден од примерите се дадени санкциите кон руската федерација поради пропојувањето на Крим. Направена е анализа дали тие делуваат позитивно или негативно врз државите кон кои се воведуваат и популацијата во тие држави. Направена е и анализа врз ефектот кој се постигнува, или не се постигнува со воведување на економските санкции.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на меѓународното право, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

1. Aleksandar Dashtevski, “Tradition, customs and mentality as a bases for discrimination” in the part of the SEE countries, Published at Conference proceedings on the Second International Scientific Conference of the topic “Influence of the scientific and technological development in the field of law,

economy, culture, education and security in Republic of Macedonia”: 2014 Euro- Balkan University.

- Достапност на трудот:
- Вид на трудот (категорија): оригинален труд
- Опсег на трудот:
- Објавен во:
- Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
- Трудот е каталошки евидентиран:
- Бодување на бројот на автори на трудот:
- Проценет придонес на авторот:
- Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
- JEL класификација:

Опис на трудот

Основна идеја на трудот е дискриминацијата во регионот, пред се Албанија, Бугарија, Македонија, Србија и Косово, на која не се обрнува доволно внимание иако сите земји се  членки на Организацијата на обединетите нации(освен Косово). Донесувањето на закониете е под притисок и влијание на ЕУ, затоа што сите овие земји аплицигаат за влез во унијата, а Бугарија е веќе членка. Покрај другото, еден од условите за тоа е постоечката традиција на овие простори, каде што обичаите тешко се менуваат, а некои воспоставени практики со децении и векови се сметаат како нормални и се навлезени во менталитетот на луѓето кои живеат на овие простори.  Сите закони кои се донесени во регионот ги исполнуваат највисоките европски стандарди во таа област и се добра основа заштитата од дискриминација да си го завземе вистинското место во овие земји. Она што сеуште е главно прашање кое треба да се доврши е нивната имплементација во овие држави. Има разни толкувања за тоа  зошто имплементацијата во целиот регион се одвива споро. Дел од експертите и практичарите сметаат дека за тоа е потребна поголема политичка волја, кај политичките елити. Еден од најголемите проблеми е секако и транзицијата, која неминовно ги доведува во прашање и вредностите на системот, што треба да се воспостават во овие општества, неопходен услов за тоа е животниот стандард на населението, а сето тоа треба да доведе до владеење на правото и правна држава

Научен придонес на трудот

Научен придонес на трудот се состои во тоа што се предлагаат мерки како да се зајакне борбата против дискриминација во регионот покрај немањето на политичка волја и вкоренетите догматски обишаи и традиции. Покрај владеењето на правото и правна држава политичарите треба да бидат свесни за бенефитот од овие мерки и да ги зајакнат телата на секој можен начин. Понатаму, едукацијата на населенито, до имплеметирање на овие сегменти во образованието, до перманентно постигнуцање на одредени резултати во таа област. Само на тој начин може да дојде до имплементација на законоте во оваа област и нивна соодветна примена

Личен научен придонес

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа на содржината која претставува теоретска основа за одредена материја, во кое истражување се утврдува, како да се надминат проблеите со дискриминација во

регионот и кои мерки треба да се преземат за да се случи тоа. Рецензентската комисија го прифаќа овој научен труд і го оцениле како прегледен труд (review).

2. Aleksandar Dashtevski “Overcoming the Problems in the Area of Discrimination”, University of Tourism and Management Skopje 2015 ICON BEST, 4-th Bienal International Sciefic Congress, Skopje October 2015
   - Достапност на трудот: Icon Best
   - Вид на трудот (категорија): оригинален труд
   - Опсег на трудот: 1.1, а.а
   - Објавен во: Bienal International Sciefic Congress, Skopje October 2015
   - Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
   - Трудот е каталошки евидентиран:
   - Бодување на бројот на автори на трудот: 100%(1 автор)
   - Проценет придонес на авторот: 100%
   - Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
   - JEL класификација:

Опис на трудот
Идејата на трудот е да ја опише дискриминацијата како важно прашање во социјално- политичкиот поредок. Постојаниот менталитет на населението и политичките елити се воспоставени спротивно на принципите на либералниот капитализам, а долгата транзиција дополнително ги компликува тие процеси.Без оглед на тоа, градењето на постоечките капацитети за унапредување на ова прашање, може драстично да ги смени работите не само на полето на дискриминација, туку и условите за унапредување на политичката култура и демократијата во општеството.

Начен придонес на трудот
Научен придонес на трудот е во тоа што настојува да докаже дека решавање на прашањето на дискриминација ќе придонесе, за решавање на други фундаментални прашања во општеството. Покрај унапредување на демократија и постигнување на еднаквост на луѓето во сите области, кое ќе ја смени и политичката култура, на тој начин може да дојде до унапредување на животниот стандард на населението. Последниот чекор би бил пораст на економијата, кој ќе доведе до почитување помеѓу луѓето и хармонично општество.

Личен научен придонес
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа на содржината која представува теоретска основа за одредена материја, во кое истражување се утврдува, дека решавањето на проблемот со дискриминација води кон поголема демократија, зголемување на животниот стандард и хармоничен живот помеѓу луѓето.
Рецензентската комисија го прифаќа овој научен труди го оцениле како прегледен труд (review).

3. Aleksandar Dashtevski, Filip Petrovski „Protection of Human rights of Migrants and refugees against discriminations according to international and domestic regulation“, UTMS, November 2016, ICON BEST
    - Достапност на трудот:
    - Вид на трудот (категорија): оригинален труд
    - Опсег на трудот:
    - Објавен во:
    - Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
    - Трудот е каталошки евидентиран:
    - Бодување на бројот на автори на трудот:
    - Проценет придонес на авторот:
    - Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
    - JEL класификација:

Опис на трудот
Бранот на бегалците станува премногу обемен во земјите на Западен Балкан, поради што тие беа принудени да ги затворат границите со жичани огради. Тогаш бегалците почнаа со протести, дури и со судири помеѓу нив и солите за безбедност. Медиумите и невладините организации тврдеа дека против бегалците се употребува прекумерна сила. Евидентно дека требаше да се постават некои гранизи за почитување на правата на овие луѓе. Минумумот на правата веќе постоеа во меѓународните документи. Во исто време требаше да се почитува еднаков третман достапен за сите граѓани, бидејќи тие беа на странска територија илегално. На тој начин би се избегнала дискриминацијата на тие групи.

Научен придонес на трудот
Почитувањето на правата на нерегуларно присутните мигранти е задолжително во областа на образованието, здравствената заштита, вдомувањето заштита при работа и правда. Поради почитувањето на овие и други основни човекови права сите бегалци треба да бидат регистрирани со своите лични податоци.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 75 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на човековите права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

4. Aleksandar Dashtevski "Different Approaches to Respecting Human Rights", Conference

POLITICAL SCIENCE FORUM VOL.7 No.1. Alexander Dupcek, University od Trencin, Slovakia 2018
- Достапност на трудот: VOL.7 No.1
- Вид на трудот (категорија): оригинален труд
- Опсег на трудот: 1.1., а.а.
- Објавен во: POLITICAL SCIENCE FORUM
- Јазик на кој е напишан трудот: Англиски

- Трудот е каталошки евидентиран:
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100%(до еден автор)
- Проценет придонес на авторот:100%
- Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
- JEL класификација:
-

Опис на трудот
Според концептот на културен релативизам нема основа за објективен поглед на светот кој е супериорен во однос на некој друг. Во таа смисла културите не можат да се мерат и споредуваат една со друга. Затоа и меѓународните документи , ги семаат во предвид културните и религиозните традиции како интегрален дел за почитување на човековите права. Во 1993 година со усвојување на Виенската декларација и Програмата за акција на светската конференција зо Човековите права, културата беше вметната во универзалноста правата. Тоа е направено и во Декларацијата за почирување на културни права донесена од УНЕСКО 2001 година. Исто така и Универзалната декларација за човекови права јасно укажува дека секој поединец мора да ја препознае не само различноста во сите нејзини форми, туку исто така плуралноста на сопствениот идентитет, во општества кои се плурални како такви.

Научен придонес на трудот
Од аспект на концептот на Човекови права, прифатливоста на идејата за универзализмот и целите на различноста не се доведуваат во прашање. Ако универзализмот како сет на генерално прифатен концепт сеака да опстане, мора да ги прифати основните елементи на културниот релативизам, а тоа се идентитети засновани на посебни култури и религии на сите нации.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 75 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на човековите права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

5. K. Petkovski, A Dashtevski, J. Dukoski, Facilitated Leadership in Security Services as a Factor for More Efficient Management with Crisis Situation, The 6-th Biennial International Scientific Congress, Icon Best 2018
   - Достапност на трудот: Icon Best 2018
   - Вид на трудот (категорија): оригинален труд
   - Опсег на трудот:1,1. а.а
   - Објавен во: The 6-th Biennial International Scientific Congress
   - Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
   - Трудот е каталошки евидентиран:
   - Бодување на бројот на автори на трудот: 100%( до три автори)
   - Проценет придонес на авторот:30%
   - Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
   - JEL класификација:

Опис на трудот

Градењето на капацитет за лидерство претставува самосвест, развивање на вештини и градење на чувство за лична посветеност и лидерите не се должни само да ги контролираат ресурсите, туку тие мораат и да им ја олеснуваат работата на другите и да ги вклучуваат во процесите на промени и постојаното подобрување.Фасилитаторството треба да претставува збир од можности, ресурси, охрабрување и поддршка на групата во остварувањето на нејзините цели, а предходнонаведеното се прави преку овозможување на групата да ја преземе целата контрола како и одговорноста за нивната работа. Фасилитаторскиот, лидер треба да има визија. Резултатот на таа визија треба да доведе до висока мотивазија на тимот со кој работи. Таквата мотивација доведува до подобри резултати во одлучувачки момент.

Научен придонес на трудот
Врвен предизвик во изминативе неколку децении за сите општества станаа безбедноста и безбедносните прашања. Секое општество се труди преку развојот на своите безбедносни системи да го подигне нивото на безбедност во државата и да ја гарантира елементарната сигурност на граѓаните. Тоа подразбира безбедност на уставниот - правниот поредок, одржливост на економскиот систем, на културните и цивилизациските вредности и друго

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 75 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на менаџментот со човечки ресурси, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

6 A. Dashtevski, G. Grncharovski, “Ethics, Morality and Human Rights” The 6-th Biennial International Scientific Congress, Icon Best 2018.

- Достапност на трудот:
- Вид на трудот (категорија): оригинален труд
- Опсег на трудот:
- Објавен во:
- Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
- Трудот е каталошки евидентиран:
- Бодување на бројот на автори на трудот:
- Проценет придонес на авторот:
- Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:
- JEL класификација

Опис на трудот
Нема сомнение дека концептот начовекови права датира од дамнешни времиња.Тој потекнува од старите хуманистички текстови, што се поврзани со етичките и морални правила низ времето. Од средниот век до денешниот современ период, концептот на човековите права со векови влијаел врз различни филозофски трендови ширум светот. Многу истражувачи кои

анализираат различни толкувања на националните и меѓународните закони, декларации и договори, тврдат дека човековите права на оваа возраст би можеле да го заменат моралниот и етичкиот дискурс. Денес, кога некој прави нешто што е морално погрешно, едно од најчестите објаснувања што се нудат е тоа што истата акција претставува кршење на човековите права. Со таков одговор, човековите права се користат како етичка категорија во смисла дека дејствијата се класифицирани како морално погрешни врз основа на збир на критериуми кои имплицираат, идеја за човекови права. Достоинството на човечноста во секој од нас, во себе и во другите, бара почит. Поради достоинството, секој човек може легитимно да бара да биде почитуван од другите луѓе и, за возврат, да ги почитува другите. Човечноста во неговата личност е предмет на почит што може да го бара од секој друг човек. Човековите права, вообичаено се познати како природни права, содржат морални елементи. Моралната содржина изразена во концептот на природното законодавство постојано влијаеше врз легислативата, последователно изразена со името на природните права и правилата за човекови права.

Научен придонес на трудот

Научен придонес на трудот се состои во тоа што етикта и моралот ни помагаат подобро да ги разбереме човековите права. Денес многу човекови права се заштитени со конвенции и устави. Човековите права се потврдени со позитивно право, каде што луѓето имаат што треба да имаат природни права, а човековите права се и морални права и позитивни права.

Личен научен придонес

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на човековите права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

7. Aleksandar Dashtevski,Gorjan Grncarovski,Tackling Multiculturalism or Strengthening Subcultures- Macedonioan Case, European Journal of Multidisciplinary Studies, EUSER, Volume 3 Issue 4, December 2018, Index Copernicus, DOI

• Достапност на трудот: Volume 3 Issue 4,
• Вид на трудот (категорија): прегледен труд (review)
• Опсег на трудот: 1,2 а.а.
• Објавен во: Index Copernicus, DOI
• Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
• Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 2414-8385
• Бодување на бројот на автори на трудот: 75% (до 2 автори) • Проценет придонес на авторот: 75%
• JEL класификација

Опис на трудот

Со овој труд авторот објаснува дека денеска скоро да не постои држава во светот која не е мултикултурна. Тоа е динамична материја која се менува постојано. Затоа е скоро невозможно да се најде постојана формула која ќе биде профатлива засекогаш. Тоа е всушност прашање кое никогш не завршува. Во последните години повеќе или помалку тоа се решава со проширување на

колективни права нов во овој труд се поставува прашањето до каде тоа мже да води и дали тоа секогаш води до добри резултати или понекогаш одстапките можат да имаат негативни последици. Во македонскиот случај на помалата етничка заедница која се состои од дваесет проценти албанци, со Охридскиот рамковен договор и се дадени сите колективни права според меѓународните стандарди, па дури и повеќе од тоа. Сепак, и по 15 години, поделеноста во општеството не се смалува, напротив се зголемува. Одстапките постојано предизвикуваат нови барања и се чини дека тоа може да доведе до кантонизација на досега унитарната држава.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува анализа на најсовремените текови во областа на мултикултурализмот во светот. Направена е една компарација на тие состојби со тековната состојба во Република Македонија. Направена е ретроспектива на историските аспекти, како и ретроспектива на настаните во последните години. Направена е анкета која покажува дека најголем дел од албанците сметаат дека и покрај сите отстапки не се задоволни со нивните права во Македонија, но многу мал дел сметаат дека ќе останат да живеат во заедничка држава.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 75 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на човековите права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем, Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

### 2.2.4. Учество во научни проекти

#### 2.2.4.1. После избор во звање доцент

1. Кандидатот, доц. д-р Александар Даштевски, бил раководител на научно истражувачкиот проект од обласа на родовите права, “ Жените во деловниот свет и менаџментот во Република Македонија” спроведен од Факултетот за менаџмент на човечки ресурси на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје(*Прилог*).

Проектот бил инициран од раководителот и по прифаќањето на иницијативата бил прифатен од Факултетот за човечки ресурси, по што поминал на ректорска управа и едобрен од ректорот на универзитетот. Проектор се спроведувал од група професори и асистенти на универзитетот
Тој се состои од 4 глави и тоа:
Рамнотежа помеѓу работата и животот
Еднакви плати
Жени во органите на управувањето
Истражување за економската состојба на жените во Македонија
Четвртата глава се состои од три точки и тоа
Пазараот на труд и неговите основи
Вработеност според пол
Жените во бизнисот

Во трудот е користена научна методологија која преку компаративна анализа дава точни податоци за состојбите во оваа област, што овозможува да се согледаат точните податоци во оваа област. Покрај податоците на Државниот завод за стаистика користени се и податоци од ЕУРОСТАТ(Агенција за статистика на ЕУ). Како решение се предложени најновите Препораки и директиви на ЕУ, што веќе се имплементирани во дел од земјите членки, а треба да се имплементираат во останатите земји наредните неколку години.
Во текот на истражувањето е утврдено дека Република Македонија се приближува до европските стандарди. Тоа приближување главно се остварува преку реформите што се прават со цел да се влезе во унијата. Главните критериуми се рамнотежата помеѓу работата и животот, еднаквите плати помеѓу жените и мажите, како и застапеноста на двата пола во органите на управувањето.
Главна цел за постигнување еднаквост на правата помеѓу жените и мажите претставува економското јакнење и одстранување на сите форми на дискриминацијата. Поради та потребно е најпрецизно да бидат утврдени критериумите за еднакви плати а работа со еднаква вредност. Притоа, покрај платите треба да бидат изедначени и сите други надоместоци и права како што се здравственото, пензиското, инвалидското и социјалното осигурување, но и сите одмори и одсуства, покачувања и награди кои треба да бидат определени под исти критериуми
Утврдено е дека има поголемо учество на мажите во однос на жените во управните одбори. Европската Унија има донесено Директиви како да се направи баланс во овој дел до 2020 година. Овој процес е скоро завршен во јавниот сектор, а во приватниот треба да заврши до 2020 година. Аналогно на тоа многу скоро тоа ќе почне да се спроведува и во Република Македонија како семја кандидат за членство во ЕУ.

**2.3. Оценка на севкупната научна дејност**

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат нејзината повеќегодишна активна научна дејност, и ја афирмираат д-р Александар Даштевски како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, доц. д-р Александар Даштевски, опфаќа 18 научни трудови, од кои 7 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавила и 9 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на правните и политички науки, мегународните односи, човековите права, лидерството и друго.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и

надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на човековите права, заштита од дискриминација и друго, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Александар Даштевски успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на применета економија, економика на претпријатија и друго.

Д-р Александар Даштевски поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Александар Даштевски а е квалификуван со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на политичките и правни науки, меѓународните односи, човековите права и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***10 години активен во научно-истражувачката работа;***
- Изработил и одбранил докторска дисертација;
- Објавил вкупно 6 ***научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**EBSCO** – 5 трудови);
- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавил вкупно ***7 трудови***;
- Учествувала како раководител на научно истражувачки проект “Жените во деловниот свет и менаџментот во Република Македонија, спроведен од Факултетот за менаџмент на човечките ресурси и Објавен од Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје *(Прилог).*
- Научни трудови објавува на англиски јазик (14), и на македонски јазик (4);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на политички науки;

– Активно учествувал на вкупно ***7 меѓународно научни конференции*** *(2 одржани во странство и 5 одржани во земјата)*, со што покажал дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на политичките науки во теоријата и праксата.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на доц. д-р Александар Даштевсдки по својот опсег, квлитет и научен придонес, значајно ги збогатуваат политичките науки, а особено областа на меѓународните односи, човековите права, лидерството и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, доц. д-р Александар Даштевски, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека неговите научни трудови и научен придонес го афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на политичките науки и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатт ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот доц. д-р Александар Даштевски во целост е квалификуван за избор во наставно-научно звање вонреден професор за наставник во наставно-научно звање вонреден професор во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко поле 507 Политички науки, област 50700 (основи, теорија, методологија, историја и друго) и 50710 Другоод Законот за Високото образование на Република Македонија

## 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 3.1. Наставна дејност

М-р Александар Даштевски на 14.11.2011 година е избран во соработничко звање соработник-истражувач на Институтот за општествени и хуманистички науки Евро Балкан- Оддел за последипломски студии - Република Македонија (со одлука бр. 05.12-786 од 12.12.2011). Во тој период обавувал настава по предметите Студии на мултикултурализам и биополитика, Нови медиуми и комуникации и други предмети од политички науки.

М-р Александар Даштевски на 08.07.2012 година повторно е избран во соработничко звање сорабитник истражувач на Факултетот за југоисточна европа и на Институтот за општествени и хуманистички истражувања од областа на политичките науки при Универзитет Евро Балкан (со одлука бр. 07.01/8/56 од 08.07.2012) (Прилог)

Д-р Александар Даштевски на 21.03. 2014 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 04.03.2014 (Прилог) е избран во звање доцент од областа на политичките науки (со одлука бр. 16-52/9 од 21.03.2014) на Универзитет Евро Балкан (Прилог). Во тој период изведувал настава по предметите Меѓународно

право, Меѓународни човекови права, Комунистичко минато, Национализмот демократијата во земјите на Југоисточна Европа, Компаративни политички системи. На Универзитетот Американ Колеџ Скопје во текот на 2014 година изведува настава по предметите Меѓународно право, Меѓународна безбедност, Глобализација и Светска политика и САД. На Унивесзитетот за југоисточна Европа (Штулов) во 2015 година изведувал настава на постдипломски студии по предметите Меѓународно приватно право и Меѓународно стопанско право.
Д-р Александар Даштевски на 01 Јуни 2016 година повторно е избран во звање доцент на Универзитетот на туризам и менаџмент и во последните три години изведува настава по предметите: Општествена Одговорност, Деловно планирање, Деловна Етика, Вработување и задржување на најдобрите и Политички маркетинг на додипломските студии, како и Организационо однесување и Организациона култура на пост- дипломсни студии

**3.2. Оценка од самоевалуација**
Во 2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Според анализата на резултатите, доц. д-р Александар Даштевски бил позитивно оценет од самоевалуацијата по сите предмети по кои изведувала наставата со вкупна просечна оценка од 4,22.

**3.3. Оценка на севкупната наставна дејност**
Во рамки на наставната активност, доц. д-р Александар Даштевски, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата. Својот стручен придонес го покажува и со тоа што во коавторство објавила 1 поглавје во книга категорија а2 наменета за студенти на Факултет за економски науки.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Тој бил ментор на над 50 дипломски работи, 4 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 100 магистерски трудови 1 докторски труд.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Факултетот за претприемачки бизнис. Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен  и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на политичките науки и менаџментот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 4.1. Рецензии

Кандидатот, доц. д-р Александар Даштевски, е определена за член во повеќе рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници за група предмети од соодветната област во рамките на своето работно место како доцент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и претходно како доцент на Универзитетот Евро- Балкан во Скопје

### 4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, доц. д-р Александар Даштевски, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на поширокатa јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи менаџерски техники и концепти заради унапредување на менаџерските вештини и иновирање на делувањето на современите организации.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на економијата и менаџментот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес (менаџмент, меѓународен менаџментт, стратегиски менаџмент, претприемачки бизнис, странски инвестиции), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот економски развој на државата и успешното менаџирање со организациите и институциите.

## 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на доц. д-р Александар Даштевски, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 164 и 166 став 2 и 5 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

Кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.

21. Кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски** има објавени повеќе од пет научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.
22. Кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски има** учество во еден научно-истражувачки проект.
23. Кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски има** придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
24. Кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски има** способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
25. Кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски** бил ментор на над 5 дипломски работи, 5 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 100 магистерски трудови, како и член на комисија на 1 докторски труд
26. Кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски** има позитивна оценка од самоевалуација.
27. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **доц. д-р Александар Даштевски** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
28. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
29. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на политичките дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совер** на Факултетот за предприемачки бизнис**, доц. д-р Александар Даштевски** да го избере во наставно-научно звање **вонреден професор**, *научно-истражувачко подрачје за научно-истражувачко поле 507 Политички науки, област 50700 (основи, теорија, методологија, историја и друго) и 50710 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје- Факултет за претприемачки бизнис*

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Јован Ананиев, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Жидас Даскаловски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Иван Дамјановски, вонреден професор, член, с.р.**

**Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот**

| Вид на трудот | Пред избор во доцент | После избор во доцент | Вкупно |
|---|---|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | | 6 | 8 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | 4 | 7 | 11 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции | 5 | 5 | 5 |
| 4. Книги | 1 | | 1 |
| ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ | | | 20 |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | | | |
| 2. Проекти и рецензии | | 1 | 1 |
| 3. Прирачници | | | |
| ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | 21 |
| 4. Други трудови | | | |
| ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | 21 |

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА**
**ЗА ИЗБОР НА**

**Доц. д-р ЈАНА КУКЕСКА**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

- **ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ПРАВНИ НАУКИ, ОБЛАСТЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ, ДЕЛОВНО ПРАВО И ДРУГО, ЕДЕН НАСТАВНИК.**

**НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

**д-р Зоран Филиповски, вонреден професор**, претседател
Правен факултет, Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар

**д-р Милан Илиески**, **редовен професор** во пензија**,** член
Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

**д-р Васил Тупурковски, редовен професор во пензија**, член
Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

| | |
|---|---|
| | **До Наставно-научниот совет** на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Јана Кукеска**, доцент, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Правни науки, област 50818 Човекови права и слободи, 50841 Деловно право и 50903 Друго

Врз основа на член 172 и 173 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) Наставно научниот совет на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на седницата одржана на 27.02.2019 година, донесе одлука (бр. 17-21/2 од 27.02.2019) за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Правни науки, област 50818 Човекови права и слободи, 50841 Деловно право, 50825 Закон за друштва и 50903 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На истата седница, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Правни науки, 50818 Човекови права и слободи,

50841 Деловно право и 50903 Друго,на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. **д-р Зоран Филиповски, вонреден професор**, претседател

   Правен факултет, Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар
2. **д-р Милан Илиески**, **редовен професор** во пензија**,** член

   Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
3. **д-р Васил Тупурковски, редовен професор** во пензија, член

   Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Правни науки, област 50818 Човекови права и слободи, 50841 Деловно право и 50903 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 16-17 февруари 2019 година;
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Јана Кукеска, доцент, вработена на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

# ИЗВЕШТАЈ

За кандидатот д-р Јана Кукеска, доцент, на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:
1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
2. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – доцент и вонреден професор, пропишани во Законот за високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018; *(Прилог 3),* како и
4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент и вонреден професор *(Прилог 4),*
5. Потврда за учество во научно-истаржувачки прект *(Прилог 5),*
6. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6),*
7. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање доцент во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Правни науки, област 50818 Човекови права и слободи, 50841 Деловно право и 50903 Друго *(Прилог 7),*
8. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање доцент *(Прилог 8).*

# 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ— д-р Јана Кукеска

Кандидатот д-р Јана Кукеска (моминско Илиева) е родена на 29 август 1980 година во Скопје, Р. Македонија. Основно образование завршила во ОУ „Гоце Делчев“ во Скопје. Во 1999 година го завршила средното образование во Државното средно економско-правно училиште „Васил Антевски-Дрен“ во Скопје (правна насока) со одличен успех и била прогласена за првенец на генерацијата. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје во 2003 година, со просечна оцена на студиите 9.14 и се стекнала со степенот и стручен назив Дипломиран правник

Постдипломските студии ги завршила во мај 2011 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со просечна оцена 9,86 и се стекнала со академски степен Магистер по правни науки од областа на меѓународното право. Во 2009 година пријавува изработка на магистерска теза од областа на меѓународното право со наслов „Резерви на меѓународните договори за правата на човекот“. На 16.05.2011 година успешно го одбранува својот магистерски труд и се стекнува со научно звање магистер на правни науки, насока меѓународното право.

Докторирала на 10.12.2012 година Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитет Св.“Кирил и Методиј” со одбрана на докторската дисертација на тема: „Исламот и апсолутниот карактер на човековите права со посебен аспект на правата на жената“ пред комисија во состав: проф. д-р Поликсена Гавроска, доц. д-р Марика Ристовска, доц. д-р Каролина Ристова Астеруд, доц. д-р Јасна Бачовска а под менторство на проф. д-р Татјана Петрушевска, со што се стекнала со звањето доктор на правни науки (PhD).

Од септември 2017 година е член на Светската академија на уметности и науки. Учествувала на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на правото во земјата и странство. Одлично ги владее и активно ги користи англискиот јазик со овластување за судски преведувач. Покрај англискиот јазик, има солидно познавање на германскиот и грчкиот јазик. Има напредно познавање наоперативните системиWindows и Linux (Ubuntu), на апликациите Microsoft Office (Word, Excel, PowerPoint, Access и Open Office (Writer, Calc и др.) и Интернет.

Од април 2008 до ноември 2014 година, кандидатот доц. д-р Јана Кукеска била вработена на МИТ Универзитет Скопје, Република Македонија. Во 2008 година е избрана во соработничко звање помлад асистент, а по истекот на мандатниот период, во 2011 година, за асистент по група предмети од областа на правните науки, на Факултетот за менаџмент, МИТ Универзитет, Република Македонија, Скопје. На 13 февруари 2013 година е избрана за наставник во наставно научно звање доцент во научната област Меѓународно јавно право на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија на МИТ Универзитет, Република Македонија, Скопје. Изведувала настава по предметите: Меѓународно јавно право, Современо деловно право, Меѓународни односи и дипломатија, Уставно право, Споредбено уставно право со уставно право на РМ, Историја на правото, Вовед во право, Вовед во компјутерско право и Компјутерско и информациско право на прв циклус на студии, како на по предметите: Меѓународно јавно право, Меѓународно договорно право, Право на СТО, Дипломатско и конзуларно право, Меѓународно право за правата на човекот и Мирно решавање на спорови.

Во 2015 година е избрана за доцент во научната област Меѓународно јавно право и Меѓународни односи и историја на дипломатијата на Правниот факултет на Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар.

Од ноември 2014 година, работи на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, а на 01. јуни 2016 година е избрана во наставно научно звање доцент во група предмети од областа на правните дисциплини. Изведува настава на предметите: Деловно право, Планирање на кадри, Право во туризмот и хотелската индустрија на прв циклус на студии и Корпоративно управување на втор циклус на студии. Од јануари 2019 година е именувана за вршител на должноста Генерален секретар на Универзитетот.

Во 2016 година е избрана за доцент по група предмети од областа на правните науки на Правниот факултет во рамките на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје. Изведувала настава по предметите во првиот циклус на студии: Меѓународно јавно право и Трговски договори.

Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на правните науки, но и на полето на организациските науки и управувањето.

# 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,
2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и
2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

## 2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Јана Кукеска на 10.03.2008 година е избрана во соработничко звање помлад асистент по група правни предмети предмети на Факултетот за менаџмент во состав на МИТ Универзитет - Република Македонија (со одлука бр. 02-1/348 од 14.03.2008) (*Прилог*).

М-р Јана Кукеска на 21.12.2012 година е избрана во соработничко звање асистент по група правни предмети од областа на правните науки на Факултетот за менаџмент во состав на МИТ Универзитет - Република Македонија (со одлука бр. 0201-378/2 од 21.12.2012) (*Прилог*).

Д-р Јана Кукеска на 13 февруари 2013 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 28.01.2013 година(Прилог) е избрана за наставник во наставно-научно звање доцент од областа на Меѓународно јавно право, Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија на МИТ Универзитет, Република Македонија, Скопје (со одлука на Матичната комисија од 13.02.2013) (*Прилог*).

Д-р Јана Кукеска во 2014 година е избрана за доцент во научната област Меѓународно јавно право и Меѓународни односи и историја на дипломатијата на Правниот факултет на Меѓународниот Универзитет Визион во Гостивар. *(Прилог)*

Д-р Јана Кукеска е избрана во наставно-научно звање доцент во група предмети од областа на правните дисциплини (50818 Човекови права и слободи, 50824 Деловно право , 50825 Закон за друштва и 50835 Друго) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. (со одлука бр. 02-115/3 од 01.06.2016) *(Прилог)*

Во 2016 година е ангажирана како визитинг наставник по група предмети од областа на правните науки на Правниот факултет во рамките на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје. *(Прилог)*

## 2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Јана Кукеска во нејзината научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишала докторска дисертација и објавила 3 научни трудови во меѓународни научни публикации, и 1 труд во зборници од меѓународни и домашни научни конференции и една книга во коавторство.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисертација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

### 2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема: " Исламот и апсолутниот карактер на човековите права со посебен аспект на правата на жената" кандидатот ја одбранил на 10.12.2012 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Универзитет Св."Кирил и Методиј" во Скопје, пред комисија во состав: проф. д-р Поликсена Гавроска, доц. д-р Марика Ристовска, доц. д-р Каролина Ристова Астеруд, доц. д-р Јасна Бачовска а под менторство на проф. д-р Татјана Петрушевска..

Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнала со академски степен доктор на правни науки (PhD).

Докторскиот труд „Исламот и апсолутниот карактер на човековите права со посебен аспект на правата на жената" е составен од вовед, четири дела и заклучок.

Во *воведниот дел* претставен е историскиот развој и поимот на меѓународното право за правата на човекот. Со презентирањето на содржината се дава контурата на темата што е предмет на истражувањето со цел попрецизно преставување на генезата на документите како на универзално, така и на регионално ниво. Истовремено се опфатен и активностите кои се рефлектираат на политиките и правните системи на државите, како појдовна точка во докажувањето на хипотезите на докторскиот труд.

Во *првиот дел* насловен како „Поим на правата на жената" е претставен историскиот развој на правата на жената како посебен вид на човекови права, како и меѓународните договори за правата на жената. Кандидатот во овој дел ја апострофира вообичаената практика на муслиманските земји на изјавување на општи и недозволиви резерви кон овие договори и одолговлекување на нивната ратификација, со цел да не се повредат одредбите на исламската шерија.

Во *вториот дел* насловен како „Исламот и правата на жената во исламот" е претставен поимот и терминолошките појаснувања на терминот ислам и шеријатско право, а особено нормативната структура на исламот, која е важна

за утврдување на правата и обврските на луѓето под шеријатски режим. Кандидатот дава детално образложение на статусот и правата на жената во шеријатското право и современата исламска легислатива. Истовремено, кандидатот во трудот ја начнува и потребата за реинтерпретација на изворите на шеријатското право, кои се спротивни на оригинерната исламска мисла. Според кандидатот, доколку таква реинтерпретација се изврши се поочигледно е дека јазот помеѓу исламските правила и меѓународните човекови права ќе биде значително редуциран, односно дека религијата, доколку сфатена и интерпретирана  во својата оригинерна замисла, може да биде фактор за помирување на овој јаз.

Во *третиот дел,* кандидатот се осврнува и на едно од најконтроверзните прашања на денешницата, а тоа е однос помеѓу културниот релативизам  и универзалноста на човековите права, кој е круцијален за докажување на тезите на трудот. Според кандидатот, иако аргументите на културните релативисти имаат повеќе приврзаници во академските кругови, сепак нивните ставови не водат кон прогрес и решавање на проблемот за изнаоѓање на решение за акцептирање на постоечката или некаква нова општоприфатена декларација за човековите права. Кандидатот го апострофира фактот дека и покрај тоа што универзализмот не е синоним за униформност, потребно е прифаќање на соодветен реализам, како фундамент од каде би требало да се тргне во постигнувањето на целосната ефективност на корпусот на човековите права и слободи, каде спаѓаат и правата на жената во исламските земји.

Во *четвртиот дел,* кандидатот ја елаборира потребата од промовирање на дијалог во контекст на подобрување на правата на жената во исламските земји. Исто така, посочена е и развојот и влијанието на глобализацијата врз правата на жената, а особено промените кои се очекува да настанаta во доменот на овие права, во земјите од истокот по Арапската пролет.

Во *заклучокот* се содржани крајните согледувања на кандидатот во форма на препораки во што се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

*Научниот придонес*

Научниот придонес на докторската дисертација произлегува од фактот што таа претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на човековите права и различните аспекти на нивно перципирање во муслиманскиот свет.ја обработува компатибилноста на човековите права, а особено правата на жената со исламот т.е. исламскиот правен систем, како актуелен и акутен проблем во државите со доминантно муслиманска провиниенција.

Во трудот е дадена целосна анализа на суштината и значењето на поимот „човекови права“, вградени во договорите на Организацијата на Обединетите Нации, како и на регионално ниво, како и постојаниот конфликт помеѓу универзализмот на човековите права и културниот релативизам. Со тоа, трудот опфаќа една значајна компонента во односот на исламот кон човековите права, во генерална смисла, земајќи го предвид фактот дека историското и културното потекло на " парадигмата - човекови права " често се користи од страна на муслиманските земји како оправдување за нивната неподготвеност да го

прифатат принципот на универзалност и да ги прилагодат своите закони и политики во согласност со меѓународните норми за правата на човекот.

Во контекст на наведеното, трудот се осврнува и на анализа на нормативната структура на исламот односно изворите на шеријатското право и тоа: Куран, суна, иџма, кијас, фатва, мадхаб, од кои извори произлегуваат правата и обврските на луѓето во муслиманско доминантните земји. Главен проблем кај овој правен систем е тоа што тој не поставува јасни стандарди за обемот на правата на човекот и поради тоа исламските земји имаат значителна слобода да ја одредат неговата содржина, согласно нивното дискреционо толкување на шеријатот. Ваквата дискреција ги отвора вратите за можни злоупотреби. Од тие причини, евидентна е праксата на индиферентност на државите чии правни системи се засновани на шеријатското право, за која се зборува во овој докторски труд, а особено кога станува збор за ратификување на основните конвенции за правата на човекот, како и нивното прибегнување кон резерви, со цел да ги заштитат вредностите засновани врз нивниот религиски систем.

Имајќи го предвид фактот дека ваквите резерви ги поткопуваат основните цели на инструментите за правата на човекот, релевантно е прашањето за универзалноста и апсолутниот карактер на човековите права. Ова дотолку повеќе ако се земат предвид расправите кои доаѓаат од исламскиот свет дека меѓународните човекови права не се универзални туку дека се производ на европското просветителство и неговиот културен развиток. Од тие причини произлегува острата критика на Универзалната декларација за правата на човекот и донесување на нејзин пандан - Декларацијата за човекови права во исламот од страна на Организацијата на исламската конференција, според која сите права и слободи предвидени во неа ќе бидат предмет на исламскиот шеријат.

Трудот особено се фокусира на правата на жената во исламот, за кое според кандидатот, се едни од најспорните прашања во рамките на оваа дебата бидејќи тука особено доаѓа до израз спротивставеноста на овие права дефинирани во меѓународното право и внатрешните особености и практики на државите. Во трудот се дадени примери на легислатива за статусот на жената во различни земји кои го применуваат исламското право, може да се забележат најразлични ситуации, од забележителна слобода како на пример во Тунис или Мароко до скоро неверојатна пракса на исклучување како во Саудиска Арабија. Секоја земја има различна визија за вистинскиот исламски начин на третирање на жената. Сепак, нееднаквоста во семејството и сродните традиции и практики во различните муслимански земји се тесно поврзани со реалната способност на жената да ги ползува своите права во тие држави.

Идејата за еднакви права за жената и еднаквост во семејството, со јазикот на fiqh е „новосоздадено прашање“ (masa’il mustahdatha); тоа не ги засегало правниците во минатото, бидејќи не било дел од нивното социјално опкружување или сфаќањата на луѓето за еднакви права. Сепак, оваа идеја денес наметнува голем предизвик за исламската правна мисла со кој таа кога-тогаш ќе треба да се соочи. Особено денес кога во многу исламско доминантни земји, учеството на жените во јавниот и политичкиот живот и посебно учеството на високи позиции во државниот систем е евидентно и истото може да се оправда и поддржи и од гледна точка на исламското право.

Конечно, трудот се осврнува и на развојните процеси на 21-от век кои го трансформираат односот помеѓу религијата, правото и семејството кај муслиманскиот свет. Поради тоа, студијата за исламот и човековите права е особено интересна. Таа е повеќестрана и покренува важни политички, социолошки, антрополошки и етички прашања. Истовремено е и техничка област, која има за цел да ги помири традиционалното шеријатско право и правото за права на човекот чиј однос бил од секогаш многу ранлив и дискутабилен. Зголемените движења на оние кои го застапуваат политичкиот ислам и се залагаат за негова правна институционализација и на оние кои се „про-западно“ ориентирани, наметнаа различни прашања и очекувања во однос на тоа, каква ќе биде компатибилноста на исламските агенди со меѓународните норми за правата на човекот во нивниот пост-авторитарен период.

## 2.2.2. Објавени научни трудови

### 2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Јана Кукеска покрај докторската дисертација објавила 4 научни труда и 1 книга.

### а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, кандидатот д-р Јана Кукеска поседува три научни труда.

**1.** Zoran Filipovski, and **Jana Ilieva**. 2012. “Republic of Macedonia on its road to EU and NATO”*Magazine for Business Economics, Entrepreneurship and Finance, Vol. 6, No.2.* Educons University, Sremska Kamenica, Serbia

**2**. **Јана Илиева,** Катица Павличковска. Политичкиот систем на Белгија - déjà vu криза.*Меѓународен Научен Зборник* “International Review”, Белград, број 2, 2011

**3**. **Јана Илиева**, Интерпретативни техники на Телото за решавање спорови на Светската трговска организација и пракса на Жалбеното тело,*Меѓународен Научен Зборник* “International Review”, Белград, број 1, 2011

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции

1.Ристовска, Наташа, **Јана Илиева.** 2009. "Стратегиско лидерство во синдикалните организации". Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот, Скопје, октомври 2009, 336–340.* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент.

## 2.2.2.2. После избор во звање доцент

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

После изборот во звање доцент, д-р Јана Кукеска објавила 20 научни труда.

**1. Ilieva, Jana**, Aleksandar Dashtevski, and Filip Kokotovic**.** 2018. Economic Sanctions in International Law. *UTMS Journal of Economics* 9 (2): 201-211. (EBSCO)

**2**. Dashtevski, Aleksandar, Jana **Ilieva** and Rozalina Popovka - Koskarova**.** 2018. Promoting gender equality trough equal life standard in EU countries. *UTMS Journal of Economics* 9 (1): 95-102. (EBSCO)

**3**. Dashtevski, Aleksandar and **Jana Ilieva.** 2018. International legal framework for dealinhg with hate speech. *Časopis Medzinárodné vzťah*, 15 (4): 358-370 (EBSCO)

**4. Ilieva, Jana**. 2018. The right of self-determination in 21 century: comparative and international law perspective, *Alexandar Dubcek University in Trencin, Slovakia University Review,* 12 (1): 10-16

**5. Ilieva, Jana.** 2017. Identity Theft: A Modern "Gateway" Crime. *International Refereed Scientific Journal VISION,* 2 (1): 79-92

**6.** Andonov, Oliver, and **Jana Ilieva**. 2017. The Impact of USA's And Russia's Interests on Security and Democracy in the Balkans (Case Study – Republic Of Macedonia). *Political Science Forum, 6 (2):24-37*

**7. Ilieva, Jana,** Natasha Ristovska, and Sasho Kozuharov. 2017. Banking without interest. *UTMS Journal of Economics* 8 (1): 131-139. (EBSCO)

**8.** Kozuharov, Sasho, **Jana Ilieva,** and Natasha Ristovska. 2017. Islamic Banking and its Perspectives. *International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences* 7 (2): 167–177. (EBSCO)

**9. Ilieva, Jana**, Aleksandar Dashtevski and Natasha Ristovska. 2017. EU Enlargement and Financial Crisis, *International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences* 7 (1): 153-163(EBSCO)

**10. Ilieva, Jana,** and Blagoj Conev. 2017. The Republic of Macedonia and its Recognition in the International Community (1991-2015). 2017. *Scientific Monograph: Macedonia in 21$^{st}$ century: Social, Political and Economic Issues*, Nova Science Publishers, USA, pp. 1-32

**11.** Conev, Blagoj, and **Jana Ilieva.** 2017. The Influence of National Identity in International Politics: A Comparative Outline of Europe and the Balkans, *Political Science Forum, 6 (1):15–27*

**12. Ilieva, Jana**, and Blagoj Conev. 2016. The Impact of Politics on International Law: "Macedonia v. Greece" in the International Court of Justice, *Political Science Forum, 5 (1):4-13*

**13. Ilieva, Jana,** Ivanka Dodovka, and Blagoj Conev**.** 2016. Multiculturalism and Multi-confesionalism in the Balkans and in Macedonia: Historical Influences and Actual Cases, *Political Science Forum, 5 (2):4-18*

**14. Ilieva, Jana,** and BlagojConev, 2015. Globalization, Women and the Muslim World. *Macedonian Political Science Forum, eProceedings of Papers*: 6:84–93(EBSCO)

**15.** Kozuharov, Sasho, Natasha Ristovska, and **Jana Ilieva**. 2015. Harmonization of tax policies reviewing Macedonia and Croatia. *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 255–265. (EBSCO)

**16.** Stoilkovska, Aleksandra, **Jana Ilieva**, and Stefan Gjakovski. 2015. Equal Employment Opportunities in the Recruitment and Selection Process of Human Resources.*UTMS Journal of Economics* 6 (2): 281–292. (EBSCO)

**17.** Stoilkovska, Aleksandra, Valentina Mucunska Palevska, **Jana Ilieva.** 2015. Awarenessabout Mediation as an Alternative Form of Dispute Resolution: Practices in the Republic of Macedonia. I*nternational Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE)*, 3 (1): 21–27

**18**. **Ilieva, Jana,** and Blagoj Conev. 2015. Is There a Possibility of Crash Between the Islam and the Modern World? *Macedonian Political Science Forum eProceedings of Papers*, Vol. 4: 55–67 (EBSCO)

**19**. Попоска, Весна, и **Јана Илиева.** 2014. Екстериторијална апликабилност на универзалните и регионалните инструменти за човекови права во контекст на справувањето со современите закани од тероризмот. *УГД Штип, Правен Факултет Годишен Зборник,* година 4:223–234

**20.** Stankovic, Pejnovic, Vesna, and **Jana Ilieva**. 2014. Is Islam Misogynic? *Global Journal of Human Social Sciences* [Online] (EBSCO)

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции

После изборот во звање доцент, д-р Јана Кукеска објавила 9 труда во зборници од меѓународни научни конференции.

1. **Ilieva, Jana,** Elizabeta Spiroska. 2018. "Minority Rights in International Law". In *Proceedings of the X-Th International Scientific Conference "Innovation, education, research and science in function of global developments", 6th of April, 2018, 392-400, Ulcin: Institute for Scientific Research and Development & Partner Universities*

2. **Ilieva, Jana,** Julijana Petrovska, and Zvonko Tanaskovski. 2016. "Legal Protection of Icons as part of the Macedonian cultural heritage". In *Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: Global Tourism Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016, 256–267.* Skopje: University of Tourism and Management.

3. **Ilieva, Jana,** and Ivanka Dodovska. 2015. "Multiculturalism in South-East Europe – Cross cultural influence of the socio-economic changes in Republic of Macedonia according to Ohrid Framework Agreement". In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 448–453.* Skopje: University of Tourism and Management.

4. **Ilieva, Jana**, and Blagoj Conev. 2015. "The Armed Humanitarian Intervention as Triumph of the Human Rights over the Sovereignty". In *Proceedings of the International Scientific Conference: Researching Security: Approaches, Concepts and Policies, Ohrid, Macedonia, 2-3of June 2015, 194–205.*Ohrid: University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Faculty of Security, Skopje. (EBSCO)

5. **Ilieva, Jana,** and Aleksandra Stoilkovska**.** 2015. "*Management of Prison Conditions as a Precondition for Better Socialization*". In *Proceedings of the International Congress on Economy and Business, New Economic Trends and Business Opportunities, International Vision University, Gostivar, Macedonia,10-14 of June 2015, 712–720.*Gostivar: International Vision University.

6. **Ilieva, Jana**, and Blagoj Conev. 2015. "*The process of ethnic homogenization of the Greek Nation and its impact over the denouncing of the cultural identity of the other ethnic groups: the case with the Macedonian Ethnic Majority*", In *Proceedings of the Fifth International Conference: Current Issues of Politics, Trencin, Slovakia, 10 of February 2015, 16–27.*Trencin: University of Alexander Dubcek, Department of Politology.

7. **Ilieva, Jana,** Sanja Nikolic, and Vesna Poposka. 2014. "*The Significance of Intellectual Capital in Creating New Values to the Organization in Macedonia*", In *Proceedings of the International Symposium "The Great Recession and the Crisis of Neo-liberal Economics", Sremska Kamenica - Novi Sad, Serbia, 28-29 of May, 2014, 345–354*. Sremska Kamenica-Novi Sad: Educons University.

8. **Ilieva, Jana**, and Blagoj Conev. 2013. "*So called clash of civilizations: Is Islamic treat real*", In *Proceedings of the International Scientific Conference: Promoting Human Rights: Recent Developments, Skopje, Macedonia, 25-27 of September 2013, 103–118.* Skopje: MIT University, Faculty of Legal Sciences, International Relations and Diplomacy.

## 2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Јана Кукеска во наставно-научно звање доцент.

## 2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

**1.** Zoran Filipovski, **Jana Ilieva**. 2012. "Republic of Macedonia on its Road to EU and NATO" *Magazine for Business Economics, Entrepreneurship and Finance, Vol. 6, No.2.* Educons University, Sremska Kamenica, Serbia

- *Достапност на трудот:* https://educons.edu.rs/wp-content/uploads/2016/01/PE_ dec2012_konacna.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
- *Објавен во:*а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:*ISSN 1820-6859
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:*K33

**2**. **Јана Илиева,** Катица Павличковска. Политичкиот систем на Белгија - déjà vu криза. *Меѓународен Научен Зборник* "International Review", Белград, број 2, 2011

- *Достапност на трудот:* во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
- *Објавен во:*во печатена форма
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:*ISSN 2217-9739
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:*K33

3. **Јана Илиева**, Интерпретативни техники на Телото за решавање спорови на Светската трговска организација и пракса на Жалбеното тело, *Меѓународен научен зборник* "International Review", Белград, број 1, 2011

- *Достапност на трудот:* во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,3 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:*ISSN 2217-9739
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* K33

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции

1. Ристовска, Наташа, и **Јана Илиева**. 2009. "Стратегиско лидерство во синдикалните организации". Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот, Скопје, Октомври 2009, 336–340.* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Zbornik-2009.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, K20

*Опис на трудот*
Во рамките на овој труд авторите прават обид да го анализираат лидерството како процес,  потребните карактеристики на лидерите во синдикалните организации, видовите на лидерство кои можат во истите да се применуваат, спецификите на синдикалното водство и легалната рамка на синдикалните организации во Република Македонија. Целта на трудот е да се покаже значајната улога на синдикатите во тековните политички и економски услови.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во потврдување на тезата дека создавањето на ефикасно и ефективно лидерство во синдикатите ќе овозможи поголеми перформанси и  остварување на клучните цели на постоење на синдикалните организации.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија, посебно на процесот на креирање на квалитетно стратегиско лидерство во синдикалните организации заради успех во преговорите за заштита на правата и интересите на работниците.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

## 2.2.3.2. После избор во звање доцент

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

**1. Ilieva, Jana**, Aleksandar Dashtevski, and Filip Kokotovic**.** 2018. Economic Sanctions in International Law. *UTMS Journal of Economics* 9 (2): 201-211. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1.2 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857/6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%

- *JEL класификација:* K32, F51

*Опис на трудот*

Со овој труд авторот објаснува дека економските санкции се дефинираатсо меѓународното право, кое е основа за нивното понатамошно надоградување со договори и други правни или политички инструменти, со цел да се постигне консензус по одредени прашања. Непочитување на меѓународното право за уредување на прашања кои го нарушуваат меѓународниот поредок и доведуваат до несакани и недозволени резултати, можат сериозно да го загрозат мирот во светот или во одредени региони. Од друга страна таквите економски санкции, често можат да помогнат да се избегнат ситуации на воени конфликти или воени интервенции, иако се доведува во прашање нивниот ефект врз загрозување на населението во некоја држава, кое не е виновно за постапките што ги преземала таа. Целта на економските санкции е да се избегнат одредени недозволени постапки на државите кон кои се воведуваат, на начин што ќе се примени оваа алтернативна метода, наместо друга, за да доведе до подобрување на состојбите поради кои тие се воведени. Економските санкции можат да се воспоставaт колективно на глобално ниво или од страна на некоја држава или повеќе држави кои дејствувааат заеднички.

*Научен придонес на трудот*:
Научен придонес на трудот претставува анализа на прописите со кои се регулираат економските санкции. Како еден од примерите се дадени санкциите кон руската федерација поради пропојувањето на Крим. Направена е анализа дали тие делуваат позитивно или негативно врз државите кон кои се воведуваат и популацијата во тие држави. Направена е и анализа врз ефектот кој се постигнува, или не се постигнува со воведување на економските санкции.

*Личен научен придонес на авторот:*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на меѓународното право, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем,

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**2**. Dashtevski, Aleksandar, **Jana Ilieva** and Rozalina Popova - Koskarova**.** 2018. Promoting gender equality trough equal life standard in EU countries. *UTMS Journal of Economics* 9 (1): 95-102. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%209%20No.%201/UTMSJOE-2018-0901-09-Dashtevski_Ilieva_Popova-Koskarova.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.

- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти (EBSCO)
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1336-1562
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* K38

*Опис на трудот*
Достигнувањата на еднакви можмости за жените и мажите обезбедуваат нивно еднакво учество во јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во примената на правата, како и еднакви придобивки од постигнатите резултати. Иако тоа се сеожте отворени прашања во обласа од областа на родова еднаквост може да се каже дека имаат успешен напредок. Најважни делови за да успее еднаквоста во оваа област се: економското зајакнување како основа за еднаквоста на половите, Принципот на еднакви плати врз основа на еднаква регулатива во ЕУ и превенција на сите видови на доскриминација. Овие услови сериозно придонесуваат да се намали разликата помеѓу половите. Еднаквиот третман помеѓу жената и мажот мора да биде осигуран.Тоа треба да се оствари како резултат на мерките преземени од страна на државните власти, преку интервенција на државните институции со правни мерки, но исто така со зајакнување на еманципацијата на двата пола.

*Научен придонес на трудот:*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што се потенцираат веќе застапените мерки за обезбедување на рамноправноста помеѓу мажот и жената. Преку Европската регулатива се објаснова како да се постигне поголема економска независност, како главен фактор за нееднаквоста на половите. Понатаму суптилните начини кои ќе се спроведат преку административни мерки ќе придонесат до изедначување на платите, особено во приватниот сектор каде што тие се поголеми но и во јавниот каде што веќе доаѓа до изедначување на двата пола. Секако искоренување на сите облици на дискриминацијата подеднакво ќе придонесе за разликите кои постојат, со тоа што ќе ги искорени поранешните навики и начини на однесување.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на меѓународното право, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**3**. Dashtevski, Aleksandar and **Jana Ilieva.** 2018. International legal framework for dealinhg with hate speech. *Časopis Medzinárodné vzťah*, 15 (4): 358-370 (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://fmv.euba.sk/www_write/files/dokumenty/veda-vyskum/medzinarodne-vztahy/archiv/2017/4/MV_2017_4.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти (EBSCO)
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1336-1562
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот:*
Во овој труд се обработува многу распространетото прашање на говорот на омраза.Тој претставува грубо кршење на меѓународната аксиома на меѓународните човекови права, својственото достоинство и еднаквост на секоја индивидуа. Прашање е како да се најде начин за санкционирање на говорот на омраза, а тоа да не претставува загрозување на слободата на говор.Линијата помеѓу овие две категории може да биде многу тенка.Од друга страна говорот на омраза може да навлезе и во криминал од омраза, на што исто така мора да се реагира предпазливо. Во трудот се разгледани документите на Обединетите нации кои упатуваат на превенција и казнување на говорот на омраза. Обработени се членовите на Европската Конвенција за човековите права и нејзините протоколи во превенција и казнуцање на говорот на омраза. Во трудот се дадени неколку примери од Европскиот суд за човекови права, за да го доближат проблемот на говор на омраза.Обработени се и другите европски договори и меѓународни стандарди.Со оглед дека се повеќе се распламтува говорот на омраза, посебна улога за негова превенција мора да одиграат и телата за еднаквост, но и за електронски комуникации со оглед дека тој најмногу се шири преку социјалните мрежи. Тоа треба да се стори преку едукација и медиумски маркетинг, кои ќе се одвиваат перманентно.

*Научен придонес на трудот:*
Анализите покажуваат дека легислативата во областа на говорот на омраза не е јасна.Често социјалните мрежи остануваат надвор од законското регулирање, а таквите ситуации прават кофузија помеѓу институциите кој треба да донесе одлука во конкретниот случај. Понатаму поставени се резерви на одредени одредби на меѓународните документи, кои ги ограничуваат државите да дејствуваат, поради слободата на говор.Ова значи дека државите треба понатаму да работат и да направат попрецизна регулатива во оваа област, која ќе биде појасна од постоечката.

*Личен научен придонес на авторот:*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на родовите

права, со што се дава придонес во една специфична карактеристика за решавањето на овој проблем,

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

**4. Ilieva, Jana**. 2018. The right of self-determination in 21 century: comparative and international law perspective, *Alexandar Dubcek University in Trencin, Slovakia University Review,* 12 (1): 10-16

- *Достапност на трудот:* http://ur.tnuni.sk/fileadmin/dokumenty/UR_V12_ISS-1_10to16_Ilieva.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0.9 a.a.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1339-5017 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот:*
Правото на самоопределување е основен и универзален легитимиран принцип на меѓународното право. Сепак, е еден од најоспорените права во 21 век, чие значење е сè уште двосмислено и отсекогаш било зависно од актуелните политички околности на меѓународната заедница. Отсуство на поширок меѓународен и политички консензус за содржината на ова прашање, заедно со правниот дефицит или регулатива во меѓународното право, отвори многу можности за политичка криза и нестабилност, во целиот свет. Многу сложени држави видоа многу романтична визија за подобра иднина во овој принцип.Обединувањето на Германија, независноста на Источен Тимор, Јужен Судан, Косово, борбата за отцепување на Каталонија се само примери за значењето, но и проблематичната природа на овој принцип. Меѓународното право никогаш не даде јасна регулатива за одговор на аспирациите на малцинствата и прашањата за отцепување. Како резултат на тоа, во 21 век, во времето на глобализацијата кога меѓународната средина е сосема поинаква, остварувањето на ова право поради "отцепување" главно поради нејзиниот политички контекст може да стане "авантура со несреќен крај" со непредвидливи последици за државите..

*Научен придонес на трудот:*
Трудот обработува прашање за кое во научната мисла или поконкретно во меѓународното право не постои јасен и недвосмислен одговор. Преку компаративна анализа на скоро идентични случаи, авторот дава јасна слика за двојните стандарди во меѓународното право и особено влијанието на политиката и силата врз правото што се рефлектира во нејасната слика за последиците од искористување на ова право во праксата на државите. Во прилог на ова, тука се поставува конфликтот помеѓу двата паралелни феномени: прво,

на глобализацијата која  нужно значи дерегулација и интеграција на независни држави и второ, насовремените општествени движења со сецесионистички аспирации што може да доведат до создавање на нови независни земји. Како резултат на тоа, овие дебати се потхранети со примерот на отцепувањето на Косово од Србија, што според американскиот државен секретар Кондолиза Рајс, беше случајот со sui generis, односно единствен сет на околности. Но, исто така, не може да се согласиме со спротивните аргументи дека Косово е опасен преседан и ќе има домино ефект за други сепаратистички движења, како што е оној во Каталонија, кој според споменатата аргументација не е многу различен случај од Косово. Овие спротивни дебати за правото на отцепување на меѓународната сцена се очекуваат како што претходно спомнато, меѓународното право не содржи норми за одобрување или забрана на правото на отцепување.

*Личен научен придонес на авторот:*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 %.,

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

**5. Ilieva, Jana.** 2017. Identity Theft: A Modern “Gateway” Crime. *International Refereed Scientific Journal VISION*, 2 (1): 79-92

- *Достапност на трудот:* http://visionjournal.edu.mk/wp-content/uploads/2017/ 07/irsjv_v2i1_jana.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* eISSN 2545 4331
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* K14, K24

*Опис на трудот:*
Секоја година, милиони луѓе стануваат жртва на кражба на идентитет- модерен тип на криминал кој се состои од злоупотреба на идентитетот со цел да се стекне имотна корист. Растечкиот тренд од овој тип на криминал стимулира многу автори да го квалификуваат како "епидемија" или "национална криза", барајќи од националните јурисдикции да реагираат сп преземање на соодветни законски мерки и прописи кои не ја заобиколуваат ни Република Македонија. Сепак, загриженоста и одговорноста за зачувување на идентитетот и за заштита на личните податоци, останува во рацете на поединците и нивната самосвесност и знаење од што зависи дали и до кој степен, ќе бидат подготвени да го заштитат својот идентитет

*Научен придонес на трудот:*
Трудот обработува прашање кое е доста актуелно во научната мисла, но и доста проблематично: кражбата на идентитет. Во областа на безбедноста, особено во борбата против и искоренување на кражбата на идентитет во светот, сигурно ќе следиме нагорен тренд. Особено во последните години глобалната борба против овој вид на криминал е зголемена главно преку создавање на системи за контрола на имателите на информации, контрола врз нивните постапки за ракување и обработка и сл. Постојат нови мерки, нови инкриминации, специјални полициски единици, специјални обвинители, тешки казни и криминална политика, сепак, фокусот на борбата за заштита на личните податоци не е дел од репресивната, туку од превентивната сфера

*Личен научен придонес на авторот:*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 %.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

6. Andonov, Oliver, **Jana Ilieva**. 2017. The Impact of USA's And Russia's Interests on Security and Democracy in the Balkans (Case Study – Republic Of Macedonia). 2017. *Political Science Forum, 6 (2):24-37*

- *Достапност на трудот:* во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:*0,9 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN1338-6859
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*50%
- *JEL класификација:* K33, F50

*Опис на трудот*
Во трудот се обработува врската помеѓу демократијата и безбедноста од аспект на добро управување и во тој контекст, поврзаноста помеѓу државите во меѓународните односи како политички и правни идентитети. Таа варијабилна врска е условена од интересите на големите сили на глобално, но и на регионално ниво. Во трудот се опфаќа регионот на Балканот на кој се прекршуваат интересите на супер силата САД и на големата сила Русија, но кој има потенцијал да стане поле на интерес и за Кина.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот е евидентен од аспект на третирање на влијанието на Европската Унија на Балканот и аргументираниот наод дека и покрај настојувањата на ЕУ да биде глобален актер на Балканот, нејзините активности се доста нејасни, некоординирани и со сигурност, неефективни во праксата. Во

трудот се идентификувани и интерните проблеми на Унијата и особено Брегзитот кој претставува стратешко ослабување на институциите и функционалноста на ЕУ. Преку квалитативното истражување извршено во Република Македонија, авторите даваат научни заклучоци засновани на верификувани индикатори употребени за креирање на политиката на Балканот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на делот од истражувањетоповрзано со генералната перцепција на граѓаните на Република Македонија со улогата и значењето на големите сили САД и Русија на Балканот.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

7. **Ilieva, Jana,** Natasha Ristovska, and Sasho Kozuharov. 2017. Banking without interest. *UTMS Journal of Economics* 8 (1): 131-139. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%208%20No.%202/UTMSJOE-2017-0802-07-Ilieva-Ristovska-Kozuharov.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* G20; K22; K33

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да изврши анализа на основните принципи на исламското банкарство кое како тема доби на голема важност поради големата финансиска криза која најмногу го погоди банкарскиот систем и финансиските пазари и предизвика многу банкарски банкротства и државни интервенции. Во трудот се детално разработени поимите на апсолутна забрана за примање и давање интерес (Риба) и споделување на добивка и загуба (ПЛС) кои се првенствено засновани на мударбах (делење на профит) и мусијархах (заедничко вложување) - концепти кои денес стануваат прифатен начин за водење бизнис во неколку западни мултинационални компании банки. Се дава и целосна споредба на предностите на исламското наспроти конвенционалното банкарство.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се согледува во научната прогноза на авторите на трудот дека во денешно време решенијата за исламски финансиски технолошки решенија се созреани и можни и дека финансиските институции кои размислуваат за отворање на исламски банки или тн. „исламски прозорци“ односно комерцијалните банки кои веќе нудат вакви производи ќе се соочат со различни предизвици. Исламското банкарство ќе продолжи да расте во големината и сложеноста, што претставува предизвик за надзорните органи и централните банки. Тековната рамка со која се регулира исламското банкарството содржи празнини кои треба да се затворат преку развој на посеопфатна регулаторна рамка која ќе обезбеди финансиска стабилност и развој на исламскиот банкарство.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во терминолошко дефинирање и објаснување на најзначајните теоретски аспекти на исламското право кои се однесуваат на исламскиот финансиски систем. Станува збор за појдовните основи за утврдување на онтолошката природа на исламското право, произлезена од Куранот како најавторитативен и основен извор на исламското право, кој меѓу другото, ја забранува каматата како забранета бидејќи ги спречува парите да ја вршат својата вистинска функција како средство за мера на вредноста и средство за размена, додека функцијата на парите како средство за натрупување на богатство ја смета за лоша функција и непожелна за општеството.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

8. Kozuharov, Sasho, **Jana Ilieva**, and Natasha Ristovska. 2017. Islamic Banking and its Perspectives. *International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences* 7 (2): 167–177.

- *Достапност на трудот:* http://hrmars.com/hrmars_papers/Islamic_Banking_and_its_Perspectives.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци RePEc, UlrichWeb (Global Serial Directory) USA, Index Copernicus Poland, EBSCO Host, USA.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN2222-6990
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* G20, K22, K33

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да придонесе кон дебатата која се однесува на потенцијалите за развој на исламското банкарство и можностите за редефинирање на конвенционалното банкарство. Во последните неколку години, глобалниот банкарски систем доживеа големи потреси. Глобалната економска криза, која започна во 2008 година, предизвика низа последици на конвенционалниот банкарски систем. Од друга страна, исламските банки направија голем раст, а нивните банкарски средства според проценките се во вредност од околу 1.800 милијарди долари. Тајната е во тн. "халал финансирање", односно се работи за финансиски систем базиран на исламските принципи. Во таа смисла, основата на исламското банкарство е забраната за давање или земање камата во било каков облик.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува потенцирање на спецификите на исламското право, како и тековните состојби и предизвици во иднина, особено во контекст на перспективите за развој на исламската финансиска индустрија на европскиот континент. Исламските финансиски активности покажаа значителен раст во текот на изминатите децении, а се предвидува дека трендот на раст ќе продолжи со истото темпо во иднина. Овој специфичен банкарски сегмент е системски важен во многу земји од различни региони во светот. Според анализите на Ernst & Young исламските финансии покажуваат пораст од 17% на глобално ниво во изминативе неколку години, а се проценува дека до 2019 година, исламските финансии ќе имаат 1.8 трилиони во актива и троструко ќе го зголемат профитот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на теоретските основи на предметот на истражување односно исламското банкарство како дел од исламската економија. Темелните принципи на предметот на истражување, авторот ги изведува од основните принципи на шеријатот според кои кредитирањетово исламските земји се заснова на потполно покритие на сите влогови од страна на населението и на позајмување пари без камата. Понатаму, придонесот на авторот е во наоѓањето дека исламскиот пазар на е во доста неповолна положба поради законските регулативи кои се повеќе наклонети кон конвенционалното банкарство.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

9. **Ilieva, Jana**, Aleksandar Dashtevski and Natasha Ristovska. 2017. EU Enlargement and Financial Crisis, *International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences* 7 (1): 153-163. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://hrmars.com/hrmars_papers/EU_Enlargement_and_Financial_Crisis.pdf

- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд(original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци RePEc, UlrichWeb (Global Serial Directory) USA, Index Copernicus Poland, EBSCO Host, USA.
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN2222-6990
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*33%
- *JEL класификација:* K33, F50

*Опис на трудот*

Во трудот се обработува финаската криза со која се соочи глобалната економија, а која ги вклучи банкарските системи, берзите и кредитниот тек. Барајќи заеднички стратегии за решавање на тешкотиите, европските институции ги координираа националните одговори и даваа препораки за подобрување на финансискиот систем. Проширувањето на ЕУ не е официјално поврзано со кризата, па запирањето на процесот на проширување и воведувањето нови бариери во Европа не е опција. Во овој труд анализата се базира на податоците и ситуациите забележани во извештајот на Европската комисија. Поделени се интересите и приговорите за натамошно проширување во земјите-членки, како што се Франција и Германија, исто така се толкуваат. Анализата на истражувањето покажува дека ЕУ земјите кандидати имаат прогресија во економскиот раст во време на финансиската криза, што не е случај со некои од земјите-членки на ЕУ. Затоа, проширувањето на ЕУ треба да продолжи како важна политика која ќе обезбеди просперитет во Европа.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се состои во тоа што се дава појасна слика за земјите апликанти, кандидати за членство и преговарачи кои чекори ги презвемале и кои треба да ги превземат за влез во ЕУ. Во истражувањето се открива дека поради економската криза од 2008 година БДП на земјите-членки на ЕУ опаѓа, додека на не-ЕУ членките опфатени во трудот, расте. Тоа е индикација дека Брегзит не се случува случајно бидејќи трудот е работен непосредно пред референдумот во Велика Британија, а објавен е по завршувањето на истиот.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на теоретските основи на предметот на истражување проширувањето на Европската Унија и влијанието на финансиската криза во тој процес..

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

10**. Ilieva Jana,** and Blagoj Conev. 2017. The Republic of Macedonia and its Recognition in the International Community (1991-2015). 2017. *Scientific Monograph: Macedonia in 21st century: Social, Political and Economic Issues,* Nova Science Publishers, USA, pp. 1-32

- *Достапност на трудот:* https://www.novapublishers.com/catalog/product_info.php?products_id=61660
- *Вид на трудот (категорија):*поглавје во монографија
- *Опсег на трудот:* 2 а.а.
- *Објавен во:* а) Монографија со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* 978-1-53611-842-1
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот*
Во трудот се говори за меѓународно-правното признавање на Република Македонија во меѓународната заедница односно се врши анализа на патот на РМ кон тоа признавање и меѓународна афирмација како независен субјект во меѓународното право. Преку компаративна анализа, синтеза и метод на дедукција, авторите даваат објаснување за начинот на кој една мала држава како Република Македонија се обидува да му покаже на светот дека има право на сопствено место во анархистичната структура на меѓународното општество.

*Научен придонес на трудот*
Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното поставување на проблемотодносно на надворешно политичките и безбедносни проблеми со кои се соочува Македонија и македонската нација и кои се нејзина реалност. Голем дел од нив не се поврзани со нацијата и нејзиниот идентитет, но идентитетските сеуште надвиснуваат како црни облаци и на државатата Република Македонија. Притоа, во аргументираната научна дискусија авторите наоѓаат дека Република Македонија, најверојатно е единствената нација-држава во историјата на светот кај која што идентитетот на нацијата се претвара во надворешно-политички проблем, односно истиот има директно влијание на позициите кои што ги има државата во меѓународната политика. Имено, ревидирањето на нациналниот идентитет не испраќа порака само надвор кон меѓународната заедница за тоа дека во државата се случува еден вид на промена на вредностите на нацијата, како и на целокупната нејзина колективна меморија, туку тоа ревидирање влијае и внатре на политичкиот систем на самата држава. ИакоМакедонија по сите определувања е национална држава на македонската нација, сепак во неа живее и значителен број на национални, односно етничи малцинства. Тоа само по себе, ја прави Македонија лидер во регионот во однос на малцинските и човековите права. Имено, кога на овие случувања се гледа од перспектива на 21-от век, и не претставува голем

проблем, бидејќи со оглед на глобализацијата и случувањата кои се случуваат во меѓународната политика, најверојатно националните држави нема уште долго да ги имаат главните улоги во меѓународните односи. Меѓутоа, кога станува збор за Македонија, владеачките елити во истата треба да изнајдат формула во спроведувањето на надворешната политика, преку која ќе изнајдат начин Република Македонија да го најде своето место во меѓународните односи. Во тој контекст, најдобар начин за постигнување на компактна надворешна политика е според авторите, овој во кој што групите, културите и етносите се обединуваат преку општа правно-политичка и економска рамка, а со тоа ќе успее да му докаже на светот дека културата, а не државата е субјект на правото. Тоа би значело дека, македонската надворешна политика ќе мора да го изоди трнливиот пат на анархичноста во меѓународната политика, за да успее да му докаже на светот дека е нужен субјект на меѓународното право.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на теоретските основи на предметот на истражување или поконкретно на патот на Република Македонија кон ЕУ и НАТО и грчките притисоци кои оневозможуваат пристигнување на финалната дестинација – полноправно членство. Личниот придонес е евидентен и во делот на односите и признавањето од страна на соседите на Р. Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како поглавје во монографија*

11. Conev, Blagoj, and **Jana Ilieva.** 2017. The Influence of National Identity in International Politics: A Comparative Outline of Europe and the Balkans, *Political Science Forum, 6 (1):15–27*

- *Достапност на трудот:*во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:*а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1338-6859
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот*
Во трудот се зборува за националниот идентитет како основа за создавање на националната држава го претставува основниот raison D’etat или државен разум, со цел таа држава да биде моќна и да може да ги оствари своите интереси на меѓународно ниво, да биде фактор во меѓународната политика. Сепак, за разлика од Европа, од каде потекнува идејата за национална држава и национален идентитет, на Балканот идентитетите на нациите се користат за ширење на националистичка пропаганда со цел да не се признаат соседните национални држави, како и да се потенцира супериорноста на некои во однос на

другите, преку користење и модификација на историјата во тој процес. Овој труд има две цели; да ја наведе основната идеја за национален идентитет, како столб на националната држава, односно како главна цел за институционално зајакнување на државата, зајакнување на нејзиното влијание во меѓународната политика; како и да ја објасни разликата во перцепциите за националната држава, т.е. идентитетот на нацијата помеѓу Европа и Балканот.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се гледа во аргументираниот наод дека целата погрешна политика на толкување на идентитетот на нацијата на Балканот придонесува за дестабилизација на регионот, односно го задржува регионот како постојано отворено жариште на Европа. Тука, на Балканот, идејата за кардинал Мазарин дека нацијата-држава ќе придонесе за зајакнување на општеството и ќе ја направи државата отпорна на сите видови закани е доведена во прашање. Тука се воведува сосема нов концепт за толкување на идејата за национален идентитет, односно се става во функција на оружјето на државата, а не како негов основен извор на сила и промени. La raison d'Etat на Балканот во однос на националниот идентитет не се претвора во концепт за заштита на националните интереси и институционалниот развој на државата, туку во концепт за нагласување на нејзината супериорност во однос на другите. Според авторите, Балканот веќе треба да се сфати дека основата на националната држава не е национализмот и акцентот на супериорноста на сопствената нација, туку во елементите што ги поврзуваат нациите. Балканските национални држави треба да научат од европското искуство дека идентитетот на нацијата е внатрешен елемент на државата, кој има за цел да ја зајакне нивната позиција на меѓународна сцена, а не средство за постигнување и креирање на надворешно-политички стратегии и доктрини.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на теоретските основи на предметот на истражување и во поставувањето на хипотетската рамка која се докажува во самиот текст.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд(review).*

12. **Ilieva, Jana,** and Blagoj Conev. 2016. The Impact of Politics on International Law: "Macedonia v. Greece" in the International Court of Justice, *Political Science Forum, 5 (1): 4–13*

- *Достапност на трудот:*во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1338-6859
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)

- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да се прикаже супериорноста на политиката над меѓународното право во современата смисла. Во секое општество, вклучувајќи го и меѓународното, политиката е она што ги одредува методите и средствата со кои тоа општество ќе се движи напред. Правото, според авторите тежнее да воспостави баланс на интересите на поединците и групи со цел да се воспостави ред. Во процесот на креирање на меѓународно законодавство, државите се водени од нивните национални интереси, а не од општо прифатените и постоечките меѓународни правни рамки. Најдобриот пример за ова тврдење е случајот во Меѓународниот суд на правдата: Македонија против Грција, каде што аргументот од втората земја аргументира дека нема правна рамка или санкција за една суверена држава да биде принудена да се придржува кон одлуките на Меѓународниот суд на правдата.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се согледува во аргументираните наоди на авторите, преку методот на анализа и синтеза, да покажат дека во случајот / пресудата "Македонија против Грција" политиката доминирала над правото и дека една суверена држава не е во состојба да ја почитува пресудата на Меѓународниот суд на правдата ако истата е во конфликт со нејзините "национални" интереси, кои се посилни од меѓународната регулатива во меѓународното општество.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на теоретските основи на предметот на истражување особено во елаборирање на случајот на Република Македонија против Грција пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

13. **Ilieva, Jana,** Ivanka Dodovska, and Blagoj Conev**.** 2016. Multiculturalism and Multi-confesionalism in the Balkans and in Macedonia: Historical Influences and Actual Cases, *Political Science Forum, 5 (2):4-18*

- *Достапност на трудот:*во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):прегледен труд (review).*
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Објавен во:*а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1338-6859
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%

- *JEL класификација:* K10, Z10

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да ги покаже историското влијание и актуелните состојби поврзани со мултикултурализмот и мултиконфесионализмот на Балканите, со посебен аспект на Република Македонија.Што се однесува до ваквиот културолошки аспект,според авторите е многу важно да се нагласи влијанието на постоењето на мултикултурната традиција и предизвиците на различните етнички групи и религиозни групи во Република Македонија, како и да се преземат сериозни мерки за новото издигнувања на постарите религиозни традиции. Овој вид на предизвици е особено насочен како закана за регионот на цела Југоисточна Европа и е сериозна работа со висок приоритет на агендатана Република Македонија, како дел од овој транзитен регион.

*Научен придонес на трудот*
Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот како и обработката на мошне актуелна тема, не само во домашниот, туку и во регионот на Југоисточна Европа, а особено за државите кои беа во рамките поранешниот југословенски чадор, на почетокот на 90-тите години од минатиот век го прават основниот научен придонес на овој труд.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на уставното право и посебнона анализата на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор од 2001 година, земајќи го предвид фактот дека македонското општество е под многу тежок притисок предизвикан од радикални и екстремистички идеологии во регионот на Југоисточна Европа.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд(review).*

14. **Ilieva, Jana,** and Blagoj Conev, 2015. Globalization, Women and the Muslim World. *Macedonian Political Science Forum, eProceedings of Papers,* Vol. 6:84–93(EBSCO)

- *Достапност на трудот* :http://docs.wixstatic.com/ugd/36d9a1_688d1ff3fe3c4877b6324a5a29707577.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти b) индексирано во бази на податоци EBSCO Host, USA
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* eISSN: 1785-6812

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот*
Предмет на проучување на овој труд е влијанието на глобализацијата врз правата на жената во муслиманскиот свет. Под влијание на глобализациските процеси денес, и муслиманските жени денес се соочуваат со променливата околина во која разбирањето на светот кој штотуку се променил, не чека на статичните и ригидни објаснувања и толкувања за сфаќањето на истиот, бидејќи додека тие се апсолвираат, светот повторно се променил. Од една страна, силите на модерната глобална култура нудат можности и канали за дефинирање на различни лични и индивидуални гледишта за секојдневието и животните текови. Од другата страна, традициите и погледите на исламот се манифестираат со вметнување на религиозна оправданост, толкување, културен идентитет, вредности и утврден морал, кој однапред ги доведува во прашање сите нови но и природни текови. Овие предизвици доведуваат до состојба кога во муслиманските општества се повеќе и се погласни се повиците за реафирмација на исламскиот идентитет, но и повиците за балансирање помеѓу модерното и религијата.

*Научен придонес на трудот*
Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното поставување на влијанието на глобализацијата врз правата на жената во муслиманскиот свет. Во трудот на јасен и прецизен начин се зборува за најновите движења во муслиманските земји, водени од сосема субјективни и пред се економски фактори (големата светска економска криза од 2008 година, порастот на цените на храната 2007-2008 година и др.), кои доведоа до суштински поместувања во радикалните, но и прогресивните движења во муслиманскиот свет. Исто така, трудот опфаќа и научна расправа за борбата за човекови права и демократија која симболично е наречена „Арапска пролет“ што и ден денес е навистина актуелна тема во областа на меѓународното право, политика и односи и дава придонес за развој на научната мисла во овој домен во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 50% и се однесува на истражување на меѓународно-правната рамка за човекови права на жената, но исто така и на теолошките ограничувања на овие права во муслиманскиот свет.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

15. Kozuharov, Sasho, Natasha Ristovska, and **Jana Ilieva**. 2015. Harmonization of tax policies reviewing Macedonia and Croatia. *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 255–265. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:*
  http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-007-Kozuharov-Ristovska-Ilieva.pdf

- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* H30, K33

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да се анализира постапката на хармонизација на доночната полика на Република Македонија согласно Европската. Усогласување на данокот е комплексно прашање во процесот на европската интеграција, тоа е процес на конвергенција на даночниот систем врз основа на заеднички сет на правила и, во принцип, тоа значи постоење на идентични или слични даночни стапки за даночните обврзници во Европската унија, односно евро-зоната.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се однесува на компаративната анализа на даночните реформи во Македонија и Хрватска, како и другите земји членки на ЕУ, со што се потенцира потребата од севкупно усогласување, кое покрај даночните стапки значи и структурно усогласување или хармонизација на даночната структура. Усогласувањето на директните даноци се потпира главно на избегнување даночно затајување и избегнување на двојното оданочување. Потребно е усогласување на регулативите и директивите во областа на индиректните даноци во однос на воспоставување на единствен пазар, или отстранување на пречките за слободно движење на стоки, луѓе, услуги и капитал.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно компаративна правна рамка, потенцирајќи ја препораката за потребата усогласување на регулативите и директивите во предметната област во Република Македонија, како sine qua non акцелератор за интегрирање на државата во Европската унија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

16. Stoilkovska, Aleksandra, **Jana Ilieva**, and Stefan Gjakovski. 2015. Equal Employment Opportunities in the Recruitment and Selection Process of Human Resources.*UTMS Journal of Economics* 6 (2): 281–292. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-009-Stoilkovska-Ilieva-Gjakovski.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*претходно соопштение (preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 0, 6 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* M51; K10

*Опис на трудот*
Предмет на проучување на овој труд се статија е концептот на еднакви можности за вработување во процесот на регрутација и селекција на човечките ресурси. Со оглед на фактот дека во овие процеси, се вклучении менаџерите за човечки ресурси но и вработените, истражувањето кој е предмет на овој труд е посебно спроведено за секоја од нив. На тој се утврдува дали двете страни делат истото мислење во однос на постоењето на овој концепт во овие процеси.Како суштински дел на овој концепт, се истражува законската регулатива во Република Македонија и нејзиното влијание во процесот на генерирање на еднакви можности.

*Научен придонес на трудот*
Научното поставување на обезбедување на еднакви можности за вработување е од клучно научно, но и практично значење за секоја компанија и претставува клуч за изборот на вистинскиот вработени. На крајот од трудот, авторите даваат препораки за подобрување на еднаквите можности за вработување во Република Македонија од што несомнено се согледува научниот придонес на трудот

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на правните основи на предметот на истражување, а имено еднаквите можности за вработување кои произлегуваат од принципот за еднаквост и недискриминација, како основни принципи на кои почива уставно-правниот поредок во Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како претходно соопштение*

17. Stoilkovska, Aleksandra, Valentina Mucunska Palevska, **Jana Ilieva.** 2015. Awareness about Mediation as an Alternative Form of Dispute Resolution: Practices

in the Republic of Macedonia. I*nternational Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE),* 3 (1): 21–27

- *Достапност на трудот:* http://www.ijcrsee.com/index.php/IJCRSEE/article/view/61
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,8 a.a.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци, Index Copernicus, DOAJ, SCIndeks, GIF global impact factor, CNKI, Turkish Education Index, SCIPIO - Scientific publishing & information online, Journal Impact Factor, GoogleScholar, Dialnet, InnoSpace - SJIF Scientific,
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2334-847X (printed), 2334-8496 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* M12, K31, K40

*Опис на трудот*

Предмет на проучување на овој труд се споровите кои се решаваат по пат на медијација, кои како форма на разрешување на спорови се многу ретки во државата. Глобалното информатичко општество ја афирмира потребата од перманентно следење на иновациите кои се во функција на информирање на јавноста преку понуда на информации, значајни за унапредување и олеснување на бизнис и административните процеси. Во тој контекст во Република Македонија се промовира медијацијата како алтернативна алатка за решавање на проблеми и спорови без поголеми финансиски импликации. Актуелноста на појавата која се истражува е поврзана со неефикасноста во решавањето на судските спорови во Република Македонија и дискутабилноста на квалитетот на донесените судски одлуки. Проблемот се јавува во сегментот на недоволната информираност на јавноста за можноста за решавање на споровите со примена на медијацијата која го елиминира иницирањето на судски процес.

*Научен придонес на трудот*

Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното поставување на проблемот со алтернативната форма на решавање на спорови во Република Македонија, што преставува реткост во научната мисла на државата. Во трудот е направено истражување на свесноста за употребата на медијација како алтернативен метод на решавање на спорови и се нудат препораки како да се подобри состојбата во оваа насока.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во поставување на правната основа на разгледување на предметот на трудот. Во тој контекст, авторот придонесува за разјаснување на правната рамка на медијацијатакако алтернативна алатка за решавање на проблеми и спорови која

настанува како резултат на неефикасноста во решавањето на судските спорови во Република Македонија и дискутабилноста на квалитетот на донесените судски одлуки.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.*

18. **Ilieva, Jana,** and Blagoj Conev. 2015. Is There a Possibility of Crash Between the Islam and the Modern World? *Macedonian Political Science Forum eProceedings of Papers,* Vol. 4: 55–67 (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://docs.wixstatic.com/ugd/36d9a1_f3a9bc939bc64f5fb36050186678786a.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*изворна научна статија
- *Опсег на трудот:* 0,9 a.a.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти b) индексирано во бази на податоци EBSCO Host, USA
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* eISSN: 1785-6812
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот*
Предмет на проучување на овој труд е истражувањето на можниот конфликт меѓу исламот и другите религии (цивилизации), и во тој контекст, постоењето на вистинска закана од страна на исламскиот фундаментализам на меѓународната безбедност. По пат на анализа, авторите докажуваат дека идентификацијата на исламската религија со разни владини и општествени движења, здруженија и групи кои ги идентификуваат со исламот и се декларираат како "исламисти" е погрешен пристап поддржан од страна на социо-политичките истражувања и анализи на експертите по 11 септември 2001 година.

*Научен придонес на трудот*
Во овој труд на кандидатот научниот придонес се состои во аргументираното разобличување на генералната перцепција во јавноста за исламот дека сам по себе не претставува закана за христијанството, ниту обратно, туку дека соперништвото меѓу овие две доктрини постои и ќе постои и во иднина, но тоа не треба да биде причина за меѓу-религиски конфликти туку интегративна кохабитација.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на појдовните основи на предметот на истражување односно исламот и неговите традиционални

принципи. Особено се обрнува внимание на ненасилната компонента на овој религиски но истовремено и политички систем во многу држави со доминантно муслиманско население, за да се констатира дека секое идентификување на исламот со насилство е погрешен, нереален и користен за дневно-политички цели.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како изворна научна статија.*

19. Попоска, Весна и **Јана Илиева.** 2014. Екстериторијална апликабилност на универзалните и регионалните инструменти за човекови права во контекст на справувањето со современите закани од тероризмот. *УГД Штип, Правен Факултет Годишен Зборник,* година 4:223–234

- *Достапност на трудот:* http://eprints.ugd.edu.mk/12895/2/sozdrzina%20na%20godisen%20zbornik%20na%20praven%20fakultet%2020132014.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а.
- *Објавен во:*а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN**:** 1857-8713
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да ги изложи различните проблематични аспекти и да даде по целесообразно гледање кон проблемот на справување со современите закани од тероризмот. Голем дел од современите против-терористички операции се одвиваат во контекст на операции за воспоставување или одржување на мирот, или операции кои подразбираат оперирање под јурисдикција која е дискутабилна. Во секој случај, се подразбира употреба на вооружена сила на туѓа територија, а едно од главните прашања кои се покренуваат е прашањето за екстратериторијалното важење на меѓународното право за човекови права, и во тој контекст правото на живот како фундаментално. Оваа навидум исцрпена дебата доби особено силна димензија со одлуката на Европскиот суд за човекови права да се изземе од материјална расправа за случајот Банковиќ. Врзувањето пак, на јурисдикцијата со ефективната контрола до денес остава отворени прашања.

*Научен придонес на трудот*

Во трудот авторите отвораат едно контроверзно прашање од обласа на меѓународното право за правата на човекот, а имено екстратериторијалната апликабилност на човековите права, која мора да биде признаена и почитувана секогаш кога ќе се утврди апликабилност на правниот режим на меѓународното право за човекови права на дадена територија. Авторите наоѓаат дека

современиот тероризам е од страна на државите третиран на различен начин-како криминален акт, како акт на внатрешен вооружен судир или акт на војна и дека не постои унифицирана и сеопфатна дефиниција за тероризам, што дава дополнителна тежина на проблемот, пред се во определувањето на апликабилниот правен режим под кој потпаѓа заштитата на правото на живот во дадената ситуација.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 50% и се однесуа на делот во кој аргументирано се изложуваат меѓународните инструменти за заштита на човековите права, залагајќи се дека истите даваат доволен основ фундаменталните права да бидат третирани како когентни норми на современиот меѓународен поредок. Од особена важност е што, по пат на рационална анализа на меѓународните судски прецеденти, авторот наоѓа дека до денес, постои сериозна дискрепанца помеѓу напишаното и спроведеното во оваа област и дека најмалите отстапки во оваа проблематика, отвораат најголем простор за подривање и сомнеж.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд(review).*

20. Stankovic, Pejnovic, Vesna, and **Jana Ilieva**. 2014. Is Islam Misogynic? *Global Journal of Human Social Sciences* [Online] (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* socialscienceresearch.org/index.php/GJHSS/article/viewFile/887/834
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти b) индексирано во бази на податоци EBSCO, Proquest, Cite Factor, J-Gate, GIF, и др.
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Online ISSN: 2249-460x & Print ISSN: 0975-587X
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* K33

*Опис на трудот*
Предмет на трудот е аргументирана негација на сеопшто прифатената дефиниција дека исламот е мизогина религија. Преку увид во основните документи и извор на исламската правна мисла, авторите докажуваат дека станува збор за злоупотреба на религијата од страна на нејзините применувачи со што се субординира и дискриминира жената, а со тоа се создава лажна слика за исламот како мизогина религија.

*Научен придонес на трудот*
Трудот обработува мошне интересна тема, при што, корисноста од направеното истражување и направените анализи се зајакнати со актуелноста на темата не

само во блиско-источниот, туку и во глобалниот светски контекст, факт што влијае и врз подигнување на свесноста за нејзината непомала релевантност и во западно-балканскиот контекст. Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овојтруд.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од извонредно значење, каде авторот ги разработува и анализира главните аспекти на исламско-правната но и културолошка смисла на правата на жените и нивната традиционална улога во општеството, од каде произлегува и предметот на проучување.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд(review).*

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции

1. **Ilieva, Jana,** Elizabeta Spiroska. 2018. "Minority Rights in International Law". In *Proceedings of the X-Th International Scientific Conference "Innovation, education, research and science in function of global developments", 6th of April, 2018, 392-400, Ulcin: Institute for Scientific Research and Development & Partner Universities*

- *Достапност на трудот:* https://travelsdocbox.com/Eastern_Europe/79227462-Institute-for-scientivic-research-and-development.html
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* K33, K38

*Опис на трудот*
Прашањето за правата на малцинствата во меѓународен контекст и неговото материјализирање во домашните правни системи е меѓу најстарите и најзагрижувачките прашања на меѓународното право и кај меѓународните правници. Правата на малцинствата се човекови права и како такви се загарантирани со голем сет на одредби што произлегуваат од принципите и нормите прифатени од страна на меѓународното општество. Сепак, поради фактот што сите овие одредби остануваат правно необврзувачки за суверените држави, голем број етнички, јазични или религиозни малцински групи немаат правна заштита и остварување на признаените малцински права во меѓународното право. И обично, кога работите одат лошо, малцинствата често се насочени кон експлоатација. Ова го прави решавањето на прашањето за

правата на малцинствата на меѓународно ниво неефикасно и тоа понатаму се одразува на националното ниво на заштита кое зависи од желбите и интересите на суверените земји. Покрај оваа главна слабост, дополнително масло во огнот е фактот што денес, недостасува прецизна и широко прифатена дефиниција на малцинството и тоа главно е поврзано со социјалното опкружување во кое малцинствата живеат и нивното силно или слабо чувство за колективен идентитет. Овој труд дава стручна интерпретација на правата на малцинствата од перспектива на меѓународното законодавство, развиен од главните меѓународни институции, Обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Советот на Европа и Европската унија. Исто така, се осврнува на моменталната состојба на малцинските права во меѓународното право, како многу важно прашање чија нерамнотежа може да предизвика меѓуетнички тензии и нестабилност.

*Научен придонес на трудот*
Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој труд. Во 21-от век, малцинствата сè уште се сметаат за закана за мирот и безбедноста кои имаат потенцијал да го растурат системот преку насилна сецесија. Ова не е случајна перцепција, бидејќи од средината на деветнаесеттиот век, малцинствата биле извор на конфликт, честопати прецртувајќи ја картата на Европа на многу тензични начини. Сегашните меѓународни стандарди како што се елаборирани во трудот, не се многу силни и за нивната содржина и за мониторинг, освен за нивните примарни цели, намалување на етничкото насилство и сецесионистичките движења. Затоа, изгледите за идна еволуција на правата на малцинствата се уште остануваат неизвесни.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката земајќи ги предвид правните аспекти на истата, односно постоечката правна рамка за заштита малцинствата, како и нивната несеопфатната регулатива која остава отворени врати за различни толкувања и регулативи ширум националниоте законодавства и практики во светот

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд*

**2. Ilieva, Jana,** Julijana Petrovska, and Zvonko Tanaskovski. 2016. "Legal Protection of Icons as part of the Macedonian cultural heritage". In *Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: Global Tourism Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016, 256–267.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:*
  http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд

- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* К30, З32, З38

*Опис на трудот*
Овој труд претставува за правната заштита на иконите како засведочените форми на културно наследство, преку која се пренесува креативната претстава и моќта во современата импресија за естетското доживување на минатото. Фактот што во Република Македонија иконописната традиција е манифестирана преку бројни единствени уметнички вредности кои не се повторени никаде во светот, освен што придонесува за атрактивноста на туристичката понуда на Македонија, исто така влијае мотивирачки на културната криминална мафија која во изминатите години има отуѓено непроценливо културно богатство. Покрај елаборирањето на досегашните научни сознанија за придонесот на иконите во туристичката понуда на државата, во овој труд ќе бидат опфатени и практичните безбедносно-заштитни појави и предлог мерки за превенција и заштита.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето за основните причини за пораст на криминалот со иконите и културното наследство како и за отсуството на превентивен механизам за нивна заштита (субјективни и објективни причини). Истовремено, авторите детектираат и отсуството на сеопфатна законска рамка кој доследно и прецизно ќе ја регулира оваа материја. Законот за заштита на културното наследство од 2004 година не е законско решение кое е доволно за создавање на правни претпоставки и услови за борба против злоупотребата и нелегалниот профит од културното наследство. Евидентна е потребата за донесување на посебен закон за колекционерство и антикварници, како и посебен закон за здруженија кои се занимаваат со истражувачки дејности од областа на археологијата, етнологијата, собирањето на старини и предмети артефакти изработени од вредни материјали. Како најсуштински проблем кој се појавува во заштитата на македонското културно наследство во манастирите, според авторите е отсуството на дефинирано разграничување на надлежностите помеѓу државните институции.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката земајќи ги предвид правните аспекти на истата, односно постоечката правна рамка за заштита на културното наследство и постојната казнена политика, како и нивната несеопфатност која остава отворени врати за зачестеност на овој вид криминал.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд*

3. **Ilieva, Jana,** and Ivanka Dodovska. 2015. “Multiculturalism in South-East Europe – Cross cultural influence of the socio-economic changes in Republic of Macedonia

according to Ohrid Framework Agreement". In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 448–453.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2015
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*50%
- *JEL класификација:* K10, Z10

*Опис на трудот*
Република Македонија стана независна држава по распадот на Југославија, во почетокот на последната деценија од XX век, со многу отворени прашања поврзани со идентитетот, религијата и социо-економска одржливост. Поради прашањето на демократска транзиција и консолидација се појавија одговори на прашања во врска со новата политичка агенда и новата формација на демократските институции, Уставот поставува високи стандарди за заштита, почитување и промовирање на основните човекови права. Од тој аспект, една од најважните прашања во младата, независна држава беше решавање на прашањето на уставното име на државата, отворено од страна на Грција и кревката државна економија. Оваа континуирана состојба имаше влијание на пошироко општествено ниво и во моментов се рефлектира во многу подлабок општествен контекст, вклучувајќи го целото македонско општество. Поради тоа, шпекулациите за последиците не треба да доведат до генерализации бидејќи што се однесува до културниот аспект, многу е важно да се нагласи влијанието на постоењето на мултикултурната традиција и предизвиците на различните етнички групи и религиозни групи во Република Македонија.Во денешно време кога целата цивилизација се бори со новите предизвици на либералната демократија и социјален развој, многу е важно да се преземат сериозни мерки за новото издигнувања на постарите религиозни традиции. Овој вид на предизвици е особено насочен како закана за регионот на цела Југоисточна Европа и е сериозна работа со висок приоритет на агендатана Република Македонија, како дел од овој транзитен регион. Ова особено се применува на различните етнички групи и оддалеченост на културните друштва во земјата.

*Научен придонес на трудот*
Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој труд. Имено, во трудот се обработува мошне актуелна тема, не само во домашниот, туку и во регионот на Југоисточна Европа, а особено за државите кои беа во рамките поранешниот југословенски чадор, на почетокот на 90-тите години од минатиот век напуштајќи го социјалистичкиот концепт на уредување, се устроија кон новото

демократско уредување, преку осамостојувањето и преку отпочнувањето на процесот на транзицирање по западно европскиот урнек контекст, факт што влијае и врз подигнување на свесноста за нејзината непомала релевантност и во западно-балканскиот контекст.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на уставното право и посебнона анализата на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор од 2001 година, земајќи го предвид фактот дека македонското општество е под многу тежок притисок предизвикан од радикални и екстремистички идеологии во регионот на Југоисточна Европа.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

4. **Ilieva, Jana**, and Blagoj Conev. 2015. “The Armed Humanitarian Intervention as Triumph of the Human Rights over the Sovereignty”. In *Proceedings of the International Scientific Conference: Researching Security: Approaches, Concepts and Policies, Ohrid, Macedonia, 2-3of June 2015, 194–205.*Ohrid: University “St. Kliment Ohridski” - Bitola, Faculty of Security, Skopje. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://www.fb.uklo.edu.mk/fs;jsessionid=e572eac3acf5022a8eb8f07abde6?file=collection/Ohrid%202015%20kniga%20Tom%20I.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M1, O0

*Опис на трудот*
Хуманитарна интервенција во својата современа и често користена форма – како вооружена интервенција, е меѓу проблемите со примарна важност за меѓународните односи, меѓународната безбедност имеѓународното право. На разговорите во врска со вооружените хуманитарна интервенција се испреплетуваат сотеориите на реализам и институционализам, како и основните теории што ги објаснуваат меѓународните односи. Во рамките на истата дебата, принципите на суверенитет и немешање во внатрешните работи се во колизија со со заштитата на човековите права, односно произлегуваат различни аспекти и толкувања на меѓународните правила. Дебатите во врска со вооружената хуманитарна интервенција, влијаат на различни научни области,односно на филозофи, политичари, адвокати, теолози, социолози и други општествени активисти кои сена некој начин поврзани со ова прашање, да учествуваат во неа. Овие дискусии за хуманитарна интервенција имаат суштинско значење, не само за изразување на нејзината содржина и значење, но исто така и запостигнување на подобро објаснување на процесите и промените кои се типични за современите меѓународни односи.

*Научен придонес на трудот*
Во трудот се истражува модерната идеја на хуманитарна интервенција и прекукомпаративна анализа и дедукција на разни документи и резолуции на ООН и МеѓународниотСуд,ја докажува тезата дека: во модерно време хуманитарната интервенција е правен метод зазаштита на основните човекови права.Главните прашања за истражување во овој труд се: Што е хуманитарна интервенција? Која е разликата помеѓу droit d'ingérence и devoir d'ingérence? Дали хуманитарна интервенција е восогласност со меѓународното право?.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од големо значење, каде кандидатот успеал аргументирано да ги разработи и анализира главните аспекти на вооружената хуманитарна интервенција како триумф на човековите права над сувереноста.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

5. **Ilieva, Jana,** and Aleksandra Stoilkovska**.** 2015. "Management *of Prison Conditions as a Precondition for Better Socialization*". In *Proceedings of the International Congress on Economy and Business, New Economic Trends and Business Opportunities, International Vision University, Gostivar, Macedonia,10-14 ofJune 2015, 712–720.*Gostivar: International Vision University.

- *Достапност на трудот:* http://icebconference.org/wp-content/uploads/2018/01/ICEB-2015.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M12, K38

*Опис на трудот*
Трудот опфаќа актуелна тематика во последните неколку децении, а се однесува на тоа дали и колку се почитуваат правата на осудените лица. Почитувањето и заштитата на човековите права е мисија и крајна цел на секоја модерна и современа држава и модерната демократска држава, како Република Македонија, обезбедува гаранција за грижа, безбедност, почит и заштита на човековите права на нејзините граѓани.Во контекст на човечките права се наметнуваат прашањето за тоа какви се правата на осудените лица за време на издржувањето на казната затвор, дали овие лица се запознаени со нив, каде се содржани споменатите права, дали и колку се почитуваат и сл. Токму одговорите на овие прашања се поврзани со успехот на ресоцијализацијата и социјалната адаптација во општеството по издржувањето на казната затвор.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на овој труд е значителен особено затоа што во него со по пат на примена на солидна научна методологија е презентиарана моменталната состојба на осудените лица во затвор во поглед на правата што ги имаат, но, уште повеќе, да се види каде почитувањето на правата на овие лица е закочено и на кои области треба во иднина да се работи. Со дадените препораки, се дава значаен придонес за социјализација на осудените лица во и надвор од затворките институции.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за коавторски научен труд од каде авторот ги разработува и анализира главните правни и фактички аспекти на затворските услови на осудените лица и дава препораки за нивна полесна социјализација..

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

6. **Ilieva, Jana**, and Blagoj Conev. 2015. "*The process of ethnic homogenization of the Greek Nation and its impact over the denouncing of the cultural identity of the other ethnic groups: the case with the Macedonian Ethnic Majority*", In *Proceedings of the Fifth International Conference: Current Issues of Politics, Trencin, Slovakia, 10 of February 2015, 16–27.*Trencin: University of Alexander Dubcek, Department of Politology.

- *Достапност на трудот:*во печатена верзија
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*50%
- *JEL класификација:* К38, N44

*Опис на трудот*
Преку разгледување на текот на формирањето на грчката нација-држава и нејзината политичка и економска експанзија, во трудот се истражува создавањето на феномен на културна хегемонија на хеленизмот против етничката македонска култура на територијата на "Егејска Македонија". Овој процес на културна хегемонија, според авторите. придонесол за искоренување на целиот идентитет на словенечкото население кои живеат на територијата во тоа време. Според нив, она што се случува на Балканот од раните деведесети години на минатиот век па се до денес, и што најверојатно ќе продолжи да се случува и во блиска иднина е тоа што во процесот на преоткривање или на создавање на своите национални идентитети, сите балкански држави без исклучок создадоа митови од заедничката историја, кои што митови присвојувајќи ги само за себе, ги искористуваат за создавање на некој специфичен само за Балканот – национализам.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се согледува во фактот што за прв пат во еден научен труд во државата се докажува дека со менување на основните компоненти на идентитетот на македонскиот народ во Егејска Македонија, грчките власти успеале да создадат посебна форма на национализам, кој подоцна се претворил во голем дериват за изградба на современата грчка нација, односно специфичниот "грчки" идентитет. Преку компаративна анализа и синтеза, авторите ја објаснуваат улогата на државата во процесот на хомогенизација со цел да се создаде обединета нација т.е. модерна грчка нација.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката која се обработува во трудот, со посебен акцент на Граѓанската војна во Грција и елементите на латентниот геноцид врз домородното македонско население во т.н. Егејски дел од Македонија

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.*

6. **Ilieva, Jana,** Sanja Nikolic, and Vesna Poposka. 2014. “*The Significance of Intellectual Capital in Creating New Values to the Organization in Macedonia*”, In *Proceedings of the International Symposium “The Great Recession and the Crisis of Neo-liberal Economics”, Sremska Kamenica - Novi Sad, Serbia, 28-29 of May, 2014, 345–354.* Sremska Kamenica-Novi Sad: Educons University.

- *Достапност на трудот:* https://educons.edu.rs/wp-content/uploads/2016/01/Zbornik-2014.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* O34, K11,

*Опис на трудот*
Предмет на овој труд е интелектуалниот капитал кој претставува создавање на вредност преку практична примена на знаењето, способност невидливата сопственост да се претвори во производи, услуги или процеси кои ќе ѝ донесат нова вредност на организацијата. Новата вредност се создава преку подобрување на протокот на знаењето во организацијата и трансформирање на тоа знаење при што прима облик на: релациски капитал, човечки капитал и структурен капитал. Вложувањето во интелектуалниот капитал на организациите, резултира со зголемување на ефикасноста и квалитетот во работењето, што пак од своја страна поттикнува економски прогрес на земјата. Од особено значење е правната регулатива на државата која треба да го стимулира, заштитува и соодветно наградува интелектуланиот капитал бидејќи

тој претствавува движечка сила за ефикасно работење и содзавање нова вредност во огранизацијата, но и во националната економија.

*Научен придонес на трудот*
Во овој интердисциплинарен труд, авторите повикуваат на потребата од изнаоѓање на нови начини на работење и управување, како резултат на процесот на глобализација и пазарните услови. Имено, поради динамичниот слободен пазар и променливите пазарни фактори, на менаџментот му се потребни нови аспекти за да ги постигнат ццелите на успешно работење на организацијата. Во една научна основа се елаборира инситутот – интелектуален капитал како множество на целокупното знаење кое го поседуваат вработените, низ чие перманентно подобрување и развој, кои се предлагаат, може да се доздаде нова вредност за потрошувачите и да се постигне конкурентска предност.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 33% и се однесува на поврзување на правната регулатива и улогата на легислативните тела во еден интердисциплинарен труд во кој се зборува за создавање на соодветни услови за охрабрување на развојот на интелектуалниот капитал во рамките на организацијата. На тој начин, авторот покажува исклучително знаење во правната материја, од кое произлегува вештината истото да го вклопи при истражување на различни научни гранки, особено од аспект на правно регулирање на материјата на проучување.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува какопрегледен труд (review).*

8. **Ilieva, Jana**, and Blagoj Conev. 2013. "*So called clash of civilizations: Is Islamic treat real*", In *Proceedings of the International Scientific Conference: Promoting Human Rights: Recent Developments, Skopje, Macedonia,25-27 of September 2013, 103–118.*Skopje: MIT University, Faculty of Legal Sciences, International Relations and Diplomacy

- *Достапност на трудот:*во печатена форма
- *Вид на трудот (категорија):*прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот 1* а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M1, O0

*Опис на трудот*
Во аргументитет презентирани во овој труд и во направената анализа, авторите докажуваат дека идентификацијата на исламската религија со разните владини и општествени движења, групи и асоцијации кои се идентификуваат себе си со исламот и се декларираат како „исламски“ е погрешен пристап направен од социо-политичките истражувања и анализи на експертите по 11 септември, 2011 година.

*Научен придонес на трудот*
Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој докторски труд. Во тој контекст, трудот претставуваат обработува мошне интересна тема, не само во блиско-источниот, туку и во глобалниот светски контекст, факт што влијае и врз подигнување на свесноста за нејзината непомала релевантност и во западно-балканскиот контекст.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 50% а се однесува на делот од трудот во кој авторот ги разработува и анализира главните аспекти на правната но и политичко-културолошка смисла на исламот, но и неговото погрешно толкување како радикална религија која е закана за светскиот мир и безбедност.

*Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

## 2.2.4. Учество во научни проекти

### 2.2.4.1. После избор во звање доцент

1. Кандидатот, доц. д-р Јана Кукеска, била истражувач на научно-истражувачки проект со наслов: "Жените во деловниот свет и менаџментот во Република Македонија" (*Прилог*).

Проектот е иницирaн и се реализира од Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, а поддржан од Универзитетот за туризам и менаџмент. Се спроведува во временски период од 8 месеци, со почеток од април 2017 година.

Целта на истражувањето е да ги открие и проучи несвесните и деликатни инхибитори за овозможување позитивно искуство и целосно искористување на жените на извршни и менаџерски позиции. Анализата опфаќа силни организациски елементи кои ги обликуваат искуствата на жените во корпоративна Македонија. Резултатите ќе придонесат за пошироко обелоденување на имплицитните бариери за женскиот кариерен развој и ретенција и ќе ги поттикне организациите да се вклучат во агендата за диверзитет во Македонија.

Менаџерската литература опфаќа непишани правила и аранжмани кои ги ја регулираат структурата на работното место и половата динамика. Овие елементи на организациската култура се субјективни и моќни. Тие имаат потенцијал за ограничување на женските можности за унапредување и потценување на нивното искуство на работното место. Многу меѓународни и домашни студии имаат идентификувано корелација помеѓу множеството од структурни и културни сили и подпросечното застапување на жените на сениорски функции. Значителни истражувања на културата на лидерството и авторитеот во корпоративните средини утврдиле дека улогата на полот,

сексуалната припадност и моќта имаат значителен удел во кариерниот развој на жената.

Истражувањето ја следи оваа насока но ќе продолжи со понатамошно, продлабочено адресирање на јазот во нашето разбирање за влијанието на организациската поставеност кога се во прашање жените на работното место.

2. Кандидатот, доц. д-р Јана Кукеска, учествувала во проектот „Функционална анализа на центрите за социјална работа во Република Македонија " (*Прилог*).

Проектот „Функционална анализа на центрите за социјална работа во Република Македонија" , поддржан од Светска банка, се спроведуваше во периодот јануари 2013 – јуни 2015 година, во сите центри за социјална работа во Република Македонија. Основната цел на проектот е да се унапреди работењето на ЦСР, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно работење, што ќе обезбеди подобри услуги на граѓаните.

Проектот се спроведувал во три фази:

1. Детална анализа на работењето на центрите, процесите на работа и функциите кои се обавуваат,
2. Планови за:
    1. организациска ефикасност
    2. финансиски менаџмент и буџетирање
    3. менаџмент со човечки ресурси
    4. мониторинг и евалуација
3. Имплементација на предложените мерки преку реорганизација на центрите и обука за спроведување на плановите

Во рамки на проектот Доц. д-р. Јана Кукеска работела како експерт за правни работи, што опфаќа анализа на правните аспекти на воспоставување на нова организациска структура во центрите за социјална работа, подготовка на нова систематизација и опис на работните места, согласно новиот Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, како и сите подзаконски акти кои произлегуваат од овие закони.

## 2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат нејзината повеќегодишна активна научна дејност, и ја афирмираат д-р Јана Кукеска како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, доц. д-р Јана Кукеска, опфаќа 28 научни труда од кои 20 се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавила и 8 труда од се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на правните науки, област човекови права, деловно право, меѓународно јавно право и друго.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на правните науки, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Јана Кукеска успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на правото, особено човековите права, деловното право и друго.

Д-р Јана Кукеска поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Јана Кукеска е квалификувана со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на меѓународното право, човековите права, деловното правои друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***10 години активна во научно-истражувачката работа;***
- Изработила и одбранила докторска дисертација;
- Објавила вкупно **20** ***научни трудови*** во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**EBSCO** – 8 трудови);
- Во зборници на трудови**,** објавила вкупно ***8 трудови***;
- Учествувала како соработник – истражувач во научен проект поддржан од Светска банка и во научен проект поддржан од УТМС *(Прилог).*
- Научни трудови објавува на англиски јазик (21), и на македонски јазик(1);

- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на правните науки;
- Активно учествувала на вкупно ***8 меѓународно научни конференции*** *(3 одржани во странство и 5 одржани во земјата),* со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на правната наука, посебно во областите за кои се врши избор.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на доц. д-р Јана Кукеска по својот опсег, квлитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат правната наука, а особено областа на човековите права, деловното правои друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, доц. д-р Јана Кукеска, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејзините научни трудови и научен придонес ја афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на правните науки, област на човековите права, деловното право и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидат ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот  доц. д-р Јана Кукескаво целост е квалификувана за избор во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје *Општествени науки*, научно-истражувачко поле *Правни науки*, област 50818 Човекови права и слободи, 50841 Деловно право и 50903 Друго, во согласност со условите дефинирани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018).

# 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 3.1. Наставна дејност

Доц. д-р Јана Кукеска досега била избрана за најпрво за помлад асистент (2008г.), а по истекот на мандатниот период, за асистент (2011 г.) по група предмети од областа на правните науки, на Факултетот за менаџмент, МИТ Универзитет, Република Македонија, Скопје, 2008 година, а потоа и како доцент на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија на МИТ Универзитет, Република Македонија, Скопје во 2013 година. Од ноември 2014 година, работи на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Била

ангажирана во наставата на првиот и вториот циклус на студии на МИТ Универзитет, и тоа:

Ангажираност на прв циклус на студии:
Меѓународно јавно право
Современо деловно право
Уставно право
Споредбено уставно право со уставно право на РМ
Историја на правото
Вовед во право
Вовед во компјутерско право
Меѓународни односи и дипломатија
Компјутерско и информациско право

Д-р Јана Кукеска била ангажирана во наставата на првиот циклус на студии на Меѓународниот Балкански Универзитет и тоа:
Ангажираност на прв циклус на студии:
Историја на движење на граѓанските права (Факултет за образовни науки)
Правна рамка на работењето (Факултет за економија и административни науки)

Ангажираност на втор циклус на студии:
Меѓународно јавно право
Меѓународно договорно право
Право на СТО
Дипломатско и конзуларно право
Меѓународно право за правата на човекот
Мирно решавање на спорови

На Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, д-р Јана Кукеска ги предава следните предмети:

Ангажираност на прв циклус на студии:
Деловно право (Економски факултет, Факултет за менаџмент на човечки ресурси)
Планирање на кадри (Факултет за менаџмент на човечки ресурси)
Талент менаџмент (Факултет за менаџмент на човечки ресурси)
Менаџмент на кариера (Факултет за менаџмент на човечки ресурси)

Ангажираност на втор циклус на студии:
Корпоративно управување (Економски факултет, Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Факултет за претприемачки бизнис)

Д-р Јана Кукеска има реализирано ex-catedra предавања на реномирани високообразовни институции во странство и тоа:

1. Факултет за економски науки и администрација на Универзитетот Булент Еџевит во Зонгулдак, Р. Турција (25.09.2017 до 29.09.2017) во рамки на програмата Еразмус Плус
2. Катедра за политологија, Универзитет Александар Дубчек, Тренчин, Словачка, 11. Февруари, 2016 и 23. Февруари, 2017 година

3. Висока школа за меѓународни односи и дипломатија Даг Хамаршелд, Загреб, Хрватска (еднонеделна студиска посета во текот на 2014 година)

## 3.2. Стручна дејност

Д-р Јана Кукеска била рецензент на три книги и тоа:

1. Рецензија на книга „Казнено – правни аспекти на трговијата со луѓе, со посебен осврт на законодавството на Р. Македонија“, од Наташа Георгиева – Хаџи Крстевски
2. Рецензија на книга „Корупција во европските земји“, од Наташа Георгиева – Хаџи Крстевски
3. Рецензија на книга: „Услови за склучување и постапка за составување и потврдување на договорите“ од Јасна Младеновска

Д-р Јана Кукеска е Рецензент на трудови во меѓународни научни списанија и тоа:

1. International Law Research http://www.ccsenet.org/journal/index.php/ilr
2. Research Academy of Social Sciences (RASS) www.rassweb.org
3. Global Journals, Inc. USA (www.globaljournals.org)
4. Journal ALMANACH - Actual Issues in World Economics and Politics, University of Bratislava, Slovakia (http://fmv.euba.sk/RePEc/brv/almnch/A2015-3.pdf).

Д-р Јана Кукеска била член на Научни одбори на повеќе меѓународни научни конференции.

### а) Книги

1. Цане Чапрагоски, Јана Илиева, Современо деловно право, Универзитетски учебник, ISBN 978-608-4589-03-7, COBISS: 347.7(075.8). Издавач: МИТ Универзитет, Скопје, 2010, Рецензенти: проф. д-р Сретен Миладиновски, доц. д-р Зоран Филиповски

Првото издание на овој високошколски учебник е резултат на потребите на студентите на Факултетот за менаџмент, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите да ги проучат на основните правни поими, институти и проблеми со кои се соочува менаџментот во извршувањето на секојдневните деловни активности. Во таа насока, студентите се стекнуваа со основни и општи знаење во доменот на актуелното деловно право, со акцент на корпорациското право, но и со осврт на европските аспекти на современото работење, особено кога станува збор за заштита на личните податоци, што е многу актуелна проблематика во глобални рамки. Во учебникот се опфатени главните согледувања на корпусот на права и обрврски на современите менаџери и во рамките на тоа, стекнување на увид во деловно-правниот контекст на деловните

субјект, особено на статусното компаниско право и со осврт на правните стандарди на компанискoто право во развиените европски пазари.

Во учебникот на едноставен и доста разбирлив начин ги објаснува основните поими на современото деловно право, кои се исклучително стручно но практично актуелни. За студентите, но и за пошироката јавност и менаџментот, оваа книга може да послужи како прирачник за разбирање на овие основни правни поими во практична и
техничка смисла.

Деловното право, вклучувајќи го и правното опкружување и изложеноста на сè поприсутните закани кои доаѓаат од полето на информатичката технологија, претставува навистина комплексна материја; скоро сите правни гранки се опфатени во оваа книга. Авторите, како искусни наставници со богато практично искуство во оваа област се обиделе да ги допрат до детали оние прашања кои се во фокусот на вниманието на бизнис заедницата и кои се дел од наставната програма на факултетите од оваа област.

Правната теорија е многу значајна во „современиот деловен свет" населен со корпоративни менаџери и сите останати лица кои ги донесуваат главните деловни одлуки, а особено во однос на купопродажбата на стоки и услуги и ранливоста од компјутерски криминал. Овој труд е скромен обид да ги запознае со нивните основни права и обврски, особено денес, кога модерниот бизнис нужно бара поседување на општи познавања од правото и одредено ниво на правна свест.

Учебникот има 341 страни (23 цм) и е поделен на десет глави и тоа: Основни поими за држава и право, Видови трговски друштва во македонската економија, Облигациони договори, Хартии од вредност, Индустриска сопственост, Авторско право, Заштита на лични податоци, Приватност и информациски технологии, Електронска трговија и Компјутерски криминал.

*Стручен придонес:*
Учебникот Современо деловно право денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките истражувања. Во контекст на намерата на авторите - читателите да добијат практична едукација за правото кое се применува во секојдневниот деловен живот, оваа книга е од особено научно но и практично значење. Во неа е вклучен примарен односно дополнителен текст за наставниците и правниците кои се во допир со деловното право и правната страна на бизнисот. Текстот е доволно флексибилен да ги покрие сите прашања кои се поврзани со материјата – современо деловно право односно правното опкружување на бизнисот

*Личен стручен придонес на авторот*
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавторизнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на современото деловно право Кандидатот ги познава и детално го образложува сите современи аспекти на правото со кое се соочуваат субјектите во нивното деловно работење, вклучително и најновите светски трендови од областа на

компјутерскиот криминал како и заштитата на приватноста и личните податоци кои долг временски период беа игнорирани во праксата на деловните субјекти.

## 3.2.Оценка од самоевалуација

Во 2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Д-р Јана Илиева има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите и високи оценки од студентската евалуација: 4,75 на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

## 3.3. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, доц. д-р Јана Кукеска, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува  во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Била ментор на над 50 дипломски работи, 1 докторски труд, ментор на 3 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 100 магистерски трудови.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Економскиот факултет и Факултетот за туризам. Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен  и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на правото и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

# 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 4.1. Рецензии

Кандидатот, доц. д-р Јана Кукеска, е определена за член во повеќе рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници за група предмети од соодветната област во рамките на своето работно место како доцент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и претходно како доцент на МИТ Универзитет во Скопје.

## 4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, доц. д-р Јана Кукеска, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи правни концепти.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на правото. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес, како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот правен развој на државата.

# 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на доц. д-р Јана Кукеска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 166 став 2 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

1. Кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска** има објавени дваесет научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.
3. Кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска има** учество во два научно-истражувачки проекти.

4. Кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска има** придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
5. Кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска има** покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
6. Кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска** била ментор на над 50 дипломски работи, 3 магистерски трудови и 1 докторски труд и член на комисија за изработка и одбрана на над 100 магистерски трудови.
7. Кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска** има позитивна оценка од самоевалуација.
8. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **доц. д-р Јана Кукеска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
9. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за нејзините постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да заклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
10. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на правните дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, доц.д-р Јана Кукеска** да ја избере во наставно-научно звање **вонреден професор** *во научно-истражувачкото подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Правни науки, област:* 50818 Човекови права и слободи, 50841 Деловно право и 50903 Друго

**Рецензензиона комисија:**

**д-р Зоран Филиповски, вонреден професор**, претседател
Правен факултет, Меѓународен Универзитет „Визион“ во Гостивар, с.р.

**д-р Милан Илиески, редовен професор во пензија**, член
Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

**д-р Васил Тупурковски, редовен професор во пензија**, член
Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.

**Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот**

| Вид на трудот | Пред избор во доцент | После избор во доцент | Вкупно |
|---|---|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | 3 | 20 | 23 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | 1 | 8 | 9 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции | | | |
| 4. Книги | 1 | | 1 |
| **ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ** | **5** | **28** | **33** |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | | | |
| 2. Проекти и рецензии | | 5 | 5 |
| 3. Прирачници | | | |
| **ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ** | | **5** | **5** |
| 4. Други трудови | | | |
| **ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ** | **5** | **33** | **38** |

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА**
**ЗА ИЗБОР НА**
**Насловен Доц. д-р ЗОРАН НАРАШАНОВ**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД научно-истражувачко подрачје Општествени науки, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ (220), ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ, ШПЕДИЦИЈА И ОСИГУРУВАЊЕ (22013) И ДРУГО (22014) НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ.**

1. Проф .д-р Ристо Фотов, редовен професор, претседател, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
2. Проф. д-р Ристе Темјановски, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ;
3. Проф. д-р Јулијана Ангеловска, вонреден професор, член.

| | |
|---|---|
| | **До Сенатот** на<br>Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје<br>Република Македонија |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Зоран Нарашанов**, насловен доцент, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014) на Економскиот факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Врз основа на член 172 и 182 од Законот за високото образование (Сл. Весник бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на седницата одржана на 27.02.2019 година година, донесе одлука 15-8/6 од 27.02.2019 година за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014) на Економскиот факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На истата седница, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014) на Економскиот факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје., и тоа во состав:

**1. Проф .д-р Ристо Фотов, редовен професор, претседател, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;**
**2. Проф. д-р Ристе Темјановски, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ;**
**3. Проф. д-р Јулијана Ангеловска, вонреден професор, член.**

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014) на Економскиот факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 16.02.2019. година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk) на 16.02.2019 година;
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Зоран Нарашанов, насловен доцент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, вработен во Винер – Виена Иншуренс Груп каде ја врши функцијата Генерален директор и Претседател на Управен; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

**И З В Е Ш Т А Ј**

За кандидатот д-р Зоран Нарашанов, насловен доцент, на Економскиот факултет во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

9. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
10. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
11. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во

наставно-научно звање – доцент и вонреден професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) *(Прилог 3),* како и

12. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент и вонреден професор *(Прилог 4),*
13. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање доцент во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014) на Економскиот факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, *(Прилог 5),*
14. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање доцент *(Прилог 6).*

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Зоран Нарашанов

Кандидатот, **Д-р Зоран Нарашанов** е роден на 22.01.1965 год. во Скопје каде ги завршува основното образование во ОУ “Вера Циривири – Трена” и средното образование во гимназијата “Орце Николов”.
По отслжувањето на воениот рок, во академската година 1984/85 се запишува на Машинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”во Скопје, насока: производно машинство, модул: организација на производство, каде дипломира во 1990-та година и се стекнува со звањето **дипломиран машински инжинер.**
Во 1990-та година се вработува во АСУЦ “Боро Петрушевски” во Скопје како Наставник по стручни предмети каде по еден мандат извршува функции на Претседател на комисија за полагање испити за возачи и Потпретседател на училишниот одбор.
Во 1992-ра година се стекнува со соодветна психолошко - методска подготовка и педагошка доквалификација при Филозофскиот факултет во Скопје. Континуирано има низа на професионални, научни и образовни активности како Консултант и Проектен Координатор на национални и меѓународни проекти:

- помошник на раководителот на меѓународниот проект „Методски репертоар за одредување на стопанските можности на примерот на избрани претпријатија од металопреработувачката индустрија во Македонија”, финансиран од Министерството за наука на Република Македонија и Institut fur Produktionstechnik und Automatisierung од Штутгарт, СР Германија,
- претставник на Република Македонија на PHARE регионалните програмски семинари за развој на капацитетот на македонските институции,
- Раководител на експертски форуми „Предизвици и решенија за по-приватизациската фаза во претпријатијата во Република Македонија”.

Во 1998 година се стекнува со перманентно австралиско жителство, со полагање на највисока форма на познавање на англиски јазик (IELTS) и краток период работи во Мелбурн како Менаџер за развој на бизнисот во ACE International.
Во 1999-та година магистрира на Машинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, модул: индустриско инженерство и менаџмент, со одбрана на магистерскиот труд: “Позицијата на македонскиот електро-метален комплекс на меѓународниот пазар и барањата кои се поставуваат пред него”.

Во 1999-та година почнува да работи во меѓународни организации:

- Програмата за развој на Обединетите Нации како проект координатор
- Раководител на Секторот за институционална подршка во проектната канцеларија на Светска Банка.

Во 2003-та година е назначен за член на Менаџерскиот Тим на Кјуби Македонија во Скопје, како Директор за услуга на клиенти, човечки ресурси и администрација.

Кариерата ја продолжува во Македонски Телеком, назначен во февруари 2006-та од Бордот на Директори каде ја извршува функцијата на Главен директор за човечки ресурси и право.

Од февруари 2008-ма година во Винер – Виена Иншуренс Груп ја врши функцијата Генерален директор и Претседател на Управен Одбор.

Во 2013-та година докторира на Економскиот факултет при "Европски Универзитет Република Македонија" во Скопје со одбрана на докторската дисертација:„Анализа на влијанието на емоционалната интелигенција на лидерскиот стил и ефективност".

Во брак е, и е татко на три деца. Воедно има низа на профосионални функции од општествен карактер:

Претседател на Управен Одбор на Националното биро за осигурување, а во Ракометната федерација на Македонија и Македонската Асоцијација за човечки ресурси ја извршува функцијата на член на Управниот одбор.

Член е на Управен Одбор на Здружението на осигурувачи при Стопанската комора на РМ, на Надзорниот одбор на Македонско Израелската Бизнис комора, на Македонско Германското Стопанско здружение, на Македонско Австриската Бизнис Асоцијација, на Ротари клубот и член - основач на Хуманитарната организација „Мајка Тереза" - Скопје.

Своето професионално искуство едукативно го споделува како Ментор во рамки на Top class програмата на Центарот за развој на претприемачи и менаџери (Centar for Enterpreneurship and Executive Development - CEED) и дел е од **Тимот на Лидери на Виена Иншуранс Груп**, т.е. член на **VIG Leadership Development Program**. Во периодот од септември 2005-та до декември 2010-та бил член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Во јануари 2014 година е избран за насловен доцент на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Носител е на предметот Осигурување на прв циклус и Осигурување и реосигурување на втор циклус.

Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на општествени науки, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014)

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и

2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

**2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања**

Зоран Нарашанов на 25.01.2014 година е избран за наставник за група предмети од областа на економските дисциплини (50302 Применета економија, 50323 Економика на претпријатија и 50329 Друго) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во наставно-научно звање насловен доцент

**2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот**

Д-р Зоран Нарашанов во неговата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишал докторска дисертација и објавил 4 научни трудови во меѓународни научни публикации и 3 книги (учебници) за средно школо.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:
2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

**2.2.1. Докторска дисертација**

Докторската дисертација на тема: "Анализа на влијанието на емоционалната интелигенција на лидерскиот стил и ефективност" кандидатот ја одбранил во 2013 година година на Економскиот факултет при Европскиот Универзитет – Република Македнија.

Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнала со академски степен доктор на економски науки (PhD).

Докторската дисертација на кандидатот д-р Зоран Нарашанов претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на емоционалната интелигенција и нејзината примена во претпријатијата во Република Македонија. Докторската дисертација содржи вкупно 319 страници, од кои 8 страници отпаѓаат на вовед, 10 страници на заклучок, 12 страници на користена литература (206 библиографски единици) и 22 страници на прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилози, е структуирана во пет глави, логично систематизирани.
Во докторската дисертација со наслов "Анализа на влијанието на емоционалната интелигенција на лидерските стилови и ефективност" се обработува влијанието на емоционалната интелигенција врз лидерството и се идентификува нивната поврзаност, преку квантитативна анализа на одделните димензии на емоционалната интелигенција и нивното влијание врз лидерските практики.
Во трудот се елаборира целокупниот комплекс на прашања поврзан со лидерството и емоционалната интелигенција. Тоа претставува основа за

одделно анализирање на влијанието на емоционалната интелигенција и постигнување на ефективно лидерство. Трудот настојува да ги интегрира и искористи најдобрите елементи на класичните и современите концепти за лидерство и за емоционалната интелигенција за да се детерминираа и идентификува нивното значење врз успешноста врз современите организации, особено во услови на зголемена комплексност и појава на кризи. Во трудот се елаборираат и моделите (начините) на лидерство кои се применливи и даваат добри резултати при менаџирањето на организациите од бизнис секторот. Предмет на истражувањето е интегрирана анализа на двата концепти (лидерството и емоционалната интелигенција) во однос на поврзаноста на емоционалната интелигенција и трите аспекти на лидерски стилови (трансформациски трансакциски и laissez-faire) во бизнис секторот.
Овој труд се фокусира на инхерентните предизвици и проблеми кои се појавуваат при утврдувањето на влијанието на емоционалната интелигенција врз лидерските практики. Посебен фокус во истражувањето се посветува на процесот на подобрување на лидерските практики со примената на емоционалната интелигенција, со цел да се обезбеди успешно, ефективно лидерство. Со истражувањето во докторската дисертација се прави обид да се даде придонес кон теоријата за емоционалната интелигенција и лидерството и нивната примена во организациите. Резултатите од ова дисертација и направеното истражување одат во насока на откривање на влијанието на емоционалната интелигенција врз ефектите на лидерството, и давање одговор на прашањето дали повисокото ниво на емоционална интелигенција може да помогне да се подобри резултатот од лидерството и лидерската ефективност.

За многу луѓе сеуште, терминот емоционалната интелигенција е контрадикторна терминологија. Една од најраспространетите заблуди со кои живееме е типизирањето дека луѓето се рационални или емотивни. Вистината е дека клучот за создавање на успешна професија е во интегрирањето на рационалниот и емотивниот стил на менаџирање. Тоа не е парадокс. Разбирањето и објаснувањето на емоциите може да не однесе надвор од зоната на комфорот, а хаотичната природа на емоциите да делува дури и застрашувачки на начинот на кој мислиме, донесуваме одлуки, менаџираме. За да не се случи да ги отфрлиме причините и логиката, емоционалната интелигенција во бизнисот ни овозможува да развиеме аналитички способности кои ќе ни помогнат да развиеме поизразено чуло за емоциите. Емоционалната интелигенција е способност да ги препознаеме, разбереме и искористиме моќта на емоциите и полесно да постигнеме повисока продуктивност и соработка. Во суштина, тоа е способност ефективно да менаџираме емоции. Емоционалната интелигенција ни помага складно да функционираат разумот и чувствата. Тоа е вештина за користење на емоциите и разумот со цел животот да го живееме на најдобар можен начин. Мерењето на емоционалната интелигенција се смета дека дава многу значајна информација, која ја прави разликата помеѓу оние лидери кои ќе бидат и оние кои нема да бидат ефективни во своето работење, но презентира и одредени карактеристики на личноста кои се специфични за различните стилови на лидерство. Истражувањата на емоционалната интелигенција во поглед на лидерите, стануваат сè повеќе популарни во менаџментот и организациската психологија, бидејќи ги земаат предвид различните аспекти на работната изведба и постигнатиот успех, без да се нагласува мерењето на традиционалната интелигенција кај личноста. Се смета и се докажува во бројните истражувања во оваа област дека емоционално интелигентните лидери се посреќни, дека повеќе се врзани за својата

организација, постигнуваат подобри резултати, подобро ги извршуваат своите работни задачи, преземаат ризици и ги користат позитивните емоции за да ги предвидат организациските напредувања. Исто така, овие луѓе ги користат емоциите за да го подобрат сопствениот процес на донесување на одлуки влеваат ентузијазам и доверба и остваруваат соработка со своите колеги и вработени преку интерперсоналните врски кои ги воспоставуваат и градат. Интересот кој што го предизвикува емоционалната интелигенција поттикна и многу истражувања да бидат спроведени токму на поврзувањето на емоционалната интелигенција на работното место и ефективното лидерство. Трансфомацискиот и трансакцискиот модел на лидерство ја даваат основата од каде тргнале истражувачите кои ги вршеле ваквите поврзувања. Барнс прави разлика меѓу трансформациските и трансакциските лидери. При тоа, трансформациските лидери ги зголемуваат потребите и мотивацијата на следбениците и поддржуваат промени на индивидуите, групите, организациите, а трансакциските лидери ги посочуваат моменталните потреби на вработените, ставајќи акцент на одредена размена, пример награда за изведбата. Бас, трансформацискиот лидер го дефинира како личност која ја подига свесноста и интересот во групата или организацијата, кој ја подига довербата помеѓу луѓето или групите и се насочува кон постигнувањата и професионалниот развој на вработените. Овие лидери трагаат по нов начин на работење, нови можности и повеќе преферираат ефективност, отколку ефикасност. Трансформациските лидери ги насочуваат своите вработени кон изведба која ги надминува воспоставените стандарди и цели, притоа ставајќи акцент на независноста, односно независното работење на вработените. За разлика од нив, Бас трансакциските лидери ги опишува како лидери кои ја претпочитаат размената лидер - вработен, при што лидерот ги задоволува потребите на следбеникот во замена на изведба која ги исполнува неговите очекувања. Овие лидери ги избегнуваат ризиците. Теоретската обработка на овие два модела на лидерство, поттикнала и одредено размислување за постоење на трет модел на лидерство кој Јамарино го нарекува нетрансакциско лидерство или “laizzes-faire” лидерство. Ова е “не правење ништо” стил на лидерство, кој креира негативна врска помеѓу лидерот и изведбата на подредените. Овие лидери ги нема кога се потребни, избегнуваат преземање одговорност и не ги исполнуваат барањата на подредените за одредена помош која што ја бараат од лидерот. Зборувајќи генерално, во организациите, моделот на трансформациско лидерство е поефективен отколку трансакцискиот модел. Трансформациските лидери доведуваат до поголема и подобра организациска изведба.

Поврзувајќи ги овие два модела на лидерство со емоционалната интелигенција, се смета дека трансформациското лидерство е зависно од предизвици, како и препознавање и мобилизирање на емоциите, додека пак трансакциското лидерство се обидува да ги разбере подредените и тежнее да изгради рационален модел на мотивирање, односно вработените се мотивираат со тоа што за секоја постигната цел се наградени со плата и сигурност. Од друга страна пак, емоционалната интелигенција ја вклучува и способноста точно да се сфати, процени и изрази одредена емоција. Мајер и Саловеј наведуваат дека постојат индивидуални разлики во емоционалната интелигенција, кога зборуваме за способноста за проценување на сопствените емоции со емоциите на другите луѓе. Лицата со повисока емоционална интелигенција можат полесно да ги идентификуваат и искажат сопствените чувства. Интересот кој што го предизвикува емоционалната интелигенција поттикна и многу истражувања да бидат спроведени токму на поврзувањето на емоционалната интелигенција на

работното место и ефективното лидерство, што е всушност *мотивот и на дисертацијата.* Идеата за спроведување на ова истражување произлегува токму од актуелноста на темата лидерство и поврзаноста со емоционалната интелигенција. Во ова истражување се дадени одговори на бројни прашања кои бараат сериозен пристап и практичен третман. Истражувањето е насочено да даде придонес во унапредувањето на лидерската теорија и пракса, не само заради целосниот опфат на лидерството, туку заради неговото поврзување со емоционалната интелигенција и обидот да се идентификува поврзаноста и измери индивидуалното влијание на димензиите на емоционалната интелигенција врз лидерските практики. Преку истражувањето во дисертацијата се анализира односот помеѓу лидерството, од една страна, и успехот во работата кај менаџерите, од друга страна, нивната поврзаност, разлики, како и придонесот на лидерството и емоционалната интелигенција за успешноста во работењето. Всушност, во дисертацијата се прави обид да се даде одговор на најчесто поставуваното прашање: "дали лидерот се раѓа или се создава?" Одговорот е само *еден* на ова прашање. *Лидерството е прашање на избор. Некој може, но не сака, друг има капацитет, сака и станува.* Емоционалната интелигенција може и мора да биде составен и придружен елемент на тој еволутивен пат, кога некој ја напушта позицијата на "локален губитник" и станува "глобален победник" и ефективен лидер.

Во *првата глава* од дисретацијата е презентирано лидерството, тргнувајќи од самиот поим и дефиниции за лидерство, елаборација на разликите и компатибилните аспекти на лидерството и менаџментот. Кога се зборува за лидерство треба да се истакне дека лидерството претставува *менаџерска функција којашто е насочена кон луѓето, поточно вработените и нивната интеракција.* Во оваа глава посебно место зазема елаборацијата на атрибутите, карактеристиките и компонентите на лидерството. Натаму во трудот се изложени лидерските стилови. Главно, во праксата, се издиференцирани *два основни стила на лидерство и тоа: авторитарен и демократски.* Посебно внимание е посветено на трансформациското лидерство, разликите во однос на трансакциското лидерство, како и на ефективното и стратешкото лидерство. Довербата меѓу лидерот и следбениците е "камен темелник" на трансформациското лидерство. Главната карактеристика на трансформациските лидери е нивниот неверојатен ефект и влијание врз подредените и врз нивниот успех во основањето на нивното задолжение. Трансформацискиот лидер може да ја поврзе и јасно да ја изрази потребата на подредените за идентитет и го прави ова давајќи значење и зајакнувајќи го концептот на себеси и преку подигнување на индивидуален идентитет на следбениците. Трансформацискиот лидер е катализаторот кој ја трансформира мотивацијата на подредените и нивното обврзување за исклучителни постигнувања. Трансформациското лидерство е процес кој ги мотивира луѓето обраќајќи се на повисоки идеи и морални вредности, дефинирајќи и артикулирајќи визија за иднината и формирајќи основа на кредибилитет. Во обидот да се изложи целосно проблематиката на лидерството, во првиот дел од дистертацијата се елаборирани и квантитативни и квалитативните инструменти кои се користат за мерење на лидерството и лидерските практики, со што се презентира инструментариум кој овозможува целосна демистификацијата на сите аспекти и видови на лидерството.

Во *втората глава* од трудот се обработуваат два комплекси на прашања и тоа концептот на интелигенција и концептот на емоционалната интелигенција. Генерално, интелигенцијата се дефинира како способност да се стекнеме со

фундаментални знаења и да се користи таквото знаење во различни ситуации. Во дисертацијата се елаборира разликата меѓу поимите емоција и чувство. Емоциите се јавуваат и кај луѓето и кај животните, а чувствата се емоции што се јавуваат само кај луѓето, тие се резултат на човековиот социјален живот. За разлика од рационалната, академската интелигенција или IQ, која ја поседува секој човек, но во различна мера и која може да се дефинира како способност и брзина за снаоѓање во нови ситуации, емоционалната интелигенција најмногу се одликува со *самосвест, самодисциплина, посветеност, способност за самомотивација и емпатија.* Емоционално интелигентната личност е онаа која добро ги поднесува сопствените чувства, добро знае да ги прочита туѓите, но и успешно да се соочи со нив. Тие луѓе се најчесто во предност во било која сфера во животот. Оние луѓе кои неможат да воспостават контрола над своите емоции, ги саботираат своите способности, немаат доволно време и енергија да се фокусираат на работата и на јасното размислување.

Во овој дел од дисертацијата се презентирани најважните теоретски постулати и дефиниции на емоционалната интелигенција. Преку длабинска анализа се анализираат четирите вештини и компетенции на емоционалната интелигенција, како и концептот на мултиплицирана, повеќекратна интелигенција, кој претставува всушност основа за развој на концпетот на емоционалната интелигенција. Во вториот дел од главата се изложени моделите на емоционална интелигенција (модел на способности, комбинираните модели и модел на карактеристики). Поради значењето на емоционалната интелигенција посебен осврт се прави на мерењето на емоционалната интелигенција. Во опфатот на повеќето релевантни инструменти за мерење на емоционалната интелигенција, посебно внимание се посветува на моделот на емоционално-социјална интелигенција на Reuven Bar-On (Bar-On EQ-i), на Мајер-Саловеј-Карузо тесотот на емоционална интелигенција (MSCEIT), како и на тестот на емоционална интелигенција на Шуте (The Schutte Self-Report Emotional Intelligence Test - SSEIT).

Во *третата глава* на дисертацијата е презентирана интеракцијата на лидерството и емоционалната интелигенција. Истражувањата покажаа дека токму најдобрите деловни лидери наоѓаат делотворни начини да ги разберат и унапредат сопствените и туѓи емоции. Благодарејќи на разбирање на емоциите тие постигнуваат не само добро расположение, подготвеност за соработка, висока мотивација и посветеност на работата кај членовите на својата група туку и извонредни деловни резултати и минимална флуктуација на вработените во нивната фирма. Резонантниот лидер има благотворно емоционално влијание на својата група чии членови се осеќаат добро поради самодовербата, чувствуваат солидарност едни со други и заеднички одлучуваат. Благодарение на емпатијата на лидерот, неговите членови осеќаат прифатеност, сигурност, разбирање и поддршка, што им помага да го сочуваат оптимизмот и самодовербата и во ситуации кога се соочуваат со нагли промени и кризи. Во овој дел од трудот се анализираат современите трудови кои ја истражуваат поврзаноста и меѓусебното влијание помеѓу стиловите на лидерство, емоционална интелигенција и организациска ефективност и се детерминира емоционално интелигентното лидерство. Елаборацијата се заокружува со целосна компаративна студија за влијанијата помеѓу емоционалната интелигенција и стиловите на лидерство, со резиме на студии од оваа област со резултати и заклучоци.

*Четвртиот дел* од дисертацијата го обработува методолошкиот приод во истражувањето, појавата, проблемот и предметот на истражување. Практичното

истражувањето во дисертацијата се базира на приодот кон емоционалната интелигенција на Саловеј и Мајер, како и на Големан, од една страна и лидерските практики дефинирани од страна на Коузес и Поснер. Споменатите автори имаат свои инструменти за оценка на емоционалната интелигенција (SSEIT) и лидерските практики (LPI), преку кои ќе се истражува врската помеѓу емоционалната интелигенција и лидерството кај менаџерите во бизнис секторот. Всушност, проблемот во истражувањето е детерминирање на поврзаноста помеѓу четирите димензии на емоционалната интелигенција и лидерските практики, оценка и квантификација на таквата поврзаност. Предмет на истражувањето е анализа на врската помеѓу емоционалната интелигенција и лидерските практики. Во литературата е докажана поврзаноста помеѓу двете вариабли, но се поставува прашање *дали постои поврзаност помеѓу димензиите на емоционалната интелигенција и лидерството?*

Во оваа глава е презентирана методологијата за истражување на односот помеѓу емоционалната интелигенција и лидерските практики, презентирани се хипотезите (генерална, посебни и поединечни) и нивно докажување согласно направеното истражување. Прашањата од хипотезите поставени во докторската дисертација се насочени кон откривање на емпириски доказ за поддршка или отфрлање на емоционалната интелигенција во лидерството.

*Петтиот дел* од дисертацијата е посветен на интерпретацијата и анализа на резултатите од истражувањето кое е направено во компанијата Винер Осигурување АД Скопје. Популацијата опфатена со ова истражување е составена од 200 вработени во компанијата Винер Осигурување, и опфаќа менаџери за продажба, агенти за продажба, асистенти менаџери, регионални менаџери и директори од одделни дирекции во компнијата. При изборот на анкетираните, посебно се водеше сметка за луѓе чие работно место бара повисоко ниво на емоционална интелигенција. За таа цел репрезентативен примерок од 100 испитаници беше избран од споменатата популација. Во ова истражување се анализира посебна корелациона врска помеѓу одделните аспекти на емоционалната интелигенција и лидерските практики. Во современата литература истражувачите константно потврдуваат постоење на позитивна корелација и позитивна поврзаност помеѓу емоционалната интелигенција и трансформациското лидерство. Во истражувањето се користат две скали (инструменти) да се измерат варијаблите. Првата скала, LPI ги мери лидерските компетенции. Втората скала, SSEIT, го мери лидерското ниво на емоционалната интелигенција. Петте димензии на LPI предложени од Коузес и Поснер се идентификувани со факторска анализа. За факторска анализа на SSEIT, беа користени Варимакс ротација и Кајзерова Нормализација. Проценка на релевантноста на резултатите е правена за утврдување на интерната конзистентност, со користење на Кронбаховата алфа. Преку факторска анализа се идентификуваат основните димензии на двата прашалника, за да се одреди број на фактори кои даваат валидност на двете скали. Медијаната и стандардната девијација за четирите фактори на емоционалната интелигенција се пресметани, како и коефициентот на корелација, за да се процени поврзаноста на сите варијабли. Конечно, сите хипотези се тестирани со мултиплицирана регресија каде LPI е земен како зависна варијабла.

*Последниот дел* од дисертацијата е посветен на заклучоците добиени со истражувањето на оваа комплексна тема. Со истражувањето се прави обид да се даде придонес кон теоријата за емоционалната интелигенција и лидерството и нивната примена во организациите. Резултатите од ова дисертација и направеното истражување одат во насока на откривање на влијанието на

емоционалната интелигенција врз ефектите на лидерството, и давање одговор на прашањето дали повисокото ниво на емоционална интелигенција може да помогне да се подобри резултатот од лидерството и лидерската ефективност. Емоциите имаат клучна улога во процесот на донесување на одлуки. Дисертацијата ја докажува позицијата дека емоционалната стабилност и емоционалната интелигенција се важни фактори за организациското лидерство. Способноста за мобилизирање на емоциите на различни начини може да допринесе во решавањето на различните проблеми. Емоционалната интелигенција на менаџерот му овозможува ефикасност во планирањето, но и во организирањето активности и воспоставувањето самоконтрола во организацијата. Менаџерите кои се способни брзо едно расположение да заменат со друго, поуспешни се во планирањето на идните активности, бидејќи можат да согледаат поголем број од можните исходи. Емоционално интелигентниот менаџер треба да биде способен да го измери и оптимизира мотивациското влијание на емоциите.
Емоционалната интелигенција на менаџерот значително влијае на зголемување на мотивацијата на вработените во извршувањето на работните задачи. Не сите вработени се посветени на нивната работа, но повеќето се. И преголемата мотивираност може негативно да се одрази на работното ангажитрање на вработените, затоа емоционално интелигентниот менаџер умее да го процени и оптимизира мотивациското влијание на афектите. Во многу случаи се покажало дека вработените се мотивирани до она ниво до кое очекуваат дека нивното однесување води кон посакуваната цел. Набљудувањето на вработените и нивната проценка е исполнето со низа емоции кои влијаат на квантитетот и квалитетот на работата која ќе ја сработат. Мотивираните вработени се емоционално посветени. Вработените во организацијата очекуваат од менаџерот поддршка но и сочувствување (емпатија). Менаџерите ги фалат вработените, но често и се воздржуваат од тоа, им упатуваат конструктивни критики кои им даваат неопходна поддршка и поттик на вработените или пак "затвораат очи" пред туѓите потреби. Емоционално интелигентниот менаџер креира меѓучовечки односи кој влијае пријатно на останатите. Менаџерите создаваат и чувство на заштитеност и сигурност која произлегува од нивната пријатност, бидејќи во таква атмосфера вработените одлично се чувствуваат и подобро работат. Секоја организација ги дефинира границите кои одредуваат кои емоции се прифатливи и степен до кој може да се изразуваат. Не постои единствен емоционален "образец" кој го побаруваат сите организации од своите вработени. Разговорите на менаџерите со вработените се најважни за квалитетна соработка, а со самото тоа и за работната продуктивност. Начинот на кој менаџерот ја врши комуникацијата во односите со вработените има огромно влијание на развојот на односите на соработка. Со посебен нагласок на тимската работа, посебно се нагласува потребата вработените заедно да работат на контруктивен начин и да соработуваат како би постигнале квалитетни резултати. Емоционалната интелигенција има огромна предност во адаптирањето кон решенијата за одредени проблеми. Предноста на емоционално интелигентните луѓе најмногу се согледува преку особеностите и вештините на креативниот и флексибилниот пристап на можните алтернативни проблематични ситуации. Бидејќи тие се запознаени со предностите од користење на познавањето на сопствените и туѓите емоции, во своето однесување ги почитуваат своите, но и чувствата на другите. Менаџерите во организациите знаат дека емоционалниот склоп е пресуден ако сакаат своите вработени да ги усвојат нивните визии за иднината на организацијата и да ги

прифатат промените. Вработените тешко прифаќаат промени заради ризикот кој тие го носат со себе. Најчесто тоа е така заради се поголемата долгорочна цел која сакаат да ја постигнат. Емоционалната интелигенција на менаџерите е од голема важност кога се посакува воведување на важни промени во организацијата. Емоционално интелигентниот менаџер постигнува успех не само во остварувањето на работните учиноци, туку успева да направи и соодветна кадровска селекција, успева да ги задржи најдобрите луѓе, да влијае на расположението, мотивираноста и посветеноста на вработените кон организацијата. Емоционалното расположение на менаџерите лесно се пренесува на другите вработени ако таа состојба ја прати соодветниот глас, израз на лицето како и гестови. Колку повеќе менаџерите изразуваат одушевување и оптимизам, толку побрзо и вработените ќе го почувствуваат. Работата во присуство на ваквите луѓе претставува задоволство на секој човек. Менаџерите полни со ентузијазам полесно ги мотивираат и задржуваат своите вработени. Спротивно на нив, менаџерите кои зрачат со непријатни емоции и песимизам, ладен однос и раздразливост, ги одбиват соработниците и вработените. Врз основа на деталната анализа на литературата и истражувањата направени во оваа област, делумно презентирани во дисертацијата, можеме да констатираме дека емоционалната интелигенција е неопходна за развој на менаџерите. Исто така, потврдена е поврзаноста на емоционалната интелигенција, како еден од најважните атрибути неопходни за ефективното лидерство, односно докажано е дека резултатите на лидерите зависат од емоционалната интелигенција на лидерот. Корелационата анализа ја потврди врската помеѓу вештините на емоционалната интелигенција и лидерските резултати. Поконкретно, постои значајна позитивна корелација помеѓу емоционалната интелигенција и трансфорациското лидерство. Дали навистина постои емоционална интелигенција во бизнисот? Прашањата од хипотезите поставени во докторската дисертација се насочени токму кон откривање на емпириски доказ за поддршка или отфрлање на емоционалната интелигенција во лидерството. И покрај фактот што во литературата се докажува постоење на силна поврзаност помеѓу емоционалната интелигенција и лидерската ефективност, во дисертацијата спроведовме истражување со цел да потврдиме дали сите димензии и компетенции на емоционалната интелигенција имаат влијание врз лидерската ефикасност? Спроведеното истражување покажа дека иако сите димензии на емоционалната интелигенција се позитивно корелирани, резултатите од регресијата покажуваат дека во присуство на демографски фактори и трите други димензии на емоционалното лидерство, само една од димензиите на емоционалната интелигенција е значајна и тоа “појавата на емоциите кај себе и кај другите.“ Сите димензии на емоционалната интелигенција се позитивно поврзани една со друга, како што се очекуваше, затоа што сите ја сочинуваат емоционалната интелигенција. Заради сомнежот во корелираноста помеѓу димензиите на емоционалната интелигенција, авторот направи регресиона анализа, со кои сите ставки на емоционалната интелигенција се комбинираат во една варијабла. Ова резултираше со заклучок дека само еден од факторите на емоционалната интелигенција- “појавата на емоциите кај себе и кај другите“ е значајно поврзана со лидерството. Согласно на ова, заради докажаната позитивна корелациона поврзаност помеѓу сите димензии на емоционалната интелигенција и лидерството и докажаната со регресиона анализа поврзаност на една од димензиите на емоционалната интелигенција со лидерството во услови на присутност на трите димензии на емоционалната интелигенција и демографските варијабли, како и врз основа на

севкупно анализираните податоци, истражувања, студии и направените истражувања заклучивме дека доколку се користи емоционалната интелигенција во секојдневните лидерски практики ќе се обезбеди квалитетно трансформациско лидерство, со што оранизациите ќе можат да ги остваруваат планираните цели и резултатите во работењето, со можност за поуспешно справување со зголемената комплексност во деловната и воопшто општествената сфера, со што генералната хипотеза на дисертацијата беше целосна докажана. Конечно, со истражувањето во дисертацијата е направен обид да се даде придонес кон теоријата за емоционалната интелигенција и лидерството и нивната примена во организациите.

Врз основа на севкупното истражување во дисертацијата беа изведени следните *заклучоци:*

1. Севкупниот концепт на емоционалната интелигенција денес генерално е *непознат во светот на бизнисот.*
2. За создавање на подобра претстава за поврзаноста на емоционаланата интелигенција и лидерството треба да се прават и повеќе *квалитативни истражувања.* Од ова и другите истражувања се гледа дека емоционалната интелигенција тешко се мери квантитативно.
3. Потребно е да се истражува степенот на емоционална интелигенција на лидерите анализиран од страна на нивните следбеници или *од перспектива на вработените* во организацијата.
4. Потребно е *демографијата* да ги дефинира разликите кај испитување на овие појави кај мажите и жените, а посебно во однос на нивото на образование и годините на лидерско искуство.
5. Врската помеѓу емоционалната интелигенција и лидерството треба да се анализира во сите *области и сектори на економијата* (посебно финансиските услуги, финансиските институции и сл.).
6. При анализата на поврзаноста, треба да се поставува и релацијата во однос на *конкретен резултат кој се очекува од организацијата* (на пример, зголемување на продажбата, обртот, задоволство при работа и др.).
7. При истражувањата да се користат *поголеми групи на испитаници* со што се избегнува непрецизноста при изборот на репрезентативниот примерок.
8. Истражувањето треба да биде насочено кон *индивидуални фактори* на емоционалната интелигенција кои имаат најголемо влијание врз лидерската ефективност.
9. Во истражувањата треба да се применуваат и *најсовремените статистички техники* (мета-анализа, хиерархиска регресија и сл).
10. Истражувањата треба да бидат придружени со *тренинг програми* за обука за емоционалната интелигенција и лидерството.

*<u>Научниот придонес на докторската дисертација</u>*

Комисијата смета дека докторската дисертација на кандидатот Зоран Нарашанов преставува една од најактуелните теми во областа на емоционалната интелигенција и ледерството во Република Македонија. Тоа произлегува од фактот што дисертацијата има соодветна научно-истражувачка заснованост и е обработена според најсовремени методолошки поставки и методи својствени за оваа проблематика. Кандидатот успеал преку соодветни методи и критериуми да ги дефинира начините и стратегии да ја докаже позицијата дека емоционалната стабилност и емоционалната интелигенција се важни фактори за организациското лидерство. Тоа значи дека развивањето и учењето на

емоционалната интелигенција станува не само потреба, туку и императив за менаџерите и лидерите. Резултатите од ова дисертација и направеното истражување го откриваат влијанието на емоционалната интелигенција врз ефектите на лидерството, и даваат одговор на прашањето дали повисокото ниво на емоционална интелигенција може да помогне да се подобри резултатот од лидерството и лидерската ефективност. Нема сомнение, емоциите имаат клучна улога во процесот на донесување на одлуки. Дисертацијата ја докажа позицијата дека емоционалната стабилност и емоционалната интелигенција се важни фактори за организациското лидерство. Научниот придонес е уште означаен ако се земе предвид фактор дека тоа е во првите трудови кои ја опфаќаат оваа проблематика. Воедно по овој пример треба да се раководи и една стратегија за идниот развој на лидерството во Република Македонија.

Во *воведот* е објаснета актуелноста на проблематиката на планирање во глобалните претпријатија, определен е предметот и целта на истражувањето, утврдени се резултатите и научниот придонес, и поставена е методологијата на истражувањето.

Во *првата глава* на докторската дисертација под наслов Феноменот на глобализација и глобалните предизвици истражувањето се фокусира на предностите и недостатоците на трендот на глобализација, фазите на процесот на глобализација, како и придобивките од глобализацијата наспроти користите од локализацијата. Во продолжение се објаснуваат ефектите на пазарната глобализација и глобализацијата на ниво на претпријатие. На крајот, се претставени идните глобални трендови и сценарија.

Во *втората глава* со наслов Карактеристики на глобалните претпријатија се определени учесниците во глобалниот бизнис, како и причините и ризиците од спроведување на глобална експанзија на активностите на претпријатијата. Понатаму, се елаборира дизајнирањето на глобалната стратегија и соодветната глобална организациска структура. Исто така, се потенцира потребата од создавање и одржување на конкурентска предност кај глобалните претпријатија на глобалниот пазар, но и зголеменото значење на примената на концептот на општествена одговорност во делувањето на глобалните претпријатија.

*Третата глава* со наслов Глобалните аспекти на деловното планирање се однесува на глобалното планирање на деловните функции на претпријатијата, дефинирање на карактеристиките на глобалното маркетинг планирање, планирањето на глобалните производствени активности, глобалното финансиско планирање и планирањето на човечките ресурси во глобалните претпријатија. Во продолжение, се разработува интегрираното деловно планирање како начин за унапредување на планирањето, а се обработуваат и современите системи и софтвери за планирање како подлога за успешно планирање. Се потенцира значењето од правилна изработка и дизајнирање на глобалните бизнис планови. Исто така, врз основа на истражувањето се класифицираат и методите на планирање кои глобалните претпријатија најредовно ги користат.

Во *четвртата глава* под наслов Стратегиското планирање во глобалните претпријатија акцент се става на релацијата помеѓу планирањето и стратегијата односно се дефинира рамката на глобално стратегиско планирање, како и

проблемите и користите од стратегиското планирање во глобалните претпријатија. Во продолжение, истражувањето е насочено кон утврдување на врската на стратегиското планирање и контролата во глобалните претпријатија. Исто така, се укажува на поврзаноста на глобалното стратегиско планирање и процесот на предвидување, и се утврдуваат разликите помеѓу стратегиското планирање и стратегиското размислување во глобалните претпријатија.

*Петтата глава* со наслов Улогата и значењето на процесот на планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија е посветена на анализата на податоците од емпириското истражување кое се фокусира на процесот на планирање во пет глобални претпријатија во Република Македонија.

Интегрален дел на дисертацијата претставува и *заклучокот* во кој се систематизираат најзначајните сознанија од проблематиката на планирање во глобалните претпријатија, предизвиците, проблемите, факторите и причините за примена на различните аспекти на деловното планирање, и значењето на планирањето за остварување на целите и создавање на конкурентската предност кај глобалните претпријатија.

Докторската дисертација обезбедува разбирање на планската активност на претпријатијата во современи услови на функционирање. Истражувањето е фокусирано на процесот на планирање во глобалните претпријатија. Се објаснуваат чекорите и фазите кои ги вклучува процесот на планирање во глобалните претпријатија, се елаборира значењето на соодветното формулирање на целите и стратегиите за настап на глобалниот пазар. Се овозможува разбирање на клучните функционални аспекти на глобалното деловно планирање. Детерминирани се инструментите за планирање и соодветните софтвери како поддршка за успешното планирање во глобалните претпријатија. Посебно внимание се посветува и на дизајнирањето на глобалните бизнис планови. Исто така, утврдени се и карактеристиките на системот на глобално стратегиско планирање, кое му е потребно на претпријатието за да се справи со брзо променливото глобално окружување и новата конкуренција, а во насока на остварување на стратегиските цели. Во докторската дисертација, теоретската дискусија за предизвиците на планирањето во глобалните претпријатија е поткрепена со резултатите од спроведено емпириско истражување во пет глобални претпријатија во Република Македонија, при што се утврдува степенот на примена на планирањето, како и практичната улога, значење и потребата од планирање за успешно остварување на целите на глобалните претпријатија.

*<u>Научниот придонес</u>*

Научниот придонес на докторската дисертација произлегува од фактот што таа претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на планирањето во глобалните претпријатија и различните аспекти на глобалното деловно планирање, со посебен осврт на улогата, значењето, примената и потребата од планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија. Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување, при што се опфатени глобални претпријатија присутни на македонскиот пазар. Со резултатите на истражувањето се потврдува користа и потребата од планирање во глобалните

претпријатија и стратегиско управување со тековните и идните активности поради брзите и непредвидливи промени во глобалното окружување и заради создавање на глобална конкурентска предност. Резултатите од истражувањето упатуваат на заклучокот дека користите од планирањето ги надминуваат трошоците за планирање. Со истражувањето се овозможува комплетна слика на процесот на планирање во глобалното променливо конкурентско окружување во кое претпријатијата бараат и користат профитни можности.

Докторската дисертација овозможува да се утврди состојбата на планирањето во глобалните претпријатија во Република Македонија, потребата и ограничувањата на планирањето, видовите планови кои овие претпријатија ги применуваат, начинот на организирање на планирањето, факторите кои влијаат на примената на планирањето како и методите за ефикасно планирање, нагласувајќи ја и позитивната врска помеѓу планирањето и перформансите на глобалните претпријатија.

Посебен  научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување во периодот од мај до септември 2011 година, при што се опфатени пет глобални претпријатија присутни на македонскиот пазар. Истражувањето кандидатката го  реализирала со анкетен прашалник на македонски и англиски јазик доставен лично и по пат на електронска пошта, и преку интервју со менаџерите во глобалните претпријатија во Република Македонија.

Врз основа на спроведеното истражување, кандидатката наведува дека половина од анкетираните глобални претпријатија во Република Македонија делуваат во автомобилската индустрија. Тие се генерално акционерски друштва во странска сопственост, кои примениле стратегии на мерџери и аквизиции или старт од нула инвестиција при влез на македонскиот пазар.

Во врска со причините за глобализација на активностите на претпријатијата, резултатите од истражувањето укажуваат на најголемо значење на пазарната диверзификација или освојувањето на новите пазари. Како главна причина пак за влез на македонскиот пазар, глобалните претпријатија ги определуваат даночните погодности. Резултатите од спроведената анализа упатуваат на фактот дека 90% од претпријатијата ги применуваат сите аспекти на планирање. Интересен е заклучокот дека само 60% од претпријатијата применуваат IT решение (софтвер или систем) за планирање.

Според истражувањето најголемо влијание врз планирањето од екстерните фактори имаат економските фактори и конкуренцијата, додека од интерните фактори тоа се информациите за пазарот, потрошувачите и конкуренцијата, и финансиските средства. Кај глобалните претпријатија во Република Македонија според истражувањето најзастапени се стратегиските планови на ниво на врвниот менаџмент, доминира среднорочното планирање за период од 1-5 години, а во однос на функциските подрачја на планирање најголема важност претпријатијата му придаваат на финансиското планирање.

Врз основа на истражувањето, кандидатката ги класифицира и методите на планирање кои глобалните претпријатија најредовно ги користат, и тоа, финансиската анализа, методот на најдобра практика, менаџментот по пат на

цели, методите на предвидување и анализата на јазот. Истражувањето укажува на фактот дека глобалните претпријатија се генерално задоволни од примената на деловното планирање, а најчестиот проблем во процесот на планирање е комплексноста на глобалното окружување (разликите во правните, економските, пазарните, технолошките, културните услови).
Во рамките на корпоративната практика на претпријатијата, според резултатите, планирањето најчесто е децентрализирано односно постои автономност во планирањето кај националното претпријатие или деловната единица во странство. Интересен е заклучокот дека специјализираните кадри за планирање - планери се недоволно застапени кај овие претпријатија наспроти очекуваното. Анализата на презентираните резултати од истражувањето покажува дека претпријатијата најчесто избираат една оптимална локација на производство или концентрација на производството. Во врска со маркетинг програмата (производ, цена, промоција и дистрибуција), глобалните претпријатија генерално вршат адаптација на производите и услугите на локалните барања на потрошувачите во земјите, и спроведуваат нестандардизирано рекламирање. Во однос пак на човечките ресурси, според истражувањето, глобалните претпријатија применуваат геоцентрична кадровска политика, при што менаџерите ги избираат независно од националната припадност. Додека, финансирањето го реализираат интракорпорациски.

Резултатите од истражувањето, упатуваат на потврдување на теоретските сознанија за значењето на планирањето и на заклучокот дека користите од планирањето ги надминуваат трошоците за планирање. Резултатите овозможуваат разбирање на потребата од планирање, правилно формулирање и реализирање на корпоративните цели, политики, планови и стратегии заради постигнување на глобален успех. Со истражувањето се овозможува комплетна слика на процесот на планирање во глобалното променливо конкурентско окружување во кое претпријатијата бараат и користат профитни можности.
Придонесот на овој труд е и во потенцирање на современите текови во светската економија вклучувајќи го феноменот на глобализација, глобалните претпријатија како главни учесници и носители на глобалниот бизнис и потребата и корисата од планирањето на глобалните активности како основа за успешно справување со глобалните предизвици.
Кандидатката успешно ги истражувала клучните прашања сврзани со карактеристиките на планирањето во глобалните претпријатија заедно со основниот концепт, функционалните подрачја на планирање и стратегиското планирање. Со резултатите на истражувањето се потврдува користа и потребата од планирање во глобалните претпријатија и стратегиско управување со тековните и идните активности поради брзите и непредвидливи промени во глобалното окружување и заради создавање на глобална конкурентска предност.

Целите и задачите што кандидатот ги формулирал во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено репрезентативно емпириско истражување кое овозможува да се утврди состојбата на планирањето во глобалните претпријатија во Република Македонија, потребата и ограничувањата на планирањето, видовите планови кои овие претпријатија ги применуваат, начинот на организирање на планирањето, факторите кои влијаат на примената на планирањето како и методите за ефикасно планирање, нагласувајќи ја и позитивната врска помеѓу планирањето и перформансите на глобалните претпријатија.

## 2.2.2. Објавени научни трудови

### 2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање насловен доцент, д-р Зоран Нарашанов покрај докторската дисертација објавил 4 научни трудови и 3 книги.

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

1. **Зоран Нарашанов**, ***Развојна стратегија***, Енергетика 8, Здружение на енергетичарите на Македонија, 1992 год. Скопје
2. **Зоран Нарашанов,** ***Агонија на македонскиот електро-метален комплекс***; Енергетика 21, Здружение на енергетичарите на Македонија, 1995 Скопје
3. **Зоран Нарашанов,** ***Методологија на опредметена потрошувачка потреба***; Зборник на трудови 1999 - Машински Факултет, Скопје
4. **Зоран Нарашанов,** ***Компаративна анализа на македонската металопреработувачка дејност***; Зборник на трудови 2000 - Машински Факултет, Скопје

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Зоран Нарашанов не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

### 2.2.2.2. После избор во звање доцент

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

После изборот во звање насловен доцент, д-р Зоран Нарашанов објавил 9 научни трудови.

1. Zoran Ivanovski, Ace Milenkovski, **Zoran Narasanov**, Time series forecasting using a moving average model for extrapolation of number of tourist, UTMS Journal of Economics Vol 9 No. 2 June 2018

2. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska. Performance evaluation of stocks' valuation models at MSE. Economic and regional studies - studia

ekonomiczne i regionalne. ISSN 2083-3725. Volume 11, No. 2, 2018. eISSN 2451-182X
3. Z. Ivanovski, N. Ivanovska, **Z.Narasanov**, Technical Analysis accuracy at Macedonian Stock Exchange, UTMS Journal of Economics Vol 8 No. 2 June 2017
4. Z. Ivanovski, N. Ivanovska, **Z.Narasanov**, The Regression analysis of stock returns at MSE, Journal of Modern Accounting and Auditing, 2016, Vol 9
5. Zoran Ivanovski, Toni Stojanovski, **Z.Narasanov**, Volatility And Kurtosis Of Daily Stock Returns At MSE, UTMS Journal of Economics, 2015, Vol. 6, No.2
6. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska, Volatility and kurtosis at emerging markets: comparative analysis of Macedonian stock exchange and six stock markets from Central and Eastern Europe, Journal of International Scientific Publications Economy & Business, Volume 9 (2015)
7. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska, Accuracy of dividend discount model valuation at Macedonian stock exchange Journal of International Scientific Publications, Economy & Business, Volume 9 (2015)
8. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, Application of Dividend Discount Model Valuation at Macedonian Stock Exchange, UTMS Journal of Economics, 2015, Vol. 6, No.1
9. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, Fundamental Analysis and Discounted Free Cash Flow Valuation of Stocks at Macedonian Stock Exchange, UTMS Journal of Economics, 2014, Vol. 5, No.1

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

После изборот во звање насловен доцент, д-р Зоран Нарашанов објавил 9 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Zoran Narasanov**, Application capacity of time series models for financial forecatsing, ICON BEST 2018, 15.10.2018, Skopje

2. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska, Methodology for higher education quality assessment based on outcomes assessment, ICON BEST 2018, 15.10.2018, Skopje
3. Z. Ivanovski,Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, Testing efficiency of technical analysis at MSE, ICON BEST 2016, 08.10.2016, Skopje
4. Z. Ivanovski,Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, The Stocks' Beta Calculation at MSE, ICON BEST 2016, 08.10.2016, Skopje
5. Zoran Ivanovski, Valentina Angeloska, **Zoran Narasanov**, Macedonian tourism Insight through the nalysis of stocks returns of quoted tourism companies at MSE, SITCON Singidunum International Tourism Conference - 2016, September 30, Singidunum University, Belgrade, Serbia
6. Z. Ivanovski, N. Ivanovska, **Z.Narasanov**, MBI-10 Stocks valuation: The Application of technical analysis at Macedonian Stock Exchange, Social Science Conference 14 Uluslarasi Turk Dunyasi 22-23 August 2016, Gostivar
7. **Zoran Narasanov**, Zoran Ivanovski, The influence of individual emotional intelligence factors on leadership practices, ICON BEST 2015, 09-10.10.2015, Skopje
8. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, The analysis of daily stock returns at MSE, ICON BEST 2015, 09-10.10.2015, Skopje
9. Z.Ivanovski, **Z.Narasanov**, Facing the economic crises: Strenghtens and weakneses of current public investments in Macedonia economy, XII

**2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот**

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Зоран Нарашанов во наставно-научно звање насловен доцент.

**2.2.3.1. Пред избор во звање доцент**

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци**

**1. Зоран Нарашанов**, ***Развојна стратегија***, Енергетика 8, Здружение на енергетичарите на Македонија, 1992 год. Скопје

- *Достапност на трудот:*
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во трудот предмет на истражувањето е предлог стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија. Авторот анализира информации кои ќе помогнат во донесување на квалитетна стратегија за развој на македонското електро-стопанство и во разрешувањето на конкретните тешкотии и подобрување на успешноста на работењето на овој сектор од витално значење за Република Македонија. Всушност, во трудот е потенцирано дека инвестициите во овој сектор се без алтернатива за да се обезбеди стабилен и одржлив стопански развој на државата. Токму заради динамичноста на тој сектор е потенцирано дека е потребно негово континуирано следење и истражување, а неговите резултати да бидат основа за донесување на стратегиски одлуки. За тоа говорат и податоците кои се дадени во трудот дека успешни се оние економии кои постојано прибираат информации во однос на развојот на овој сектор и новите технологии. Заклучокот на трудот е дека само со квалитетна развојна стратегија може да се очекува стабилен развој на енергетскиот сектор во Република Македонија. Концептот на развој на

енергетиката е сигнификантен фактор за развој на националната економија, особено потенцирајки ги предизвиците кои се пред него и исклучително ризичниот негативен тренд кој како оследица ке има ниска ефективност, и егзистенцијална загрозеност. Станува збор за исклучителен труд од оваа област во Република Македонија, како рано предупредување и насочување на македонската индустрија кон соочување со потребите на глобалниот пазар.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот се гледа во научното преставување настратегијата за развој на енергетскиот сектор на државата, кој е еден од најзначните фактори кои влијаат на работењето на секое претпријатие. Точно е елаборирана потребата од развој на енергетскиот секторот, динамичноста и значењето на информациите врз основа на кои се донесуваат правилни одлуки. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на менаџментот и дава голем придонес за успешното работење на компаните во Република Македонија. Со анализа на основните развојни параметри на електро-металниот комплекс во Република Македонија во трудот реално се согледува ретроградната компонента која води кон целосно руинирање на домашната индустријата во целост. Минорноста на нашето учество на меѓународниот пазар очигледно е неизбежна без пазарно ориентирани активности. За таа цел во трудот сеј промовира 6-етапна опредметена методологија за системска анализа за задоволување на потрошувачките потреби ориентирана кон пазарот и клиентот.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира како треба да се изработи развојна стратегија за енергетскиот сектор. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџментот, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за да се донесат успешни одлуки.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. **Зоран Нарашанов,** ***Агонија на македонскиот електро-метален комплекс***; Енергетика 21, Здружение на енергетичарите на Македонија, 1995 Скопје

- *Достапност на трудот:*
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во трудот предмет на истражувањето е состојбата во македонскиот електро-метален комплекс. Трудот е насочен кон разрешувањето на конкретните

тешкотии во работењето на македонскиот електро-метален комплекс.. Всушност, во трудот е потенцирано дека истражување на пазарот на македонскиот електро-метален комплекс со насоки за потенцијален развој во иднината. Детално е елабориран пазарот кој е елемент на окружувањето и најзначаен фактор кој влијае на работењето на секое претпријатие. Токму заради динамичноста на тој пазар е потенцирано дека е потребно негово континуирано следење и истражување, а неговите резултати да бидат основа за донесување на стратегиски одлуки. За тоа говорат и податоците кои се дадени во трудот дека усшешни се земји кои постојано прибираат информации во однос на учеството на електро-металниот комплекс напазарот, успешноста на примената на иновациите и технологиите. Заклучокот на трудот е во идентифиување на предизвиците кои се пред него и исклучително ризичниот негативен тренд кој како оследица ке има ниска ефективност, и егзистенцијална загрозеност. Станува збор за исклучителен труд од оваа област во Република Македонија, како рано предупредување и насочување на македонската индустрија кон соочување со потребите на глобалниот пазар.

Со анализа на основните развојни параметри на електро-металниот комплекс во Република Македонија во трудот реално се согледува ретроградната компонента која води кон целосно руинирање на домашната индустријата во целост. Минорноста на нашето учество на меѓународниот пазар очигледно е неизбежна без пазарно ориентирани активности. За таа цел во трудот сеј промовира 6-етапна опредметена методологија за системска анализа за задоволување на потрошувачките потреби ориентирана кон пазарот и клиентот.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот се гледа во научното преставување на македонскиот електро-метален комплекс кој е елемент на окружувањето и најзначаен фактор кој влијае на работењето на секое претпријатие. Точно е елабориран пазарот, динамичноста на тој пазар и значењето на информациите врз основа на кои се донесуваат правилни одлуки, па според тоа информациите и информациониот систем секогаш треба да се разгледува во контекст на процесот на донесување на одлуки. Овој труд е навистина актуелна тема во областа на македонскиот електро-метален комплекс и дава голем придонес за успешното работење на компаните во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира како треба да се донесуваат одлуки од страна на компаниите. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџментот, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за да се донесат успешни одлуки.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. **Зоран Нарашанов,** ***Методологија на опредметена потрошувачка потреба***; Зборник на трудови 1999 - Машински Факултет, Скопје

- *Достапност на трудот:*
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.

- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во овој труд предмет на истражување е животниот циклус на производите со посебен осврт на методологијата за однесување на потрошувачите. Во трудот е нагласено дека секој животен циклус се состои од неколку фази: развој, воведување, раст, зрелост,опаѓање. Исто така во трудот детално се елеборирани карактеристиките на секоја од овие фази на животниот циклус, преку конкретен пример на еден конкретен производ од машинската индустрија  Преку овој конкретен пример е покажано дека многу треба да се обрне внимание поединечно на секоја од овие фази, но посебно на фазата на зрелост, затоа што токму во таа фаза започнува првата стагнација на добивката на која ја остваруваат компаниите, и токму заради тоа потребно е да се пристапи кон модификација на производот за да тој стане повторно баран на пазарот и да може да се бори со производите на конкуренцијата кои во тој момент стануваат интересни за потрошувачите.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот се однесува на научното претставување на карактеристиките на животниот циклус на производите. Тоа е направено и преку конкретен пример во кој детално е објаснето значењето на секоја поединечна фаза од животниот циклус на секој производ, но пред се треба да се обрне внимание на фазата на зрелсот кога се појавува првата стагнација на добивката. Придонесот на овој труд се однесува на предложените мерки кои треба да ги спроведуваат компаниите кои ќе се најдат во таа фаза од животниот циклус.

*Личен научен придонес на авторот*

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира карактеристиките на животниот циклус на производот, и да даде предлог мерки за решавање на проблемите кои се појавуваат кај производите на сите компании кои се наоѓаат во оваа фаза од животниот циклус.

4. **Зоран Нарашанов, *Компаративна анализа на македонската металопреработувачка дејност***; Зборник на трудови 2000 - Машински Факултет, Скопје

- *Достапност на трудот:*
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*
Во овој труд е нагласена е анализата на македонската метало-преработувачка индустрија со цел за да се оствари конкурентска предност во однос на останатите земји. Во последниве педесеттина години претпријатијата се преориентираа од производство кон потрошувачка. Практично тоа значи повеќе отколку кога и да е дека клучот на успехот е во познавањето на потребите на потрошувачите и во нивното задоволување. Поголемиот број на претпријатија ширум светот го прифатиле фактот дека нивните шанси на пазарот не зависат толку од смалувањето на трошоците туку од развојот на потполно нови идеи. Со тоа би се изградиле посилни врски и односи со нивните потрошувачи. Во трудот е истакнато дека успехот во конкурентската борба се должи на диференцијацијата на производите, а еден од начините за таа диференцијација е современиот дизајн на производите.
*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се однесува на научното претставување на иновациите како исклучително важни за создавање на конкурентска предност. Придонесот на овој труд се однесува на предложените мерки кои треба да ги спроведуваат компаниите за да успеат на пазарот. Пред се тие треба да пристапат кон примена на исклучително нови идеи со кои ќе остварат диференцијација на нивната компанија.
*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира начините за успех на компаниите преку иновациите. Во трудот се даваат предлог мерки за имплементирање на иновациите кој има голема вредност за секоја компанија, бидејќи преку дизајнот ќе се постигне диференцијација и успех на пазарот. Токму овие совети треба да ги применуваат компаниите во Република Македонија.

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции (а2)**

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Зоран Нарашанов не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

**2.2.3.2. После избор во звање насловен доцент**

**а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)**

1. Zoran Ivanovski, Ace Milenkovski, **Zoran Narasanov**, Tme series forecasting using a

moving average model for extrapolation of number of tourist, UTMS Journal of Economics Vol 9 No. 2 June 2018

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%209%20No.%202/UTMSJOE-2018-0902-02-Ivanovski-Milenkovski-Narasanov.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* C3; C32

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да придонесе кон примената на современите квантитативни модели за предвидување, конкретно на временските серии, користејќи модел на подвижни просеци (MACD). Во трудот се анализира конкретна примена на моделите на временски серии за екстраполација на бројот на туристи за следната година. Станува збор за модел кој овозможува прецизно предвидување на податоци за период од 1 година однапред, на база на користење на MACD и регресионата анализа. Трудот дава комплетен приказ на примена на овој модел на конкретни податоци и споредба на резултатите од предвидувањето со фактичките податоци.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примена на моделите на временски серии за предвидување на бројот на странски туристи, за елиминирање на сезонските, тренд и рандом варијаблите и за квалитетна примена на современите модели на регресиона анализа. Во трудот е докажана применливоста на моделот за прецизно предвидување на бројот на туристи во Република Македонија, што е докажано и со споредба на предвидувањето со фактичките податоци за број на туристи кои ја посетиле земјата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на временски серии.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska. Performance evaluation of stocks' valuation models at MSE. Economic and regional studies

- studia ekonomiczne i regionalne. ISSN 2083-3725. Volume 11, No. 2, 2018. eISSN 2451-182X

- *Достапност на трудот:* http://yadda.icm.edu.pl/yadda/element/bwmeta1.element.ekon-element-000171528068
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски и Полски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN 2083-3725
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* G1; G12

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да придонесе кон примената на современите модели за вреднување на акциите, со цел да се идентификуваат модели кои се најкорисни за вреднување на акциите на Македонска берза. Во трудот се анализира конкретна примена на моделите на релативно вреднување, на моделот на дисконтирање на дивиденди и моделот за дисконтирање на слободни готовински текови. Во трудот се анализира точност и доверливоста на сите познати модели на вреднување на акциите на македонскиот пазар на капитал, со цел да се утврди кој модел дава најпрецизни резултати.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примена на моделите моделите на релативно вреднување, на моделот на дисконтирање на дивиденди и моделот за дисконтирање на слободни готовински текови. Во трудот се докажува дека моделите за дисконтирање на слободни готовински текови даваат најдобри резултати за вреднување на акциите, односно дека цените на акциите осцилираат околу вистинската вредност на акциите и фер цената утврдена преку моделот на. дисконтирање на слободни готовински текови. Резултатите се потврдени со споредбата на сите добиени вреднувања со просечната пазарна цена на акциите.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. Z. Ivanovski, N. Ivanovska, **Z.Narasanov**, Technical Analysis accuracy at Macedonian Stock Exchange, UTMS Journal of Economics Vol 8 No. 2 June 2017
   - *Достапност на трудот:* http://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%208%20No.%202/UTMSJOE-2017-0802-05-Ivanovski-Ivanovska-Narasanov.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
   - *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%
   - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
   - *JEL класификација:* G1; G11; G12

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да придонесе кон примената на техничката за вреднување на акциите, со цел да се идентификуваат дали техничката анализа е применлива за вреднување на акциите на Македонска берза. Во трудот се анализира конкретна примена на моделите на техничката анализа, MACD, DOW и јапонски свеќички. Станува збор за техника која најмногу се користи од страна на броекрите и инвеститорите на берзата. Со ова истражување се анализира нејзината прецизност за предвидување на движењето на цените на акциите кај неколку избрани акции на македонскиот пазар на капитал.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примената на техничката за вреднување на акциите. Во трудот се докажува дека моделите за примената на техничката за вреднување на акциите даваат добри резултати за вреднување на акциите, односно дека цените на акциите осцилираат околу утврдените шеми на движење утврдени со техничката анализа.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. Z. Ivanovski, N. Ivanovska, **Z.Narasanov**, The Regression analysis of stock returns at MSE, Journal of Modern Accounting and Auditing, 2016, Vol 9

- *Достапност на трудот:* http://www.davidpublisher.com/Public/uploads/Contribute/572c57088ea0b.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* doi: 10.17265/1548-6583/2016.04.003
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* C3; C32

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се утврди преку линеарната регресија и корелационата анализа поврзаноста на дневните цени на акциите и нивните дневни приноси со промените на македонскиот берзански индекс МБИ-10, односно за постоење на статистички значајна врска. Во трудот се анализира карактерот на врската помеѓу десет најликвидни акции на македонската берза преку користење на десетгодишни податоци и временски серии на цените на акциите на затворање на тргувањето и да се утврди коефициентот на детерминација, p-value и t-statistics.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува потврдување преку вредностите на коефициентите на детерминација, p-value и t-statistics дека пропорцијата на вкупната корелација меѓу зависната варијабла (цена на една акција) овозможува да се објасни преку независната варијабла (цена на друга акција), со што се овозможува прецизно предвидување на движењето на цените на една акција во иднина, што е особено значајно при инвестирање на берзата. Со ова се докажува можноста за примена на регресионата анализа, односно преку линеарната регресија и корелационата анализа се утврдува поврзаноста на дневните цени на акциите и нивните дневни приноси со промените на македонскиот берзански индекс МБИ-10, односно се потврдува постоење на статистички значајна врска меѓу нив. Во трудот е утврден и карактерот на врската помеѓу десет најликвидни акции на македонската берза преку користење на десетгодишни податоци и временски серии на цените на акциите на затворање на тргувањето на македонскиот пазар на капитал..

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Zoran Ivanovski, Toni Stojanovski, **Z.Narasanov**, Volatility And Kurtosis Of Daily Stock Returns At MSE, UTMS Journal of Economics, 2015, Vol. 6, No.2
   - *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-003-Ivanovski-Stojanovski-Narasanov.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
   - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%
   - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2 бодови
   - *JEL класификација:* G1; G12

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да придонесе кон проценка на skewness и kurtosis на моделите на вреднување на приносите на на акциите, кои се користат за вреднување на акциите на Македонска берза. Добиените информации за обликот и големината на дистрибуцијата на приносите се важни при вреднување на ризични средства, како што се акциите. Дневните приноси на акциите на македонска берза се карактеризираат со висока волатилност. Истите се пресметуваат во овој труд користејќи софтер во ексел. Преку трудот се дефинира карактерот на движење на приносите на акциите на македонската берза и се бара потврда дали ја следи Гаусовата дистрибуција на приноси.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува утврдување на дневните приноси на акциите на македонска берза кои се карактеризираат со висока волатилност. Во резултатите од истражувањето јасно се потврдува дека приносите на акциите на македонска берза немаат Гаусова дистрибуција, односно се екстремно leptokurtic. При анализата се утврдува висок kurtosis и skewness, од што јасно произлегува дека приносите на акциите се екстремно волатилни и без нормална дистрибуција на приносите, што е особено важно за портфолио менаџментот. Резултатите од трудот можат да се применат и за вреднување на акциите.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska, Volatility and kurtosis at emerging markets: comparative analysis of Macedonian stock exchange and six stock markets from Central and Eastern Europe, Journal of International Scientific Publications Economy & Business, Volume 9 (2015)
   - *Достапност на трудот:* https://www.scientific-publications.net/get/1000012/1434789201721840.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
   - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN 1314-7242
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%
   - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
   - *JEL класификација:* G1; G12

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се истражи волатилноста на македонската берза, преку анализа на податоците за десет годишно движење на МБИ-10 и десет случајно избрани акции, како и да се споредат резултатите со шест берзи (Хрватска, Чешка, Унгарија, Полска, Русија и Словачка), преку пресметка и проценка на skewness и kurtosis на акциите кои котираат на овие берзи. Ова е важно за да се утврди карактерот на дистрибуцијата на приносите на акциите, со цел да се идентификуваат модели кои се најкорисни за вреднување на акциите на Македонска берза. Добиените информации за обликот и големината на дистрибуцијата на приносите на сите берзи се важни при вреднување на ризични средства, како што се акциите. Дневните приноси на акциите на македонска берза се карактеризираат со висока волатилност.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува докажување на фактот дека волатилноста на македонската берза е слична како волатилноста на шест анализирани берзи (Хрватска, Чешка, Унгарија, Полска, Русија и Словачка). Преку регресиона анализа на податоците за десет годишно движење на МБИ-10 и десет случајно избрани акции, утврдено е постоење на силна корелациона врска помеѓу акциите на македонската берза и нивно силно влијание на волатилноста на МБИ-10. Утврдено е дека волатилноста на македонската берза е блиску до волатилноста на пазарите на капитал во Чешка, Полска и Хрватска. Регресионата анализа обезедува докази за силна корелациона врска помеѓу акциите на македонска берза и волатилноста на македонскиот берзански индекс МБИ-10.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

7. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska, Accuracy of dividend discount model valuation at Macedonian stock exchange. Journal of International Scientific Publications, Economy & Business, Volume 9 (2015)
   - *Достапност на трудот:* https://www.scientific-publications.net/get/1000012/1434789165845525.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
   - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN:1314-7242,
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%
   - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
   - *JEL класификација:* G1; G12

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да процени дали моделот на дисконтирање на дивиденди овозможува прецизно вреднување на акциите на македонската берза. Базична цел на истражувањето е дали ДДМ моделот дава точност при вреднување на акции на растечки пазари, како што е македонската берза. Истражувањето се базира на анализа и вреднување на акции на две блу-чип компании, една од банкарскиот сектор и една од индустријата. Во истражувањето се користи регресиона анализа и дескриптивна статиситика.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примена на моделот на дисконтирање на дивиденди за вреднување на акциите на македонска берза. Во трудот се докажува дека моделот за дисконтирање на дивиденди не е застарен, туку овозможува прецизно вреднување кај зрелите компании, со стабилна политика на дивиденди. Дескриптивната статистика и регресионата анализа беа искористени за докажување на степенот на корелација помеѓу фер вредноста на акциите и пазарните цени на акциите, како и утврдување на статистички значајна поврзаност на политиката на дивиденди и нивоата на дивиденди за предвидување на идните цени на акциите.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

8. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, Application of Dividend Discount Model Valuation at Macedonian Stock Exchange, UTMS Journal of Economics, 2015, Vol. 6, No.1
    - *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%201/6-1-12-UTMS_Journal_of_Economics.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
    - *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 33%
    - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
    - *JEL класификација:* G1, G11

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да процени дали моделот на дисконтирање на дивиденди, како наједноставен метод за утврдување на фер цената на акциите, овозможува прецизно вреднување на акциите на македонската берза. Базична цел на истражувањето е дали ДДМ моделот дава точност при вреднување на акции на растечки пазари, како што е македонската берза. Истражувањето се базира на анализа и вреднување на акции на неколку случајно избрани акции од македонската берза, да се утрдат потенцијалните слабости и проблеми при примената на овој метод и утврдат разликите помеѓу фер вредноста и пазарната цена на акциите. Во истражувањето се користи регресиона анализа и дескриптивна статиситика.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примена на моделот на дисконтирање на дивиденди за вреднување на акциите на македонска берза. Во трудот се докажува дека моделот за дисконтирање на дивиденди не е застарен, туку овозможува прецизно вреднување кај зрелите компании, со стабилна политика на дивиденди. Дескриптивната статистика и регресионата анализа беа искористени за докажување на степенот на корелација помеѓу фер вредноста на акциите и пазарните цени на акциите, како и утврдување на статистички значајна поврзаност на политиката на дивиденди и нивоата на дивиденди за предвидување на идните цени на акциите. Сепак, резултатите од трудот сугерираат дека ДДМ моделот е корисен како помошна метода и се сугерира аналитичарите да користат модели на релативно вреднување и методи на дисконтирање на слободни готовиснки текови.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

9. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, Fundamental Analysis and Discounted Free Cash Flow Valuation of Stocks at Macedonian Stock Exchange, UTMS Journal of Economics, 2014, Vol. 5, No.1

- *Достапност на трудот:* http://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%205%20No.%201/1-2-Ivanovska-Ivanovski-Narasanov_-_MAC--nova_tablica.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* G1,G12

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да придонесе кон примената на современите модели за вреднување на акциите, моделот на вреднување на дисконтирани готовински текови (ДЦФ вреднување), со цел да се идентификуваат модели кои се најкорисни за вреднување на акциите на Македонска берза. Во трудот се анализира успешноста и точноста на примена на моделот за дисконтирање на слободни готовински текови. Примената на моделот овозможува прецизно утврдување на вредноста на компаниите, а со тоа и прецизно утврдување на вредноста на акциите на македонска берза.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува докажување на прецизноста и точноста за примена на моделот за дисконтирање на слободни готовински текови за утврдување на вредноста на компаниите на долг рок, како важна алатка за фундаментална анализа. Во трудот се докажува дека моделите за дисконтирање на слободни готовински текови даваат најдобри резултати за вреднување на акциите, односно дека цените на акциите осцилираат околу вистинската вредност на акциите и фер цената утврдена преку моделот на дисконтирање на слободни готовински текови. Ова е потврдено со компарација

на пресметаните вредности на акциите со историски просечните пазарни цени на акциите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

**б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)**

1. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Zoran Narasanov**, Application capacity of time series models for financial forecatsing, ICON BEST 2018, 15.10.2018, Skopje,

*In Proceedings of the ICON BEST 2018 International Conference for Business, Education, Sport and Tourism, "Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs" Skopje, Republic of Macedonia, 15th of October 2018.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2018.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* C3; C32

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да придонесе кон примената на современите квантитативни модели за предвидување, конкретно на временските серии, користејќи модел на подвижни просеци (MACD). Во трудот се анализира конкретна примена на моделите на временски серии за екстраполација на вредноста на продажбата на една компанија за следната година. Станува збор за модел кој овозможува прецизно предвидување на податоци за период од 1 година однапред, на база на користење на MACD и регресионата анализа. Трудот дава комплетен приказ на примена на овој модел на конкретни податоци и споредба на резултатите од предвидувањето со фактичките податоци. Преку студија на случај се анализира продажбата на компанија која продава коли, со користење на историски временски серии од пет години.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примена на моделите на временски серии за предвидување на продажбата на

компаниите, за елиминирање на сезонските, тренд и рандом варијаблите и за квалитетна примена на современите модели на регресиона анализа. Во трудот е докажана применливоста на моделот за прецизно предвидување на приходите од продажбата, кое е неопходно за квалитетно финансиско планирање.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на временски серии.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Zoran Ivanovski, **Zoran Narasanov**, Nadica Ivanovska, Methodology for higher education quality assessment based on outcomes assessment, ICON BEST 2018, 15.10.2018, Skopje,

*In Proceedings of the ICON BEST 2018 International Conference for Business, Education, Sport and Tourism, "Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs" Skopje, Republic of Macedonia, 15th of October 2018.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2018.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* A2, A22

*Опис на трудот*
Универзитетите имаат мисија за перманентна имплементација на мерки за подобрување на квалитетот како начин за постигнување на високи професионални и академски стандарди. Во таа насока, универзитетите развиваат систем за обезбедување на квалитет во високото образование, кој опфаќа изработка на сеопфатен План за оценка на резултатите (Outcomes Assessment Plan), развој на политики и процедури за обезбедување на квалитет во високо-образовна институција, развој на инструменти за контрола на квалитетот. Станува збор за спроведување на активности за стекнување на IACBE акредитација за бизнис образование преку спроведување на процесот на самоевалуација на институцијата и подготвување на сеопфатен извештај кој опфаќа и follow-up на процесот на спроведената самоевалуација и превземање на мерки за надминување на воочените слабости во функционирањето на системот и четврто, подготовка на институцијата за надворешна ревизија (site-visit) од страна на ревизорите. Во овој труд се нуди целосен приказ на развој на План за оценка на резултатите (Outcomes Assessment Plan), како современа методологија за обезбедување на квалитет. Таквата методологија обезбедува

ефикасна евалуација на ставот на студентите према студискиот програм и ефикасноста на професорите, за имплементација на мерките за обезбедување на квалитет, како и за анализа на проценките кои се неопходни за акционо планирање и ги утврдуваат насоките за мониторинг на промените и потребните подобрувања, како резултат на акционите планови.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува неговото целосно објаснување на процесот на современо обезбедување на квалитет во високото образование и практично спроведување преку воведување на систем на дополнителни мерки со кои се компарираат академските резултати и се анализира ефективноста на студиските програми, како и ефективноста на студентите да го искористат универзитетското образование во конкретни ситуации. Имплементацијата на таквата методологија ја зајакнува одговорноста на студентите не само да ги положуваат испитите, но исто така и да ги паметат подолго и да генерираат способност кај нив за решавање на конкретни проблеми. Во трудот се докажува дека ваквиот пристап за обезбедување на квалитет може да биде и силна маркетинг алатка за упис на нови студенти, врз база на сознанијата на пошироката заедница дека универзитетот користи современи методи да оцени што студентите учат, како и насока што студентите треба да учат во иднина, со цел да се стекнат со успех на професионален план и да ги исполнат своите јавни одговорности во дваесет и првиот век

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно квалитетот во високото образование.

.

3. Z. Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, Testing efficiency of technical analysis at MSE, ICON BEST 2016, 08.10.2016, Skopje
In *Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: Global Tourism Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016,* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* M1, O0

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да придонесе кон примената на техничката за вреднување на акциите, со цел да се идентификуваат дали техничката анализа е применлива за вреднување на акциите на Македонска берза. Во трудот се анализира конкретна примена на моделите на техничката анализа, MACD, DOW и јапонски свеќички. Станува збор за техника која најмногу се користи од страна на броекрите и инвеститорите на берзата. Со ова истражување се анализира

нејзината прецизност за предвидување на движењето на цените на акциите кај неколку избрани акции на македонскиот пазар на капитал.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примената на техничката за вреднување на акциите. Во трудот се докажува дека моделите за примената на техничката за вреднување на акциите даваат добри резултати за вреднување на акциите, односно дека цените на акциите осцилираат околу утврдените шеми на движење утврдени со техничката анализа.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

4. Z. Ivanovski,Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, The Stocks' Beta Calculation at MSE, ICON BEST 2016, 08.10.2016, Skopje
In *Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: Global Tourism Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016*. Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација: G1,G11,G12*

*Опис на трудот*
Во трудот се презентирани резултатите од пресметка на бетите врз база на десетгодишни серии на дневни вредности на акциите на македонска берза. Бетите се пресметани преку користење на математички модел и преку регресионата анализа. Целта е да се утврди кој од методите дава попрецизни резултати. Резултатите се споредувани со резултатите за пресметаните бети од други истражувања. Методите се фокусирани на добивање на точни вредности на бетите, како мерка на системски ризик и користат различни варијабли. Станува збор за клучна варијабла неопходна во процесот на вреднување на акциите и за проценување на вистинската вредност (intrinsic value) на акциите. Исто така, тестирана е и потребата да се пресметува бетата, заради фактот што одредени автори сугерираат дека е најдобро да се користи бетата да е еднаква на еден.

*Научен придонес на трудот*
Тој е позициониран во фактот дека резултатите од истражувањето покажуваат значајни разлики при пресметување на бетите преку користење на математички

модел и преку регресионата анализа иако е користен ист период на временски серии на дневните вредности на цените на акциите на затворање на берзата. Исто така, потврдена е потребата за точно пресметување на бетите наспроти тврдењата на некои автори дека е подобро да се користи бета дека е еднаква на еден, Со трудот е докажамо дека бета коефициентите на македонската берза не се стабилни на долг рок и дека е подобро да се користат временски променливите бети кои прецизно ќе се утврдуваат при вреднување на акциите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со вреднувањето на хартиите од вредност.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Zoran Ivanovski, Valentina Angeloska, **Zoran Narasanov**, Macedonian tourism Insight through the analysis of stocks returns of quoted tourism companies at MSE, SITCON Singidunum International Tourism Conference - 2016, September 30, Singidunum University, Belgrade, Serbia,

*In Proceedings of the International Conference SITCON Singidunum International Tourism Conference - 2016, September 30, Singidunum University, Belgrade, Serbia,*

- *Достапност на трудот:* https://singipedia.singidunum.ac.rs/izdanje/42439-macedonian-tourism-insight-through-the-analysis-of-stocks-returns-of-quoted-tourism-companies-at-mse
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација: G1,G11,G12*

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да се анализираат стапките на принос и движењето на цените на акциите на компаниите од туристичкиот сектор на македонска берза, во услови кога во земјата има високо ниво на инвестициите и пораст на бројот на туристи од странство. Несомнено дека капиталните проекти влијае на зголемување на атрактивноста на нашата држава и за привлекување на странски туристи. Сепак, се поставува прашањето дали таквите промени влијаат позитивно и на резултатите на котираните компании од секторот туризам на македонскиот пазар на капитал, изразени како пораст на цените на нивните акции. На берзата котираат акции на три комапнии од овој сектор (Македонија турист, Интернационал хотелс и Метропол), од кои една во моментот не се тргува. Трудот се фокусира на утврдување на релацијата помеѓу две акции на котирани туристички комапнии со кои се тргува и македонскиот берзански индекс МБИ-10, врз база на временска серија од 52 недели на дневни вредности на акциите.
*Научен придонес на трудот*

Линеарната регресија и корелационата анализа на двете анализирани акции покажува статистичка значајност на нивните приноси за македонска берза. Наспроти тоа, регресионата анализа не потврдува постоење на статистички значјна релација помеѓу MTUR, MPOL и MBI-10. Преку анализата на дневните приноси на акциите на македонската берза не успеавме да ја потврдиме статистички знајната поврзаност помеѓу растот на туризмот во Република Македонија и цените на акциите на туристичките компании во последните две години. Резултатите од истражувањето даваат информации чии импликации се корисни за планирањето на туризмот во државата, како и за портфолио менаџментот.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со вреднувањето на хартиите од вредност.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. Z. Ivanovski, N. Ivanovska, **Z.Narasanov**, MBI-10 Stocks valuation: The Application of technical analysis at Macedonian Stock Exchange, Social Science Conference 14 Uluslarasi Turk Dunyasi 22-23 August 2016, Gostivar

*In Proceedings of the International Conference , Social Science Conference 14 Uluslarasi Turk Dunyasi 22-23 August 2016, Gostivar*

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација: G1,G11,G12*

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да придонесе кон примената на техничката за вреднување на акциите, со цел да се идентификуваат дали техничката анализа е применлива за вреднување на акциите на Македонска берза. Во трудот се анализира конкретна примена на моделите на техничката анализа, MACD, DOW и јапонски свеќички. Станува збор за техника која најмногу се користи од страна на броекрите и инвеститорите на берзата. Со ова истражување се анализира нејзината прецизност за предвидување на движењето на цените на акциите кај неколку избрани акции на македонскиот пазар на капитал.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува докажување на потенцијалите за примената на техничката за вреднување на акциите. Во трудот се докажува дека моделите за примената на техничката за вреднување на акциите даваат добри резултати за вреднување на акциите, односно дека цените на акциите осцилираат околу утврдените шеми на движење утврдени со техничката анализа.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

7. **Zoran Narasanov**, Zoran Ivanovski, THE INFLUENCE OF INDIVIDUAL EMOTIONAL INTELLIGENCE FACTORS ON LEADERSHIP PRACTICES, ICON BEST 2015, 09-10.10.2015, Skopje

In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Icon_Best_2015/Icon_Best_2015.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 75%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*
Со истражувањето се прави обид да се даде придонес кон теоријата за емоционалната интелигенција и лидерството и нивната примена во организациите. Резултатите од направеното истражување одат во насока на откривање на влијанието на емоционалната интелигенција врз ефектите на лидерството, и давање одговор на прашањето дали повисокото ниво на емоционална интелигенција може да помогне да се подобри резултатот од лидерството и лидерската ефективност. Емоциите имаат клучна улога во процесот на донесување на одлуки. Со трудот се прави обид за докажување дека емоционалната стабилност и емоционалната интелигенција се важни фактори за организациското лидерство. Способноста за мобилизирање на емоциите на различни начини може да допринесе во решавањето на различните проблеми. Емоционалната интелигенција на менаџерот му овозможува ефикасност во планирањето, но и во организирањето активности и воспоставувањето самоконтрола во организацијата. Менаџерите кои се способни брзо едно расположение да заменат со друго, поуспешни се во планирањето на идните активности, бидејќи можат да согледаат поголем број од можните исходи. Емоционално интелигентниот менаџер треба да биде способен да го измери и оптимизира мотивациското влијание на емоциите.

*Научен придонес на трудот*
Емоционалната интелигенција на менаџерот значително влијае на зголемување на мотивацијата на вработените во извршувањето на работните задачи. Спроведеното истражување покажа дека иако сите димензии на емоционалната интелигенција се позитивно корелирани, резултатите од регресијата покажуваат дека во присуство на демографски фактори и трите други димензии на

емоционалното лидерство, само една од димензиите на емоционалната интелигенција е значајна и тоа "појавата на емоциите кај себе и кај другите."

Сите димензии на емоционалната интелигенција се позитивно поврзани една со друга, како што се очекуваше, затоа што сите ја сочинуваат емоционалната интелигенција. Заради сомнежот во корелираноста помеѓу димензиите на емоционалната интелигенција, во овој труд, преку регресиона анализа, со кои сите ставки на емоционалната интелигенција се комбинираат во една варијабла, се доаѓа до заклучок дека само еден од факторите на емоционалната интелигенција- "појавата на емоциите кај себе и кај другите" е значајно поврзана со лидерството. Согласно на ова, заради докажаната позитивна корелациона поврзаност помеѓу сите димензии на емоционалната интелигенција и лидерството и докажаната со регресиона анализа поврзаност на една од димензиите на емоционалната интелигенција со лидерството во услови на присутност на трите димензии на емоционалната интелигенција и демографските варијабли, како и врз основа на севкупно анализираните податоци, истражувања, студии и направените истражувања заклучивме дека доколку се користи емоционалната интелигенција во секојдневните лидерски практики ќе се обезбеди квалитетно трансформациско лидерство, со што оранизациите ќе можат да ги остваруваат планираните цели и резултатите во работењето, со можност за поуспешно справување со зголемената комплексност во деловната и воопшто општествената сфера, со што генералната хипотеза на дисертацијата беше целосна докажана. Конечно, со истражувањето во овој труд е направен обид да се даде придонес кон теоријата за емоционалната интелигенција и лидерството и нивната примена во организациите.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 75 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно емоционалната интелигенција.

8. Zoran Ivanovski, Nadica Ivanovska, **Z.Narasanov**, THE ANALYSIS OF DAILY STOCK RETURNS AT MSE, ICON BEST 2015, 09-10.10.2015, Skopje

In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 433–443.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Icon_Best_2015/Icon_Best_2015.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација: G1,G11,G12*

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се утврди преку линеарната регресија и корелационата анализа поврзаноста на дневните цени на акциите и нивните дневни приноси со промените на македонскиот берзански индекс МБИ-10, односно за постоење на статистички значајна врска. Во трудот се анализира карактерот на врската помеѓу десет најликвидни акции на македонската берза преку користење на десетгодишни податоци и временски серии на цените на акциите на затворање на тргувањето и да се утврди коефициентот на детерминација, p-value и t-statistics.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува потврдување преку вредностите на коефициентите на детерминација, p-value и t-statistics дека пропорцијата на вкупната корелација меѓу зависната варијабла (цена на една акција) овозможува да се објасни преку независната варијабла (цена на друга акција), со што се овозможува прецизно предвидување на движењето на цените на една акција во иднина, што е особено значајно при инвестирање на берзата. Со ова се докажува можноста за примена на регресионата анализа, односно преку линеарната регресија и корелационата анализа се утврдува поврзаноста на дневните цени на акциите и нивните дневни приноси со промените на македонскиот берзански индекс МБИ-10, односно се потврдува постоење на статистички значајна врска меѓу нив. Во трудот е утврден и карактерот на врската помеѓу десет најликвидни акции на македонската берза преку користење на десетгодишни податоци и временски серии на цените на акциите на затворање на тргувањето на македонскиот пазар на капитал..

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно статистиката за бизнис и моделите на вреднување на акциите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

9. Z.Ivanovski, **Z.Narasanov**, Facing the economic crises: Strenghtens and weakneses of current public investments in Macedonia economy, XII INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ISC “Management and Engineering’ 14”, JUNE 22-25, 2014 , Sozopol, Bulgaria

In *Proceedings of the* XII INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ISC “Management and Engineering’ 14”, JUNE 22-25, 2014 , Sozopol, Bulgaria

- *Достапност на трудот:*
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Во овој труд беа разгледани можностите и предизвиците за поголемо ниво на инвестициите во услови на економска криза која започна во 2008. Сите економски и општествени фактори имаат огромно влијание врз динамиката на инвестициите во РМ. Беше утврдено дека во услови на криза нивото на приватните инвестиции се намалува и се наметнува потребата за нов пристап кон капиталните инвестиции од страна на државата и за воведување на нов модел за истражување и развој, како и за набавки од државниот буџет. Овој труд се фокусира на инхерентните предизвици кои се појавуваат при евалуацијата на инвестициите, и тоа, како на големите проекти од капитално буџетирање, па се до аквизициите на одделни компании. Потребно е да се истакне дека евалуацијата на проектите има исклучително влијание врз успехот на инвестициите и со тоа динамизирање на екносмкиот раст. Евалуацијата на новите инвестициони опортунитети, рангирани од најмали капитални буџетирања па се до аквизиции на цели компании, еволуираше во правец на надминување на дотогашниот фокус кој беше ставан на сегашна вредност на проценетите идни парични текови.

*Научен придонес на трудот*

Капиталните проекти на државата имаат значително влијание врз состојбата и резултатите на националната економија. Да ли тоа влијание е малигно или бенигно зависи од повеќе елементи. Јавните расходи влијаат позитивно на одредени сектори и кај само одредени земји, додека кај повеќето други тие влијаат спротивно и го забавуваат економскиот развојот. Високо развиени индустриски земји, со силна национална економија и доминантно место во меѓународните политички односи, можат да извезуваат дел од проблемите во националната економија, предизвикани од високото ниво на јавните расходи, преку големото учество во глобалниот светски извоз на стоки и услуги, преку користењето на нивните национални валути во трговските и финансиските трансакции итн. Кај малите и отвореени економии, како што е македонската, нивниот придонес е круцијален. Дефинитивно, не само обемот, туку и квалитетот на капиталните проекти влијае на динамиката на економскиот раст, особено во услови на значајни циклични движења на економијата, како што е во услови на криза.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со економиката на инвестициите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

### 2.2.4. Учество во научни проекти

#### 2.2.4.1. После избор во звање доцент

Рецезентската комисија констатира дека во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Зоран Нарашанов не покажува дека учествувал во научни проекти после изборот во звање насловен доцент.

## 2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат неговата повеќегодишна активна научна дејност, и го афирмираат д-р Зоран Нарашанов како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, насловен доц. д-р Зоран Нарашанов, опфаќа 18 научни трудови, од кои 9 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавил и 9 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на економските науки, Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014).

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажал способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на применета економија, економика на претпријатија и друго, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Зоран Нарашанов успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014).

Д-р Зоран Нарашанов поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Зоран Нарашанов е квалификуван со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014). Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на

научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е повеќе од ***10 години активен во научно-истражувачката работа;***
- Изработил и одбранил докторска дисертација;
- Објавил вкупно 9 ***научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**EBSCO** – 9 трудови);
- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавил вкупно ***9 трудови***;
- Научни трудови објавува на англиски јазик (18), и на македонски јазик (4);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на економија;
- Активно учествувал на вкупно ***6 меѓународно научни конференции*** *(2 одржани во странство и 4 одржани во земјата),* со што покажал дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на областа на Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014) во доменот на економска пракса.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на доц. д-р Зоран Нарашанов по својот опсег, квлитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат економската наука, а особено областа на областа на Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014). Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, доц. д-р Зоран Нарашанов, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредил научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека неговите научни трудови и научен придонес го афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, областа на Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014)

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатт ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот насловен доц. д-р Зоран Нарашанов во целост е квалификуван за избор во наставно-научно звање насловен вонреден професор за научно-истражувачко подрачје *Општествени науки*, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и

осигурување (22013) и Друго (22014) на Економскиот факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во согласност со условите дефинирани во член 166 став 2 од Законот за високото образование на Република Македонија (Сл.Весник на Република Македонија бр.82/2018) за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

## 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 3.1. Наставна дејност

Кандидатот, на 25.01. 2014 година (со одлука бр.02-77/1) е избран во звање насловен доцент по група предмети од областа на економските дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Бил ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

- Ангажираност во настава на прв циклус на студии на предметите: Осигурување, Меѓународни финансии..
- Ангажираност во настава на втор циклус на студии на предметите: Осигурување и реосигурување.

Во однос на образовната дејност, цело време активно учествувал во наставните тимови на предметите од областа на економијата. Совесно и квалитетно ги извршувал своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за дипломски, семинарски и стручни трудови, како и подготовка и спроведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети.

Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми. Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувал во комисии за одбрана на дипломски трудови и магистерски трудови, бил ментор на кандидати во изработка на магистерски трудови и ментор на соработници-асистенти во нивниот наставно-научен развој.

**а) Објавени книги (а2)**

1. Зоран Нарашанов, Познавање и одржување на средства за внатрешен транспорт - *за II година* занимање сообраќаен техничар за интегрален индустриски транспорт; 1992 год Скопје
    - *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-08-8
    - *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
    - *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 100% (8 а.а.)

*Опис на трудот*
Овој средношколски учебник е резултат на потребите на учениците од втора година за занимање сообраќаен техничар, за совладување на содржините на предметот **Познавање и одржување на средства за внатрешен транспорт**, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите со проучување на

внатрешниот транспорт, концепти и инструменти, да го унапредат своето ниво на знаење, вештини и способности на употреба и тоа не само за решавање на проблемите во внатрешниот транспорт, туку пред се за креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси. Внатрешниот транспорт според мислењата на одредени автори, претставува различно третирана предметна дисциплина, во смисол на доменот и содржината на нејзината примена.
Она што е заедничко од сите аспекти е фактот дека транспортот се развил напоредно со човековата цивилизација и дека таквата состојба трае и денес, како и тоа дека транспортот има исклучиво динамичен еволутивен процес. Заради тие факти транспортот, а посебно внатрешниот транспорт има влезен тренд во зајакнувањето на значението за деловната примена како и динамично влијание врз концептот и иструментите за развој на претпријатието. Овде исто така се објаснуваат сите активности од областа на транспортот, складирањето, чувањето на залихите, манипулирање со стоката, пакување и сл. Овие активности се предуслов за да се извршуваат производните и дистрибутивните процеси, како составни делови на процесот на репродукција на производот. Во современите услови кои се карактеризираат со процесите на глобализација на светското стопанство, брзиот развој и примената на новите информатички технологии, се зголемува обемот на транспортните активности кои ја подржуваат дистрибуцијата на големиот асортиман на производи на се поголема одалеченост. Паралелно со тоа настануваат стопанските и деловните ресурси, кои се ангажирани да ги извршуваат овие активности, но се золемуваат и трошоците на макро и на микро ниво. Ефективноста и ефикасноста во извршувањето на активностите на внатрешниот транспорт, во основа ја определува конкурентноста и профитабилноста на работењето на сите деловни субјекти, посебно на производителите и дистрибутерите на производите. Ефикасноста и ефективноста не можат да се постигнат без одредени напори кои се насочени на квалитетно управување со логистичките активности и процеси. Управувањето со тие активности и процеси е основната причина што во последниве дваесетина години внатрешниот транспорт зазема едно од престижните места во доменот на управување со претпријатијата од аспект на конкурентноста и профитабилноста.

*Стручен придонес на трудот*

Учебникот денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките истражувања. Управувањето со внатрешниот транспорт е комплексно прашање, кое бара интердисциплинарен пристап, при што во овој труд авторот дава синтеза на најдобрите аспекти и пристапи на управување со внатрешниот транспорт. Свесен за тоа дека не се дадени сите комплетни и дефинитивни одговори на прашањата поврзани со внатрешниот транспорт, намерите на авторот во понатамошното истражување на оваа комплексна дисциплина се насочени кон прибирање на информации кои ќе ги разрешат сите дилеми поврзани со управувањето на внатрешниот транспорт и неговите процеси. Во учебникот се проучени цели, концепти и инструменти на внатрешниот транспорт, кои ќе овозможат креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси.

*Личен стручен придонес на авторот*

Личниот стручен придонес на кандидатот како автор изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на внатрешниот транспорт и се согледани намерите на авторот во понатамошното истражување на оваа комплексна дисциплина да обезбди информации кои ќе ги разрешат сите дилеми поврзани со управувањето на внатрешниот транспорт и неговите процеси. Кандидатот ги познава и детално го образложува управувањето на внатрешниот транспорт и неговите процеси.

2. Зоран Нарашанов, Познавање и одржување на средства за внатрешен транспорт - *за III година* занимање сообраќаен техничар за интегрален индустриски транспорт; 1993 год Скопје

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-08-8
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100% (8 а.а.)

*Опис на трудот*

Овој учебник е резултат на потребите и настанатата програма за учениците од трета година за занимање сообраќаен техничар, за совладување на содржините на предметот **Познавање и одржување на средства за внатрешен транспорт**, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите надградба на знаењата за внатрешниот транспорт, современите концепти и инструменти, да го унапредат своето ниво на знаење, вештини и способности на употреба и тоа не само за решавање на проблемите во внатрешниот транспорт, туку пред се за креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси. Внатрешниот транспорт според мислењата на одредени автори, претставува сложена предметна дисциплина, во смисол на доменот и содржината на нејзината примена.

Она што е заедничко од сите аспекти е фактот дека транспортот се развил напоредно со човековата цивилизација и дека таквата состојба трае и денес, како и тоа дека транспортот има исклучиво динамичен еволутивен процес. Заради тие факти транспортот, а посебно внатрешниот транспорт има влезен тренд во зајакнувањето на значението за деловната примена како и динамично влијание врз концептот и иструментите за развој на претпријатието. Во учевникот се дополнуваат претходните знаења на учениците од областа на транспортот, складирањето, чувањето на залихите, манипулирање со стоката, пакување и сл.

Овие активности се предуслов за да се извршуваат производните и дистрибутивните процеси, како составни делови на процесот на репродукција на производот. Во современите услови кои се карактеризираат со процесите на глобализација на светското стопанство, брзиот развој и примената на новите информатички технологии, се зголемува обемот на транспортните активности кои ја подржуваат дистрибуцијата на големиот асортиман на производи на се поголема одалеченост.

Паралелно со тоа настануваат стопанските и деловните ресурси, кои се ангажирани да ги извршуваат овие активности, но се золемуваат и трошоците на макро и на микро ниво.
Ефективноста и ефикасноста во извршувањето на активностите на внатрешниот транспорт, во основа ја определува конкурентноста и профитабилноста на работењето на сите деловни субјекти, посебно на производителите и дистрибутерите на производите. Ефикасноста и ефективноста не можат да се постигнат без одредени напори кои се насочени на квалитетно управување со логистичките активности и процеси. Управувањето со тие активности и процеси е основната причина што во последниве дваесетина години внатрешниот транспорт зазема едно од престижните места во доменот на управување со претпријатијата од аспект на конкурентноста и профитабилноста.

*Стручен придонес на трудот*
Учебникот денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките истражувања. Управувањето со внатрешниот транспорт е комплексно прашање, кое бара интердисциплинарен пристап, при што во овој труд авторот дава синтеза на најдобрите аспекти и пристапи на управување со внатрешниот транспорт. Свесен за тоа дека не се дадени сите комплетни и дефинитивни одговори на прашањата поврзани со внатрешниот транспорт, намерите на авторот во понатамошното истражување на оваа комплексна дисциплина се насочени кон прибирање на информации кои ќе ги разрешат сите дилеми поврзани со управувањето на внатрешниот транспорт и неговите процеси. Во учебникот се проучени цели, концепти и инструменти на внатрешниот транспорт, кои ќе овозможат креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси.
*Личен стручен придонес на авторот*
Личниот стручен придонес на кандидатот како автор изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на внатрешниот транспорт и се согледани намерите на авторот во понатамошното истражување на оваа комплексна дисциплина да обезбди информации кои ќе ги разрешат сите дилеми поврзани со управувањето на внатрешниот транспорт и неговите процеси. Кандидатот ги познава и детално го образложува управувањето на внатрешниот транспорт и неговите процеси.

**3.** Зоран Нарашанов, Градежни и рударски машини - за III год занимање сообраќаен техничар за интегрален индустриски транспорт; 1994 год Скопје

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-08-8
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100% (8 а.а.)

*Опис на трудот*

Овој учебник е резултат на потребите и настаната програма за учениците од трета година за занимање сообраќаен техничар за интегрален индустриски транспорт, за совладување на содржините на предметот **Градежни и рударски машини**, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите надградба на знаењата за внатрешниот транспорт, современите градежни и рударски машини, да го унапредат своето ниво на знаење, вештини и способности на употреба и тоа не само за решавање на проблемите во внатрешниот транспорт во градежниот и индустриски сектор, туку пред се за креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси. Градежните и индустриските машини според мислењата на одредени автори, претставува сложена предметна дисциплина, во смисол на доменот и содржината на нејзината примена.
Во учебникот се дополнуваат претходните знаења на учениците од областа на транспортот, складирањето, чувањето на залихите, манипулирање со стоката, пакување и сл.
Овие активности се предуслов за да се извршуваат производните и дистрибутивните процеси, како составни делови на градежниот и рударски сектор. Во современите услови кои се карактеризираат со процесите на глобализација на светското стопанство, брзиот развој и примената на новите информатички технологии, се зголемува обемот на транспортните активности кои ја подржуваат дистрибуцијата на големиот асортиман на производи на се поголема одалеченост, кој е исклушително обемен во споменатите стопански гранки. Во овие стопански гранки се трошат огромни деловни ресурси, кои се ангажирани да ги извршуваат овие активности, но се золемуваат и трошоците на макро и на микро ниво.
Ефективноста и ефикасноста во извршувањето на активностите на внатрешниот транспорт, во основа ја определува конкурентноста и профитабилноста на работењето на сите деловни субјекти, посебно на производителите и дистрибутерите на производите. Ефикасноста и ефективноста не можат да се постигнат без одредени напори кои се насочени на квалитетно управување со логистичките активности и процеси. Управувањето со тие активности и процеси е основната причина што во последниве дваесетина години внатрешниот транспорт зазема едно од престижните места во доменот на управување со претпријатијата од аспект на конкурентноста и профитабилноста.

*Стручен придонес на трудот*
Учебникот денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките истражувања. Управувањето со градежните и рударските машини е комплексно прашање, кое бара интердисциплинарен пристап, при што во овој труд авторот дава синтеза на најдобрите аспекти и пристапи на управување со внатрешниот транспорт. Свесен за тоа дека не се дадени сите комплетни и дефинитивни одговори на прашањата поврзани со внатрешниот транспорт, намерите на авторот во понатамошното истражување на оваа комплексна дисциплина се насочени кон прибирање на информации кои ќе ги разрешат сите дилеми поврзани со управувањето на внатрешниот транспорт и неговите процеси. Во учебникот се проучени цели, концепти и инструменти на внатрешниот транспорт, кои ќе овозможат креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси.

*Личен стручен придонес на авторот*
Личниот стручен придонес на кандидатот како автор изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на управувањето со градежните и рударските машини е комплексно прашање, кое бара интердисциплинарен пристап, при што во овој труд авторот дава синтеза на најдобрите аспекти и пристапи на управување со внатрешниот транспорт.

**3.2. Оценка од самоевалуација**
Во 2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Според анализата на резултатите, насловен доц. д-р Зоран Нарашанов бил позитивно оценета од самоевалуацијата по сите предмети по кои изведувал наставата со вкупна просечна оценка од 4,06. По предметот Осигурување од студентите на прв циклус Економскиот факултет е оценет со 4,08. По предметот Осигурување и реосигурување од студентите на втор циклус на Економскиот факултет е оценет со 4,04.

**3.3. Оценка на севкупната наставна дејност**
Во рамки на наставната активност, насловен доц. д-р Зоран Нарашанов, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, имајќи предвид дека и самиот доаѓа од бизнис секторот.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Кандидатот има решение за акредитација на ментор на студенти на втор циклус студии издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ бр. 20-266/16 од 18.01.2017 година. Бил ментор на над 5 дипломски работи, 2 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 10 магистерски трудови.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Економскиот факултетот особено по предметите Осигурување, и Осигурување и реосигурување. Исто така, кандидатот во средината ужива углед на успешен

менаџер, на амбициозен  и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на економијата, во областа на меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 4.1. Рецензии

Кандидатот, насловен доц. д-р Зоран Нарашанов, не бил определен за член во рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници. .

### 4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, насловен доц. д-р Зоран Нарашанов, како активна и стручно определена личност, кој со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи менаџерски техники и концепти заради унапредување на менаџерските вештини и иновирање на делувањето на современите организации, особено во делот на осигурeтелната индустрија.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на економијата и менаџментот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на неговиот интерес (осигурување, реосигурување, менаџмент), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот економски развој на државата и успешното менаџирање со организациите и институциите.

## 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на насловен доц. д-р Зоран Нарашанов, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 166 став 2 од Законот за високото образование на Република Македонија (Сл.Весник на Република Македонија бр.82/2018) за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

30. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите од прв и втор циклус, за секој циклус посебно.
31. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
32. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** има објавени осумнаесет рецензирани научно-истражувачки трудови во

референтна научна публикација, согласно Законот за високото образование на Република Македонија (Сл.Весник на Република Македонија бр.82/2018).

33. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** претходно бил избран во звање насловен доцент.
34. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
35. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов има** способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
36. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** бил ментор на 3 дипломски работи, 2 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 10 магистерски трудови.
37. Кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** има позитивна оценка од самоевалуација.
38. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** и неговото работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
39. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
40. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на Сообраќај и транспорт, област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување и Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Сенатот** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, насловен доц. д-р Зоран Нарашанов** да го избере во наставно-научно звање **насловен вонреден професор**, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Сообраќај и транспорт (220), област Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување (22013) и Друго (22014) на Економскиот факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

**Рецензентска комисија:**

**1. Проф .д-р Ристо Фотов, редовен професор, претседател, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; с.р.**
**2. Проф. д-р Ристе Темјановски, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ; с.р.**
**3. Проф. д-р Јулијана Ангеловска, вонреден професор, член, с.р.**

**Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот**

| Вид на трудот | Пред избор во доцент | После избор во доцент | Вкупно |
|---|---|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | 4 | 9 | 13 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | | 9 | 9 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции | | | |
| 4. Книги | 3 | | 3 |
| ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ | | | 25 |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | | | |
| 2. Проекти и рецензии | | | |
| 3. Прирачници | | | |
| ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | |
| 4. Други трудови | | | |
| ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | 25 |